

ИЛИЈА АЦЕСКИ

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

II ДЕЛ

проф. д-р. **ИЛИЈА АЦЕСКИ**

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО

# ТРАНЗИЦИЈА II ДЕЛ

## ПРИЛОЗИ ЗА СОЦИОЛОГИЈА НА ТРАНЗИЦИЈАТА

**ЕКОПРЕС - МАГНАСКЕН**

**С К О П Ј Е  1997**

проф.д-р. Илија Ацески: Општеството и човекот во транзиција II
дел, прилози за социологија на
постсоцијализмот
издавач: ЕКОПРЕС - МАГНАСКЕН
директор: Љупчо Ашкилов
лектура и коректура:Пецо Груевски
рецензенти: проф.д-р. Ѓорѓи Тоновски
проф.д-р. Ѓоко Този
превод на англиски јазик: Весна Стевковска
печати: САК - СТИЛ

---

CIP - Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски" Скопје
316.423.21.3(497.17) "1994/96".
АЦЕСКИ, Илија
Општеството и човекот во транзиција, дел II:
прилози за социологија на транзицијата / Илија Ацески
- Скопје: ЕКОПРЕС - МАГНАСКЕН, 1997, - 296 стр., 20 см.
Sammary - Библиографија стр. 262-274,
ИСБН 9985-9758-4-1
а) Социјална транзиција - Македонија 1994-1996

---

# СОДРЖИНА

- Предговор 7
- Сопственост, држава, правда 11
- Homo trazition - криза на идентитетот 37
- Претприемачко општество - обрасци на имитација 53
- Приватизација, пазарна економија, можности и заблуди 74
- Рускиот пат кон вестернизација 99
- Македонскиот пат на транзиција 130
- Нови правила на игра 153
- Мотивација, вреднсти, правда 176
- Отворено за приватизацијата 189
- Анализа на анкетното истражување 204
- Информирање на вработените за приватизацијата 229
- Печатот за приватизацијата 242
- Три нивоа на разбранување на свеста 257
- Прилози 261
- Користена литература 275
- Summary 286

Печатењето на книгата финансиски го помогнаа
Сојузот на синдикатите на Македонија
и
Агенцијата за трансформација на претпријатијата
со општествен капитал

з основа на мислењето на Министерството за култура на епублика Македонија за оваа книга се плаќа повластена даночна апка.

# ПРЕДГОВОР

Што се случува со општеството по распаѓањето на социјализмот? Дали во него се препознаваат знаците на новиот систем? До кога ќе трае состојбата на чистење на урнатините на социјализмот? Што се случува во економијата, формирањето на правната држава и човековите слободи и права? Што се случува со усвојувањето на демократските правила и новата политичка култура? Дали постои слобода на информирање?

Одговорите на овие и на многу други слични прашања, пет години по "големиот тресок", не само што се нецелосни, туку најчесто меѓусебе се спротиставени. Кога нив ги доведуваме во врска со "перцепциите на луѓето", се чини дека луѓето при "средбата" со новите институции ја доживуваат како нешто кое е целосно непознато, неразбирливо и застрашувачко.

По краткото воодушевување од фактот што социјализмот го нема, настапи еден период кој некои со право го нарекуваат "насилно усреќување". Како брза замена на старите правила со "нови", во кои луѓето повторно се ставени во ситуација на статисти и од нив се бара да ја доловуваат автентичноста на западниот институционален систем, на начин како што тоа го бара државата (партијата на власт), притисната од меѓународните институции за брза промена.

Нашата цел не е да ги следиме промените, туку прашање е дали воопшто тоа е можно? Сеуште проектот или проектите се во почетен стадиум, бавно се формира институционализацијата на новиот систем, а таму каде

нешто е формирано, се чини дека сеуште практично не профункционирало како треба.

Во овој труд, се обидовме тоа да го проследиме во сферата на приватизацијата, еден од најзначајните сегменти на постсоцијалистичката трансформација, и тоа не само како тој проект го замислува државата на макро план, туку, пред се како проект кој е од судбинско значење за луѓето и тоа за оние кои најдиректно се зафатени!

Ако и по пет-шест години сеуште не се целосно формирани институциите на новиот систем, колку ли време ќе биде потребно тие практично да заживеат?

Кога прашањето ќе го лоцираме на ниво на претпријатие, се добива впечаток дека се добро се одвива, приватизацијата најпосле (формално) заврши, но вработените таа операција ја доживуваат како нелегитимен и нелегален чин, дури и во оние ситуаици, каде тие се и акционери или кажано со јазикот на економската наука, вистински сопственици на претпријатието!

Многу лесно и многу наивно се верува дека западните модели ќе бидат рационално институционализирани и за кратко ќе почнат да ги даваат очекуваните разултати.

"Промоцијата на моделите" проектирани во сфаќањето и вредностите кај вработените наликува на мрачна просторија, каде одвреме - навреме нешто светнува, а за кое нешто малкумина претпоставуваат што всушност е тоа. Поголем дел од населението е доведено во состојба на работ на издржливоста и може да се констатира што секако е несфатливо дека е помирен со состојбите, на начин како тоа го посакува новата владеачка елита и која себе си се претставува во улога на масовен "усреќувач на народот".

Нашата цел не е безпоштедна критика на "постојното", (се уште не знаеме критика на што и од кои позиции)! Прво, убедени сме дека сеуште нема цврсти докази дека моделот е адекватно формиран и второ, кога сеуште се урива стандардот, производството паѓа и нема знаци за излез од кризата! Во тие околности критиката е можна само како израз или (како тоа го прави опозицијата) како борба за власт, што не не води на вистинскиот пат на сериозноста на истражувањето. Во тие околности не останува ништо друго освен да идентификуваме доволно објективни сознанија од кои може минимално да се препознаат можните насоки на промените во краен случај и да ја ослободиме анализата од притисокот на идеолошките заблуди, пред се мотивирани од претераната "љубов" кон минатото. Се повеќе сме убедени дека она што денес се случува е "судбина", "нужно зло", кое ќе трае се до оној момент до кога ќе се почувствуват благодетите на новото општество. Инаку, тешко ќе може да се разберат разидувањата кои се резултат на "напорите" на власта во упорната промоција на моделот и неразбирањето на луѓето за него! Секоја наклонетост на истражувачот кон "едните" или "другите" ќе го доведе во тешка ситуација, уште повеќе ако е свесен дека нема враќање назад, а одењето напред наликува на "лет во место".

Тоа на најдобар начин го покажува приватизацијата, законската институционализација се одвива "очекувано", дури и подобро од тоа, но, од аспект на "перцепцијата на вработените" тоа е сосема нешто друго. Луѓето живеат со убедувањето дека тоа што се прави е во интерес на малкумина, а на општа штета на многумина. Дали во таа ситуација постои вистина? Се чини дека не! Потрагата по вистината во тие околности наликува како потрага по изгубената иднина, која се чини е вткаена во граѓанското општество, а која социјализмот реално ја упропасти и за

подолг временски период. Тука многу не помагаат волунтаристичките визии за иднината на општеството, дека на пример, правдата, правната држава, слободата и правата на луѓето, могу лесно ќе бидат остварливи! Социјализмот имаше преголеми амбиции за да ја направи среќата достапна за сите подеднакво. Новиот систем среќата на луѓето ја нуди на "парче", слободата на личноста како "активна" слобода, правата на човекот како "борба" за правда, еднаквоста како "минимум средство" за живот, политичката борба како "борба за власт", присвојување на богатството како "бесконечно богатење", линијата на сиромаштво како "праг на издржливост" за да не се умре од глад. Се е на виделина и се е на дофат, но од тоа само нешто е достапно за малкумина, а останатото е "судбина" на мнозинството.

Изградбата на граѓанското општество ќе биде остварливо на оној степен од својот развој, во кој ќе се зголемува стандардот на луѓето, во секој поглед, а најмногу во материјална смисла. Станува збор за освојување на демократијата и слободата, а не нивно "воспставување".

Скопје, 1997. Авторот

# СОПСТВЕНОСТ, ПРАВДА, ДРЖАВА

## *што е сопственост*

Во текот на целокупната историја на човековото општество сопственоста зазема едно од централните места во односите меѓу луѓето и не може да се замисли општество без постоење на некој тип на сопственичко уредување.

Она што денес се случува со општествата на бившите социјалистички земји, говори за тоа дека сопственоста е главен елемент во целокупното преструктурирање и премин од еден, т.н. постсоцијалистички, полит - економски и социјален систем, во друг, со приватна сопственост и повеќепартиска демократија. Приватизацијата е централна тема на политичките расправи, доминантна грижа на правниот систем и секако, најважниот елемент на рационалната промена на општеството воопшто.

Она што го привлекува нашето внимание, во контекст на расправата за процесот на транзиција воопшто, не е насочено кон анализирање на промените во сопственичката структура од аспект на правните, економските или системските промени, туку, имајќи ја предвид состојбата на рационални промени, целта ќе ја оствариме ако барем се доближиме до дел од основните прашања, кои, суштински се однесуваат на преминот од еден тип општествено-државна, во друг вид сопственост.

Сепак би било несериозно да се занимаваме со тоа како ќе изгледа едно општество во транзиција по десет

години, во поглед на економската ефикасност, социјалната структура, распределбата на богатството, или пак во однос на степенот на остварувањето на демократските права и слободи на луѓето. Попродуктивно би било да се следи, што навистина се случува во општеството, што нужно може да се очекува дека ќе произлезе и тоа само во одредени сегменти, подрачја од социолошкиот, политичкиот или економскиот живот на луѓето. Се чини дека сосотојбата на постсоцијализмот сведочи за степенот на валидноста на социолошките истражувања до деведесетите години на XX век. Тоа покажува колку е сложена општествената стварност и до која мера догматскиот пристап може да биде слеп во проучувањето на динамиката на модерното општество.

Но, да се вратиме на прашањата кои се предмет на нашата анализа, која се однесува на една состојба во која историјата му "задава" задачи на општеството (и човекот) темелно да ја менува сопственичката структура нешто слично како и пред педесетина години кога приватната сопственост се заменуваше со државна или општествена, кога колективистичката идеологија победи и развојот на општеството тргна по патот на социјализмот.

Се чини дека денес во услови кога се создава социјална клима за делување на "пазарните законитости", кога се формира нов правен систем и кога се случува нова прераспределба на "сопственоста", која до пред извесно време беше "сечија и ничија", лесно може да се западне во "идеолошка стапица", од каде тешко се излегува. Овде, пред се, мислиме на промислувањето на она што денес навистина се случува, а за што постојат повеќе "вистини", а многу малку сериозни, непристрасни анализи. Ако "вредноста" и "успехот" на промените, кои се случуваат ги оцениме како чекор кон "целосен" успех, како процес на навраќање кон демократијата и пазарното стопанство,

тогаш, се соочуваме со една состојба која во литературата е позната како "крај на историјата" и "крај на идеологијата". Тоа значи дека постои само еден пат и секое скршнување од него е грешка, која навреме треба да се исправи и нормално, општеството треба да тргне по тој "вистинскиот пат". Се чини, дека најголем дел од претставниците на општествените науки, молчешкум се помирија со таа состојба и едноставно се помирија со фактот дека трансформацијата на општеството само треба да се доведе на патот кој веќе е трасиран од високоразвиените општества со пазарно стопанство и повеќепартиски систем, а со тоа и успехот е неизбежен. Тоа во исто време ја олеснува работата, но, во голема мера ги загушува или сосема ги отфрла и негира оние, кои сепак се убедени дека истражувањето, а не готовите модели се тие кои, во краен случај, го осветлуваат патот и под претпоставка, дека тој е добро познат и испробан. Прифаќањето на моделите сепак личи на движење по познат пат, но во целосна темница.

*Денес, смета Фукујама, (Фукујама,1994), кога човештвото се доближува до крајот на милениумот, двојната криза на авторитаризмот и на социјалистичкото планирање, остави на рингот само еден натпреварувач како и идеологија со потенцијална универзална вредност: либералната демократија, доктрина на индиви- дуалната слобода и народниот суверенитет.*

*За Фукујама, економскиот аспект на либерализмот е признавањето на правото за слободна економска активност и економска размена врз основа на личната сопственост и пазарот. Од сите различни типови режими кои се појавиле во текот на историјата на човекот, од монархии и*

*аристократии, до религиозни теократии, фашистички и комунистички доктрини, во овој век единствена форма на владеење што останала непроменета до крајот на XX век е либералната демократија.*

*Либералната демократија, не само последните петнаесетина години, туку низ еден подолг временски период зазема посебно место. Фукујама смета дека на дело е еден фундаментален процес, кој налага општ еволутивен модел на сите човечки општества, нешто налик на универзална историја на човештвото во насока на либералната демократија.*

Дали државната (општествената) сопственост како доминантна форма на сопственост на бившите социјалистички земји беше грешка на политиката и историјата, денес е непотребно да го поставиме прашањето од аспект на карактерот на анализата и примената на методот: значењето на тоа, ако нешто било поинаку поставено и во согласност со тоа дека би имало други последици за општествениот развој. Прашањето е непотребно, од аспект на анализата на причините за пропаѓањето на социјалистичкиот систем или уште поконкретно, од аспект на степенот на ефикасноста на социјалистичкото стопанство во споредба со пазарното стопанство или уште попрецизно, од аспект на карактерот на сопственоста. Самиот чин што нешто пропаѓа или пропаднало, што се губи од општествената сцена, се уште не значи дека не е вредно за човекот воопшто, но јасно покажува дека во еден момент од развојот, неговата улога и значење се штетни за општествениот развој или едноставно се покажало, во конкуренција со пазарното стопанство, помалку ефикасно и тоа било доволно да пропадне. Но, сепак кога говориме за разградување на

системот на командната економија и колективистичката идеологија и врз нив изградените институции и формираната свест и начин на живот и меѓусебни односи на луѓето, нужно е одново да се проучува не само како теоретско прашање, туку, пред се, од практични побуди и тоа, се разбира е пожелно само под услов ако истражувањето е растоварено од идеолошки и дневно политички случувања.

*За Роберт Дал ( Дал, 1991) демократијата на една земја директно е поврзана со постоењето на приватната сопственост. Во сите социјалистички општества каде што владеле економски системи управувани од центарот "не ја знаеја демократијата и всушност, беа управувани од авторитарните диктатури". Пазарната економија им е потребна на демократските институции, иако тие, сосема сигурно, не се доволни. За Дал, социјалистите беа во заблуда кога замислуваа дека најдобар начин да се елиминираат недостатоците на капитализмот е да се укине пазарот и конкуренцијата. Но, тука е и опасноста од догматизмот на пазарната економија: пазарот треба и мора да се комбинира со интервенциите на државата. Не постои единствен модел, кој би важел за сите демократски земји. "Во извесна мера секој модел е израз на условите на една единствена национална историја или, во секој случај тие се далеку од тоа да бидат општи". Потоа, прашањата што се однесуваат на сопственоста или на најприлагодените форми на сопственост не дозволуваат едноставни одговори - дека само една форма на сопственост и контрола се исклучиво супериорни над други или дека еден тип на планирање е поефикасен од друг. Во своето*

*обраќање до пријателите од Источна Европа, Роберт Дал, во 1990 год, кога и започна реформата, на крајот на писмото го напиша следното: "Реагирајќи на пропаѓањето на колективистичката сопственост и централистичкото уредување на економијата, Вие можете да западнете во искушение да заклучите дека најдобро решение за Вашите земји би било да ја промените насоката и да преминете кон пазар без какво било уредување. Ова, не само што ќе значи целосна самоизмама во искуството на напредните демократски земји, туку, тоа ќе биде, исто така, несреќа за Вашата земја" (Р. Дал, 1991, 94)*

## две сфаќања за сопственоста

За тоа што претставува сопственоста и каква е нејзината улога и значење за човекот и развојот на општеството во теоријата постојат две спротивставени гледишта.

Едното гледиште кое се развива од Локовиот (Џон Лок) протолиберализам и се протега до најновите неолиберални теории, поаѓа од принципиелната неразвиеност на поединецот и сопственоста. "Оваа радикална теза (посредувана од двојното поимање на сопственоста кај Лок), доаѓа до консеквенца, која главно останала запоставена, всушност, сопственоста ја третира како реален субјект, а поединецот, личност како агент на сопственоста (Puhovski, 1989). Развојот на поединецот е осигурен од приватната сопственост. Поединецот, во

принцип е заменлив, "потрошен", а сопственоста е таа, која останува, која е неуништива.

Критиката на ова гледиште поаѓа од ставот дека сопственоста главно ја уназадува, унесреќува човечката личност, го спречува најзиниот развој и ги блокира нејзините потенцијали. Суштината на личноста се сведува само на една димензија, сопственоста над предметите го оттуѓува човекот од самиот себе и од неговата генерична суштина.

Наспроти сфаќањето за "улогата на сопственоста" во "субјективирање на личноста", хуманистичката критика на сопственоста поаѓа од сознанието дека таа ја "оневозможува интерсубјективноста, меѓусебното однесување на субјектот како субјект". Критиката на приватната сопственост, според Хорват (Horvat,B.1982, 34) поаѓа од сознанието за негативната улога што таа ја има во развојот на општеството. Капиталистичката анализа е заснована на приватната сопственост. Поради тоа, таа треба да се укине и замени со јавна сопственост. "И така се случило степенот на развој на социјализмот во една земја да се мери со процентот на произведениот капитал во сопственоста на државата". Потоа, laisses-fair пазарот доведува до периодични падови во производството, невработеност и неефикасна алокација на ресурсите. "Пазарот се поистоветил со laisses-faer формите на капиталистичкото стопанство и бил во апсолутна спротивност, односно, се сметал за инкопатибилен со планирањето. Од тоа произлегува и основниот концепт на односите меѓу поединецот и државата. Индивидуализмот е зло и мора да биде надминат со колективизам во кој преовладуваат интересите на општеството и од поединецот се очекува да се приклонува кон судот на општеството. Во тие услови интересите на општеството единствено може да ги застапува државата".

## *зона на интимност*

Приватната сопственост се дефинира како збир на "права, кои им се даваат на сопствениците над користењето на ресурсите. Оваа зона на интимност е еден аспект на слободата, а против тиранијата (Cooter,1992). Освен тоа, како што смета Cooter приватната сопственост создава интерес за ефикасност и иновации. Еден јасен режим ја поттикнува ефикасноста со интернализирање на трошоците и на добивката од употреба на ресурсите со подмирување на размената и со поттикнување на ефикасната организација. Приватната сопственост создава реални претпоставки за влегување во одредени договорни односи и им ја предочува материјалната претпоставка на учесниците. Поединецот за добро извршената работа материјално е награден, односно ја зголемува својата сопственост, а за лошо извршената работа ја губи, односно ја намалува сопственоста.

Приватната сопственост ги регулира односите во општеството на начин кој меѓу индивидуите воспоставува објективна зависност. За разлика од колективната сопственост, која претпоставува цврста меѓусебна зависност и поврзаност меѓу поединците од страна на општеството, во системот каде доминира приватната сопственост, носител на производството не е општеството, туку поединецот, без разлика на формата на здружување (Gams, 1988, p.26/27).

Општеството во кое доминира приватната сопственост е разбиено, "атомизирано", на поголем број самостојни и меѓусебе независни стопански субјекти - производители и потрошувачи.

## приватизацијата-пренос на активностите

Основната идеја од која се раководи целокупниот процес на трансформација на социјалистичкото општество произлегува од потребата за укинување на доминацијата на колективната сопственост и на кој начин пазарот да стане основен координатор во економијата. Вистинска пазарна економија не е можна без приватна сопственост или барем нејзино доминантно учество во економијата на една земја. Ако процесот на транзиција го посматраме како "чисто" економска операција, се чини дека се е така едноставно и јасно. Со формирањето на механизмите на пазарот, конкуренцијата и слично на неа, веднаш ќе започне нов живот и ќе се воспостават нови односи меѓу луѓето кои ќе го означат почетокот на просперитетот на опшеството. Процесот на привати- зација, во услови на доминација на општествената, државната сопственост, суштински се разликува од процесот на приватизација во земјите со формирани пазарни услови, каде постои "нормален" процес на формирање на сопственичките права.

Во пазарните општества, како тоа накратко ќе го прикажеме, приватизацијата на државните претпријатија во голема мера е во функција на системот на пазарно стопанство кое реално егзистира. За социјалистичките општества тоа значи радикална промена на системот воопшто.

Со поимот приватизација обично се означува "пренос на активностите од јавен во приватен сектор, а вклучува и ослободување на договор со државата и намалување или престанување на набавка на некое добро или услуги од страна на државата".

*Поконкретно, приватизацијата со себе повлекува поместување кон приватната сопственост и напуштање, не само на државната и заедничката сопственост, туку и на државната регулација која ги ограничува индивидуалните права на користење на средствата" (de Allessi, 1989)*

Правото на сопственост во суштина е право на поединецот да користи ресурси. Тоа право претпоставува постоење на механизми со кои поединците се овластуваат да одлучуват како да се користат ресурсите со однапред определени правила за тоа. Се смета дека колку се поголеми и прецизирани правата на сопственост во едно општество, дефинирани, распоредени и проверени, во толкава мера е поцврст односот меѓу "поволната состојба на сопственикот" и економските и општествените последици на неговите одлуки, а во исто време е поголема и илузијата на сопственикот да ја уважи штетата или користа што произлегува од неговите одлуки, а се однесува на другите членови на општеството.

## приватната сопственост - -ефикасна економија

Економската суштина на приватизацијата на државната сопственост треба да биде зголемување на економската ефикасност. (Yarrow, G. 1989) Ако ефикасноста не заврши со добивка, финансиските цели на политиката се погрешни и продолжувањето по тој пат може да биде катастрофален.

Она што најчесто предизвикува недоразбирање е "убеденоста" на главните актери на приватизацијата, дека за многу кратко време ќе може да се постигнат солидни резултати. Во таа смисла приватизацијата, барем во почетокот во земјите во транзиција, кои во најголем број се и земји во развој, па и неразвиени, е лош политички инструмент за постигање на брзи и охрабрувачки резултати, особено во сферата на распределбата на сопственоста - запазување на принципот на праведност и во исто време, повисок систем на ефикасност на економијата.

Одговорот на прашањето за тоа во која мера приватизацијата ги остварува целите на глобален план или пак на ниво на поединечно претпријатие е можно (и пожелно) единствено преку "аналитички пристап на науката", што значи, пред се, со "реални погледи да се даде свој придонес во транзицијата" (Узунов, 1995).

Во нашата анализа почесто ќе се навраќаме на целите на приватизацијата, за кои, впрочем, на едно теоретско рамниште не може ништо повеќе да се каже, од она што е кажано. Но, она што е интересно и мошне значајно, а кое е надвор од економијата е процесот на приватизацијата посматран од аспект на односите меѓу луѓето како припадници на различни општествени групи и со различна позиција во системот на власта и моќта, а кои се директно погодени, особено во претприја- тијата кои се во фаза на приватизација.

Како што и претходно констатиравме, најчесто, во теоријата, приватната сопственост се доведува во врска со ефикасноста во работењето и степенот на рационалност во организацијата и конкурентската способност на претпријатијата. Познатиот полит - економист Фридрих вон Хајек (F. von Hajek, 1988) триесетите години на XX век, сметаше дека не постои друг начин да се компензира

губењето на ефикасноста, од тоа на каков начин го прави приватната сопственост. Тој сметаше дека без приватна сопственост конкуренцијата ќе остане ограничена и дека, поради тоа некои проблеми мораат да се препуштат на произволни одлуки на централната власт (Hajek, 1988, 141/2). Илузиите кои мораат да се отфрлат заедно со идејата за централно планирање по Хајек, се навистина големи. Надежите дека планскиот систем ќе биде многу попродуктивен од "хаотичната" конкуренција, би морале да му отстапат место на верувањето дека социјалистичкиот систем по прашањето за продуктивноста речиси може и да се изедначи со капиталистичкиот. Исто така, се покажале погрешни и очекувањата дека "системот на надници" ќе може да се укине и дека раководителите на поопштествената индустрија или претпријатијата ќе можат да делуваат по начела кои би биле целосно различни од начелата по кои се раководат капиталистите кои тежнеат кон профит. Предноста на централистичкиот плански систем Хајек ја гледа во тоа што загубите ќе ги сносат сите! Тој не ја гледа можноста на кој начин планирањето и конкуренцијата можат рационално да се комбинираат. "А додека тоа не се направи, треба да се инсистира тие две алтернативи да бидат јасно раздвоени. Сите кои го заговараат социјализмот мораат да се одлучат дали се за едно или за друго и мораат да покажат како мислат да се надминат тешкотиите кои се составен дел од системот кој го избрале". (Hajek, 1988, 143). Сознанието до кое доаѓа Хајек триесетите години може да се сумира во следното: дека се уште интелектуално не сме способни да го унапредиме стопанскиот систем со планирање, "или на било кој начин да го решиме проблемот на општественото производство" и при тоа да не дојдеме до значајно намалување на производството.

*"Имаме причини да претпоставиме дека веројатно би било порационално да тежнееме кон подобро функционирање на конкуренцијата, наместо што толку долго ја обезвреднуваме, предлагајќи разни видови планирања, кои сега не наведуваат на заклучок дека во постојните услови скоро секоја алтернатива е прифатлива". (Hajek, 1988, 143).*

## спротивставени гледишта за пазарното стопанство

Во средината на XVII век постоело општо признато правило за тоа дека трговијата претставува цивилизациско средство на голема моќ и домет. Монтескје во "Духот на законот" пишува: "Општо правило таму каде владеат убави манири постои и трговија, а таму каде постои трговија, тука луѓето пристојно се однесуваат". Дејвид Хјум и Адам Смит појавата на повеќе добрини ја поврзуваат со појавата на трговијата. Општеството во кое пазарот зазаема централно место за задоволување на човечките потреби, не само што произведува богатство благодарение на поделбата на трудот и технолошкиот прогрес, туку, во облик на посреден труд ќе доведе до создавање на еден "префинет" тип на луѓе - чесни, доверливи, дисциплинирани.

*Во литературата присутно е мислењето кое е спротивно на она што претходно го изнесовме. Капиталистичкото општество, не само што не ја подржува и развива "префинетоста" и другите убави манири, туку манифестира изразита наклонетост да ги поткопува моралните основи врз кои секое*

*општество се базира, кои Хиршман ги нарекува "тези за самоуништување. (Hirshman, 1986).*

*Во својата книга "Социјалните граници на растот", Фреј Хирш расправа за "исцрпувањето на моралното наследство на капитализмот". Додека индивидуалното однесување се повеќе и повеќе се насочувало кон индивидуална корист, се губеле навиките и нагоните базирани на заеднички цели и ставови. Слабеењето на традиционалните општествени вредности го отежнувало управувањето со претежно капиталистичкото стопанство. Хирш инсистира на општествените добрини како што се "вистината, верноста издржливоста неопходни за функционирање на индивидуалистичкото договорно стопанство, кои во голема мера се базираат на верското уверување, но, кои индивидуалистичката, рационалистичка пазарна основа ја поткопува религиската основа".*

Одговорот на прашањето, дали двете тези (тезите за благотворно дејство на пазарот и тезите за самоуништување) можат да важат во исто време, е позитивен и очигледно е дека тоа не само што е можно, туку дека е многу веројатно! Фактот што капитализмот може истовремено да се јакне самиот себе и самиот себе да се поткопува, "не е ни малку контрадикторен, отколку што е случајот со некоја деловна фирма која истовремено бележи приходи и расходи. На пример, кога е во прашање социјалната кохезија, константната пракса на трговски транс- фери разбудува чувство на доверба, наклонетост спрема другите, но во исто време таа пракса се однесува и на сите животни сфери со елементи на пресметливост и практичен разум.

*Не е само во прашање тешкотија на перцепцијата, туку е и прашање на голем психолошки отпор и неподготвеност да се прифати тезата за doux commerce (благотворна трговија) и тезите за самоуништувањето. Двете можат да бидат точни, што им прави проблем на истражувачите, критичарите или научниците, да ја импресионираат јавноста со прокламирање на некој неизбежен крај на сегашните процеси" (Hirshman, 1986).*

## социјална правда

Некој ќе забележи дека тоа е така, дека има вистина во тоа, но, нема правда! Дали некој воопшто знае што е правда и дали таа постои во периодот на транзиција? Дали правдата е жртвувана во име на прогресот на општеството? Прашања има многу, одговори, како по обичај малку. Но и тие што се на располагање, често се недоволни и нецелосни. Кога се врши рационална промена на општествениот систем, се формираат нови структури на односи и се воспоставува нов систем на вредности. Социјалната правда секогаш се поставува со нови содржини и нови претпоставки. Денес преовладува мислењето (што секогаш е доминантно во услови на непазарна економија), особено кај оние кои социјалната правда ја сметаат за најголема вредност, дека во пазарните општества како резултат на слободните дејствија на пазарот неоправдано се создаваат големи материјални разлики меѓу луѓето. Тоа од своја страна претпоставува воведување на разни мерки кои би ги корегирале тие разлики, што некои од теоретичарите ги

наведува на мислењето дека тоа доведува до "фатална заблуда" која го урива системот на слободниот пазар.

Но, зошто е важно прашањето за карактерот на социјалната правда во услови на промена на сопственичките права, демократските права и слободи и воопшто промените на општествениот систем? Значајно е барем од две причини, кои уште долго време по распадот на социјализмот, ќе бидат во центарот на општеството.

Прво, улогата на државата, власта како непазарни, надворешни политички корективи на расределбата воопшто и второ, моралната природа на новиот систем кој ќе се создава по распадот на социјализмот, наредните неколку децении. Противречностите во кои западна постсоцијализмот, односно, транзицијата уште долго ќе ја поматуваат претставата на "обичниот човек" за новото општество меѓудругото и заради тоа што актерите на "старото" и "новото" се едни исти луѓе, кои (дали!) морале себе си темелно етички да се прочистат или уште подобро, себе си да се убедат во врдностите на новото, не само како за нешто "нужно" туку и "пожелно"! Тоа не е прашање само на "етичноста" како збир на добрини на "обичниот" човек, туку, пред се, работа на системот во услови кога најголемиот дел од луѓето живеат под нормите на достоен живот.

Во услови кога просечното ниво на квалитетот на животот во општеството е доволно високо, "етичноста" добива поинакво значење отколку во услови кога еден голем дел од луѓето се загрозени во секој поглед, а еден дел за многу кратко време за себе обезбедуваат луксузен живот! Мнозинството во тие околности не е убедено дека тоа произлегува од чесен труд или нешто слично, туку со кражба, шпекулација, измама, што може да влијае врз идниот развој, во негативна насока. Постсоцијализмот го нема "духот на протестантската етика" или "духот на

правната држава" или било кој божествен или овоземен мотив дека, сепак во општеството она што е "зло" ќе биде казнето, а она што е "добро" ќе биде наградено.

Можеби не сме толку далеку од вистината, ако кажеме дека стабилизацијата на општеството во транзиција ќе почне оној момент кога ќе почне појасно да се распознава, јавно да се осудува, кривично да се прогонува она што е нечесно, незаконски (кога ќе профункционира правната држава) и праведно (кога ќе профункционираат непишаните правила на доброто однесување). За тоа е потребно, пред се, слобода за јавниот збор, држава која претпоставува јавност во работата и граѓанско општество, во чија основа се наоѓа слободниот поединец.

## *улогата на државата која укинува и формира*

За тоа до каде може да се движи регулативната моќ на државата во периодот на транзицјата, освен неколку општо познати ставови, се уште немаме јасно издиференцирано мислење, кое е базирано врз компетентни, истражувања и веројатно уште долго време ќе остане отворено прашање. Но, пред да укажеме на некои проблеми со кои се соочува државата во услови на транзиција, да наведеме едно од најавторитетните мислења за улогата на државата во сферата на економијата, од познатиот полит-економист Фридрих вон Хајек (Hayek, F.V 1976).

*Активноста на државата е пожелна во пружање на сигурност на граѓаните од ризикот кој е*

*заеднички за сите, таа може да го намали ризикот или да им помогне на луѓето да се обезбедат од него. Хајек укажува на важноста на разликата меѓу двата концепти на сигурност: првиот е концепт на "ограничена сигурност" која може да се постигне за сите, а поради тоа не претставува првилегија и вториот е концепт на "апсолутна сигурност" која во слободното општество не може да се обезбеди за сите. Првата е сигурност од тешко физичко лишување, обезбедување на одреден минимум средства за одржување за сите, а вториот е обезбедување на одреден животен стандард кој се одредува во споредба со стандардот кој го ужива поединецот или групата, со стандардот на останатите. Разликата е, значи, меѓу сигурноста на еднаков минимум на приходите за сите и сигурноста на конкретно определен приход за кој се смета дека поединецот го заслужува. Хајек е убеден либерал и во државата го гледа непријателот на личната слобода и ја прифаќа само како нужно зло и само во рамките на владеењето на правото. Тој ја брани "спонтаноста на системот" пред налетот на организацијата. Поединецот во спонтаноста се наоѓа себеси и ги бира целите према кои се движи, кои најчесто се оддалечена, непредвидлива резултанта на неговото однесување. Во "масовното општество", за разлика од малите заедници неопходно е да се постигне согласност околу патиштата, средствата и методите кои претставуваат "орудија од општ карактер" и кои можат да се употребат за постигање на најразлични цели, но однапред не би требало да се употребуваат и да се знаат тие цели со кои средства ќе се постигнат и за што ќе служат. Тоа се општи правила спрема кои треба да се ориентира*

*секое поединечно однесување, но никако правило за праведни постапки, за задоволување на некои конкретни потреби. Накратко, аргументите на Хајек се следните: дека барањата на социјалната правда не можат да се остварат по пат на општи правила на праведни постапки и одтаму се неспоиви со слободните општества, дека социјал- ната правда како цел бара координација на активностите со припадниците на едно општество на начин кој е неспоив со спонтаните активности, туку води во командно општество и дека активностите на државата во насока на остварување (секогаш произволно) на идеи за праведна распределба претставуваат манипулација со спонтаниот систем, а во настојувањето да ја задоволи социјалната правда, во својата социјална дејност отстапува од сите три услови кои би ја усогласиле со либералните барања, во социјалните служби. Најчесто воспоставува сопствен монопол, прогресивното оданочување има за цел експлицитна прераспределба на приходот, а многу дејности се насочени кон задоволување на потребите само на некои групи во општеството. Интересно е размислувањето на Хајек за заслугите и вредностите на пазарниот систем. Заслугата се дефинира како својство на однесување кое го прави вредно за пофалба, односно, морален карактер на самото делување, а не вредност на постигање". Заслугата не е резултат на "објективен исход", туку "субјективен напор". Обидот да се постигне некој вреден резултат може и повремено да биде и многу заслужен и целосно неуспешен. Од друга страна целосниот успех може да биде исклучиво резултат*

*на срекни околности и поради тоа без било каква заслуга.*

*Она со што Хајек е преокупиран се однесува на можноста на слободното општество, во кое тој не гледа можности за доброволна согласност за целите, и во кое, како последица на тоа, тешко би бил наметнат моделот на распределба кој би наложувал постојана интервенција и мешање во спонтаните активности на поединецот и на тој начин би се одржувал и моделот.*

## моралот и капиталот

Дискусиите за "правичната распределба" во општеството во транзиција, особено во оние каде националниот доход е низок долго време ќе егзистираат во сферата на "идеолошките" заблуди. Не случајно социјализмот "победи" и "успеа" повеќе децении да се одржи во економски неразвиените општества. Во сиромашните општества расправата за "праведна распределба" уште долго време ќе се поврзува со улогата и значењето на државата во преодниот период. Во услови кога не постои јасна претстава што е тоа општо добро, околу кое би се постигнала општа согласност која сите членови би ја прифатиле и на начин кој нужно не претставува "интервенција однадвор", државата ќе ја игра улогата на општ регулатор. Дали државата може да се претвори во институција која нема да претставува "опасност" за "слободата на поединецот"? Драмата на личноста во постсоцијализмот во суштина е страв од слободата да се прави нешто, а тоа да не биде "под државна, организирана, институционализирана контрола".

Кога контролата оправдано престанува, на сцена настапува светот на индивидуалната "бескрајна" игра. Тоа на некој начин го поставува прашањето за "добриот граѓанин".

Стабилноста на едно општество не е можно да се воспостави ако секој поединец не се стреми кон она што претставува општо добро или е заедничко добро за сите членови, како што се правдата, еднаквоста, мирот, достоинството, соработката и сл. Либералната теорија, слободата (а со тоа и слободата на делување) ја смета за индивидуална и приватна, а не политичка и вредносна појава (Vujovic, 1995). Тоа е во основа делување на поединецот спрема неговите потреби и интереси, а не спрема вредностите и општите добра на општеството, со што се исклучува можноста за постоењето на една општа концепција на доброто.

> *Слободата е, значи, делување без ограничување и право на избор (автономија) меѓу мноштвото алтернативи. Поради тоа слободата е приватно одредена. Таа не е социјална, политичка или вредносна појава. Таа не се остварува на релација општо добро, заеднички интерес, потреба од други луѓе, туку исклучиво на релација на приватен интерес" (Vujacic, 1995, p.125).*

Прашањето за карактерот на економското уредување кое ќе биде во функција на остварување на демократијата, политиката, еднаквоста и слободата на човекот е едно од прашањата на кое се обидува да одговори и познатиот американски теоретичар Роберт Дал (Dal, 1993). Накратко ќе се задржиме на односите на приватната сопственост и демократијата. (делот "Демократијата и економ- ското уредување).

Најдобриот економски систем ќе ни овозможи да извршиме распределба на политичките средства врз основа на кои ќе бидат задоволени еднаквост при гласањето, успешна партиципација и правилно разбирање на проблемите.

*Кога единствена цел е создавање на демократски процеси, тогаш, тоа што тој процес го бара, целосно би го одредил начинот на нашето размислување за економското уредување. Барањето за праведност на економскиот поредок, Дал ја доведува во врска со ефикасноста. Мора да се бара, економскиот систем да биде ефикасен. "Во спротивно, непотребно ќе ги расипуваме сиромашните средства и ќе живееме посиромашно отколку што би сакале - а тоа е нерационално". Ако би избрале меѓу економскиот поредок кој ја постигнува демократијата и праведноста, но кој во исто време е и ефикасен и поредокот кој ја поттикнува демократијата и правичноста, но кој изразито е неефикасен и кога би ја избрале првата, а не втората можност, би биле многу помалку интелигентни отколку што мислиме дека сме, смета Дал. Економскиот поредок е добар кога ни овозможува поголема слобода за да ги заштитиме сите наши основни интереси. Економската слобода во најмала рака гарантира негативна слобода, никој нема право било кого да го спречи да се здобива со лични економски средства кога за тоа постои можност. Потоа, најголем број од одлуките кои се од значење за економијата би биле препуштени на релативно автономни претпријатија.*

Сфаќањето на слободата во либералната теорија е критикувана од повеќе страни. Бренкерт (G.G. Brenkert, 1991) се обидува во рамките на концептот на политичката слобода да пронајде некое средно решение, меѓу либералната и конзервативната концепција на слободата. За него политичката слобода може да се определи тродимензионално: прво, како право и способност на поединецот на самоопределување, второ, како начин на вклучување во политичките процеси и политичката слобода, и трето, како овозможување и право на располагање со условите (средства, шанси) за реализација на одлуките и активностите (Vujacic, 1995, p.125). Слободата на поединецот лежи во способноста на примена на сопственото самоодредување (selfdetermination), а не едноставно во недостаток на пречки за ова определување. Слободна е онаа личност која е способна да ја одреди сопствената насока.

За потребите на нашата анализа, слободата ја согледуваме во социјално миље кое се уште не поседува јасно издиференцирани алтернативи, туку едноставно, личноста е "прогонувана" да прави нешто во услови без определени, прифатени или дефинирани општи цели, во услови на социјален хаос, правен вакуум, разнишани вредности. Во тие околности, во духот на сфаќањето на Brenkert, се поставува прашањето за самоопределувањето на поединците, односно можноста за избор. Во духот на либералната теорија чинот на прифаќање на некое општо добро, во исто време значи загрозување на слободниот избор. За тоа која ориентација, во една емпириска смисла, денес доминира во посткомунистичките земји ќе говориме подоцна. Она што не интересира во овој момент е прашањето, како теоретски може да се надминат или помират двете главни и

спротивставени концепции: либерализмот и колективизмот.

Поцелосно решение на проблемот на односот на либералните права (цивилни слободи) и должностите и одговорностите на граѓаните е разработено во трудовите на Галтон (W. Galton, 1988). За Галтон, вредностите претставуват средство за остварување на либералната слобода, тие не се интринзични, туку инструментални добра. Поединецот едноставно не живее за вредностите, туку ги поддржува или освојува како средства за одржување и успешно функционирање на либералното општество и неговите институции. Тие се, пред се, емпириски хипотези за врските меѓу карактерот на поединецот и социјалните институции и како такви на поединецот му овозможуваат да има разновидни животни планови, да делува слободно и самоинтересно и во таа ситуација сепак да знае и може да ја регулира општествената стабилност и промени (Vujacic, 1995, 127). Галтон инструменталните либерални вредности (добрини) ги дели на четири групи: прво, општи вредности (храброст, моралност и сл.); второ, социјални вредности (индивидуализам или способност за самостоен живот и сл.); трето, вредности поврзани со либералната економија (претприемачки дух, способност за организација, работна етика, одложување на задоволството и сл.) и најпосле, во четвртата група се вредностите на либералната политика.

"Во суштина секоја рационална анализа на теоријата на вредностите претставува анализа на односите меѓу либералната слобода и идејата за општо добро (добар живот) меѓу приватниот и јавниот интерес, меѓу политиката и вредностите. (Vujacic, 1995) Општествата во транзиција во себе вградуваат една парадоксална ситуација; од состојба на колективистичка тоталитарна свест и вредности со помош на организираната моќ на

државата, треба да се трансформираат во општества на либерална слобода и претприемачки дух. Истражувањата реализирани последните две години покажуваат дека сеуште либералната свест е во фаза на формирање и е својствена само на мал дел од популацијата во бившите социјалистички земји.

Во оваа прилика да го истакнеме и сфаќањето на Шели Барт (Shelly Burt, 1993) за кого концепцијата на општото добро и слобода која ги заобиколува интересите на поединците е чиста илузија. Значи, дека самоинтересот мора да биде вграден или дури мора да биде појдувалиште на општо добро. Се поаѓа од тезата дека човековиот интерес е јавен интертес и дека поделбата на јавното и приватното е неодржлива затоа што денес често се смета, јавниот интерес е нешто спротивно од приватниот. Поради тоа, како што смета Барт, треба да се бара решение во рамките на концепцијата на приватно ориентирана јавна (граѓанска) вредност. Унапредувањето на приватниот интерес воедно значи и остварување на јавно добро. Но, тоа според авторот е можно под претпоставка да постои согласност меѓу јавното добро и приватниот интерес. Теоријата на општо добро која поаѓа од интересот на поединцот смета дека не е можно граѓаните да се мотивираат и да ја подржуваат демократијата, цивилното општество, правдата и слично, како апстрактни причини за нивно ефикасно дејствување. Тие, на пример, демократијата ја ценат од интерес, а не поради идеалот. Самоинтересот не е пречка за јавните добра (општи добра), туку предизвик за поединечниот придонес кон јавното добро. Но, тоа претпоставува поединци кои се однесуваат рационално, односно своите приватни интереси ги остваруваат и како јавно добро, односно "амалгамот од разните самоинтереси секогаш

дава општо добро кое повратно му користи на секој поединечен интерес".

## *HOMO TRANSICIONIS* - КРИЗА НА ИДЕНТИТЕТОТ

Промените кои се случија и сеушта се случуваат во бившите социјалистичи земји, познати како транзиција, длабоко навлегуваат во сите сфери од економијата, политиката, секојдневието, вредностите. Основната цел на нашата анализа е да презентираме дел од резултатите од повеќе социолошки и слични истражувања, за тоа, што всушност се менува во односите меѓу луѓето, се рабира без претензија дека сме во состојба да направиме една целосна анализа на тој план. Всушност, сеуште не располагаме со поцелосни социолошки анализи и истражувања.

Во поимањето на посттоталитарното општество или општество во транзиција, препознатливи се неколку пристапи во однос на социјализмот. Постсоцијалистичките промени се сфаќаат како единствен пат и начин да се доведе општеството на својот "природен пат". Тука се вбројуваат анализи и од интелектуалци, правници, економисти кои во согласност со промените во правно - политичката и економска сфера. Се прават напори суштината на промените да ја претстават низ ефикасноста на пазарното стопанство, парламентарната демократија и слободите и правата на луѓето по примерот на западниот развиен свет. Најголем дел од нив, пред деведесетите години, беа застапници на принципите на социјализмот. Но, тоа е друга тема за расправа и не е сега предмет на нашава анализа.

Вториот пристап е, повеќе или помалку, неутрален, едноставно регистрира што се се случува, без намера да

даде било какви критички забелешки за карактерот на општествените промени или неговите главни протагонисти.

Третата група на истражувачи е главно ориентирана кон јавното мнение, кое за главен критичар го зема она што е "прогресивно" или што е "вредно" во новото општество. Во оваа група се лоцирани и најголем дел социолошките истражувања, но, меѓу кои се присутни битни разлики во интерпретацијата на резултатите од истражувањата за што поконкретно ќе говориме во продолжение на нашето излагање.

И на крај, во четвртата група (што не е и последна) се истражувачите кои главно му приоѓаат на феноменот како на тоталитет и го избегнуваат аспектскиот пристап. Тоа значи дека феномените се третираат во еден временски континуитет и во рамките на едно конкретно социо - економско и политичко миље, во сферата на вредностите, моралот и воопшто во сите главни претпоставки за животот на луѓето во една заедница, која се наоѓа во т.н.процес на транзиција.

Целта на нашата анализа е накратко да презентираме дел од резултатите од повеќе емпириско - социолошките истражувања реализирани во повеќе источно - европски земји, вклучувајќи ги и државите кои настанаа со распаѓањето на Советскиот Сојуз, кои на најсликовит начин ни ја претставуваат општествената стварност.

Промените во земјите во транзиција се исклучително брзи, драматични и неочекувани. Луѓето не беа доволно психолошки подготвени, ниту очекуваа дека на таков начин ќе се случува тоа, иако тоа сепак го посакуваа. Станува збор за фундаментални и радикални промени, со кои се зафатени сите слоеви и сите сфери од општеството; се менуваат улогите на луѓето и

поместуваат центрите на моќта, разнишани се темелите на вредносниот систем. Она што општествената ситуација ја прави уште посложена е и фактот што промените ги следат големи проблеми. На политички план се случува дезинтеграција на државните институции, распад и истовремена обнова, се создаваат претпоставки за организација на животот врз нови правила.

Имајќи го тоа предвид Игор Кон (Игор Кон, 1993) вели дека "најважната карактеристика на "постсоветскиот човек е загубата на идентитетот". Според официјалната пропаганда "советскиот човек" бил персонификација на социјалистчки тип на личност кој се одликува со тоа што целосно ги присвојувал "целите и принципите на комунистичката идеологија". Предност им давал на јавните и општествените интереси над приватните и индивидуалните. За него работата претставувала "општо добро", смисла на животот и начин на утврдување на личното достоинство и средство за развој на индивидуалните способности. Но, како што вели Кон "малкумина, ако и воопшто и таков човек можел да се пронајде, кој го примал за сериозно тоа идеолошко клише". "Како реакција на тие идеолошки фикции од крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години се појави иронична варијанта на Homo Sovieticus, совок (литературно значење - мала лопата која се користи за различни цели, но најмногу за собирање прашина". (Кон, 1993, 32) Homo Sovieticus, според Кон е корелат на советскиот економски систем и стил на живот, еден морален тип на личност кој го карактеризирале конформизам, мрзеливост, неефикасност, беспо- мошност, лицемерие, неодговорност и многу нешта во таа насока.

Александар Зиновјев (Zinoviev, 1982) во својата студија "Homo Sovieticus" го пишува следното: "Homosos е објективна социјално психолошка реалност и резултат на

адаптацијата кон одредени социјални услови. Тој не може да биде разбран надвор од неговата средина како рибата надвор од водата. Но, тој за разлика од рибата самиот е носител и ја одржува својата средина или хабитат".

За Игор Кон, прашањето за завидливоста заслужува целосно внимание за човекот во постсове- тската ера. Советскиот Сојуз бил целосна држава на ситни бирократи. Сите тие, од работниците до универзитетски професори, не беа господари на самите себе. Ситуацијата со падот на социјалистичката власт се менува и многу луѓе се чувствуваат неудобно и затекнато. Тие се беспомошни и отфрлени со малку надеж за иднината. Песимизмот и апокалиптичките очекувања често се предмет на разни самонаречени пророци.

Советското општество, пред Горбачов, не беше егалитарно, туку беа присутни повеќе форми на социјална неправедливост. Наместо легални права, луѓето имаа привилегии. Секој имал по некоја привилегија, но во исто време ги мразел привилегиите на другите. "Тој диктат на завист успешно го блокирале секој индивидуален напор за прогрес и за издигнување над просечното. Психолошки било поважно да не дојде до тоа некој да има повеќе, отколку да се подобри општата благосостојба. Тоа, како смета Кон, имало судбинско влијание врз перестројката.

Новата социјална класа на приватните предприемачи и менаџери, многу попродуктивна и поефикасна од бирократите на старата Комунистичка партија, потекнуваат од редовите на поранешните државни и партиски службеници. Тие се агресивни, самоуверени и се чувствуваат како нов социјален ентитет.

Брзината и карактеристиките на промените во политичкиот и економскиот систем на социјалната структура, психологијата на масите зависи од струтурно - економските, политичките, етнокултурните и другите

конкретни и историски услови, карактеристични за секоја држава која е во фаза на тразиција.

Најзначајна карактеристика која ја определува динамиката на трансформацијата е формираната структура во периодот на тразиција и формирањето на класата на приватните претприемачи, буржоазијата (Рукавишников, 1995).

Според Рукавишников, препознатливи се неколку групи кои се издвојуваат по карактерот, односно како се формирани. На прво место се наоѓаат претприемачите израснати од пазувите на претходната номенклатура. Како професионални управувачи ним им успеа да влезат во недржавната сопственост и да започнат да се збогатуваат користејќи ги условите на неизграденост и отсуство на закони.

Во втората група спаѓаат претприемачи кои се поврзани со "црниот пазар" и "сивата економија". Според некои показатели на статистиката, во Полска половина од стотината најбогати луѓе во државата се наоѓаат во групата на црноберзијанците и сивата економија. Еден дел во сферата на приватниот бизнис дошле од разни истражувачки и научни центри, армијата, трговијата. Не е мал бројот на новите предприемачи кои се вратиле од странство и кои располагаат со доволно парични средства за отварање на нов бизнис.

Закономерна карактеристика на периодот на премин е маргинализацијата на дел од населението. Со овој поим се означува објективен процес на губење на идентитетот на определени социјални особини и промена на социјалната положба на одделните групи предизвикани од промените на општествениот статус.

Социјалната мобилност во руското општество во периодот на транзиција е многу висока (Димитриев, 1993, Руткевич,1993). Најголем дел од населението за многу

кратко време, доброволно или принудно ги менува своите социјални улоги, професија, статус. Од, на пример, работник во државно претпријатие станува невработен или по пат на преквалификација, работник во приватно претпријатие или претприемач и слично.

Резултатите од повеќе истражувања реализирани во пост - комунистичките земји покажуваат сличности, но и големи разлики во доменот на извршените реформи и социјалистичкото минато. Така на пример, една група автори извршиле истражувања во Полска, Словенија, Бугарија, Хрватска, Белорусија и Украина и дошле до сознание дека "мнозинството од екс - социјалистичките држави со чувство на носталгија си споменува за минатото време, потоа, негативно ја оценуваат современата економкса ситуација и сметаат дека планската економија може да биде ефикасно средство за разрешување на денешните економски проблеми" (Кузвмин, 1993). Само во Чешка е забележано значи- телно поголем број од анкетираните кои го подржуваат ставот дека "комунистичката економија" функционирала пома- лку ефикасно од системот кој се воспоставил.

Социјалната цена на реформата во Русија, по мислењето на руските социолози, се покажала многу поголема од останатите источно - европски земји во транзиција. Ако во 90-тите години општото мислење се формира под паролата за обезбедување на граѓанските права и слободи, тоа, пет години подоцна го отстапува местото на тагата по "социјалната рамноправност" и "изгубената рамноправност". Најголем број од работниците во Русија, Полска и другите држави се убедени дека приватизацијата е скриена кражба, а управувачките кругови помагаат во распределбата на националната сопственост, трудејќи се да му погодат на меѓународниот

монетарен фонд и меѓународните банки контролирани од страна на западниот капитал.

Полските социолози констатираат дека во почетокот на 90-тите години, полјаците ја поврзуваат приватизацијата со надежите за брза интеграција во капиталистичкото општество и воопшто ја прифаќаат како идеја, однесувајќи се многу внимателно кон можностите за приватизација на сопственото претпри- јатие. Но, развојот на настаните од 1992 год., незадоволството од активностите на властите, "убавата идеја" се заменува со сомневања во процесот на привати- зацијата "како најкраток пат кон Европа" (Domansky, 1992).

Повеќе од половината од чешкото население (58%), повеќе го цени системот кој се формира по 90-тите години, отколку претходниот, 1/5 смета обратно, а останатите не гледаат разлика, 3/4 од нив сметаат дека извршените промени ќе донесат подобра иднина на нивните деца, а 2/3 сметаат дека чешкото општество се развива во правилна насока (Harti, J. 1993). Чешките социолози го застапуваат ставот дека зад поддршката на идејата за т.н. социјално ориентирана пазарна економија, всушност се кријат мечтите за "социјално спроведлива економија" во која принципите на комунистичката егалитарност "еднаквост во сиромаштијата", се заменети со принципот "богатство за сите".

Што покажува искуството од изминатите неколку години? Покажува дека паѓањето на комунизмот не доведе до воспоставување на вистински демократски систем и дека преструјувањето на економијата врз пазарна основа не се остварува и покрај еднодушното прифаќање на населението.

*данок на сиромаштијата*

Се до почетокот на деведесетите години терминот сиромаштија не постоеше во речникот на советската хуманистичка и општествена наука. Само кратко време по либерализацијата, во сферата на економијата значително се влошува социо - економската ситуација на поголемиот дел од вработените, што се манифестира на повеќе начини, а пред се, како вишок на вработени во најголем дел од претпријатијата и установите и како желба на луѓето да ги сочуваат своите работни места и по цена на влошување на нивната положба. Особено во незавидна состојба се наоѓаат младите кои најчесто се без работно искуство и можност за вработување. Голем дел од невработените се регрутираат со пропаѓањето на фирмите, а за нивно повторно вработување потребно е подолго време. Таа ситуација создава услови за нови форми на социјални тензии (Tchernira, H. 1994).

Периодот на транзиција во кој се воспоставува пазарна работна сила во Русија, се случува во една ситуација на општа инертност наследена од минатото, а чии карактеристики се: затвореност на локалниот пазар на трудот, несоодветност на професионалната структура на работната сила и слабите можности за вработување на регионално ниво. Работната сила е недоволно подготвена и мотивирана за прифаќање на новите услови кои ги бара пазарот на трудот кој, од своја страна пак е лимитиран и неразвиен.

Истражувањата на Чернина на најдобар начин ја илустрираат социјалната положба на населението во Русија во првото тромесечие од 1994 год. Во некои региони повеќе од 40 одсто од населението се наоѓа во категоријата на сиромашни, под линијата на минималните

потреби за одржување на физичкиот опстанок. Секој трет руски граѓанин, сериозно е соочен со обезбедување на минимални средства за живот. "Во овој момент сиромаштијата пустоши насекаде во Русија", заклучува Наталија Чернина.

## *слободна иницијатива и силна држава*

Промените кон економскиот и политичкиот плурализам, за познатиот бугарски социолог Генов, (Генов, 1994) во Бугарија се исполнуваат на парадоксален начин. При сегашните социјални промени, смета авторот, наивно е да се очекува дека за брзо време ќе дојде до појава на демократски политички институции и до пазарна економија. Тоа што е формирано и што егзистира во развиените земји се создавало со столетија. На Источна Европа и недостасува "историско време". Тешкотиите на трансформацијата создаваат и подржуваат парадоксални и ирационални тенденции во ориентацијата на однесувањето на основните фактори. Тоа неизбежно ја поткопува "рационалноста на ситуацијата".

Прашањето кое си го поставува Генов, а кое е карактеристично за ситуацијата во Бугарија гласи: се движи ли бугарското општество од перманентна нестабилност на социјалниот систем во кој доминира колективната рационалност на национал- ните потреби кон друг постојано нестабилен социјален систем во кој индивидуалната рационалност доминира на сметка на општите потреби и цели? На прашањето, според Генов, сеуште нема јасен одговор. Од една страна, бугарскиот граѓанин се согласува со ставот за целосна слобода на

личната иницијатива, но во исто време се согласува и со потребата државата да наметне големи даноци на луѓето со висок доход за да помогне на луѓето со пониски приходи. "Ако тоа го обопштиме, Бугаринот масовно посакува приватна иницијатива од американски тип, но, сака и скандинавски тип на државна заштита на економски слабите групи" (Генов, 1994). Создадена е една парадоксална ситуација: во исто време се јавува недоверба и отсуство на почит кон државните институции и масовно егоистички настроени граѓани кои спасот за сопствените проблеми го гледаат во силната држава!

Само две години по падот на комунизмот во Бугарија и по воведувањето на повеќепартискиот систем и пазарно стопанство, се појавува разочараност и незадоволство. Ентузијазмот за новите промени, присутен на почетокот на деведесетите години, по неколку години, како што покажуваат социолошките истражувања, сосема спласнува подготвеноста за пазарно стопанство кон крајот на осумдесетите, по неколку години, се заменува со стремежи за сигурност и спокојство.

Источно - еврпските посткомунистички општества се доведоа во ситуација во која можноста за рационални решенија на конфликтите е сведена на минимум. Создадена е атмосфера на отворени конфликти и противречности, со висок ризик за стабилноста и на поединецот и на општеството. Скршнувањето од идеалот за рационална организација и поведение, како што смета Генов за бугарското општество, ја прават ситуацијата уште понестабилна.

Неколку години од спроведувањето на приватизацијата во повеќе земји од Источна Европа се појавија неколку интересни ситуации: прво, се појави отпор кон реформата од страна на голем број претпријатија и покрај промената на сопственоста од

државна во приватна. Нејасната сопственост, придружена со големи сопственички удели придонесува за тоа. (Приватизацијата пет години подоцна, 1996 г. "Дури и во Чешката Република, која се смета за идеал на сите приватизациони доблести, повеќе од приватизираните претпријатија, се уште успеваат да ги избегнат коренитите реформи кои ги замислија архитектите на програмата за масовна приватизација, делумно затоа што премиерот Вацлав Клаус, иако според реториката не се разликува од Маргарет Тачер, се залага за зачувување на работните места како и секој шведски социјалист, се констатира во Извештајот на Projekt Syndicate, 1996) (Привати- зацијата пет години подоцна, "Екопрес", 1996).

Второто прашање се однесува на прифаќањето на приватизацијата од страна на населението и верување во нејзината успешност. Имено, се покажува дека мнознството од населението во земјите во транзиција е тешко, ако не и невозможно да се убеди дека приватизацијата е корисна работа. Практично, незадоволството од ефектите од приватизацијата беше еден од факторите кој ги донесе комунистичките политички наследници повторно на власт во повеќе земји. И најпосле, третото прашање се однесува на влијанието на приватизацијата врз државата. Она што е значајно да се повлече е отсуството на реформи на државата и дилемата што да се направи за државата да биде поефикасна во вршењето на својата редуцирана улога?

Интересни се резултатите кои упатуваат на состојбите на планот на вредносниот систем на човекот во источно - европските земји кои се во фаза на промени кон пазарно стоанство и парламентарна демократија. Какви се вредностите на Бугаринот денес, се прашува Захариева (Захариева, М. 1994)

Најопшт одговор во периодот на премин е дека мнозинството од луѓето претпочитаат сигурност и спокојство, отколку промени и ризик. Стабилноста и спокојниот живот се доминантни вредности за поголем дел од населението.

Социолошките истражувања во Бугарија покажуваат дека Бугаринот е убеден во тоа дека државата не само што може, туку и треба да ја земе одговорноста за решавањето на основните проблеми на општеството и поединецот. Тоа, како и претходно беше констатирано, е еден од парадоксите на масовната претстава во периодот на интензивни социјални промени. Таквите претстави за повеќе значни внатрешни противречности силно влијаат врз сфаќањето за основните карактеристики на новиот тип на општествена организација.

Тие претстави, меѓу правата и одговорностите, од една на поединеците, а од друга страна на државата, говори за паралелното постоење на два различни типови на вредносни ориентации. Едната од нив го изразува влијанието на индивидуалистичката традиција, а другата се поврзува со етатизмот, заклучува Захариева.

Социјалистичкото општество беше под знакот на тотална државна доминација, а од новото се очекува да даде простор за индивидуалната иницијатива. Во постсоцијалистичкиот период се случуваат различни промени со установени културни идеали кои со себе носат променлив и противречен карактер. Водечка улога во тоа имаат ориентациите кон типично материјални вредности. Сигурноста и спокојството се ставени на прво место, како и личните стремежи на луѓето.

*Во почетокот на приватизацијата доминираше наивното верување во магичните сили на капитализмот. Во комунизмот претпријатијата беа*

*безнадежно неефикасни, затоа што државата ги мешаше прстите во бизнисот. Така да се тргне државата надвор од бизнисот; да се ослободат силите на приватните претпријатија; да им се дозволи на специјалистите да го прават она што најдобро го знаат, а не да се покоруваат на диктатите од партиските бирократи, на тој начин стопанството ќе започне да се движи, се констатира во извештајот од Project Syndicate, 1996).*

Преструктурирањето на општеството и државата во земјите од Источна и Централна Европа се сфаќа како процес кој е раководен според моделот на развиените западно - европски демократски развиени држави. Тоа претставува тежок проблем, а се манифестира во сите сфери од општеството: реституција и приватизација на целосно подржавената сопственост, институционално и функционално нормализирање на државата, што подразбира поделба на власта, развој на граѓанското општество и на демократските институции и заштита од социјалниот хаос во услови на превреднување на сите вредности, потоа развој на приватното претприемништво, во услови на опаѓање на соодветниот економски етос, неподготвеност во разбирањето и проникнувањето на слободата која што е поврзана со ризично поведение (страв од слободата), етничка нетрпеливост и тенденција кон дезинтеграција, како резултат од "комплексот на минатото", наплив на национализмот и сл. (Фотев, Г.1992).

## *приватизацијата - легитимност на планот*

Основното прашање кое се поставува пет-шест години по падот на социјализмот, се однесува на успешноста на приватизацијата: дали она што се случува во земјите на Источна Европа, под превезот на приватизацијата може да се опише како премин кон успешна сопственички ориентирана економија. За Фридман, Марфи и Рапашински (Frydman, Murphy, Rapaczynsky, 1996) луѓето не погрешиле во одговорот на едно прашање: дека старата номенклатура навистина мутирала во капиталистичка класа. Така на пример, како што се наведува во анализата на претходно наведените автори, дури 80 одсто од новите милионери во Романија се дел од некогашната номенклатура, потоа, од стоте водечки руски бизнисмени 61 биле членови на екс-номенклатурата, во Полска повеќе од половина бивши комунистички раководители, се врвни бизнисмени. Прашањето кое нужно се наметнува, а произлегува од оваа состојба, се однесува на иднината на овие земји; дали од фактот дека приватизацијата е приграбена од исти луѓе од стариот режим истовремено се наслутува и ориентацијата на регионот кон поголема правда и економска ефикасност? За време на стариот режим номенклатурата имаше најмногу привилегии, приграбувајќи најголем дел од националното богатство. Во новиот систем таа стана титулар на овие богатства, со правна заштита на нивниот имот, како сопственици на имотот. "Правејќи од нив сопственици на капиталот, приватизацијата им овозможи да ги задржат во своите раце економските ресурси и истовремено да се стекнат со слобода што стариот режим им ја негираше".

Приватизацијата на номенклатурата и даде извесен степен на легитимитетот на "пленот".

## спонтана приватизација

За поранешниот полицаец од редовите на Секуритате, на пример, приватизацијата значеше почеток со неколку мали продавнички за да заврши со грабеж во голем обем, особено како во Румунија "каде старите елити го задржале своето влијание во државата и по падот на режимот што ги довел на власт". Но, како што констатираат некои автори, ниеден грабеж на номенклатурата не може да се спореди со она што се случи во Русија "чие неизбежно богатство и природни ресурси стана плен на неколку современи крадци, барони со партиско педигре". Така на пример, за најбогат човек во Русија се смета Черномирдин, кој е сопственик на акции на една од најбогатите фирми - "Газпром". Во групата на новите милионери се наоѓаат, покрај бившите раководители на комунистичката партија и шефови на КГБ.

Овие примери се доволни да го предизвикаат најлошиот ноќен кошмар од посткомунистичката трансформација; поранешните мрежи на тајни полицајци се претворија во национални и интернационални деловни партнери, често поврзани со организираниот криминал.

Рускиот пример се чини дека е најилустративен за приватизацијата и нејзините последици. Најголем дел, (околу 70 % ) од руските претпријатија ги откупија внатрешни лица од компаниите - менаџери - работници. Контролата на менаџерите избрана за продавање на акциите на лица однадвор доведе до тоа за кратко време

менаџерите да контролираат поголем дел од акциите во своја корист. Прашањето кое нужно се поставува гласи: дали има нешто лошо од економски аспект во успехот на порано владеачката номенклатура, ако се тргне настрана поткупувањето на легитимноста на новиот режим и самата - институција приватна сопственост. На прашањето тешко може да се даде задоволителен одговор. Прво, луѓето се убедени дека многумина од новите богаташи не би биле тоа ако постои демократски систем. Многу чесни и толерантни луѓе се надвладеани од партиската бирократија преку разни механизми. Номенклатурната приватизација многумина ги отстрани од борбата за профит на "чесен" начин.

"Би било недолично да се проколнува приватизацијата, бидејќи таа делумно е приграбена од номенклатурата. Не постои начин да се одржи или да се намали преголемиот јавен сектор во Источна Европа без никакви последици. Покрај тоа не може да се игнорира и големиот економски удар на екс - комунистите. Се додека номенклатурата ги држи и моќните играчи на регионалната стопанска сцена, нивното присуство ќе предизвика сериозни последици", заклучуваат авторите на студијата.

# ПРЕТПРИЕМАЧКО ОПШТЕСТВО ОБРАСЦИ НА ИМИТАЦИЈА

Прашањето за тоа, дали пет години по падот на социјализмот постојат јасно искристализирани сознанија за карактерот на промените е прашање кое си го поставуваат скоро сите оние кои се обидуваат да ја надополнат претставата за промените. Кога се поставува прашањето за карактерот на промените, тогаш се бара цврст одговор за тоа кон што е насочен преминот: дали е можно едноставно пресликување на западните развиени општества врз урнатините на политичкиот и економскиот систем на земјите од Источна Европа (Bolcic, 1994). Погледнато од социолошка перспектива, јасно е дека освен економски системски промени и промени во политичката сфера, "транзицијата" во "претприемачко општество" претпоставува и развивање на нови вредносни ориентации, бара други "општествени правила" за општествена промоција и суштински променета глобална општествена клима за луѓето кои учествуваат во економските активности.

Новиот тип на претриемачко општество, како што некои од социолозите го нарекуваат посткомунистичко општество (кое е во фаза на формирање) се разликува од социјалистичкиот колективистички тип во однос на повеќе карактеристики. Она што е значајно да се истакне е фактот дека се работи за две различни општества во однос на повеќе карактеристики. Ако за социјалистичкото оопштество можеме да кажеме дека претставува "затворено" општество, "заедница на луѓе чии потреби се суштински истоветни", "претприемачкото општество", спротивно на социјалистичкото е "отворено", го сочинуваат луѓе со различни индивидуални потреби и што

е уште позначајно тоа е диференцирано општество и опстојува, не како хармонична целина, туку пред се е неурамнотежено, неусогласено и раслоено.

Во однос на функциите на општественото уредување, "социјалистичкото" општество беше главно упатено кон воспоставување и одржување на "социјална правда", за разлика од претприемачкото општеството, каде основна улога и функција на општествениот систем е "максимализирање на благосостојбата". Разликите се присутни и во однос на тоа кои интереси се доминантни. Потоа, во однос на улогата на државата, сопственичките односи, а особено на планот на економското уредување и слично. Она што е значајно да се истакне е ставот дека во претприемачкото општество легитимните интереси на поединецот се приоритетни, дека централна сфера на општеството е создавање на добра кои се од значење за квалитетот на секојдневниот живот, дека работните единици (претпријатијата) се централни организирачки сили и дека сите добра имаат познат "сопственик" со правно утврдени права и обврски и во услови на пазарно стопанисување и сл.

Периодот на премин (транзиција) се поима како време на рационални промени на институциите и основните правила на животот на луѓето. И социјалистичкото општество беше општество во транзиција каде основна цел беше "ослободување на трудот", поттикнување на "непосредните производители" на вреден и креативен однос спрема трудот. Се сметаше дека луѓето во своето однесување, наместо од краткорочни, себични интереси ќе бидат раководени од долгорочни "општествени" интереси.

Во втората транзиција, период на премин од социјалистичко во претприемачко или несоцијалистичко, за некои капиталистички општества, главно се настојува

да се ослободи приватната иницијатива и да се поттикне рационалната употреба на скромните материјални средства меѓу другото и во развивање на претприемачкиот дух, поради создавање нови производни можности, без кои е невозможен реален пораст на општественото богатство. Во тој контекст приватизацијата се наметнува како нужен предуслов во реализација на интересите на луѓето за рационално однесување во корист на зголемување матертијалното богатство средства и во ефикасно управување со производството.

Најчесто транзицијата се поима само како економска категорија, која пак, по правило се сведува на приватизација на општествениот капитал, односно, државните претпријатија. Вториот аспект кој е исто така редукционистички и има негативни последици врз целината на процесот е верувањето дека, со создавање на "обрасци на имитација" по примерот на развиените земји, ќе се создаваат реални рамки за безболна транзиција. Мнозинството од "идеолозите" на транзицијата поаѓаат од нереалистички претпоставки дека "транзиционите промени" ќе се случуваат во своевиден "институционален вакуум" особено по уривањето на социјалитичките режими, што значи во "општествен простор" во кој новоте може да се гради како да станува збор за "ледина" која дозволува целосна слобода на градење. ( Bolcic, 1995).

За Силвана Болчиќ новите оштествени улоги мораат да станат дел од идентитетот на луѓето, она во што различните актери, луѓето како поединци, групите и колективитетите, сами себе ќе се препознаваат. Кога ќе се воспостават тие "нови идентитети" кога луѓето ќе воспостават "обичен" секојдневен живот по правило на новото уредување на општеството? "Формативната" улога

на општествените правила не би требало да биде редуцирана само на правните прописи и слични акти на државата, туку пред се, се мисли на улогата на реалните правила на општествените односи. Прашањето кое го поставува социолошката наука, а кое нужно произлезе од социолошките истражувања, се однесува токму на суштината на општествените промени: дали се препознава некоја општа насока на транзиционите случувања во довчерашните земји на "социјализмот" и дали може нешто поконкретно охрабрувачко да се претпостави како резултат на времето кон премин?

> *"За многумина одговорот на ова прашање, се чини, едноставно е познат: "постсоцијалитичката транзиција" суштински е знак на враќање на довчерашните "социјалистички општества" на "неприродно" прекинатото патување на нивниот предсоција- листички "капиталистички развој" (Bolcic, 1995).*

Болчиќ не е сигурен дали станува збор за "едноставно" враќање на источно - европските општества на прекинатото патување и дали, со преземањето на облиците од капитализмот ќе биде остварена целта да се изгради систем сличен на развиените западни општества. Печатот на "новото општество" би можеле да го дадат новите општествени сили и новите правила на живеење и тоа пред се оние сили кои денес ги формираат најекспанзивните општествени групации во социјалната структура на земјите во транзиција, а тоа се и "претприемачите". Тие "идни општества "кои би произлегле од целосно сфатениот процес на транзиција би можеле да се означат како "претприемачки".

Во земјите во транзиција, неколку години по падот на социјализмот, во тек е обликувањето на нова реална структура на општеството, нова "структура на моќта" и нови "општествени правила на живот".

Преструктурирањето на социјалистичкото општество е во знакот на четири основни трансформациони процеси, и тоа: трансформација на општествените (државните) претпријатија, односно, приватизација што подразбира создавање на целосен систем на јасно дефинирани општествени односи, управување и слично на тоа. Тоа се смета за "пресуден" показател на транзицијата. Потоа, формирање на нови приватни фирми и експанзија на претприемаштвото.

Третиот процес е "наплив на сивата економија", различни форми на општествено нерегулирано делување, во сите области од општествениот живот и најпосле, четвртиот значаен процес е "редистрибуција" на економската моќ и врз таа основа воспоставување на нова "структура на моќта" каде се препознатливи "новите пост-социјалистички" богаташи од една и масовно осиромашување на "работниот народ", од друга страна.

Еден од најсуштинските проблеми, со кои се соочува "новото општество" е практичната неможност, прво за легален излез од досегашниот систем, а потоа, легален влез - премин во нов општествен систем, врз облиците и правилата на претприемачкото општество. Она што ги прави неизвесни ефектите на тие промени се неповолните случувања во сферата на економијата, а пред се, тешкотиите за излез од светот на системот на "државно - општествената сопственоет" и воспоста- вување на такви форми на сопственост кои би биле адекватни за демократското конституирање на државната власт на пазарно регулирано стопанство (Bolcic, 1994).

Проблем е како да се "пренесат" сопственичките права на новиот сопственик. Кој е новиот сопственик, од каде потекнува? Тоа се само дел од прашањата на кои не е толку тешко да се одговори, колку што е поразителен одговорот за мнозинството како на морален план, така и на планот на функционирањето на општеството, на мотивите за работа, на карактерот на општествената солида- рност и кохезија.

## *културни претпоставки на новото општество*

Макс Вебер (Max Weber) беше убеден дека религиските норми се значајни фактори кои придонесуваат за зацврстување на одредени "форми на однесување" на луѓето поврзани со економијата. Како на пример, во процесот на трудот кој посматран од религиски аспект се сфаќа како "позив" и подготвеност за поднесување на жртва во задоволување на личните потреби, штедливост, чесност и слично.

Многу теоретичари се согласуваат со ставот дека секоја култура која не ја поттикнува ориентацијата за успех кај луѓето или ги поттикнува негативните стереотипи спрема успешните луѓе, создава обратно негативни стереотипи спрема нив, со што создава и неадекватна клима за делување на новите претприемачи, новиот слој на луѓе на пазарното стопанство во периодот на транзиција.

Некои социолози тоа го доведуваат во врска со разликите во "индивидуалистичката" и "колективистичка" култура. На пример, со "индивидуалистичката" култура ги поврзуваат следните ставови и општествени норми: прво,

луѓето, пред се, се грижат за себе и за своето семејство, доминира јас - свеста и свртеност према себе; идентитетот е базиран на поединецот, кој пак од своја страна е независен од организациите и институциите, се преферира правото на личен живот и лично мислење и се уважува автономноста и рационалноста, личната и финансиската сигурност, со еден збор секој човек одлуките ги донесува индивидуално. (Breslin, J. 1990, Bolcic, 1994). Во "колективистичката" култура, спротивно на "индивидуалистичката", се уважува хиерархија на групата ("судбина" на групното достигање) се нагласува групната сигурност, потчинетост и конформизам како општествени вредности. Она што е важно да се истакне, а кое е присутно кај скоро сите истражувања на културата е сознанието дека "индивидуалните" црти на културата се посоодветни за претприемаштвото од "колективистичките".

Во социолошките истражувања на општеството на бивша Југославија, забележан е "синдромот на егалитарност", одбивност на "обичните" луѓе спрема претприемачите и воопшто спрема богатите луѓе, кои се издвојуваат од "обичниот свет" (Zupanov, 1970). Сигурно е тоа дека присуството на "егалитарниот синдром" ќе создаде тешкотии во формирањето на новиот систем на вредности.

Во едно социолошко истражување на просторот на бивша социјалистичка Југославија, на случаен примерок на вработени лица се добиени резултати кои укажуваат на колективистичките карактеристики кај испитаниците. Најголем број од испитаниците се заинтересирани (главен интерес) да имаат добри соседски односи со другите луѓе - 45 проценти, а многу мал интерес покажуваат за развивање на сопствените способности - само 9 проценти, "стекнување моќ и влијателно место во општеството - 2

проценти и поседување пари и други вредности - 7 проценти (Bolcic, 1988).

Резултатите од ова и од други слични истражувања реализирани последните години пред падот на социјалистичкиот систем, укажуваат на состојбата на присуство на "културна клима" каде нема цврста подлога за индивидуално претприемачко делување. "Успешноста" во истражувањата пред 90-тите години била перцепирана како "успешност" во некое занимање само кај 16 проценти од испитаниците, а кај 11 проценти, што е уште помалку како стекнување на богатство како "знак за успешност".

Што беше всушност "успешен" човек - поединец во системот на колективистичката идеологија? Обичниот човек се уште се наоѓа во сферата на прилагодување кон новите услови, кои не се баш наклонети кон оние кои заработуваат за живот како "работен народ". Секој човек пред себе има некоја цел и "праведно човеково достоинство, кон морална личност или кон слободен израз на битието и чувтвото за надминување на свеста на постоењето". Но, како вели Вацлав Хавел, комунизмот ги понижил обичните луѓе, принудувајќи ги да прават безброј мали, а понекогаш и не толку мали морални компромиси со најдлабокиот дел од својата природа (Фукујама, 1994). Неговото обвинување на комунизмот воопшто не се однесува на неисполнетото ветување дека тој ќе донесе материјално изобилство и индустриска ефикасност. Напротив, комунизмот тие нешта ги дал во една "фаустовска зделка барајќи во замена компромис со нивните морални вредности. (Фукујама, 1994).

Мотивацијата за поголемо ангажирање во работата не мора секогаш да биде базирано на материјалните добивки. Што е она што ќе биде од судбинско значење за развојот на општеството во земјите во транзиција,а да биде поврзано со "тимотичката компонента" (што значи

нематеријална, нееекономска) на човековиот живот, тешко е во овој момент да се претпостави. Тимотичката компонента или "желбата за признавање" одигра решавачка улога во предизвикувањето на антикомунистичките потреси во Советскиот Сојуз и Источна Европа. Неразбирлив е "феноменот на револуцијата ако не го оцениме дејството на тимотичкиот гнев и на барањето за признавање кои ја следеа економската криза на комунизмот" (Фукујама,1994).

Кои се причините што луѓето ги тера во некои општества многу да работат? Дали тоа е паричното наградување? Многу емпириски истражувања на "работната етика" покажуваат дека разликите во начинот и заинтересираноста со која луѓето работат се определени од културата и обичаите кои егзистираат во една општествена заедница. Задоволството што луѓето го чувствуваат во работата или статусот од признавањето што таа ги носи, можат да бидат многу значајни за големата продуктивност или натпросечна ангажираност. Вебер се обидува да објасни зошто капиталистичките претприемачи (мисли на оние од пред триста - четиристотини години) кои целосно го посветиле животот во натрупување богатство, не се заинтересирани за негово трошење. Трудот за нив е "позив" што го покажува статусот на верникот или како "спасен" или како "проколнат". Напорната работа може да биде во функција на "ирационални цели", таа може да го покаже "патот на спас" за живот.

Оваа логика на размислување, неопходно го поставува прашањето за причините за економскиот колапс на комунизмот. Но, зарем трудот не беше една од најголемите добрини на човекот во социјалистичкото општество? Зошто се случи огромниот пад на работната етика? Некои се склони да мислат дека некои форми на

групна свест се многу поинфериорни во однос на индивидуално себичниот интерес, во потикнување на цврста "работна етика" Денес скоро сите земји во транзиција се соочени со "реконструкцијата" на работната етика врз основа на приватната сопственост и индивидуалниот интерес, по повеќе деценискoто постоење на "државата на благосостојба".

## *препарирана историја - забрзано време*

Во анализата на феномените кои се главно карактеристика на општеството во транзиција било тие да се поврзани со структурата на општеството, како процес на растварање на постојните слојни групации, или во сферата на економијата како редефинирање на сопственоста, или пак во политиката како воспоставување на нови принципи на демократијата и човековата слобода, секогаш неизбежно се наметнува прашањето за карактерот на насоките кон кои се движи општеството.

Факт е дека во општествените промени е присутна една "екстремна флуидност" која генерира повеќе противречни ситуации, за кои е потребно многу претпазлива и воздржана интерпретација.

Нашата цел, во овој дел од трудот, е да го свртиме вниманието на повеќе теоретски и емпириски сознанија кои директно ги зафаќаат феномените на радикални промени, се разбира од социолошки аспект.

Последните две - три години (по 1993) во најголем број од социолошките (и на нив сродни) истражувања главно се издвојуваат неколку сознанија за карактерот на

општеството во транзиција и се поставија неколку "вистински" прашања на кои се уште нема и тешко дека наредните неколку години ќе се понуди поцелосен одговор.

Прво, дека промените се движат во повеќе различни насоки и дека општеството се дели на две крајно поларизирани групи, од кои, едната е малубројна од неколку проценти од вкупната популација која експресно се збогатува, а другата, мнозинството нагло осиромашува. Само неколку години од "мирниот раволуционерен тресок" скоро целосно еродира средната класа, која резултираше од социјалистичката повеќе децениска трансформација на општеството.

Второ, значајно прашање е прашањето за легитимноста на процесот на приватизацијата: кој е тој и во име на кои принципи се врши редефинирањето на општествената сопственост? Се чини дека тоа не било чин на "добра волја" на државата, како некои на почетокот на 90-тите години го сфатија, туку долг и сложен процес кој ќе потрае, можеби, исто толку време колку што се градеше социјализмот, до физичко исчезнување и на последниот човек кој активно учествувал во неговото создавање. Дали тоа е временска мерка, која е доволна да се врати општеството на "природниот" пат на својот развој.

Трето, кое е понепосредно поврзано со претходното, дали трансформацијата на вредносниот систем се случува во насока кон либералните начела кои се смета дека се инхерентни на пазарното стопанство и претприемачкиот дух, во услови кога нема и се чини дека уште долго време нема да има пазарна економија, а претприемаштвото се доживува како "шпекулација, како 'зла судбина" на општеството кое доаѓа?

За некои држави, а се чини дека Македонија е најкарактеристична во тој поглед, ниту либерализмот има традиција, ниту пак некогаш во историјата (пред да се случи социјалистичката револуција) било развиено пазарното стопанство. Постсоцијализмот се доживува како "вежбање на издржливоста" на народот и кога не е важна формата на авторитарност.

Капитализмот, се мисли на развиениот, ја обликува периферијата спрема своите потреби, а не спрема својот лик; во тие услови некои се склони да мислат дека државите кои се ослободија од социјализмот не мора да значи дека ќе бидат демократски, ниту пак авторитарни, туку едноставно периферни и зависни.

## *Три ориентации - една стварност*

Состојбата во која се јавува расчекор меѓу демократско - либералната реторика и реалната политичка практика создава контра ефекти во изградбата на новиот систем, а аномијата се смета за сериозен показател дека станува збор за нарушен систем.

Во тие услови да се говори за вредносен систем значи, пред се, да се говори за една состојба во општеството која е длабоко нарушена и која нужно генерира непредвидливи и неочекувани ефекти во сите сфери од општеството. Човечките вредности се оние добра со кои човекот ги задоволува неговите интерни потреби, односно, интереси, потреби и корист на оптимално конкретна целина и бивство на човекот а не било каков интерес (Rus, 1974).

Нашата цел во анализата е да укажеме на некои аспекти на вредносниот систем во новонастанатата ситуација, односно кои вредносни димензии се зацврстуваат, кои исчезнуваат во услови на рационална трансформација на системот, поконкретно на трансформацијата на сопственоста.

Втората димензија, која е исто така значајна кога се анализира вредносната ориентација на општеството во транзиција се однесува на односот на идеологијата и вредностите; дали либерализацијата во сферата на економијата и воспоставувањето на политичкиот плурализам ги следат и соодветни вредносни ориентации кај луѓето кои се зафатени со тие процеси?

Секоја вредносна ориентација е дефинирана врз основа на четири типови на вредносни обрасци и тоа; спрема начинот на сфаќање на социјалниот идентитет; спрема моралот на воспоставување на социјална интеграција и спрема карактеристичните особини на таа интеграција и спрема нивниот соодветен облик на политичка култура (Grudelj, 1994)

За потребите на нашата анализа, сосема накратко ќе укажеме на три основни вредносни ориентации и тоа на холизмот, традиционализмот и либерализмот.

За холистичката вредносна ориентација, која претставува остаток од социјалистичката идеологија, главно е карактеристично тоа што се инсистира на еднаквост, наспроти диференцијација, потоа анти индивидуализам и анти парламентаризам. Основа на еднаквоста во општеството е редот и поредокот, кои резултираат од цврста хиерархија, врзаност за колективните права и морални осуди на економските нееднаквости. Холизмот е антилиберална ориентација во економијата и политиката. Во преодниот период, како тоа подоцна ќе го покажеме во анализата, само кратко време по падот на социјализмот,

се активира вредносната матрица насле- дена од социјализмот, а која може сериозно да ги наруши демократските процеси, како демагошки популизам и како нов вид на тоталитаризам. Состојбата на перманентна економска криза и жестока борба за власт, по обичај, ги подгрева холистичката ориентација која е присутна кај поголем дел од населението и која се доживува како "праведна" освета на демократијата која не води кон поголема еднаквост. Холистичката ориентација емпириски е препознатлива во прифаќањето на ставовите од типот, дека во самоуправувањето правата на луѓето биле повеќе заштитени, дека разликите во богатството се неморални, дека приватизацијата кражба и сл.

Традиционализмот, како дел од политичката култура и пошироко како вредносна ориентација, претставува склоност кон инструментализација на традицијата и инсистирање на некој вид на воспоставување и одржување на историскиот континуитет во развојот на општеството и културата. (Ilic, 1993) Традиционалистичката вредносна ориентација го исклучува индивидуалниот рационален самоинтерес за кој смета дека не може да биде основа за општествениот живот. Семејството, групите, обичаите и установите се формите низ кои е можен општествениот живот.

Во услови на длабока криза доаѓа до препознатливо активирање на патријархалните форми на однесување, а кои можат да се променат во современите услови, но, суштината им е да останат непроменети. На пример, неотрадиционализмот претставува една мешавина од најразлични чувства, претстави и верувања поврзани со етносот и религијата. Емпириската препознатливост на традиционализмот е најчесто поврзана со застапување на ставовите од типот дека народот треба да ја негува традицијата, во семејството мажот да има главен збор,

дека семејството треба да има голема улога за поединецот, децата треба безусловно да се покоруваат на свиоте родители и сл.

Либералната вредносна ориентација се смета дека е карактеристична за општеството во кое доминира приватната сопственост и повеќе партискиот систем. Основни либерални вредности се, рамноправноста, автономијата, приватната сопственост, усогласувањето, рационализмот и индивидуалните интереси. Препознатлива страна на либералната ориентација е содржана во ставовите од типот: ако поединецот е слободен, тогаш слободно е и општеството, само богатиот човек може да биде слободен, прогресот се базира на приватната сопственост, успешно стопанство е она во кое не се меша државата, она што е корисно за поединецот, корисно е и за државата и сл.

> *"Усвојувањето на либералните вредности се смета за нужна претпоставка на транзицијата во постсоцијалистичките општества, како во насока на вреднување на пазарната економија, така и во развој на демократските општествени институции (Gredelj, 1994)*

## *йоливалентна колизија - знак за аномија*

Истражувањата на вредносната ориентација на населението во земјите во транзиција, реализирани последните две-три години покажуваат големи сличности во резултатите, без разлика од која средина доаѓаат.

Во едно истражување реализирано пред две години се испитувани вредностите на работниците во поглед на промените на социјалните односи и тоа како вредности од "колективистички" тип и вредности од "реформистички" тип. (Claude Maurel-Marie, 1991). Поконкретно, испитуван е односот спрема работата и односот спрема сопственоста во неколку земји од Источна Европа. Испитаниците кои се повеќе наклонети кон колективистички тип на вредности претпочитаат сигурност во работата и заработувачката, социјална заштита и одбојност спрема промените. По прашањето за карактерот на сопственоста, сметаат дека колективната сопственост е посупериорна во однос на приватната, а во однос пак на распределбата, таа треба да се врши врз основа на еднаквост и ги отфрлаат експлоататорските одсноси. "Реформистичкиот тип" на вредности, спротивно од "колективистичкиот" во однос на работата повеќе ја цени ефикасноста, одговорноста и заинтересираноста, а во однос на сопственоста - приватизацијата на државната соп- ственост, денационализацијата, праведноста и сл.

Истражувањата на Леонид Гордон на карактеристиките на работничкото движење во постсоветска Русија се интересни и заслужуваат да бидат попрецизно изложени (Gordon, L. 1993). Работничкото движење смета авторот, во постсоветска Русија е резултат на контрадикторностите на државниот социјализам. Работниците, повеќе или помалку, се водени од идејата за промена на социјалистичкиот систем, но не може да се рече дека се против државниот социјализам. Во периодот на транзиција егзистираат две екстремни мислења за карактерот на промените: прво, дека не е доволна динамиката на демократските промени и на пазарното стопанство и второ, се што е лошо во пазарната економија е содржано во напуштање на принципите на

социјализмот. Гордон разликува четири групи на вработени за кои може да се рече дека имаат издиференцирано мислење за тоа што се случува во постсоветска Русија.

Во првата група влегуваат квалификувани работници, службеници кои работат во претпријатијата, за кои преминот кон пазарна економија не претпоставува значајни померувања на организационен план или воопшто реституција (намалување на работната сила, технолошки вишок на вработените и сл.) "Нивниот менталитет и нивните услови за живот се такви што лесно ги асимилираат вредностите на демократијата и пазарот и не ги драматизираат тешкотиите на транзицијата", констатира Гордон.

Втората група, исто така квалификувани работници и службеници, работат во сектори од стопанството кој лесно се адаптира во пазарна економија и за кој транзицијата имплицира една обемна реструктурација, економска и технолошка и претпоставува значајна редукција на вработените. "Нивното ниво, култура и способност го поттикнува да ја бранат (подржат) демократизацијата, да ги совладаат тешкотиите со кои се соочуваат фирмите на патот кон пазарна економија".

Во третата група се наоѓаат работници со понизок степен на квалификација и кои работат во претпријатија кои се адаптираат без поголеми тешкотии кон новонастанатата ситуација. Но, тие ги премолчуваат сопствените реакции кон демократизацијата и политичките слободи за кои може да се каже дека ги доживуваат како празни апстракции па дури и се плашат од нив.

И најпосле, четвратата група ја сочинуваат оние кои се помалку образовани и со низок степен на квалификација и работат во претпријатија кои се изгубени

за пазарната економија. Овие работници се едноставно "турнати" во тешкотиите на процесот на транзицијата, демократизацијата и пазарот.

Сите типови на работничка свест ги карактеризира една заедничка особина, а тоа е стремежот промена на системот. За некои од нив борбата за промени е искристализирана, со јасни и прецизни цели, некои ги карактеризира "една мешавина" која се јавува како резултат на дејствувањето на повеќе идеолошки спротивставени сили, движења и различни цели. Свеста на борбеното работничко движење пред се е и демократско, антитоталитаристичко и антикомунистичко. На конзервативно насочените работници е антикапиталистичка, комунистичка и националистичка. Припадниците на оние движења и организации, кои се меѓу овие две, ги карактеризира состојба на контрадикторна и еклектичка свест, а во исто време се формираат и егзистираат и антикапиталистички и демократски идеи.

## *new poor - new riche*
## *стари неправди*

Според податоците на Светската банка се проценува дека во 1994 год. доходот на Полска е понизок за 11 одсто во споредба со 1989 год, на Чешка за 18 одсто, на Романија дури 40 одсто, колку што е забележано и во Русија, а во Украина дури за 50 одсто, исто така во споредба со 1989 год. (Шефер, 1994).

Во почетокот на деведесетите години, како покажуваат истражувањата, најголем дел од населението верува дека воведувањето на пазарот и плуралистичката демократија, за кратко време ќе донесе благосостојба,

односно, дека транзицијата ќе доведе до брзо приближување на животниот стандард до оној на западните земји. Но, се случи нешто спротивно од очекувањата; се намали производството, ослабе куповната моќ на населението, се зголеми бројот на невработените, сиромаштијата го зафати најголемиот дел од населението. Овие показатели, многу истражувачи на општествата во транзиција ги наведе на идејата дека овие општества (ако не сите, тогаш оние кои се неразвиени) се претвораат во нов тип на полупериферни (или дури периферни) општества (Peculjic, 1991). Периферниот тип на општество генерира економски моќни класи кои немаат основа во производството. ниту пак во постиндустрискиот тип на услуги. Таа "нова богаташка класа" страда од ирационална паразитска потрошувачка, без чувство за неопходен минимум и добробит за останатите слоеви.

За разлика од модерното плуралистичко општество, новото "полупериферно" општество, кое настанува (е во фаза на формирање) врз урнатините на социјализмот, се одликува главно (или за што постојат реални знаци) со тотална реприватизација, разорување на социјалната држава и создавање на нов антикомунистички тоталитаризам (или разни видови на авторитаризам, екстремни форми на сепаратизам и етничка нетрпеливост, проследени со остри судири на социјален и етнички план.

Од друга страна, модерното плуралистичко општество се карактеризира со социјална држава, која создава услови за социјална правда и солидарност меѓу членовите на општеството. Конфликтот го сведува на ниво на институции, создава претпоставки за "единство на разлики" и врши рамномерен распоред на развојот врз сите групи во општеството.

Процесите на транзиција по својата природа се абвивалентни, противречни и непредвидливи и се уште

недоволно истражени од социологијата. Парцијалните истражувања само укажуваат на некои аспекти кои секогаш не се во функција на разјаснување на проблемите. "Вакуумот" меѓу "срушениот" и "неизградениот" нов систем базиран врз политичката демократија и пазарот се смета дека е главна причина за сегашната неповолна економска и социјална ситуација. Подолгото опстојување на таквата ситуација ќе биде опасна за транзицијата. (Шефер, 1994, 44)

> *"Ако дојде до судир на спротивставени нормативи како израз барем на привремена противречна и не нужно рамноправна коегзистенција на апстрактни вредносни системи, кои Кац (Katz) и Кан (Kahn) ги нарекуваат идеологии, кои овозможуваат повеќе елаборирани и генерализирани оправдувања и за конкретни однесувања и активности, но и за функционирање на општествениот систем во целина, - доаѓа до поливалентна колизија меѓу целите и средствата за нивното остварување што за Мертон е знак за аномија" (Grudelj, 1994)*

Би било нереално да се очекува дека во периодот на транзиција ќе се исполнат "идеалнотипски" форми на вредносни ориентации. Оправдано е да се говори за помешаност, недоследна комбинација меѓу различни и меѓу себе спротивставени вредносни системи. На пример, ставовите кои го презентираат холистичкиот - колективистички образец на социјалната интеграција се присутни кај луѓето кои во исто време застапуваат некои ставови кои се карактеристични на либералната ориентација. Во исто време се смета дека приватизацијата е кражба, но дека само приватизацијата и

приватното сопствеништво го водат општеството во прогрес. Во некои земји од Источна Европа постои висок степен на прифаќање на либералната ориентација, а во некои холистичката - колективистичка ориентација. Така, на пример, во СР Југославија (1993) повеќе од половината од испитаниците ја прифаќаат традиционалистичката, нешто повеќе од третина холистичката, а нешто преку 1/5 либералната ориентација. (Lazic, 1994) Но, кога станува збор за актерите на општествените промени, истражувањата покажуваат дека тие различно се формираат. Во СР Југославија се задржала, во институционална и во персонална смисла, старата елита, која се покажала изричито прилагодлива, таа се одржува и во услови на пазарна транформација, политичка плурализација, променета легитимација (Lazic, 1994, Peculjic, 1991)

# ПРИВАТИЗАЦИЈА,ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА, МОЖНОСТИ И ЗАБЛУДИ

Приватизацијата на јавниот сектор во развиените западни држави започнува на почетокот на осумдесетите години, значи, една деценија пред она што ќе почне да се случува на тој план, во почетокот на деведесетите години, во земјите со социјалистичко општествено уредување.

Нашата цел не е детално да ги анализираме тие процеси, туку, пред се, да укажеме на некои суштински аспекти, за кои сметаме дека се значајни кога се разгледува приватизацијата и воопшто процесот на транзиција. Во тој контекст, оправдано се поставува прашањето за тоа, зошто дојде до приватизација на јавниот сектор и кои беа очекувањата на владеачките групи и најпосле што е тоа што доведе до позитивни резултати во економијата и демократските процеси.

На почетокот од анализата да укажеме на суштинските разлики меѓу трансформацијата на економските системи во развиените земји со пазарно стопанство, од една и трансформацијата на економските системи во поранешните социјалистички земји од Источна Европа, од друга страна (Узунов, 1995).

Трансформацијата на економиите на развиените земји претставува преобразба на системот - но без да се напуштат неговите суштински карактеристики - системот во суштина останува непроменет, а транзицијата во поранешните социјалистички држави претставува

настојување за премин во нов систем без задржување на претходните белези (Узунов, 1995).

Дискусиите за приватизацијата во економската наука се присутни уште поодамна. Приватизацијата во развиените земји главно е мотивирана од идеолошки и прагматични причини. (Гризо, Давитковски, 1994; Гризо, 1993). Прво, се верува дека приватните претпријатија се инхерентно поефикасни од јавните, кои не мора да се натпреваруваат за капитал на отворениот пазар, ниту пак мора да се задоволуваат желбите на потрошувачите. Потоа, присутно е уверувањето дека јавната сопственост ја загрозува економската слобода. Третиот аргумент е поврзан со преголемото влијание на синдикатот. Се смета дека приватизацијата ќе ја поткопа преголемата моќ на синдикатите. И најпосле, со продажба на државните претпријатија се обезбедува значаен приход за државата.

*"Ќе го покажеме постоењето на prima facic случајот, поткрепен со достапни докази кога судиме за секого во согласност со неговите сопствени цели дека приватното раководење е поефикасно од државното. Тој заклучок, меѓутоа не ја усогласува општата претпоставка во корист на приватизацијата. Веројатни ако не и неизбежни последици од приватизацијата се дека раководителите ќе им придаваат поголемо внимание на целите поврзани со профитот. Дали тоа ќе доведе до зголемување на економската ефикасност, делумно ќе зависи од степенот на промашувањата на пазарот". (Yarrow,G. 1989.p.387).*

Во суштина како што смета Јаров (Yarrow) промашувањата на пазарот ги навело многу економисти да се залагаат за национализација. Истражувањата во педесетите и шеесетите години укажуваат на повисока

ефикасност на јавниот сектор во однос на приватниот. Меѓутоа, со текот на времето се јавија проблеми кои во голема мера ја детермимираат неговата ефикасност во негативна насока. Сосема накратко, тие можат да се сумираат во следното: прво, претерана бирократизација во управувањето; второ, претерано инвестирање во јавните објекти и претпријатија од јавниот сектор; трето, преголемо вработување и најпосле, четврто, намалена ефикасност во целокупното работење.

Во почетокот на седумдесетите години, истражувањата кои беа спроведени, ја потврдија економската инфериорност на јавниот сектор. Во почетокот на осумдесетите со доаѓањето на власт на конзервативната партија на чело со Маргарет Тачер, започна процес на приватизација, со која се поставија следните цели: подобрување на ефикасноста на фирмите, зголемување на приходите на владата, создавање на "акционерска демократија", поголема застапеност на приватната сопственост во сферата на домувањето и ослободување од претераното влијание на синдикатите врз економијата.

Процесот на приватизацијата во развиените земји по 80-тите години зеде големи размери. Но, секогаш треба да се има предвид фактот дека јавната (државната) сопственост во овие земји дава само околу 10 отсто од националниот производ, за разлика од поранешните социјалистички земји , каде тој однос е обратен. Потоа, условите во кои приватизацијата се одвива битно се разликуваат од оние во постсоцијалистичките земји, Гризо го наведува и фактот дека економските институции во помалку развиените земји функционираат многу полошо отколку во развиените. Примерот на развиените земји покажува дека без постоење на широки пазари, политика на конкуренција, регулаторни агенции, нема успешна приватизација.

Меѓу економистите присутно е и мислењето дека за успешноста на едно претпријатие не е важно дали е јавно или приватно, туку ревитализацијата на јавниот сектор не мора по секоја цена да се доведува во врска со приватизацијата.

*"Таму каде пазарите се прифатливо конкурентни и каде нема видливи неуспеси на пазарот, достапните докази ја оправдуваат претпоставката дека треба да и се даде предност на приватната сопственост. Меѓутоа, таму каде губитокот на пазарот е видлив, а особено таму каде фирмата има широка пазарна моќ, доказите се многу помалку видливи. Во тие услови не би требало да постои претпоставка во корист на било кој тип на сопственост: тоа во секој случај треба да се процени по заслугите" (Yarrow, 1989.422)*

## приватизацијата во светот - лекции за пазарна економија

Приватизацијата се дефинира "како процес на пренесување на поголемиот дел од сопственоста од државните претпријатија во приватен сектор преку продажба на работите кои се во тек или имотот за кој следува ликвидација". (Sunita Kikeri и други, 1994). По втората светска војна во многу земји во светот се сметаше дека преку создавање на државната сопственост полесно ќе можат да ги реализираат поставените социјални и економски цели. Тоа повеќе се однесува за земјите во развој отколку за развиените земји. До раните 80-ти години, државната сопственост, во просек

изнесуваше околу 17 отсто од целокупното производство во потсахарска Африка (примерок од 13 земји), 12 отсто во Латинска Америка и скромни 3 отсто во Азија (без Кина и Индија), во споредба со 10 отсто од бруто националниот производ (БНП) во мешаните економии распространети низ целиот свет. Во Источна и Централна Европа (поранешните социјалистички земји) државната сопственост до 90-тите години изнесуваше над 90 отсто. Иако, некои од државните претпријатија работат добро, сепак евиденцијата направена од еден поширок список на земји покажува дека најголем дел од нив биле економски безуспешни и биле изложени на тешки финансиски загуби. Податоците на светската банка покажуваат дека загубите во државните претпријатија помеѓу 1989 и 1991 година достигнуваат, на пример, 90 отсто од бруто националниот производ во Аргентина, 80 отсто во поранешна Југославија, потоа, повеќе од 5 отсто во земјите од потсахарска Африка, околу 30 отсто од сите државни претпријатија во Кина (1991). (McKihnon, Ronald, 1994). Во некои земји државните претпријатија станаа товар за буџетот и банкарскиот систем апсорбирајќи ги јавните ресурси. Потоа, амбициозните планови и сиромаш- ната реализација во многу државни претпријатија го забави порастот на приватниот сектор во повеќето земји во развој. Тоа доаѓа и од таму што владите, најчесто го блокираат влезот на приватните фирми што би можеле да се натпреваруваат со државните претпријатија. Така на пример, во Перу со закон се забранува приватните фирми да произведуваат електрична енергија, во Нигерија постои монопол на дистрибуција на електрична енергија, во Индија постојат повеќе сектори во стопанството каде нема место за приватни претпријатија и сл. Потоа, владините кредити кои најчесто се насочени кон капитално - интензивните државни претпријатија, често ги туркаат приватните фирми надвор од пазарот на пари. На

пример, во периодот на предприватизационите реформи во Гвинеја, државните претпријатија кои учествуваат со 25 отсто во БНП апсорбираат 90 отсто од домашните кредитори (банки). Кредитите најчесто се употребуваат за покривање на загубите. Дури и ако се прифати гледиштето дека државното претпријатие функционира безуспешно и дека се попречува развојот на приватниот сектор, дали и во тој случај ќе се смета дека приватизацијата е решение на проблемите или дали може недостатоците од функционирањето на државното претпријатие да бидат корегирани без да се менува карактерот на сопственоста? "Теоретски една државно - сопственичка фирма би требало да дејствува толку ефикасно колку и една приватна фирма, ако и двете функционираат во пазарни услови и нивното однесување е управувано од исти правила" (Kikeri, 1994). Некои се убедени дека компетенцијата и регулацијата се поважни отколку сопственоста во одредувањето на економските перформанси, дека главна цел на творците на политиката треба да биде ефикасноста на пазарот. Во услови кога загубите на државните претпријатија делуваат врз целокупната економија, приватизацијата може добро да се искористи за да ја засили конкуренцијата бидејќи таа го редуцира владиниот директен влог во државните претпријатија.

Основната цел на преструктурирањето на сопственоста, односно, приватизацијата на држав- ните претпријатија е да ги изедначат условите за стопанисување на приватните и државните претпријатија, да го изедначат почетокот на делувањето преку елиминирање на привилегиите за пристап до кредити, преку ослободување на управувачките структури на државните претпријатија од нетрговски цели, лишење на владата во донесување на одлуки и преку развивање на

механизми, како што се плановите за договор како и одговорноста за нивно извршување.

Што е она што реформите ги прави тешки за реализација? Прво, тие се технички и политички тешко изводливи и често добро подготвена програма многу брзо доживува неуспех. Второ, изостануваат неопходните постапки кои треба да ја помогнат приватизацијата, одсуствува кординацијата меѓу главните актери. За да се надминат овие проблеми потребно е политичка волја и големо меѓусебно разбирање. Сепак најважен проблем на приватизацијата на државните претпријатија е истрајноста во постапката. Тоа го покажуваат искуството од повеќе земји, кои многу порано влегле во процесот на трансформацијата на јавното стопанство. Сенегалскиот случај тоа најдобро го илустрира. Соочена со финансиска криза и притисната однадвор, владата започнува со суштински реформи во државните претпријатија, преку давање на можност на раководството на водечките компании да ги водат по пазарни принципи. Но, штом кризата попушти, повторно се јавува тенденција кон непазарни однесувања.

Основната причина за зголемениот интерес за приватизацијата е содржана во неможноста да се финансира работењето на државните претпријатија, а многу помалку тоа доаѓа од верувањето дека нив ќе ги претворат во профитабилни организации. Но, и развојот на технологијата оди во прилог на помасовна привати- зација. Особено во сферата на телекомуникациите, јавниот траспорт и дистрибуцијата на електрична енергија. Тука треба да се спомне и падот на комунизмот во Истчна Европа и Советскиот Сојуз. Во периодот од 1980-90 година повеќе од 15000 претпријатија беа приватизирани низ целиот свет, од кои повеќе од 11000 од Источна Германија. Приватизацијата битно ја намали големината на државните претпријатија. Мексико во периодот меѓу 1984-

90 година приватизира повеќе од 20 отсто од вкуопниот имот на државните претпријатија, преку продажба или ликвидација на повеќе од 400 од вкупно 1155 претпријатија.

Во една студија на Свајнер и Харига за 53 јавни и 24 приватни претпријатија во Тунис се покажува дека производната ефикасност на јавните претпријатија не беше изразито различна од онаа на приватните фирми, но авторите не ги наведуваат причините за тоа.

За разлика од резултатите од студијата на претходно споменатите автори, многу студии објавени во втората половина на 80-тите години во развиените земји ја покажуваат супериорната ефикасност на приватните фирми во однос на фирмите од јавниот сектор. Во една таква студија на светската банка (Galal, 1991) се испитуваат ефектите од приватизацијата и се доаѓа до заклучокот дека приватизацијата значајно ја подобрила ситуацијата во 12 фирми, производството е зголемено во девет фирми, а останало исто во преостанатите три. Приватизираните фирми ги зголемиле добивките од продажбата на имотите, ја подобриле внатрешната ефикасност и основната структура и ги зголемиле вложувањата. Сепак најдобрите "приказни" за успехот од приватизацијата сепак доаѓаат од високо или средно развиените земји.

Што може да се заклучи од досегашното искуство од приватизацијата на државната сопственост? Една од основните цели на приватизацијата треба да биде зголемувањето на ефикасноста. Приватизацијата ја постигнува целта особено кога е употребена за зголемување на конкуренцијата и спречување на монополистичкото однесување. Два фактори се најзначајни во детерминизацијата на стратегијата и влијанието на последиците од приватизацијата за економската продуктивност и потрошувачката благосостојба. Првиот фактор

произлегува од условите кои ги поставува државата, а вториот е поврзан со пазарот, односно, дали пазарот во кој претпријатието се приватизира е конкурентен.

Не постои универзална стратегија. Изборот за тоа каде да се почне зависи од интересот на инвеститорите, капацитетот на владата и кои сектори од државните претпријатија имаат потреба од нови инвестиции и поголема ефикасност.

## *приватизирање на раководството*

Една од поголемите придобивки од приватизацијата претставува пренесувањето на сопственичките права во рацете на профитно ориентираните сопственици, кои би биле повеќе мотивирани да го унапредуваат производството. Продажбата на претпријатието не секогаш финансиски и политички е изводливо. На пример, во доменот на железничкиот транспорт, производството и дистрибуцијата на електричната енергија, стопанисувањето со водата, кои за да работат профитабилно бараат огромни вложувања во нивната модернизација. Во такви случаи се смета дека е подобро да се воведат приватни менаџери (private managers) и да се дозволи претпријатијата да работат повеќе како приватна фирма, иако сопственоста и понатаму ќе остане во државни раце. Тоа особено добро функционира во секторите на угостителството, авио превозот, земјоделството. Тоа претпоставува подготовка на прецизни договори и ефикасна контрола од страна на државата за поцелосно извршување на договореното. Но, оној кој ќе го превземе комерцијалниот ризик има повеќе мотив да ги намали

трошоците и да ја задржи вредноста на имотот. Особено тоа е присутно во државите во Африка кај кои се јавува тешкотија во привлекувањето на приватните инвеститори во водоснабдувањето, транспортот, рударството.

Анализите на искуствата со приватниот менаџмент го истакнуваат сознанието дека владите треба да го избегнуваат мешањето во раководењето и наместо тоа да се сконцентрираат на одговорноста. Државното претпријатие може да го држи раководството за одговорно преку различни механизми, преку планови за работа, со ополномоштен совет од директори, договорни планови и слично. Менаџерите може да се мотивираат да ја подобрат работата и да ја зголемат вредноста на претпријатието.

## *пазарната економија е посупериорна*

Дискусиите за тоа која од економиите е посупериорна, дали економијата од команден (непазарен) или пазарен тип, се чини дека е завршена со самиот факт што системот кој беше изградуван врз начелата на командната економија пропадна.

Но, прашањето за начинот на премин кон пазарна економија заслужува целосно внимание, барем од неколку причини кои не произлегуваат од економијата, а тоа се: улогата на државата и социјалната цена на реформите. Да претставиме дека за еден "разумен" период општеството во транзиција ќе излезе од рецесија и ќе започне економски да закрепнува.

"Порано (се мисли за време на социјализмот - А.И.) имаше сигурност, но без слобода на духот, сега има

слобода на мислата, говорот, духот, но нема никаква социјална сигурност и во многу случаи не може да се задоволат елементарните потреби" (Фотев, Г. 1992,13)

Вториот парадокс произлегува од улогата на државата во економијата или поконкретно, за да ја намалат улогата на државата во економијата, економските реформатори се принудени да превземат државна акција која по обем е без преседан во историјата (со исклучок на периодот кога се создаваше социјалистичкиот економски систем). Не само што тие треба од "ништо" да изградат пазарно стопанство слично на она кое со децении се изградувало на запад, туку тоа треба да го направат истовремено демонтирајќи го сложениот систем на централно - планска или договорна економија. Причините за таквата екстензивна улога на државата се должи на фактот што преминот кон пазарно стопанство не може да биде инициран од самите пазарни сили." (Петкоски, М. 1994).

Субјективното преживувжње на социјалната криза е основниот детерминатор на ориентацијата на луѓето кои се убедени дека "државата не само што може, но и треба да ја земе одговорноста за решавање на основните проблеми на општеството и поединците (Захариева, М. 1994). Тоа претставува "еден од парадоксите на масовната претстава во периодот на интензивни социјални промени". Тие претстави се невоедначени, внатрешно противречни, што силно влијае врз мнението за основните карактеристики на новиот тип на општествени организации. Тоа значи дека во општеството егзистираат паралелно два типа на ориентации, првиот, кој е поврзан со индивидуалистичка традиција и вториот, кој е поврзан со идеите на етатизмот. Од новото општество се очекува да даде простор за индивидуална иницијатива, старото беше под знакот на тотална држвна доминација.

## *примерот на руското општество*

Мајкл МкФол (M.McFol, 1995) ги анализира искуствата од приватизацијата во Русија во врска со улогата на државата и промените на институциите воопшто. На почетокот на 90-тите години во Советскиот Сојуз беше донесена програма, во која беа дефинирани основните правни и економски принципи за изведување на транзицијата. Таа програма може да се оцени како "фундаментален и далекусежен акт за транзицијата. (Узунов, 1995). Во неа (според наводите на Узунов, 1995) се вели следното:

> *"Програмата ја поставува задачата: се, што е можно, да се земе од државата и да им се даде на луѓето. Има сериозни основи да се смета, дека со тоа што ќе му се врати на народот значаен дел од сопственоста и ресурсите со разни начини ќе се обезбеди нивно многу поефикасно стопанско користење и ќе овозможи да се избегнат многу од негативните појави во процесот на премин кон пазарот. Неопходно е решително да се скратат сите државни расходи. Секој човек, секое претпријатие, секоја територија или суверена република ќе согледаат во предложената програма одзив на своите крвни интереси и ќе добијат со нејзина помош можност да дејствуваат за реализирање на овие интереси веќе сега и брзо", итн., итн. ("Переход к ринку", 1990)*
>
> *"Човештвото не успеа да создаде ништо поефикасно, од пазарната економија. Таа создава*

*силни стимулации за самореализирање на можностите на човекот, за зголемување на трудовите и стопанските активности, реско ги забрзува научно-техничкиот прогрес. Нејзините механизми на саморегулирање обезбедуваат најдобра координација во дејствувањето на сите економски субјекти, рационално ползување на трудовите, материјалните и финансиските ресурси, балансирање на народното стопанство. Очигледно е, дека само премин на економски систем, заснован врз пазарните односи, ќе овозможи да се решат најострите, со децении насобрани проблеми на земјата, органски да се спои нашата економика со светското стопанство, да се обезбеди растеж на производството во сразмера со потребите на трудбениците и со самото тоа, социјална ориентација на економиката, да се ликвидира дефицитот, да се отвори пристап на нашите граѓани кон сите достигнувања на светската цивилизација". ("Преход к ринку", 1990, цит.дело).*

Реализацијата на програмата се соочи со неколку противречности. Прво, времето кое беше предвидено за реализација на програмата беше 500 денови. Таа, во почетокот предвидуваше вонредни мерки, либерализација и стабилизациииа. Втората противречност беше поврзана со улогата на државата во реализацијата на програмата со која се предвидува деетатизација, дебирократизација, регулацијата, односно, раздржавување. Третата противречност по академикот Узунов се содржи во тоа што со програмата не се предвидува "никаков самороден приватен сектор, негов самосатоен растеж и негово автохтоно пазарно стопанисување".

*"Парадоксот стана уште поголем кога овој самороден приватен сектор почна да стопанисува без почитување на основните норми на државната регулација, т.е. дури послободно одошто приватниот сектор во развиените западни земји со пазарен систем". (Узунов,1995.332).*

И најпосле со транзицијата за само неколку години се појави социјалната несигурност и се продлабочија и проширија социјалните разлики, за што ќе говориме повеќе во продолжение на анализата.

Во јануари 1992 година првата посткомунистичка влада на Русија донесе детална програма за трансформација на советската командна економија. Приватизацијата беше и остана суштината на таа програма. Основна цел на програмата беше да се создадат профитни здруженија (profit - seeking corporatin) и можности за странски вложувања. За период од две години, до крајот на 1994 година, основните цели на програмата не беа остварени.

Во сферата на приватизацијата, може да се каже дека програмата делумно се реализира, скоро 2/3 од претпријатијата се приватизираа (близу 22 отсто од националниот бруто производ на Русија) потоа, беа формирани неколку институции на пазарната економија. Во првите две години владата не успеа да ги промени старите советски сопственички права на големите претпријатија (property rights of large enterprises). Државата не успеа да ја наметне сопствената визија за приватизација. Мајкл МкФол смета дека одредувањето на сопственичките права по принципите на пазарната економија се уште не започнало да се случува" (McFool, 1995). Авторот на спомената студија ја истражува врската меѓу моќта на државата и револуционерната економска

трансфор- мација (state power and revolutionary economic transformation)

Револуцијата значеше, пред се, радикална промена во уставниот систем и социо - економската структура на општеството. Таа е жестока и води до целосна реорганизација на општественото, политичкото и економското уредување. Промените во државното уредување предизвикуваат и промени во економијата.

Автономна и ефикасна држава е неопходен услов за изведување на револуционерна економска трансфорација. Парадоксално, дури и ако целта на економката трансформација треба да ги стимулира пазарните сили и да го елиминира државното планирање (state planning). Се уште има потреба од јака држава за да се издвои државата од економијата! (to extrate the state from economy). Државата претставува комплекс од владини институции. Во посткомунистичка Русија овие институции во себе ги апсорбираат претседателската власт, владата, врховниот совет и конгресот на народните депутати.

Што се случува со економските институции за време на ревлуционерните промени на политичкиот систем? За да се изведе "революционерна економска трансформација, економските институции на стариот режим треба свесно да се уништат и да се создадат услови за воспоставување на нови. Движечката сила за ова уништување на инстиуциите (institutional destruction) не може да се очекува да дојде од општествените групи кои биле привилегирани во стариот режим. Напротив, демонтирањето на старите инстиуции им се заканува на интересите, иако тие веќе реално не постојат, на оние на колективниот идентитет. Поради тоа социјалните групи формирани во рамките на стариот систем се организираат за да се спротистават на рационалната економска трансформација. Наспроти нив, индивидуалните и колективните актери, кои не искористиле ништо од

стариот режим може да се мобилизираат во организации, како на пример, разни слободни движења, обединети фронтови или герилски армии за да ја предизвикаат актуелната политика и економија. Тоа создава революционерна ситуација во која опозиционите социјални групи бараат услови за формирање на суверена власт. Оваа состојба на двојна или мултиплицирана сувереност (dual or multiple sovereighnity) се разрешува само кога една страна, стариот режим или реформаторите (повторно) ја освојат државната власт. Ако революционерите ја освојат државата, оваа институција се претвора во главен инструмент за уништување на старите институции и создавање на нови. Системот од политички институции, од кои се состои државата, мора исто така повторно да биде обликуван и се употреби за социјално економски промени. Државите кои се трансформирале преку революционерен пат се слаби, без разлика на нивната конституција. "Капиталистичките" држави не можат да формираат "социјалистички", социо-економски систем, социјалистичките држави не можат да креираат услови за појава на "капиталистички" социјално економски систем!

За разлика од марксистичкото сфаќање за државата (како независна варијабила која влијае врз политичките и економските промени), за либералите државата е арена во која се натпреваруваат социјалните групи за алокација на ресурсите. И кај двете концепции државата не може да биде локомотива за промени (engine of change). Таа може да биде само чувар или манифестација на status quo.

За да смета на революционерните промени, државата мора да биде третирана како "независна варијабила". "Во секоја револуција на XX век, без разлика дали се работи за комунистичка, капиталистичка или исламска, революционерите прво ја освојуваат државата, а потоа ја користат за да создадат нов општетвено

економски систем", смета МекФол (McFoul). За да се оствари најновиот револуционерен проект државата мора да биде релативно автономна спрема доминантните социјални групи, за да може да се профилира еден нов комплет на овластувања, политички доволно моќен да дејствуваат против интересите на водечките сили на стариот режим.

## *советската сопственост-институции и сопственици*

Кога пропадна Советскиот Сојуз во 1992 год. социјалните групи кои беа формирани, ниту се разединија. ниту пак ослабнаа. Тие, како смета МкФол не беа ниту "слаби" ниту "глупи". Со други зборови тие станаа автономни единици лоцирани негде меѓу државата и општеството. Две години по распадот на советските држави, руското посткомунистичко граѓанско општество сеуште беше под доминација на социјалните групи формирани според принципите на организацијата кои владееја во советскиот режим.

Во поглед на сопственоста, директорите на државните претпријатија формираа најважна и најдобро дефинирана посебна интересна група (the most importan and well defined special - inerest group) Многу порано, пред падот на советскиот режим, сопственоста беше законски регулирана, а на директорите им беше дозволено да присвојуваат многу права. Целокупниот имот премина во државни раце да го користи, да го извлекува профитот и да го менува. Способноста на советската држава да ги надгледува и контролира однесувањата на директорите ослабнува со текот на времето, бидејќи економијата

станува се покомплексна, улогата на државната безбедност се намали, а корупцијата се зголемува. Во Советскиот Сојуз се јавува висок степен на бирократизираност и отсуство на потребно знаење за ефикасно да се управува. Сопственоста целосно ја губи персоналноста. Профитот се определува произволно и униформно. Државата ја губи улогата на добар стопанственик. Таа ги зазема врз себе целите на производството, распределбата на добивката и можностите за унапредување во државната хиерархија.

Директорите како застапници на "неутралните шефови" го присвоија правото за неконтролирано прашање и се здобија со можност за присвојување на профит. Тоа во голема мера беше потпомогнато од црниот пазар, а покасно, средината на осумдесетите години и од реформите на Горбачов. Во тој "систем" директорите ги користеа поволностите од карактерот на сопственоста, но без да го носат ризикот или одговорноста за евентуалниот неуспех. Но, тие никогаш не се здобија со правото да ја пренесуваат сопственоста!

*Семјуел Хантигнон (S. Hantigton, 1994) смета дека промените кои предизвикале свртување кон демократијата се содржани во следното: прво, станува збор за инхерентни проблеми на легитимитетот со кој се соочуваат недемократските системи во современиот свет. Второ, во периодот до средината на седумдесетите години е создадена реална општествена база за воведување на демократски системи. Всушност по 1974 година би можело прилично точно да се предвиди кои земји во наредните години ќе се демократизираат. Трето, во голема мера, процесите на демократијата ги помагале и капиталистичките држави. Четврто, голема е улогата на надворешните фактори*

*(Европската заедница и САД) и најпосле, петто, дејството на т.н. домино ефект, "ако можат тие, што не би можеле и ние". Лидерите на владеачките и опозиционите странки во целиот свет сфатиле дека мораат да тргнат кон демократизација или да се преправаат дека тоа ќе го прават. Прашањето кое си го поставува Хантигтон гласи: дали овие пет фактори предизвикале паралелен пресврт кон економска либерализација? Во голема мера одговорот е негативен. Економската либерализација се чини настанува независно од слични причини. Клучна улога во пресвртот кон либрализацијата одиграла промената во начинот на размислувањето на професионалните економисти во текот на педесетите и шеесетите години. Интересно е прашањето за сличносите и разликите на политичката демократизација и економската либерализација. Сличноста е во тоа што подеднакво ги ограничуваат овластувањата на владата и моќта на државата. Демократизацијата, барем теоретски, од државата создава апарат кој е потчинет и одговорен на граѓанското општество. Либерали- зацијата од друга страна ја намалува улогата на државата во стопанството. Демократизацијата од државата бара воведување на политички слободи - слободи на говор, здружување и протест. Либерализацијата бара економска слобода - слобода од било какви ограничувања, за поседување на имот, работа, вложување, производство и потрошувачка. Демократизацијата ја зголемува општествената контрола над државата, либерализацијата ја намалува контролата на државата над општеството". Прашањето кое си го поставува Хантигтон се однесува на проширувањето или стеснувањето на улогата на државата во стопанството. За нас е*

*интересно неговото мислење за улогата на државата во посткомунистичките земји. "Тие стопанства (се мисли на стопанствата во посткомунистичките земји) можеби воопшто не можат да станат пазарни", смета Пол МакКракен (P.MakCracken) на институционално ниво, демокра- тизацијата е многу поедноставна од економската либерализација.*

*Основните елементи на демократизацијата се постигнуваат доколку се одржат разумно правични, отворени и општи избори. За разлика од тоа, стопанските реформи многу потешко се воведуваат и бараат вложување и многу напори во текот на подолг временски период. Економската либерализација, може да донесе времена корист на мали групи, кои се во состојба да ги искористат новите можности за стекнување профит. "Огромна економска цена мора да се плати како би се остварила долгорочна економска сигурност, која се чини дека е се подалечна".*

*Ставот на јавноста би можел во почетокот да се опише како еуфорија, потоа како разочарување и најпосле како резигнација и прифаќање. Ставот за економската либерализација се движи од страв, несигурност до фрустрација и огорченост. Следниот став е непредвидлив. Една можност е лутина, протест и бунт, втората, пасивност и прифаќање. Хантигтон го поставува прашањето за динамиката на реформите, дали таа да биде во облик на "шок терапија" или би требало да се спроведат постепено, во текот на долг временски период. "Една од предностите на сеопфатна шок терапија е тоа што на реформистичката влада и дава широки можности за спроведување на одредени мерки во рамките на кои може да се прават извесни отстапки, а со тоа да не се уништат битните елементи на реформата".*

## *Приватизацијата на големите претпријатија*

Основната цел на програмата за приватизација предложена во почетокот на 1992 год. од владата на Јегор Гајдар беше да се создадат приватно сопственички корпорации кои нема да зависат од владата и ќе делуваат самостојно. Архитектите на програмата веруваа дека со претворањето на претпријатијата во профитни организации ќе мора да се рационализира организацијата, ќе се променат навиките и распределбата на економската добивка. (John Nollis, 1991). Се смета дека со приватизацијата овие цели ќе бидат исполнети многу поефикасно. Ако добивката не ги надминува трошоците, приватно сопственичките претпријатија мора да преземат дејствија за да го постигнат тоа. Целта, всушност, е да се дојде до "вистински сопственик".

*Одговорот на прашањето за тоа во која мера еден "специфичен облик на економско организирање е компатибилен со демократските принципи, за Патрик Кенис (Patrik Kennis) треба да се бара во фактите, а не во вредностите и без сомнение е одреден од формата на социолошката (анали- тичка), отколку од нормативната аргументација". (Kennis, 1889).*

Програмата за приватизација уште на почетокот предизвика бурна расправа. Руската унија на индустријалците и претпријатијата и граѓанската унија сметаа дека со Елциновата програма за масовна

приватизација нема праведно да се подели сопственоста и дека таа ќе се сконцентрира во рацете на црноберзијанците, мафијата и странците, како што смета и заменикот на претседателот на граѓанскиот сојуз. (јули, 1992).

Врската меѓу демократизацијата и економ- ските реформи може да биде повеќе комплементарна отколку што често може да се претпостави, смета Лари Дајмонд (Larry Diamond, 1992). Во услови на "една револуционерна транзиција" која што настана по распадот на социјализмот, кога револуцијата е без историски модел и без револуционерна теорија и кога мнозинството нема што да изгуби, "политичкиот систем што ја зајакнува улогата на масите и го уништува гласот на старата елита во формирањето на политиката на државата може да се покаже за многу поспособен во преземање на радикални економкси реформи, отколку еден авторитарен режим. Тоа доаѓа од таму што демократски избраната власт има поголем легитимитет и сила отколку авторитарниот режим да изврши било какви економски реформи. Во некои постсоци- јалистички земји кои со реформи започнаа многу порано (Полска, Унгарија, Чешка) беа далеку поуспешни во преземањето на вистинска економска трансформација од земјите кои не се ни обидоа или имаа мал успех во консолидацијата на недемок- ратскиот систем (како што се Романија, Бугарија, Украина, Узбекистан).

## *Процес на цементирање на новата елита*

Истражувањето на Кристановскаја (О. Кристановскаја, 1996) на трансформацијата на новата

руска елита покажува дека со доаѓањето на Елцин за претседател на Руската федерација започнува "процесот на цементирање на новата елита". Средиштето на власта се повеќе се поместува во насока на извршната власт, што всушност започнува уште во времето на Горбачов. Политиката на Елцин одеше во прилог кон затворање на елитата. Во неа се формираат неколку "рангови", нешто слично како и дваесетите години, веднаш по Октомвриската Револуција. Циркулацијата на кадрите, според Криштановскаја е следното: на врвот од пирамидата се сместени високи раководители, кои можат многу полесно да се "тркалаат" надолу и на нивно место доаѓаат оние од вториот ранг. "Тоа не предизвикува и политичка смрт". Оние кои се спуштаат подолу многу брзо и едноставно се приклучуваат кон новоформираните структури. Во поголемите урбани центри динамиката на тоа менување на позицијата е поизразено од помалите провинциски или регионални центри.

Периодот на економските реформи од 1987-1992 год. се карактеризира со децентрализација или со распаѓање на моќните државни "вертикали" на економскиот сиситем. Типичен пример за тоа е банкарскиот систем, кој порано бил главно раководен "одозгора". Во периодот на перестројката овој монополен систем се распаѓа и на негово место се формираат неколку комерцијални банки, најчесто по пат на трансформацијата на веќе постојаните. Од 1992 год. започнува процес на нова централизација, но не по вертикала, туку по хоризонтала. Се формираат нови структури во економијата од типот на холдинг компании, производно финансиски групи. Основната идеја за формирање на овој систем е полесно да се комуницира со

економијата на Западна Европа, потоа во создавање на независни фондови од државата, влијание врз средствата за масовна комуникација, (и преку формирање на свои информативни гласила и сл.), полесно лобирање во политичките структири и најпосле влијание врз раководството на политич- ките партии.

*"Новата руска елита потсетува на трослојна пита: на врвот политичари поделени во групи кои се борат за власт, подолу претприемачите кои ги финансираат изборните кампањи, лобистички структури, печатот, телевизијата и најдолу се сместени помали групи, приватни моќни структури".*

Авторот смета дека прераспределувањето на власта во Русија е процес кој практично завршил. Втората руска револуција на номенклатурата во која победи младата генерација се приближува кон својот крај. Во својата суштина "ова е буржоаска револуција", затоа што таа доведе до промена на општествено политичкото уредување. Власта се подели меѓу групи на помлади прагматични претставници во номенклатурата во сфетата на економијата и политиката.

# РУСКИОТ ПАТ КОН ВЕСТЕРНИЗАЦИЈА

Според Рукавишников (1995) највлијателните сили ги претставуваат исклучително интересите на елитата. Очигледни се "взаемните разбирањата" меѓу раководителите од редовите на извршната власт службениците на високите позиции во министерствата и лидерите кои произлегле од партиската и стопанската номенклатура, бизнисмените, бившите министри, раководителите во банкарството и трговијата. Според авторот за рускиот пат кон вестернизација може да се констатира следното: дека таа претставува вестернизација раководена од елитата и е во нејзин интерес, кој во глобална смисла потсетува на модернизација на латинско - американското искуство. Тоа се согледува и на планот на политичката алиенација, која се истакнува како чувство на немоќ и отсуство на средства на општеството да се контролира политичкиот живот, над политиката на владата и државните институции, но и чувство на бесмисленоста за учество во било која форма на политичка активност. Тоа, според мислењето на авторот, е резултат на вестернизацијата. Во прилог на овој став говорат и резултатите од истражувањето кое е реализирано во периодот од 1990-94 год. Имено, на прашањето за тоа што испитаниците мислат за актуелната власт во Русија, одговорите се движат во прилог на неверување на Русите во можностите да дејствуваат во насока на она што се случува. Потоа, само мал процент се чувствуваат како "политички активни" граѓани. Повеќе од 2/3 изјавиле дека политиката ги интересира, но се чувствуваат пасивни набљудувачи на политичкиот живот, а околу 1/5 апсолутно или скоро

воопшто не ги интересира политиката (Руковишников, 1995). На прашањето: "што е за Вас поважно, слободата или еднаквоста", споредено со слични истражувања во Западна Германија (октомври 1993), Источна Германија во 1993 и Русија во 1994 год. може да се констатира дека кога Русите се ставени пред изборот на слободата и еднаквоста, за разлика од Западните Германци, кај нив многу е помал процентот на оние кои би избрале слобода (29 отсто) наспроти 58 отсто кај Западните Германци. Во однос на изборот за еднаквост, односно, социјалните разлики меѓу луѓето; дека тие не треба да бидат големи и дека никој не треба да се користи со незаслужени привилегии, односот на одговорите е обратен, 30 отсто наспроти 58 отсто во корист на испитаниците Руси.

> *Психичкоит шок, поврзан со уривањето на претходниот систем на вредности и тешкотиите за адаптација, кон новата економска и политичка реалност, се појавува и во различниот однос на старите и помладите кон реформите и во порастот на популарноста на постојните политички сили....... Ако, на пример, во Русија економската стагнација не биде запрена, согласно со некои прогнози политичката апатија на молчеливото мнозинство од избирачите може да се промени со отворената поддршка на опозицијата" (Руковишников, 1995. 43)*

Авторот е убеден дека за да се одржи актуелната власт, таа ќе мора да се движи кон авторитаризам, односно, се повеќе до израз ќе доаѓа "сценарија" слични на оние Латинска Америка и дека за "светлите перспективи на нашата демократија ќе мораме за подолго да заборавиме". Цената која Русија треба да ја плати за да тргне по патот на модернизацијата е голема. Пред се, како најзначајни за тоа, авторот ги набројува ерозијата на националната култура, порастот на насилствата, отуѓувањето, социјалната анемија. За тоа; дали постои

некоја друга алтернатива, пред се мисли на комунистите, која во минатото се покажала за невозможна, тешко е да се претпостави. "Јасно е едно - вестернизацијата во Русија започна, но јасно разбирање за тоа каква ќе биде Русија на крајот на преодниот период не постои, ни кај приврзаниците на реформата, ни кај нејзините противници".

## новата етапа во развојот - легална дејност на мафијата

Во кој степен е присутна мафијата во Руското општество доволно говори фактот дека во криминални односи се вовлечени 40 отсто од претприемачите и 66 отсто од сите комерцијални структури, (Криштановскаја,1995). Мафијата, според авторот, контролира над 35 000 работни организации, меѓу кои 400 банки и 47 берзи. Во руското општество последните пет-шест години од моментот на падот на комунистичкиот систем, се појавија најразлични форми на организиран криминал или, како вели Криштановскаја, се формираа нелегални "моќни структури", кои работат на начин, кој е својствен на мафијата. Под "моќни" структури се подразбираат организациони групи кои употребуваат сила (физичка, оружје и сл.) за да дојдат до саканата цел. Тие делуваат легално и илегално. Легалните делуваат под маска на претприемаштво, а главно се резултат на приватизацијата.

Со распаѓањето на легалните структури, голем дел од оние кои беа вработени, особено во службите за безбеднос и војската, се вработија во приватните претпријатија, се разбира за поголеми плати, На пример, КГБ изгуби 50 отсто од кадровскиот состав кој беше ангажиран во Москва. Економската активност на мафијата

главно се насочи кон нелегалните активности поврзани со рекетарствово, трговијата со дрога и контрола на коцкањето и особено незаконската трговија со скапоцености, наркотици, па дури и со нуклеарни материи, што некои ги наведе да говорат за "нуклеарна мафија". Мафијашкото делување, според авторот, се појавува и во легалните структури на власта. Големи суми на пари добиени со незаконско работење ја принудуваат мафијата да вложува во легален бизнис. Од 1993 год. "започнува нова етапа во развојот на криминалните структури во Русија, етапа на легална дејност на мафијата".

Основна форма на легализација е создавање на сопствени комерцијални структури, формирање на акционерски друштва, кои не се контролирани од никого. Тие најчесто се во функција на предизвикување на најразлични афери како што се земање на кредити, по што следи банкротство, перење на пари и сл. Претставниците на мафијата формираат легални организации кои најчесто служат за покривање на малверзациите правени на најразличен начин. Посебно место и улога во реализацијата на големите афери и перењето пари имаат банките. Во нив мафијата остварува и најголемо влијание. Потоа, исто така големо влијание има во експлоатацијата на нафтата и гасот, за чија цел се формирани синџири од влијателни групи и фирми кои работат како холдинг компании кои понепосредно се поврзани со мафијата. Авторот посебно го потенцира учеството на мафијата во процесот на приватизацијата на државните претпијатија. Во едно истражување на Руската академија на науките е констатирано дека 35 отсто од капиталот и 80 отсто од акциите кои носат гласови е со криминално обележје. Се чини дека, мафијата успешно се вклопува во акционерскиот систе, а особено привлечни се успешните претпријатија. Во некои рагиони се води остра борба меѓу мафијашките групи за контрола над претпријатијата. Капиталот кој е "заработен" на нелегален

начин преку странските банки се враќа во Русија во вид на кредити.

## *работата - основна вредност*

Интересни се истражувањата на Климова (Климова,С.Т.1995) за мотивацијата за работа и вредносниот систем. Во споредба со истражувањата вршени во почетокот на 80-тите години, каде работата се покажува како основна вреност, (за околу 80 отсто од испитаниците) во најновите истражувања реализирани во средината на 90-тите, процентот на оние кои работата ја сметаат за основна вредност за секој човек, значајно се намалува. За разлика од тоа значајно се зголемува значењето на материјалните вредности. Но, како смета Климова, главен проблем на животот - материјалната благосостојба не е значајна за испитуваните групи, со исклучок на работниците. Парите станале најзначаен фактор во секојдневието, "стимул за суштинските активности". Сиромаштијата за голем дел од испитаниците е нешто кое им пречи во животот, но и во богатството не е смислата на животот. Намалувањето на значењето на работата и нејзината функција, од пред десет години говори за тоа дека работата не била извор на материјална благосостојба, туку и нешто повеќе од тоа. Во неа човекот ја наоѓал реализацијата на своите стремежи, место каде се сретнувал со пријателите и решавал за своите секојдневни проблеми. Во новосоздадените услови, како што смета Климова, работата дури не ја исполнува својата основна функција - како дејност и место каде може да се заработи за пристоен живот.

## *парадоксите на посткомунизмот*

Реформите на советскиот систем, колку тоа и да звучи парадоксално, биле иницирани од владеачката идеологија на комунистичката партија, но и спречувани од неа поради стравот дека тие можат да доведат до распаѓање на целокупното "глобално општество" (Узунов, 1995, 20). Промените кон пазарното стопанство претпоставуваат и промена на правната регулатива, која ги регулира сопственичкте односи и тоа: загарантирано право на приватна соственост, право на граѓаните да вршат стопанска дејност, право на социјална сигурност, право на претпријатието на слобода во стопанската дејност.

> *"Промените што сега се случуваат во земјите во транзиција, всушност претпоставуваат воспоставување на нови правни системи што се засновани врз негирањето и отфрлањето на вредносните кате гории на т.н. социјалистичко право" (Чокрески, 1994)*

Социјалистичкиот правен систем го отфрли принципот на правен субјективитет како "темелна вредност на правото на граѓанското општество и воопшто правото на современата цивилизација во последните дваесет години". (исто, стр.49). Во социјалистичкиот систем се изгубија сите компоненти на правниот субјективитет: постоењето на "физичкото лице" како титулар на сопственоста, кое располага со својот имот. Граѓанинот го изгуби јавно - правното значење. Системот на државната (општествената) сопственост, овозможи индивидуата да ги загуби приватните права во економскиот живот. "Едно од најтешките проблеми што имаат и теоретско, но многу повеќе практично значење е

разрешувањето на спротивностите што произлегуваат меѓу стекнатите права и правните институции настанати со новите закони, "заклучува Чокрески во својата расправа за редефинирањето на правото во земјите во транзиција.

## *со брзи реформи против сите зла*

За трансформацијата на руското општество во текот на последните две години (1994 и 1995 год.) се искажани различни мислења, но, сеуште никој не е убеден дека излезот од рецесијата ќе се случи наскоро. Во извештајот на европската банка за обнова и развој за 1995 год. пет години по падот на комунизмот, за 25-те земји во транзиција (меѓу кои и Русија) се вели дека донеле "различно искуство". Во него, меѓу другото е констатирано дека нејголем број од земјите ги либерализирале домашните цени и трговијата со странство, а истовремено се приватизирани малите деловни единици. Многу малку е постигнато на планот на банкарскиот систем, реструктурацијата на претпријатијата и на планот на приватизацијата на големите претпријатија. Во оваа група се наоѓаат и земјите што остварија најдобри резултати, како што е Република Чешка, Италија, Полска, Словачка, Естонија, Летонија, Литванија. Во следната група се наоѓаат преостанатите земји, како Киргизија и Русија. Се смета дека Русија во минатата година (1995) постигнала спектакуларни резултати на полето на приватизацијата, но во однос на реформата на финансискиот систем и реструктурирање на претпријатијата, ефектите се помали. Во споменатиот извештај е вреднуван стадиумот на транзицијата во секоја земја, преку клучните индикатори за одредување на степенот на приватизацијата,

либерализацијата на цените, промените на трговскиот систем, како и системот на размена со странство и најпосле реформите во банкарскиот систем.

Еден од најизразените проблеми со кои се соочуваат земјите во транзиција е собирањето на даноците. Тешко е да се оствари задачата да се создадат такви даночни системи, кои ќе бидат стабилни и правични и кои се однесуваат подеднакво на сите даночни обврзници и ќе создават приход, а кои во исто време нема да бидат дестимулативни за претпријатието.

Трансформацијата на сопственоста, извршена по методот на ваучери, во повеќе земји од Источна Европа претставува голем чекор, но тоа е "само прв чекор". Тој мора да биде следен со подеднакво значајните натамошни чекори за отворање на сопственоста на приватизираните претпријатија кон надворешните инвеститори и сопственици. Тие од своја страна ќе го донесат потребниот капитал, пристап кон пазарите, менаџерско знаење и менталитет за остварување на профит во приватизираните претпријатија. Надворешните инвеститори ќе го завршат преструктурирањето на претпријатието започнато со трансферот на соственоста. Значаен дел од преструктурираните претпријатија ќе стане профитабилен и конкурентен како дома, така и на меѓународен план, додека Русија сигурно ќе зачекори во процес на растеж и интеграција во глобалната економија, според мислењето на експертите на светската банка.

За професорот по економија на Харвардскиот универзитет, Shleifer и еден од советниците на руската влада во врска со приватизацијата, лекцијата за борба против корупцијата е: пазарните реформи мора да се движат побрзо од бирократите. Имено, како што вели овој професор, приватизираните фирми создаваат нови производи, го извезуваат своето производство, отпуштаат работници и напаѓаат странски вложувачи. Ова го прават од причини што нивните акционери и менаџери, а не министрите, се оние кои ги донесуваат конечните одлуки

(Shleifer, 1995). Руското искуство во врска со приватизацијата, уште еднаш покажува на кој начин треба да се води борбата со бирократијата. За спроведување на пазарните реформи приватизацијата создава коалиција против бирократијата. Во неа се вклучени работниците, менаџерите и јавноста, заклучува харвардскиот професор и советник на руската влада.

*"Пазарот, а не политичарите ќе биде тој што ќе ја порази корупцијата во Русија и во другиот дел од Источна Европа".*

Корупцијата во поранешните социјалистички земји расте со експанзијата на приватниот бизнис. Тоа покажува дека реформите се пребавни, од причина што власта сеуште има големо влијание врз бизнисот. "Корупцијата би била многу помала, доколку на пример, локалните службеници немаат право да даваат одобренија за отварање на дуќани или ако цариниците не ја задржуваат стоката на границите со месеци и ако за заедничките проекти не се потребни бројни решенија".

"Ако бирократите не можат да се спречат да примаат мито и ако не можат да станат чесни, тогаш треба да им се одземе моќта што ја злоупотребуваат" (Andrei Shleifer, 1995).

Слободниот пазар е најефикасна мерка против бирократијата. Слободните пазари на обврзници би им овозможиле на фирмите да создадат приватен капитал, а со тоа на бирократите би им се одземал мечот што го држат над главите на фирмите на кои тие им одобруваат кредити.

## *што ќе биде кога ќе нема што да се краде*

Корупцијата во Русија се движи до граници досега никаде невидени и тоа поради три причини: прво, многу лидери својата кариера ја започнале во комунистичката партија, која била плодна почва за развој на корупцијата во вид на разни привилегии. Со распаѓањето на комунизмот постарите "апаратчици" на генијален начин ја претворија својата веќе избледена моќ во финансиски влогови во рамките на пазарната економија во зародиш. Второ, Русија е интересна за странскиот пазар поради тоа што е богата со нафта, природен гас, скапоцени метали, кои лесно можат да се украдат. Во периодот на т.н. спонтана приватизација голем дел од фирмите беа ограбувани од лицата на високи функции (во фирмите и надвор од нив). Трето, помошта од запад пристигна предоцна. (Sachs, 1996).

> *"Во 1995 год. голем број руски официјални личности одлучија да го заштитат своето новостекнато богатство. Циниците тврдат дека кога крадците - барони ќе искрадат се што е вредно за крадење, ќе почнат да градат стабилно и почесно општество за следните генерации"" (Sachs, 1996).*

Сакс смета дека во Русија треба да се подржат чесните руски реформатори. Тоа може да биде залудно со оглед на јавната одвратност во однос на начинот со кој руското раководство ја обезвреднува реформата. Сепак, избирачкото тело што ги создавало реформите не се состои само од дисиденти и демократи, туку и од бројни чесни сопственици на приватизирани фирми или нови приватни бизниси. Тоа избирачко тело може да се зголемува дотолку повеќе доколку демократските и

економските реформатори ја фокусираат обновената енергија врз чесност и праведност во раководството, подобрување и проширување на мрежата на социјалната заштита која ќе се финансира од зголемените оданочувања на претпријатијата од областа на природните ресурси и продолжување на раформата насочена кон одвојување на економијата од локалните раце на политичарите и бирократите, заклучува Сакс.

## *пазарот сам по себе*

Основните аргументи за тоа дека ќе се укинат предностите поради врската со власта е пазарот да ја земе редистрибуцијата која се врши од страна на државата. Ендрју Валдер (Walder, 1996) го поставува прашањето за односот на концентрацијата на моќта и типот на стопанството: дали станува збор за пазарно или планско - командно стопанство и што, всушност се случува за време на премин од едно, планско во друго, пазарно стопанство. Имено, Валдер поаѓа од ставот дека преминот кон пазарна распределба сам по себе не носи инхерентни последици на распределбата на приходот и моќта. Својот став тој се обидува да го поткрепи на искуството од кинеските реформи.

Во раните седумдесети години, на селаните подеднакво им била поделена земја на користење. Селаните добиваат контрола врз земјата и средствата за работа и откако ќе им ги предадат задолжителните количини на жито на државните откупни служби, слободни се вишокот да го продаваат на пазарот. Тие се здобиваат со право да го разменуват житото за пари и други земјоделски производи, да формираат неземјоделски семејни претпријатија или да го напуштат селото во потрага по работа и плата. Валдер смета, дека

оваа "пазарна транзиција" води во сигурен и егалитарен вид на селски имот. Да претпоставиме, како вели Валдер, и второ сценарио. Да дозволиме распоредот на имотот и на достигањата на пазарот да варираат. Државните служби ја делат земјата меѓу себе и стануваат приватни сопственици на големи комерцијални земјоделски поседи. Селаните ги задржуваат куќите, но не поседуваат земја. Селанецот е слободен при изборот на работата, може да работи за плата или да биде надничар кај земјопоседниците. Во оваа "пазарна транзиција" релативната моќ на спогодување на "директни произведувачи" опаѓа; немајќи земја на селаните им е спречен пристапот на пазарите на земјоделски стоки и тие стануваат земјоделски пролетеријат во едно стопанство со голем вишок на работна сила. Прашањето кое го поставува авторот се однесува на карактерот на "пазарната транзиција". Во едно "редистрибутивно" државно социјалистичко стопанство, добрата се дистрибуираат главно преку државни службеници според определен план, а во пазарната распределба преку директна спогодба за цената меѓу купувачите и продавачите. Стопанството во транзиција е она во кое вториот начин постепено го заменува првиот.

Некои стопанства го приватизираат и го прераспределуваат имотот во исто време кога го расформираат планскиот начин на распределба на стоките, други пак, преминуваат кон пазарна распределба задржувајќи ја заедничката сопственост на неопределено време. Некои добра, како земјата може лесно да се поделат, други пак, како на пример индустриските претпријатија не е лесно да се поделат. Овие разлики може битно да влијаат врз распределбата на моќта и приходот. Клучниот проблем по Валдер е што опаѓањето на редистрибутивната моќ не е предизвикана од преминот кон пазарите, туку, всушност претставува дефиниција на ширењето на пазарите. Пазарната распределба се дефинира како отсуство на редистрибутивната моќ,

односно на редистрибуцијата. Да се каже дека таа моќ е во опаѓање, едноставно значи дека пазарите се во пораст.

> *"Ако се каже дека "редистрибутивната моќ" опаѓа и дека заради тоа ќе опаднат и економските привилегии на оние кои се на власт, се избегнува централното емпириско прашање - дали оние што се на власт се способни да развијат нови извори на моќ, не како "редистрибутери", туку како регулатори на пазарните и приватните претпријатија, посредници на пазазарните трансакции, управници и советници на јавните, пазарно ориентирани претпријатија и се тоа врз основа на влијанието, значењето и врските создадени во претходните години на моќ" (Walder, 1996, 1036).*

Оние што спорат дека моќта и привилегиите на државните службеници не мора да опаднат и дека можат да се зголемат, имплицитно тврдат дека новите форми на моќ што произлегуваат од новите улоги создадени со ширењето на пазарите, можат да им овозможат на оние на власт да ги задржат или да ги прошират привилегиите што со текот на времето, веројатно ќе доведат до тоа, тие да и се приклучат на новата економска елита.

Но, што се случува кога реформите само делумно се воведуваат? Во тој случај, редистрибутивното стопанство управувано од државата останува доминантен механизам, Не само што претставниците на власта продолжуваат да ги редистрибуираат средствата заради нивната позиција на власт, туку пазарната активност може да ја поттикне или дури и да ја зголеми редистрибутивната моќ. Имено, ако предностите на претставниците на власта и поранешните претставници на власт опаѓаат, тоа ја подржува теоријата, ако не, тогаш едноставно значи дека "редистрибутивната моќ" се уште не исчезнала.

Основниот заклучок до кој доаѓа авторот е следниот: влијанието на пазарите врз нееднаквоста

зависи од типовите на пазарите што се поврзуваат, распределбата и контролата врз добрата, критериумите за влегување во различни типови на претпријатија. Политичките правила со кои планската економија се укинува, степенот на пораст на различни економски сектори и државната политика што ги определува цените.

## *од приватизациона агонија - до пазарна економија*

Дали се доволни пет години за да можеме врз основа на емпириски сознанија за централните и источно европските земји да формулираме некои општи заклучоци и теоретски решенија за промените кои се случуваат? За Здислав Шулц (Z.Sulc,1994) одговорот е позитивен, сепак има емпириски сознанија и доволно теоретски размислувања.

Основната замисла на Шулц е да одговори на неколку прашања поврзани со трансформацијата на претпријатијата во услови на приватизација и тоа: времетраењето на трансформациониот период, како и нејзиниот карактер. Проблемот на трансформацијата на командната економија во економија од пазарен тип ги изненадила како економистите на Запад, така и оние од Исток.

Критиката на командната економија главно се базира на сознанијата од триесетите години, присутни во делата на Hajek, Muses и Lange. Тие критики се разгоруваат шеесетите години и од економисти со либерална ориентација од Исток како што се Brus, Sik, Kornai и др. Шулц смета дека овие критики беа или многу апстрактни или претерано критички кон недоследностите на полуреформите во економијата во рамките на тоталитрните држави. Она што им недостига беше

отсуство на позитивни решенија на проблемите, недостаток на решенија или проект за трансформација, Промените во економијата не беа изводливи без промена на сопственоста и политичкиот систем, кои за тоталиристичката идеологија воопшто не беа прифатливи. Сите обиди да се формира некоја пазарна стратегија за трансформација изгледаа безнадежни. Се сметаше дека со паѓањето на идеолошките бариери процесот на трансформација, особено воведувањето на пазарно - економските односи и приватизацијата ќе се одвива многу брзо.

Во почетокот на 90-тите години преовладува мислењето дека едноставното копирање на економските модели на западните развиени економии ќе доведе до брзи и радикални резултати. Некои од источно европските земји ја употребија и таа стратегија, кога целта е позната, кога моделите кои се применуваат многу добро функционираат во западните развиени општества, а политичката сила е во рацете на постоечките закони тогаш "навистина економски може лесно да се изведе". Ако ги преиспитаме практичните искуства од трансформацијата на четирите централно - европски држави ќе најдеме доволно аргументи кои недвосмислено ја потврдуваат залудноста на "шок терапијата" или "големиот скок преку бездната". Трансформацијата е долгорочен процес. Економијата која поминува низ овој процес, минува низ транзиционен процес во кој постои симбиоза на старите системи и регулативи и новите економски механизми во кој државата постојано ја систематизира и прилагодува нејзината нова економска политика се со цел да создаде простор за барањата на новите системи и рагулативи. Целта е да се отстранат жилавите елементи наследени од централно - планската економија. (Sulc, 1994, 25).

Првиот обид за трансформација беше т.н. "Балцеривич програма" објавена во јануари 1990 год. Програмата на Балцерович беше базирана на принципите

на "шок терапија" која претпоставуваше дека новата пазарна рамнотежа ќе се формира уште на самиот почеток и ќе овозможи замена на директната интервенција со индиректна пазарно ориентирана економска политика. Програмата ги содржи следните мерки: прво, либерализација на цените.Само 14 отсто останаа под контрола на државата; второ, создавање на услови за внатрешна конвертибилност на злотата; трето, регулирање на порастот на платите и четврто, рестриктивна монетарна и фискална политика.

Според Шулц основниот недостаток на програмата на Балцерович не беше во едновременото ослободување на цените и "шок терапијата", туку "отсуство на истовремена капитализација на претпријатијата од државниот сектор со брзо формирање на пазар на капитал". Пазарот на капитал би бил способен да ги трансформира радикалните промени на побарувачката и либерализацијата на цените, со помош на креирање на пазар на стоки и услуги, а потоа и со преструктурирање на процесот на снабдување, преструктурирање на државните претпријатија и поттикнување на вештачки создадените монополи, банкротство на неуспешни и безперспективни фирми, а развој и формирање на нови.

Чешко - Словачкта трансформација на економијата на почетокот на деведесетите години е слична како на онаа во Полска. Разликата беше во начинот на трансформацијата на сопственоста, како дел од целината на процесот. Главно процесот започна како денационализација на државните претпријатија со истовремена либерализација на цените и претворање на државните претпријатија во корпорации врз основа на книговодствената вредност на претпријатието. За привремен сопственик е именуван националниот фонд за сопственост. Со директна приватизација, базирана главно на купон - приватизацијата, со што требаше да се надминат двете основни пречки во трансформацијата на сопственоста на државните претпријатија: недостаток на

капитал и бавниот процес. Две години подоцна, доаѓа до израз т.н. мала приватизација базирана на стандардни методи што многу брзо се развија. Државните претпријатија го променија старото стереотипно однесување, од централно планска економија, позната како "inside-aut mini-max, минимлано производство, максимализација на трошоците во стереотипно однесување познато како "приватизациона агонија", односно, една пасивна реакција на падот на производството и вработеноста и минимизирање на вработеноста.

Резултатите од капитализацијата на претпријатието, вториот фактор што го условува пазарното однесување по либерализацијата на цените на стоки и услуги и на пазарот на трудот, не станаа дел од првичниот пакет на трансформациониот процес, што беше одлучувачко за наредните две-три години.

Емпириските сознанија за процесот на трансформацијата од централно - планската во пазарна економија, според Шулц говорат за следното:

а) дека брзината и траењето на трансформацијата главно зависат од степенот на координација на елементите на правичноста во формирањето на пазарот на стоки и услуги, од трансформацијата на државната сопственост и во намалување на временскиот интервал меѓу двете системски активности, кои се критични за конзистентното функционирање на пазарниот механизам.

б) во светлината на стекнатите емпириски сознанија најбрз начин на трансформација на сопственоста, се чини би претставувала една комбинација на едновремена и целосна денационализација (корпорализација и комерцијализација) со подоцнежна приватизација.

в) процесот на либеарализација на цените на стоки и услуги и создавањето на пазар на капитал врз здрава основа за преструктурирање на барањата на првиот пазар и негова трансформација во преструктурирањето, во насока на ефикасно снабдување, базирано врз економските интереси на големите претпријатија.

г) со формирање на слободниот пазар на стоки и услуги се намалува можноста за враќање на централно - планската економија. Пазарот сам по себе не е способен да создаде економски поттик и се недоволен да ги надмине проблемите со ниското производство и нискиот животен стандард.

## *однесување на фирмите*

Однесувањето на големите фирми во повеќе земји од Централна и Источна Европа може да се разбере како процес на "претприватизациона агонија". Симптоми на овој процес се пасивниот однос спрема преструк- турирањето и обидот да се задржи status quo се додека не започне процесот на приватизација. Во овој вакуум, како го наречува Шулц, однесувањето на фирмите е условено од обидот да се добие максимално, без разлика на трошоците и задолжувањето. Тоа однесување произлегува од состојбата во која се наоѓа сопственоста на претпријатието. Тоа е период во кој постојат слободни цени и претпријатието може да го максимизира неговиот профит во стилот "после нас потоп" (after as the delude).

Што е суштината на профитот во една некапи- тализирана фирма? Тоа е профит на задржување на статусот на вработените и различното ниво на плати, без разлика на нивото на производство, продуктивноста и слично и стапка на потенцијален приход за управувачкиот персонал.

> *"Објаснувањето за стереотипното однесување на овие децентрализирани и некапитализирани претпријатија се базира на два фактори: опстанок на "старата структура" во раководењето со фирмите и нереализираната приватизација. "Лекот" кој*

*одговара за овие симптоми е порадикални промени на раководството и обид за забрзување на приватизацијата, со барање за брзо решавање на приватизацијата со нетрадиционални методи, односно, купон приватизација".*

Во што е проблемот на една транзициона економија? Проблемот е во тоа што фирмите повеќе не можат да "играат" по правилата на централно планската економија, бидејќи нема централен план и цени, но и новите правила на пазарната економија кои сеуште не се создадени. Вториот фактор по Шулц, што делува врз однесувањето на претпријатијата е односот меѓу менаџерот и сопственикот. Во пазарната економија постои трајна меѓузависност. Менаџментот не ја исполнува оваа улога следејќи ги правилата на игра од пазарната економија, а кој во новите услови е заменет од сопственикот. Во неденационализираните и некапита- лизирани фирми судбината на раководителот е целосно зависна од "основачот" претставен од владин претставник. Раководството може да биде сменето во било кое време и без било каква причина. Поради приватизацијата, иднината на менаџментот не е сигурна. Првиот чекор после приватизацијата е избор на нов менаџмент. Менаџментот во една таква ситуација нема долготрајна мотивација и нема поттик за да се докаже себеси пред сопственикот. Вистината е сосема спротивна од тоа: поврзаноста меѓу менаџментот и вработените во фирмата е вториот фактор што го диктира стереотипното однесување на фирмата. За време на трансформацијата овие реакции во неденационализираните и ниско капитализираните фирми се под влијание на рестриктивната владина политика (регуларен план). Надежите исто така се фактор кој влијае на формирањето на стереотипното однесување, означено како "приватизациона агонија", Очекувањата од приватизацијата водат кон зацврстување на целосна доминација на

краткорочните интереси на фирмите над долгорочните. За Шулц клучен елемент на трансформациониот процес е минимизирањето или комплетно елиминирање на временскиот расчекор меѓу либерализацијата на пазарот за стока и услуги и реалната капитализација на државните претпријатија.

Основен заклучок до кој доаѓа Шулц е следниот: приватизацијата комбинирана со претходна денационализација и капитализација на државните претпријатија создава оптимални услови за забрзување на трансформационите процеси на претпријатијата од една "Inside aut-minimax", према нормален "mini-max" пазар, бидејќи тоа го намалува "мртвиот простор" (dead space) меѓу позицијата на државното претпријатие како организационо - технолошка единица и нејзината промена во капитална пазарна единица, што може да доведе до стратешки долгорочно ориентиран пазарен субјект, независно од времето за приватизација. Тоа од своја страна доведува до минимизирање на просторот за опстанок на "inside-aut-mini-max" и отвара простор за вклучување на нормален "mini-max" пазар. Потоа, ја елиминира фрустрирачката борба од приватизациониот попис на побарувања, а кои водат во формирање на различни нестандардни, проблематични и нерационални методи како што е купон приватизацијата.

## злобна стапица- откажување од демократијата

Прашањето за тоа дали економските реформи можат да продолжат без демократија и дали демократријата има шанси без претходни економски промени е прашање кое си го поставува Хол (Hall, A. J.1994). Потребата за демократија во спроведувањето на

економските реформи е очигледна. Луѓето нема да прифатат никакви реформи кои предизвикуваат катастрофален пад на нивниот стандард на живеење, а во меѓувреме се богати само еден слој на луѓе (малкумина). Отпорот спрема реформите ќе биде особено изразен ако членовите на старата номенклатура профитираат од воспоставување на новиот систем. Резултат на тоа ќе биде игнорирањето на системот на пазарното стопанство. Хол смета дека тоа може да доведе до катастрофа и општо разочарување.

> *"Легитимноста на новиот режим може едноставно да се осигура со извесна доза на успех, а тоа нема никогаш да дојде ако не се прифатат економските законитости". (Holl, 1994).*

Поради тоа некои сметаат дека земјите од Источна Европа почнуваат да личат на неразвиените земји каде цикличните промени се повторуваат, авторитарните режими се заменуваат со демократски и обратно. За да не дојде до тоа се предлага промените да бидат постепени и бавни, наместо да се применува шок - терапија, односно цената на промените не смее да биде толку болна за народот "што ќе го принуди да се откаже од демократија".

Но, како да се надмине неразвиеноста и економската криза?

Сигурно е дека степенот на успешноста по воведувањето на пазарната економија ќе доведе до поголема демократија. Некои економисти за состојбите во постсоцијализмот говорат како за "злобна стапица". Напуштањето на социјалистичките вредности создаде вакуум во општеството, а новите вредности кои произлегуваат од пазарното стопанство не се прифаќаат. Воведувањето на либералните принципи во економијата, пред демократските начела може да биде најдобро решение "особено ако тоа е дел од пакетот во кој е

вклучена и успешноста на економијата. Но и либерализмот, сам по себе, може да деполитизира и на тој начин да продолжи вакуумот во постсоцијализмот, што на државата и остава доволно автономија да притиска преку економските реформи. За Хол, "периодот на вакуум" повеќе личи на можна војна, на затишје пред воспоставување на одредени структури.

Сигурно е дека различните режими ќе го следат посткомунистичкиот период. Враќањето кон авторитаризам мора да е во "брак" со национализмот, а улогата не би требало да се пренагласува. Само некои држави имаат шанса за целосен успех во транзицијата. Многу е значајно да се нагласи дека брзината на промените се меша со суштината на промените. На пример, полскиот "бум" не го следат понатамошни реформи. Причина за тоа беше уверувањето дека сите позитивни работи автоматски ќе си дојдат со воведување на пазарот.

## кинески йаш во йосшкомунизам

За разлика од источно европските општества, кои "повеќе или помалку пристапија кон брзи и радикални промени", кинескиот пат главно го карактеризираат постепени промени "чекор по чекор"

*"Не беше најавена кризна цел, ниту некаква програма за транзиција. Некои од промените беа иницирани спонтано, одоздола и подоцна вклучени во државната регулатива. Реформите се продолжувани по методот на обиди и грешки, со чести тековни корекции и промени на политиката. Реформаторите вршеа обиди во непознатото. Кина*

*се повлече. Затоа, ние кинескиот пристап (држејќи се на фразата од природните науки за "големиот тресок") ќе го карактеризираме како еволутивна реформа" (Mc. Millan and Naudhton, 1992, цит. по Узунов, 1995, 411).*

Веднаш по распадот на социјалистичките режими во Централна и Источна Европа приватизацијата во Кина стана една од најважните прашања на посткомунистичката трансформација. Неопходноста од промени според Shu-Yon-Na, била широко прифатена. Проблемот на приватизацијата во Кина се покажа многу поедноставен од повеќе бивши социјалистички земји, особено од земјите кои настанаа по распаѓањето на Советскиот Сојуз. Кина со економските реформи започнува неколку години порано, поточно во средината на осумдесетите години, но тие беа прекинати летото 1989 по познатите настани на Тиан ан Мен. Но, и пкарај тоа, акционерскиот систем не само што преживеа, туку стана толку популарен, така што голем број кинески државни претпријатија си поставија задача да се преобразат во акционерски друштва. Овој последен бран на реформи може да се очекува по 1993г. да го забрза намалувањето на учеството на државниот сектор во економијата. Најважно е тоа што го покажува кинескиот пат кон приватизација. (Shu-Yun-Na, 1995,159)

Кинескиот пат на приватизација има неколку специфики, кои го разликуваат од другите земји. Предлогот на светската банка за масовна приватизација, во Кина е одбиен во корист на малиот пакет за реформи без приватизација, со што се сметаше дека претставува по малку ризичен начин. Приватизацијата во Кина е сеуште табу тема бидејќи перманентно подразбира намалена државна контрола.

Кинеските акционерски претпријатија беа поделени во четири основни модели:

Модел А - едно претпријатие има три вида на сопственици. Овој модел е најзастапен. Претпријатието

има три вида на сопственици, државата, претпријатието и работниците кои работат во него. Вредноста на државните акции е пресметана во нето вредност на имотот создаден со државни инвестиции. Претпријатието е ополномоштено со одредена сума на акции, а на работниците им се издаваат индивидуални работнички акции. Овој модел ги гарантира акциите, а тие ни приближно не се исти со оние што ги нудат банките на интерните влогови.

Модел Б - едно претпријатие има четири вида на сопственици и тоа, покрај државата и претпријатието се јавуваат и други институции, но и поединци. Разликата од моделот А е во тоа што акциите се издаваат на други институции познати како заеднички акции. Во овој модел, сите четири типа на сопственици делат еднаков ризик.

Модел В - едно претпријатие има два вида на сопственици. Претпријаитето не е продавано на лицитација на институциите или на поединци.

Модел Г - акционерските конгломерати се формирани врз основа на капитал од различни претпријатија. Под овој модел се сконцентрирани државните акции и колективните акции на претпријаитето.

Оваа кинеска акционерска реформа е форма на приватизација и во таа смисла таа обезбедува канал низ кој имотите се трансформираат од државни во приватни раце. Државата е најголемиот сопственик на државните имоти, а акционерската реформа повеќе би можела да се нарече корпорација отколку приватизација.

Економистите од светската банка забележале дека целта на реформите на кинеските претпријатија била да ја подобри ефикасноста низ соработка, но без да се оди во приватизација кон која тежнеат многу земји во транзиција. Употребата на терминот акционер во реформскиот систем и избегнувањето на поимот приватизација ги доведе во заблуда западните теоре- тичари за приватизацијата во Кина. Некои сметаа дека се работи за процес без приватизација или едноставно за "псевдоприватизација".

Треба да се каже дека реформите кои Кина ги направи во индивидуалниот економски сектор пред јуни 1989 год, не беа непознати во комунистичкиот свет. Затоа на кинеското искуство на планот на приватизацијата се гледа како на вистински пример.

Според Bachman, тоа доаѓа поради неколку фактори. Прво, Кина е со огромна економија, една од првите десет во светот. Второ, нејзината економија повеќе од десет години е во постојан пораст. Во 80-тите години единствено Северна Кореја беше ривал на кинеската економска предност. Потоа, и покрај заминувањето на некои важни личности од кинеската политичка сцена, реформскиот курс на политичката економија продолжи и понатаму. Политичките реформи се планирани со цел економијата да ја направат поефикасна, тие не претпоставуваат дека приватниот сектор е едностаниот начин тоа да се направи. Многу реформи се спроведувани со цел да се подобри и/или рационализира државната контрола, како што е управувањето и одделувањето на политиката од економијата и сл.

Според Mc Millan и Naughton кинеското искуство покажува дека приватизацијата, односно, пазарното инвестирање во нови форми од страна на претпријатијата кои стремат по профит е најпотенцијалната сила која треба да ја подржуваат реформаторите. Ефикасноста на државните претпријатија може да се подобри преку либерализирање и комерцијализирање на нивното работење, менаџерско управување и сл. Државата мора да ги надгледува претпријатијата во периодот на транзиција. Реформата на цените мора да се врши постапно и сл. (Узунов, 1995).

Не навлегувајќи подлабоко во рамките на разликите кои се јавуваат меѓу "кинескиот пат кон пазарна економија" и "реформите во Источна и Централна Европа", според мислењето на некои аналитичари како на пример на Sachs и Woo "сепак најголем предизвик, како за Русија така и за Кина, ќе биде политичкиот, односно, како да се

воспостави стабилен, легитимен, политички систем во овие големи земји кои доживуваат промени. Долгорочно, политичката криза во Кина има изгледи да биде поопасна од онаа во Русија".... (преземено од Узунов, 1995, 415).

## *пет години од "големиот тресок"*

Периодот од пет години, секакао дека не е доволен за безрезервно да се приклониме кон некоја од многубројните (позитивни или негативни) оценки, туку и кон оценките (исто така меѓу себе спротивставени), кон што се движат и во што ќе се претворат општествата во транзиција, особено оние кои се економски слабо развиени, меѓу кои се вбројува и македонското општество. Не постои автор кој сериозно размислува, а да не ја искаже "сопствената" прогноза за иднината на овие општества. Некои од тие размислувања, а скоро сите се потпираат на емпириски сознанија, се скептични во поглед на крајниот резултат на реформите; се говори за полупериферни општества", на пример, кои никогаш нема да ја напуштат неразвиеноста и зависноста! Во економијата се оди од една во друга крајност од "нерационална тотална државна сопственост кон тотална реприватизација". Во социјалната сфера се смета дека ќе се случи премин од состојба на "бирократска социјална држава", во состојба на "брутален суров неолиберализам".

Ако целите во економијата, како што се воведувањето на пазарната економија, надминувањето на нерационалното искористување на ресурсите и на факторите за производство и најпосле новата прераспределба на ресурсите преку пазарни механизми,

се покажат како апсолутно оправдани и нужни за излез од кризата, посматрано од социјален аспект и од аспект на стабилноста на системот и создавањето на нова рамнотежа во сферата на социјалната структура, тогаш навистина се соочуваме со сложени состојби, кои не секогаш се во функција на "нормалното" функционирање на новиот систем.

Неспорен е фактот за причините за опаѓањето на бруто националниот производ во сите земји во транзиција и за целиот период почнувајќи од 1989 год. Освен неколку земји, кои останаа на ниво на 1989 год, најголемиот дел бележат пад на производството за околу 50 отсто. Потоа, како се констатира во еден извештај за транзицијата, подготвен од Европската банка за обнова и развој, во 1995 год, порастот на инфлацијата е исто така висок, а некои земји забележаа и супер-инфлација. Од вкупно 26 земји, кои се анализирани од Европската банка, само неколку во 1994 год. забележале инфлација под 10 проценти, а десетина бележат инфлација над 200 проценти.

И покрај тоа во Извештајот на Европската банка присутен е оптимизам во проценките за напредување на транзицијата. Периодот на опаѓање на приходите е завршен, а инфлацијата во многу земји ставена е под контрола на приватниот сектор, а во најголем дел, (средината на 1995) на него отаѓа повеќе од половината од економските активности и во услови кога многу цени се либерализирани.

*"Индустриското и институционалното наследство од децениите на централизиранта економија не можат да се надминат само за неколку години. Потребно е време да се воспостави одговорна и ефективна корпоративна власт, стабилен финансиски систем и добро организиран законски систем, што ќе може да ги подржи законските реформи" (Извештај, 1995).*

Инвестирањето се смета за централен инструмент за промените во наредниот период во земјите во транзиција. Последната година (1995) забележан е пораст на производство во неколку земји. "За да не бидат залудни реформите и жртвите направени последните години процесот на инвестирање треба силно да се подржи. Квалитетот на нивото на тоа инвестирање ќе и даде облик на транзицијата во следната декада", смета Ник Стерн, економист во ЕБРД.

Едно од централните прашања, кога се говори за преструктурирање на претпријатијата е процесот на донесувањето на одлуките. Видот на приватизацијата што се користи заедно со импликациите за улогата на внатрешните фактори (менаџери и вработени), е основна детерминанта за донесување на одлуки, а со тоа и за ефектот на фирмите. Натамошниот развој на структурите на сопственоста и менаџментот за приватизацијата ќе бидат основни за натамошно напредување кон транзицијата.

Истражувањата кои се однесуваат на степенот на прифаќањето на реформите и воопшто на задоволството од животот во новите услови, покажуваат дека сеуште најголемиот дел од населението е со убедување дека живее многу полошо од времето пред транзицијата, дека падот на комунизмот не доведе до воспоставување на вистинска демократија. Верувањето дека "брзо" и "лесно" ќе се премине кон "благодетите" на пазарната економија и плурализмот се покажа како неосновано. Во голема мера тоа "неосновано" верување го поттикнуваа повеќе авторитетни научници.

Во последно време се почесто се говори за "судбината на реформите", а помалку за тоа по кој пат да се тргне. Се чини дека осмислувањето на насоките на движење, повеќе или помалку се слични (штом нема разлики во целите и задачите), а она што преостанува е

да се извлечат корисни поуки што да се направи реформите да течат полесно и побрзо.

Се покажа дека искуствата од развиените земји не можат да бидат од голема корист за земјите од Источна Европа. Проблемот со Источна Европа не е само обнова на економијата, туку радикална трансформација на целокупниот систем.

> *"Иднидната на реформите зависи од успехот на деликатното балансирање меѓу порастот на приватниот сектор и рационализацијата на државниот сектор што владите треба да го извршат. Новиот приватен сектор се уште не е доволен или значаен да се грижи за самиот себе" (Olivier, J. 1995).*

Успехот на реформите во Источна и Централна Европа зависи и од тоа во која мера се усвојуваат вредностите на "индивидуалистичката" култура или кажано поинаку, во која мера се напуштаат вредностите на колективистичката идеологија.

Социолошките истражувања, иако малубројни, покажуваат дека сеуште колективизмот е влијателен вредносен систем, иако е во голема мера разнишан и обременет со различни и меѓу себе спротивставени тенденции. Тешко е да се претпостави, дека во услови на осиромашување на голем дел од населението ќе дојде до јакнење на индивидуализмот кој се смета за поповолна подлога на '"пазарната економија". Во таа смисла, некои автори говорејќи за "културната" рамка на транзицијата ја истакнуваат сложената и противречна стварност во која се случуваат реформите. Тука спаѓаат, пред се, отфрлањето на приватната сопственост, негативниот став спрема луѓето кои се богатат без разлика на начинот како го прават тоа, егзистирањето на "егалитарниот синдром" кој, не само што не исчезнува, туку и во некои делови од популацијата се зацврстува.

Во суштина, транзицијата претставува "калемење на пазарната економија на колективистичкиот тип на култура". Ако приватизацијата во развиените земји може да се разбере и како "усовршување" на пазарната економија, за постсоцијалистичките земји тоа значи целосно уривање на системот на командната економија и еднопартискиот систем. Во тие услови кај "обичниот" човек се јавува недоверба спрема реформите и страв за сопствената судбина. Сигурноста која "уживаше" во социјализмот во секој поглед наеднаш се изгуби со неговото распаѓање и наместо "загарантирани" работни места и редовна плата, голем дел од луѓето под притисок на економската криза и приватизацијата останаа без работа и каква - таква заработувачка. Најголем дел од луѓето и по пет години "интензивна трансформација" во духот на "пазарната економија" не се убедени во чесните намери на владеачките групи дека реформата е во корист на мнозинството.

Прашањето за мотивот за работа, во новите услови заслужува да биде посебно анализирано, особено кај работниците акционери и кај оние кои освен со сопствена работна сила не учествуваат во создавањето на профитот на претпријатието. Економијата во транзиција изобилува со противречности на ралација наемен работник и сеуште недефиниран сопственик или релација менаџмент - сопственици (еден или повеќе) особено во услови кога менаџментот се обидува преку рационализацијата на работата да постигне поголема ефикасност и со помал број вработени да постигне поголем профит. Вработените во претпријатието кои поседуваат (интерни акции) и во претпријатијата со менаџерски откуп се наоѓаат во изразито сложена и противречна ситуација. Ако максимално се залагаат, тоа значи дека на менаџерите им овозможуваат да ги подмират долговите спрема државата, за многу пократок рок, ако не го прават тоа го доведуваат прашање сопственото работно место.

Значењето на социјалниот елемент во овој момент тешко може да се предвиди и сеуште во практиката не може да се согледа неговата улога во успехот на реформата (Bruno, M. 1995, 47). Економскиот мотив за приватизацијата главно се содржи во поголемата ефикасност и максимирање на профитот и создавање на акционерски капитал, а што непосредно е поврзано со политичките мотиви за остварување на процесот на деетатизација и зацврстување на демократските процеси. Социјалниот мотив, согласно со улогата и значењето на претходните два, се состои во воспоставување на стабилен социјален мир, повисок степен на интеграција врз основа на нови начела и најпосле во заживување на нова прераспределба на богатството и сопственоста.

Се чини дека целта е јасна, непроблематична и прифатлива за мнозинството: да се создаде стабилно, перспективно, демократско и пазарно општество. Не се дискутабилни ни главните задачи на трансформацијата: создавање на нови правила и институционална рамка, консолидација и преструктурирање на економијата, низ социјални мерки кои ќе овозможат праведна прераспределба на општественото богатство.

Промените, без разлика на тоа кој ги дизајнира, "посматрани низ една идеолошко - вредносна политичка димензија" се многу слични. За Бруно (M.Bruno) нивната суштина се содржана во "револуционерните промени на институциите". За Узунов "се очекува да се променат сите елементи на системот, односно, радикални промени.

Социолошките истражувања, реализирани последните две години, во повеќето земји во транзиција, упатуваат на состојба присутна во општествата кои се карактеризираат со противречен и променлив карактер (Генов, 1994; Bolcic,1995; Рукавишников, 1994; Ацески,1995 и др.)

## МАКЕДОНСКИОТ ПАТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

Периодот на "воодушевување" и "слепо" прифаќање на новиот систем на пет годишнината од паѓањето на комунизмот, во Македонија заврши.

Со самиот чин на пропаст на социјализмот, се чини дека престана атрактивноста во докажувањето на неговата неефиканост. Но, ако тргнеме од една поширока теоретско - методолошка позиција, уште долго ќе се трага по "причините" и ќе се бараат корени за тој распад. Но, тоа не не интересира, а со социјализмот си замина и тоа, што можеби вредеше и да се заврши!

Скоро пет години од воведувањето на пазарната економија, активностите се уште се движат околу "политичката промоција" на новиот систем, но без првичното воодушевување. "Воодушевена" се чини е само власта. И покрај тоа што новиот систем е далеку од реалното заживување, сепак сите напори за излез од кризата не се свртени кон враќање на некои форми својствени за стариот систем, туку како побрзо да се стигне до едно "средно развиено капиталистичко општество". Дури некои сметаат дека македонското општество се движи кон "идеолошките постулати кои ги означивме како основа на капиталистичиот систем" (Фити, 1995). Други сосема "јасно" го дефинираат патот по кој треба да се движи градењето на новиот систем, (демократија и цивилно општество, со гарантирани слободи и права на човекот), правна држава, пазарна економија, приватна сопственост, отворено стопанство (Економски магазин, 15-2-1996).

Се чини дека, неспорна е идејата за граѓанско цивилно општество и недискутабилни се желбите на сите оние кои од се срце се залагаат, најпосле Македонија да застане на патот кон нивната изградба. Но, желбите се едно, како и субјективните замисли во економијата, а реалноста и објективните законитости се сосема нешто друго. За политиката нормално е народот да биде залажуван со светла иднина, а тоа не мора не треба да го прави и науката. Но, се чини дека и тоа е дел од реалноста, особено кај оние кои во исто време се и политичари и научници или научникот во улога на политичар, а можеби и слуга на политиката. Но, тоа е тема за идниот век.

Периодот од неколку години, не само што се покажа прекус за радикален пресврт кон пазарна економија, туку едноставно, за толку краток период се уште не е формирана правно - политичка основа на институциите на системот кои претставувале реална подлога за радикален скок.

Прво, се покажа дека погрешно е ако промените бидат насочени само во некои подрачја од општеството, државата или економијата, а други бидат запоставени и оставени сами на себе. Пример; сопственичката трансформација само како правна операција, како потрага по титулар на сопственоста по секоја цена, во услови на целосен хаос, отсуство на основни елементи на пазарна економија, пад на производството, огромни загуби, девалвација на сите вредности. Тоа е исто како да барате нешто во темница. Во тие услови "дефинирањето на сопственоста значи "потхранување" на малверзациите, незаконското работење (што не мора да значи во отсуство на закони) или непочитување на законите (донесени во поранешниот систем), а не и поттикнување на ефикасност во стопанисувањето (рационалност и продуктивност).

Се чини дека е избрзана секоја оцена за успешноста на реформите во Македонија, ако при тоа не е направен обид тоа да се поткрепи со емпириска со анализа..

Проценувањето може да биде и политички мотивирано и базирано врз сознанија за кои реалноста нуди доволно факти кои можат да бидат со право интерпретирани на повеќе начини, а што претставува "идеална" ситуација за промоција на нови политички идеи.

Она што го заслужува нашето внимание се анализите кои го вреднуваат концептот на промени од еден критички аспект и подалеку од политичките и партиските интереси, што за тоа најголем дел од интелектуалците од Македонија не е својствено, вклучувајќи ги можеби и во овој момент најмногу економистите и правниците. Не станува збор за тоа дека некритички ги прифаќаат (дури и механички моделите на развиените земји), туку, едноставно размислуваат надвор од она што реално се случува и најчесто субјективните желби ги прогласуваат за објективни законитости и состојби по кои, како што велат, ќе мора да се движи не само развојот на економијата, туку и општеството воопшто!

Нашата анализа се движи во оние насоки на размислување, каде, сепак е употребена и минимум емпириска основа, а многу помалку врз волунтаристички или дневно политички коментари или квалификациите на оној кој ги искажува.

Се чини, кога се говори за економските цели на трансформацијата на сопственоста, кај економистите нема разлики. Сите се согласуваат дека основните цели се сконцентрирани во следното: макроекономска стабилизација (слободни пазарни односи), приватизација на капиталот на претпријатијата од социјалистичкиот сектор (реформа и реструктурирање на претпријатијата), институционални реформи, пред се реформирање на улогата на државата во стопанство со обезбедување на макроекономска стабилност, иницијални и правни рамки за слободно функционирање и сл. (Богоев,1994, Петковски, 1994, Summer, 1992). Ако овие глобални цели се обидеме да ги препознаеме на примерот на

трансформацијата на македонското општество и да ја вреднуваме успешноста на нивната практична реализација, ќе констатираме дека по нешто од тоа се реализира, но со тоа, сепак, ништо конкретно не сме кажале! Уште повеќе, ако останеме доследни на ставот дека македонското општество е во фаза на радикални реформи, а сеуште опаѓа производството и расте невработеноста, а со тоа се зајакнува чувството дека промените сеуште се доживуваат негативно, со тоа се зацврстува песимизмот за вредностите на новиот систем.

## *методот на приватизација е политичко прашање*

Какво е значењето на методите на приватизацијата и нивната успешност од економски, социјален и политички аспект? Дали, на пример, може да се вреднува праведноста на методите на приватизацијата? Зошто некои се убедени дека ваучерниот тип на приватизација е поправеден, а други т.н. платена приватизација?

Методите и техниката на приватизација за нас се интересни, не од аспект на ефикасност, дека методот на ваучери е поефикасен, туку пред се од аспект на преструктурирање на моќта и на интертесите на, од една страна, на постојната управувачка структура и државата и на вработените во фирмите кои се преструктурираат, од друга страна. Односно, дали надворешните фактори во новоформираната ситуација се здобиваат или целосно ја губат моќта и влијанието во големите претпријатија?

На прв поглед, се чини дека методите на приватизација на претпријатијата се едноставни, барем што се однесува на законската регулатива. Ние само накусо ќе се задржиме на некои суштински определби.

Методите на трансформацијата на општествениот капитал или поедноставно, начинот на приватизација се интересни и од аспект на создавање на "општествен амбиент" во кој се извршува приватизацијата, односно, на новото престриктурирање на општествените групи. Секако дека тоа не е резултат само на приватизацијата на општествениот капитал но, фактот што неколку милијарди долари општествен капитал треба да добие "нов сопственик" е значајно од аспект на целта на општествените промени, посебно од аспект на промените на социјалната структура.

Во законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал се предвидуваат неколку методи за трансформација и тоа: со откуп на претпријатието од страна на вработените (најмалку 51% од проценетата вредност на претпријатието), со продажба на идеален дел, со продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето (20 отсто за средните и 10 отсто за големите претпријатија), со што се стекнуваат со право на контрола на претпријатието како реално да поседуваат 51 отсто за наредните пет години. Во суштина за откупување на акциите до 51 отсто во наредните години овие лица добиваат бескаматен кредит. Законот предвидува уште два методи и тоа издавање акции и заради дополнително вложување и најпосле со побарувања на доверителите во траен влог на фирмата.

Во процесот на трансформацијата на претпријатијата голема улога игра Агенцијата за трансформација, која е под директна контрола на Владата, која формира и посебна комисија, која практично ја верифицира трансформцијата на секое претпријатие посебно.

Агенцијата за трансформација во управните одбори на големите претпријатија делегира свои претставници, односно, се формира одбор за трансформација врз паритетна основа.

Улогата на Агенцијата во спроведувањето контролата на трансформацијата на претпријатијата со

општествен капитал се состои и во учество во организацијата за трансформација, непосредно водење на политиката и контролата на процесот. Агенцијата ја води целокупната постапка на трансформацијата и нејзината улога продолжува и по завршувањето на постапките за трансформација кај оние претпријатија кои пренесуваат дел од акциите на Агенцијата, потоа ја врши контролата на непродадените акции и сл.

Во Македонија до почетокот на септември 1995 год. кога и заврши рокот за "атвономна" трансформација, целосно се приватизираа 536 претприајтија, а во процес на приватизација (се мисли на комплетирање на потребната документација) се уште 342 претпријатија. За приватизација, според извештајот на Агенцијата за трансформација остануваат уште 328 претпријатија, чија трансформација најверователно ќе ја превземе Агенцијата која според Законот е обврзана да го заокружи овој процес.

Структурата на претпријатијата кои добиле "потврда" од Агенцијата и надлежната комисија на Владата е следната: 416 мали претпријатија, 66 средни и 54 големи со вкупен број од 55 000 вработени и вредност на капиталот од 884 милиони германски марки. Најчесто применуван модел во приватизацијата е "откупот на претпријатието од страна на вработените". Во извештајот од 11 јануари (Нова Македонија од 14 јануари 1996 г.) се вели дека 600 претпријатија се целосно приватизирани од кои 140 се приватизирани по методот "признавање на странски влог". Потоа, кај 55 претпријатија е применет моделот на интерни акции, односно, признавање на процесот на приватизцијата по стариот сојузен закон (законот од времето на премиерот на СФРЈ Анте Марковиќ), а 51 претпријатие со признавање на приватен влог. На петто место е моделот со продажба на претпријатието на лица кои го превземаат управувањето или популарно наречено менаџерски откуп. По овој модел се приватизирани 16 големи и 25 мали претпријатија иако

за малите со закон не е предвиден менаџерски откуп. Најголем дел од претпријатијата приватизирани преку менаџерски откуп, претставуваат најуспешни претпријатија, иако во некои од нив, како менаџери се јавуваат сите вработени, што е чудно, но со една "креативна" интерпретација на Законот се е можно! Инаку по овој модел се "приватизирани" 42 претпријатија со 16 406 вработени, со вредност на капиталот од 406 милиони германски марки, со пренесен капитал на фондот за пензионо и инвалидско осигурување од 24,8 милиони германски марки и општествен капитал пренесен на Агенцијата од над 139 милиони германски марки, кој ќе биде слободно "преместен" на пазарот на акции и хартии од вредност.

Дали примената на моделот "лица кои го преземаат управувањето", познат како "менаџерски откуп" може да се протолкува како позитивен знак од аспект на ефикасност во стопанисувањето, што е став на Агенцијата и економистите блиски до Владата (или како членови на владата, сеедно), тешко може да се каже дека важи за сите претпријатија. Очигледно е дека во Македонија започнал некој вид на "оригинална мена- џерска револуција", каде "најспособните" со благослов на државата ги преземаат работите во свои раце за "доброто на народот и државата".

Но, да видиме што покажуваат статистичките податоци за обемот и примената на моделите на приватизацијата. Прво, приватизацијата на општествениот капитал со новиот закон (1993 год.) претставува продолжение на приватизацијата со интерни акции (1989 год. со законот на Анте Марковиќ). Голем дел од претпријатијата скоро пет години се наоѓаа во состојба на акционерско престројување, во една недефинирана состојба, кога практично "се се прави за ништо да не се промени", состојба која ја наследи и новиот закон (1993 год.), кој предвидува избор на модели, кога формално, за најголем дел од фирмите со завршена "приватизација".

Трансформацијата на претпријатијата, како потрага по препознатлив сопственик во Македонија ќе потрае уште десетина години. Откупот на претпријатието од страна на вработените или "менаџерски откуп", пренос на акциите на Агенцијата, кога сеуште нема пазар на акции и хартии од вредност, сеуште ништо суштински не менува. Во отсуство на пазарен амбиент и моделот на ваучери, (откуп на фирмата од сите вработени) и моделот на "менаџерски откуп", значи само привремено подржавување со пренесени права на група способни менаџери. Некои се убедени дека тоа сеуште ништо значајно нема да промени, освен што општеството се втурнува во фаза на малверзации и на незаконско присвојување на капиталот, односно, доверен е во прашање легити- митетот на целокупниот проект. Во фирмите се создадени услови за прераспределба на интересите и моќта на раководните структури и нивно зајакнување, што е најчест случај, или, зајакнување на позицијата на државата, преку раководните структури, кои можат да бидат сменети, ако нешто не "оди" како треба, (се мисли за оние кои ги поставиле на тоа место).

Но, што мислат за трансформацијата дел од познатите теоретичари, (економисти, правници) последниве неколку години. За жал сеуште нема сериозни и продлабочени анализи, и студии. Се се сведвуа на парцијални согледувања и понекогаш политички обоени ставови што е нормално. Почесто, читајќи ги некои расправи, се чини како да читате политички програми на некоја од партиите, што на прв поглед и не е така лошо, но понекогаш е погубно за една објективна анализа, која сепак би требало да биде и минимум неутрална и независна од дневната политика. Кај нас дневната политика се почесто ја креираат универзитетски експерти по економија и право, па оттаму нормално, некои други жестоко да ја напаѓаат. Но тоа е тема за односот на власта и интелектиалците или поконкретно, за

интелектуалците во власта и оние на страна на опозицијата.

## психолошки шок со нови капиталисти

Промените кои се случуваат во периодот на транзиција се проследени со нарасната социјална дисперзија, временски долг психолошки шок на населението и крајна репресија со идеолошки хаос во политичката сфера, смета познатиот економист, академикот Никола Кљусев, првиот премиер на Република Македонија.

> *"Ниско платениот труд, порастот на армијата на невработени, енормниот број на социјални случаи, грабеж на општествениот имот, замрзнати девизни заштеди, нерасчистени станбени односи во процесот на приватизацијата, масовни криминални појави, силувања, убиства и слично, темелно ја еродираа социјалната сигурност и животната егзистенција на населението". (Кљусев, Н.1994. 13)*

За Кљусев голем дел од "новите капиталисти" се луѓе од старата номенклатура која преку разни форми го присвојуваа општествениот имот, со кој раководела како кадар од едноумието. Се губи вербата во институциите на државата која, потхранувана од идеолошката збрка се служи со имитирање на методите и организацијата на стариот систем чии носители се препознатливи негови креатури, а кои се наоѓаат на челни места. Авторот укажува на предностите и недостатоците кои лежат во брзата, од една и бавната приватизација, од друга страна. Од анализата на академикот се добива впечаток дека

практично не постои ништо кое не може да биде критикувано особено во економијата.

Она што на овој пристап и нему сличните може да им се забележи е променливоста, или попрецизно изместеноста на позицијата на посматрање на проблемите, особено во услови кога општеството се наоѓа во една тешка состојба, кога сеуште се трага по можни патишта за излез. Критичкиот однос, како "отфрлање на се постојно", во име на "ништо определено", не значи многу за теоријата и науката, а и не е во прилог на барање реални решенија.

## *Европа се "прави" дома*

Специфичностите на транзицијата според академик Никола Узунов, се содржани во неколку факти: прво, што Македонија е мала земја, (а тоа има големо значење за применетата економија). Второ, што Македонија нема излез на море, (а тоа е голем хендикеп за стопанството). Трето, проблемот со "азијатизацијата" на стопанството што доаѓа како "извршен факт токму со транзицијата" (Узунов, 1994, 58-59). Решенијата, смета авторот, не треба да се бараат во некакво ограничување на комуникациите, туку во потенцирање на ориентацијата кон европеизација. "Во Европа не се "влегува" ниту таа "доаѓа". Европа се "прави" дома. Приватизацијата на капиталот на претпријатијата претставува една од основните цели на трансформацијата. Процесот е посредно поврзан со промените и улогата на државата која од "моќен фактор во алокација на ресурсите" треба да се претвори во субјект на "обезбедување на макро економската стабилност и создавање правни и институционални рамки".

Што е она што ја прави различна приватизацијата на општествената сопственост во Македонија од другите земји? Пред се во Македонија над 90 отсто од богатството е создаено во периодот на социјализмот како приватна, општествена или задружна сопственост. Приватизацијата, во суштина значи пренесување на правата на сопственоста која е создадена во социјалистички услови. Како може сегашната приватизација да биде праведна се прашува академикот Узунов? Што се подразбира под "масовна и брза" приватизација? Прашањата се значајни и од аспект на моделот кој е применет во Македонија, кој како што е замислен, треба да биде модел на "платена приватизација" и пред се "автономна". "Автономна" приватизација значи дека "самите претпријатија се носители на сите активности во врска со трансформацијата (а не државните органи), се разбира, во рамките на законот и роковите утврдени со него. Еве што вели бившиот директор на Агенцијата за моделот и целта на приватизацијата на сопственоста:

> *"Во основа е избран моделот на платена приватизација со значителни попусти за вработените во претпријатијата и бесплатна делба на приоритетните акции, без право на глас за фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Главниот акцент во законот за приватизација е ставен врз зголемување на ефикасноста на работењето на претпријатијата со општествен капитал, со остварени можности за воведување на стратешки инвеститор со доминантно управувачко право кое лежи и врз капитални права" (Шукаров, 1994).*

Навистина би било непродуктивно и залудно да се трага по смислата и значењето на оние мислења кои без разлика дали го "напаѓаа" или "бранеа" моделот на т.н. платена приватизација; нејасно е тоа што едните или

другите подразбираа под тој поим. Платена, со што и од кого? Моделот "случај по случај" не е така ниту брз, ниту пак во македонскиот случај до крај е јасно кој всушност плаќа?

Моделот на "платена приватизација" според анализата на еден од помладите економисти, меѓу другото "дозволува можност потенцијалните инвеститори да се стекнат со управувачки права врз средните и големите претпријатија со откупување на 20, односно, 10 отсто од проценетата вредност на капиталот". Тоа дава можност лицата кои го преземаат управувањето со претпријатието постојано да се под притисок и уште во првите години да остваруваат енормни профити како би можеле да одговорат на преземените обврски.

> *"Верувањето дека претпријатијата кои се трансформираат на ваков начин ќе бидат високо профитабилни веднаш по нивната сопственичка трансформација е нереално, наивно, невтемелено во науката и практиката и како што видовме порано, опасно" (Славески, 1995, 8).*

За Славески, близок на ставовите за приватизација на опозицијата во постојаниот концепт нема решение за никој од надвор (нема мотив!) да "влезе" со капитал во претпријатието, купувајќи го статусот на малцински сопственик, кој во секој момент и по секое прашање може да биде надгласан од инсајдерите. Имено, лицата кои го преземаат управувањето се стекнуваат со привилегија да располагаат со управувачките права на претпријатието без никаква можност некој друг, било однадвор или одвнатре, да им се меша во управувањето и раководењето. Се врши своевиден "грабеж на општествениот капитал, се рушат елементарните права на послабите и со ништо незаштитени работници во овој процес", смета со право економистот Славески.

## *купување на општеството со општествени средства*

Сопственичкото преструктурирање во Македонија, во првата фаза, се случи со целосно преземање на одговорноста за манипулирање со сопственоста од страна на државата што de facto е акт на нејзино подржавување. (Николовска, 1995). Во втората фаза се промовира методологија за начинот на трансформација која е "инкопатибилна со историските императиви како и потребите на општествено - економскиот прогрес".

> *"Симплификацијата на овој историски чин се случи со самопромовираниот ексклузивитет на оделни политичи институти за изборот на методологијата на приватизацијата, што во крајна линија се експлицираше во политички волунтаризам кој ги инкорпорираше групните интереси на моќната економска и политичка гарнитура во Републиката. Со тоа процесот доби цел на ориентираност етаблирање на постојаната структура на политички и економски монопол". (Николовска, 1995).*

Начинот на приватизацијата има директно влијание врз "развојните перформанси, намалувајќи ја ефикасноста на глобалниот развој". И за Николовска приватизацијата е процес на купување на "општествената сопственост со општествени средства", таа се реализира со фиктивни права, што е еднакво на грабеж, при што реализираниот грабеж историски ја лоцира одговорноста на приватизираните.

## *демократски фирми - корпоративно управување*

Процесот на приватизација не е можно да се оствари во услови на перманентно редуцирање на животниот стандард на населението. Реалното опаѓање на платите, како и нивната нередовна исплата кај голем дел од вработените не можат да ги задоволат ни елементарните потреби, а да не говориме за купување на акции, смета еден од помладата генерација истакнати економисти. (Спиркоски, Б. 1994).

*"Но, за жал беа прифатени сите решенија кои што произлегуваат од Законот за општествен капитал, така што тие ќе предизвикуваат неповолни последици на макро економската стабилност на Републиката. Имено, воспоставувањето на макро економската рамнотежа на стопанскиот систем на Македонија ќе се одложи за подолг временски период и со превисока општествена цена: перманентна инфлација, се додека "грабежот" на општествениот капитал не го платат сите граѓани на Република Македонија". (Спиркоски, Б. 1994).*

Во својата студија, Спиркоски ги изнесува причините зошто не ја признава приватизацијата, која што во основа се заснова на акционерство на вработените и како што вели самиот е застапник на теоријата за демократските фирми? Пред се, во ниту една развиена земја со највисок техничко технолошки прогрес не можат да си дозволат целосна економска демократија, потоа, безпланското стекнување и поседување на сите акции во претпријатието од страна на вработените во отсуство на акционерска и претприемачка култура ја намалува нивната одговорност и контрола во управувањето, само

се формализира стариот систем - самоуправувањето. Вложувањата нема да бидат атрактивни во ситуација кога претпријатието е целосна сопственост од страна на вработените. Во таквото претпријатие не постои конфликт меѓу капиталот и трудот, и ако тоа го нема во една недоволно развиена економија каде капиталот е доминантен, "не е добро, ниту за сопственикот на капиталот и вработените, ниту за општеството во целина, бидејќи нема да постои движечка сила за оплодување на капиталот, а со тоа и на животниот стандард на вработените" (стр. 207).

За жал, авторот како и голем дел од претходно наведените останува само на констатации, не ги развива докрај поставените хипотези. Но, неговата констатција за приватизацијата како "грабеж" на општствениот капитал, како констатација изречена од компетентен економист, впрочем присутна и кај повеќе негови колеги, сепак, заслужува да биде уште еднаш истакната.

Што значи тоа за социолошкиот пристап во промислување на феномените поврзани со приватизацијата, ќе имаме можност поконкретно да го согледаме, кога ќе говориме за состојбата во која се најдоа фирмите по неколку години од примената на Законот за трансформација.

Во оваа прилика да го истакнеме и мислењето на уште еден сериозен истражувач на состојбите во Р. Македонија предизвикани со приватизацијата (Брајановски, 1995). Во Македонија, смета авторот, приватизацијата се извршува под силна "заштита" на државата. Во услови кога се "ниша" државата акцентот се става во создавањето на силен државен надзор над процесот на приватизацијата. Во Македонија е присутен обратен процес, "место да им се дава поголема слобода на самите претпријатија што се трансформираат и на Агенцијата за приватизација, континуирано и на голема врата се инволвира државата, особено преку сопствената агенција што придонесува самата приватизација да не биде

приватизација во континуитет и легитимна приватизација".

## *враќање на минатото - препарирана иднина*

Што се случува со реформите и дали македонското општество се движи во прогрес, под што најчесто се подразбира ослободување на економијата од туторство на државата, создавање цивилно, демократско општество, граѓанин како субјект, правна држава, контрола на носителите на политичката власт, политички плурализам, слобода на информирање, политичка култура и по нешто друго, во овој момент во голема мера е повеќе политичко отколку прашање за науката. Во овој момент можеме да говориме само за одделни од општествената стварност сегменти, но не и за целината. Би било сосема мудро да веруваме дека сепак општеството се движи во прогрес. Но, што да се прави со оние кои не можат лесно да се ослободат од илузијата дека сепак социјализмот беше општество на "среќни луѓе"? Она што ја блокира логиката на здравиот разум, понекогаш отвара поле за теоретски размислувања; дека социјализмот колку беше добар за човекот - поединец толку беше и лош за општеството во целина, а може и обратно, но со една суштинска напомена, не и за секој човек подеднакво. Тотали- таризмот ја поткопа човековата желба за разновидност, стртаста за богатење, желбата за творечки труд, до степен кога стана неподносливо за мнозинството, и роди завист кај секого. Тоа е можеби оној клучен момент кој не го разбраа економистите на општествената сопстеност, што е нормално за економистите на пазарната економија; и за едните и за другите или едни исти и денес и некогаш, најчесто ја разбраа економијата само во нејзината сурова

реалност, но кога-тогаш таа ќе ги вразуми луѓето да се однесуваат токму како што претпоставува моделот на оазарната економија. Луѓето и така се "обична маса" од која може да се замеси ама баш се! Затоа, навистина е тешко поконкретно да се одговори на прогресот, како на прашање кое се однесува на целината на општествениот систем.

Приватизацијата која е понепосреден предмет на нашата анализа е само еден, можеби и најбитен сегмент, затоа што, гледано историски наназад, социјализмот се градеше врз идејата за укинување на приватната сопственост, а тоа се сметаше за доволен услов за среќата на човекот. Гледано нанапред пак, воспоставувањето на приватната сопственост се сметаше за доволен услов и за "среќата на човекот" и за прогресот на општеството, некој вид, воспоставување на среќа како насилен чин, што е трагедија за генерацијата која е зафатена со тоа, со таа разлика што во вториот случај тоа би требало да значи, нејзино "вечно" етаблирање и за човекот и за општеството.

Но, да се вратиме на "реалното" тло на македонскиот пат кон воспоставувањето на граѓанското општество, во кое, меѓу другото, ќе се знае барем кој е сопственик, а кој не е и не може да биде, што секако, дека изминатите пет години, се чини, беа доволни тоа да се сознае со сигурност.

Пред се, приватизацијата треба да се разбере како процес кон рационализација на се она што се случува во општеството, што значи напуштање на се она кое го запре и помести, нормалниот развој во економијата и политиката. За мнозинството од теоретичарите, не само меѓу економистите, (кај нив тоа најмногу доаѓа до израз), она што се случува во општеството во транзиција е неразбирливо и е надвор, не само од економските законитости, туку и здравиот разум. Ако со "грабеж" може да се стигне до некои препознатливи позитивни форми на општествена рамнотежа и демократија, и ако се согласиме

со ставот дека мора од нешто да се почне, односно, нужно мора од тоа да се почне, тогаш се поставува прашање колку време ќе треба за да се дојде до состојба која би можеле да ја наречеме "нормална"? Умерените оптимисти велат неколку децении!

## *црна хроника на посткомунизмот*

Но, да ја видиме состојбата во Македонија одвнатре во средината на деведесетите години!

Состојбата на македонското стопанство за последните пет години е следната: општествениот производ на крајот од 1994 год. изнесувал 750 американски долари (1988 година 1.800 долари по жител). Падот на бројот на вработените, односно порастот на невработените од 136.281 во 1992 год. во 1994 достигна бројка од 196.280 невработени. Во истиот период, бројот на вработените се редуцира од 560.000 во 1990 год. на 316.000 во 1994 год. Според некои проценки бројот на невработените се приближува до 40 отсто од работоспособното население. Тоа се чини, говори се.

Оптимизмот од 90-тите години нагло почнува да се губи. Кризата само неколку години ги урна сите надежи на голем дел од населението за подобар живот. Интересно е да видиме што донесе процесот на т.н. приватизацијата. Прашањето дали концептот на приватизацијата кој се реализира во Македонија е адекватен или не, не е повеќе теоретско прашање, туку, пред се, прашање кое повеќе се однесува на согледување на првичното искуство на економски, социјален, политички и социолошки план.

Не е реално што од трансформираниот капитал во вредност од околу 2 милијарди марки, наплатени се само 66 милиони, односно 3,3 отсто од трансформираниот

капитал, изјави министерот задолжен за приватизација на почетокот на 1995 год. Што всушност се случува? Еве како еден директор говори за трансформацијата на сопственото претпријатие ("Нова Македонија" од 2-2-1996 год, со наслов "Ја делиме судбината со целото стопанство").

*"Сопственичката трансформација, како што вели директорот, почна уште 1990 год. по т.н. "Марковиќев Закон", кога со емисија на интерни акции, односно, со интерно акционерство извршивме трансформација на 54,74 отсто од капиталот на претпријатието и прејдовме во акционерско друштво со мешовита сопственост. Втората фаза на приватизацијата ја почнавме по нашиот македонски закон за приватизација кога всушност и извршивме доприватизација на остатокот на општествениот капитал од 34 отсто по моделот, лица кои го преземаат управувањето. Фирмата во август минатата година (1995) склучи договор со агенцијата за продажба на претпријатието со т.н. "менаџерски откуп" по претходно обезбедени 10 отсто од вредноста на претпријатието со плаќање на интерни акции....."*

Во една студија од 1991 год. констатирано е следното: за последиците од реализацијата на Законот за општествен капитал (Законот на Анте Марковиќ на кој се повикува горе цитираниот директор) според кој започна приватизацијата на општествениот капитал констатирано е следното:

*"Сосема сигурно, најголема бессмисла и правна и економска и морална во примената на Законот за општествен капитал во Македонија се случи и сеуште се случува со и околу купувањето, односно отплатата на запишаните интерни акции од*

*страна на вработените во претпријатијата кои го почнаа процесот на сопственичкото преструктурирање. Целта беше: да не се плати тоа што се купува, средство беше: книговодсвена еквибилистрика, резултат кој и сега е веќе очигледен и целосно отстранување или можеби подобро изигрување на формално декларираните намери при издавање на интерни акции - обезбедување на дополнителни вложувања на капитал" (Недков и др. 1991, 142)*

Понатаму во студијата изработена од еминентни економисти и правници се констатира дека прифатениот принцип за продажба со попуст, во практиката се претвора во бесплатно делење на интерните акции меѓу вработените во претпријатијата кои го започнаа овој процес.

Првото прашање кое се поставува надвор од "економските цели" на приватизацијата е поврзано со опстанокот на управувачката елита во претпријатијата. Имено, колку промените да биле радикални (и со првиот и со вториот Закон за трасформација), сепак во најголем број случаи (освен кога се работи за претпријатија кои одат под стечај или се неликвидни и брзо доаѓа до промена на раководството на фирмите, а најчесто на генералниот директор), во поуспешните фирми раководствата на фирмата само се прилагодуваат на новонастанатите околности, за да на крајот во најголем број, завршат како "лица кои го преземаат управувањето" или популарно познаи како "менаџерски тимови", на кои со новиот закон им се овозможува во рок од 5 години да станат вистински сопственици, односно, да ја отплатат проценетата вредност на претпријатието до 51 отсто. Дали тоа ќе значи поефикасно управување, поголема профитабилност и слично и дали не ја намалува "моралната страна" на приватизацијата? Некои анали-

тичари сметаат дека се работи за "боржуазификација на управувачката елита" или како во Полска "буржуазификација на номенклатурата". (Milic, Milanovic, 1993)

> *"Нејзините членови (се мисли на номенклатурата, заб. И.А.) обично се во горните социјални стратуми поседуваат потребни средства да учествуваат на лицитации, поседуваат информации каде треба да го вложат капиталот и многу често се членови на раководните структури на претпријатието. Тоа го илустрира и податокот дека голем број од постојните директори станале сопственици на претпријатијата во кои се вработени".*

Довчерашните комунистички кадри, задржувајќи ја економската и политичката моќ се преобразуваат во главни поборници на капитализмот. Очигледно е дека оваа забелешка во себе содржи, пред се политички, а помалку економски карактер. Од економски аспект ирелевантно е политичкото минато на економските актери. (Milic, Milovanovic, 1993, 17).

Во Македонија концептот на платена приватизација во суштина е концепт на интерни ваучери, кои внатре во фирмата, се пренесуваат на "менаџерите од актуелната раководна структура која дава гаранции за успешно раководење на фирмата и ветува дека нема да го редуцира бројот на вработените. Менаџерскиот тим во наредните пет години е во надлежност на Агенцијата за трансформација, односно Владата која единствено може да го смени, ако не ги исполни преземените обврските.

Во овој момент (крајот на 1995 и почетокот на 1996 год.), сеуште нема валидни податоци за состојбата на фирмите кои се најдоа во трансформација. Но, од фактот што најуспешните фирми се "приватизирани" по моделот

на "менаџерски откуп", во јавноста се создаде претпоставка дека се работи за "грабеж" на општествениот капитал. Менаџерите, како фактички застапници на фирмата ќе се обидат да го максимираат профитот, за да го исплатат долгот спрема државата. Но, како во тие околности ќе се однесуваат останатите вработени, кои се повеќе стануваат свесни, дека по пет години "доаѓаат" вистинските газди?

Во македонскиот случај менаџерите - идни сопственици се наоѓаат меѓу интересите на државата, која фактички им ја подарува фирмата (се разбира со Закон) и работниците, кои како сопственици на акции се откажуваат од "својот" дел за да можат кај менаџерите да создадат "чувство на одговорност" за поголем профит и со тоа да ја осигураат сотвената иднина.

Јавното мнение, не само во Македонија, туку и во останатите земји во транзиција, се повеќе е убедена дека располага со капитал со сомнително потекло, дека се работи за шпекулантски капитал, кој се употребува ("пере") при купувањето на фирмите. За Македонија тоа и не мора да значи, затоа што сеуште нема позначајни директни вложувања и би било поадекватно да се говори за прелевање на општествениот капитал во приватни раце, кој подоцна може (и тоа сигурно) да се вложи во купување на акции или директно да влезе во купување на фирмите или, што е најчест случај да се употреби за формирање на приватни фирми.

Во политичка и социолошка смисла се поставува прашањето за местото, улогата и значењето на приватизацијата во создавањето на "контурите на новото општество".

Се чини дека транзицијата во Македонија наспроти очекувањата на мнозинството за создавање на модерно, демократско, либерално општество со "слободен пазар и минимална држава" се движи кон "силна држава" која наместо да ја намалува својата улога во стопанството ја јакне и целосно ја диригира.

Она што е карактеристично за Македонија сеуште е неоформената парламентарна демократија на место "стабилизирана парламентарна демократија, функционира еден привид на парламентаризам инсталиран во несоодветно социјална средина и отсуство на автентична демократска култура". (Климовски, 1995, 16). За Климовски, во Македонија потребно е преиспитување на односот на трите носители на организацијата на власта во смисла на прецизно лоцирање на "извршната, управната функција во системот и поделба на власта. Сегашната нејзина положба, не само што е генератор на силна корумпираност и најкус пат кон искористување на власта за богатење, туку уште полошо - политичкиот систем во целина добива обележје како израз на власта на тесни елити, со јасно изразен авторитарен менталитет, амалгам од врхушките на државната бирократија и политичките партии, со што се манифестира немоќта на неразвиеното цивилно општество.

Слично мислење застапува и еден од помладата генерација теоретичари на цивилното општество кога вели дека политиката на "нашите простори отсекогаш останувала на ниво на одредена елита и тука bourgois никогаш не прераснал во citoyen. Токму ова може да биде и причина за евентуален неуспех на нововоспоставениот систем на либерална демократија. Авторот смета дека сеуште во Македонија не е променета инфраструктурата на тоталитарната власт, што новата власт ја наследи од стариот режим - комунистите..." (Ивнов,1995, 151-152)

## НОВИ ПРАВИЛА НА ИГРА

Дали луѓето се однесуват во согласност со тоа како ја перцепираат стварноста? На пример, ако не се сигурни или убедени (имаат изразито критичко мислење) за приватизацијата, за тоа како таа се остварува и конкретно во претпријатието, дали соодветно на тој нивен став и практично ќе се однесуваат? Прашањето, се чини дека е многу едноставно за да биде интересно за одговор? Но, дали е тоа така!

"Претпријатијата во трансформација", пред се, се разнебитени организации, особено оние кои се соочуваат со тешки проблеми и се паднати во длабока криза во секој поглед. На кој начин може да се истражува "перцепцијата" на вработените за состојбата на претпријатијата кои се наоѓаат во една таква состојба, е прашање кое заслужува целосно внимание.

Неспорно е дека постои непосредна врска меѓу "ставот - перцепција" и реалното однесување, но, за нас во овој момент е интересна "перцепцијата", затоа што,

сеуште, претпоставуваме дека вработените во претпријатијата кои се приватизираат (само тие се објект на нашата опсервација), сеуште немаме знаци дека се "однесуваат" на начин кој значи "прифаќање" или пак "отфрлање" на приватизацијата како практичен однос. Во тие околности дискутабилно е што значи "практичната страна" на однесувањето, затоа што приватизацијата значи дефинитивно напуштање на моделот на самоуправувањето, а сеуште нема јасен модел кој би претставувал некоја замена и во неговите рамки учество на вработените во органите или телата на препријатието. Се работи за радикална промена, од состојба која обезбедуваше учество на вработените во управувањето, во друга, каде тие права се укинати, но сеуште нема навестување дека нови можат да бидат воспоставени. Се е препуштено на управувачката структура на претпријатието, која целосно ја контролира состојбата во фирмите без учество на вработените. Дури преовладува мислењето дека најпосле, со фирмите управуваат компетентни луѓе.

Она што е карактеристично за претпријатето во трансформација е што во него менаџерите се претставени истовремено и како сопственици и не се многу "воодушевени да одговараат некому за својата работа. (Славески. 1996). Во најуспешните претпријатија присутна е практика на забрана на работниците да ги продаваат своите акции на надворешни лица. Тоа е амбиентот каде се формира работничката, од една и "менаџерската перцепција", од друга страна, за приватизацијата на пртепријатијтието.

Нашиот интерес во истражувањето е насочен, пред се кон "субјективното доживување" на промените.

Прво, каков е соодносот на "позитивното" и "негативното" значење на перцепцијата за промените воопшто и дали луѓето се убедени дека промените водат во позитивно разрешување на проблемите или не?

Второ, дали решението на проблемите се смета за работа на човекот-поединец (неговото залагање, чесност, снаодливост), или тоа претежно се бара во државните институции и воопшто надвор од претпријатието.

Трето, состојбата на напуштање на егалитаристичките и колективистички принципи на однесување; дали воопшто новите промени ги следат нови вредносни ориентации?

Тргнуваме од претпоставката дека реалното заживуање на новиот систем ќе започне оној момент кога вработените ќе почнат со усвојување на принципи и правила кои својствени на пазарниот начин на стопанисување и плуралистичката култура воопшто.

Четврто, дали се менува мотивационата матрица на вработените во претпријатието кое се трансформира? Што е основата на мотивот за работа во услови на "менаџерско управување" и приватизација на капиталот?

"Претпријатието во трансформација" се соочува со парадоксална состојба; пред се, концентрацијата на моќта и покрај сите декларирани институционални промени и натаму останува во корист на постојаната раководна структура која е олигархиска.

Трнсформацијата во тој поглед, пред се, значи одстранување на "нормативните" пречки за конструирање на "менаџерскиот модел", кој во почетокот по правило птодолжува да биде тоа што бил - олигархиски. Во случајот со претпријатијата во транзиција во Македонија, станува збор за иста менаџерска елита, која станува легитимна. Се чини дека улогата на вработените е "одиграна" на најдобар можен начин, оној момент кога под притисок на синдикатот, владата донесува одлука со која се овозможува акциите купени од страна на работниците да можат да се платат со попуст во рок од пет години, со две години грејс период, без камата. За возврат на тоа, работниците останаа без реакции на сите малверзации од страна на менаџерите и се почна да се доживува како нормално, нужно и пожелно.

Кога говориме за една состојба на "разнебитено претпријатие", тоа не ни дава за право да извлекуваме некои општи заклучоци за приватизацијата воопшто. Ако ги посматраме промените од тој аспект, потребна е голема внимателност; можна ли е економска ефикасност во услови на узурпација на сите права на вработените? Потоа, можна ли е успешна приватизација, како процес кој само "формално" ги почитува законските норми, а суштински се изведува по некои целосно вонинституционални рамки, по "законите" на мафијашкото однесување. Според некои компетентни и "добронамерни" критичари на приватизацијата во Македонија има доволно и од едното и од другото!

Нашата анализа не навлегува во сферата на парадоксите на приватизацијата колку и да се тие интересни, неодминливи, туку, едноставно ги регистрира само перцепциите на вработените. Целта е да видиме дали, сепак се случиле некои промени во текот неколку години, а кои се во прилог на практичната реализација на моделот. Во перспектива, за пет - шест години, би требало во оние петрпријатија каде ќе започне процесот на "трансформација во пазарен тип" да дојде до позитивен израз внатрешните фактори, кога контурите на сопственикот јасно ќе бидат препознатливи.

## *нова организациска култура*

Секоја организација без разлика дали се говори за глобални или микроекономски услови развива сопствена специфична култура која ја прифаќаат и развиваат поединци или група кои се дел од неа. Кога говориме за карактерот на организациската култура, пред се, мислиме на "низа вредности, норми и уверувања кои се заеднички за членовите кои ја формираат". Во услови на радикални

промени на системот се менуваат и вредностите врз кои почива и самата организација. Транзицијата во тој поглед е експериментална.

"Организациската култура" во услови на транзиција на претпријатието не е само процес на "редефинирање на сопственичките права и системот на управување". Таа ситуација создава услови за преструктурирање на групите и интересите кои формираат нов стил на однесување и создавање на нови вредности воопшто

## *динамичка креативна деструкција*

Пред да започнеме со анализа на емпириските податоци, би било пожелно сосема на кратко да ја претставиме сликата за претпријатието кон кое се насочени реформите. Овде се мисли на оние со општествен капитал, кои се во фаза на приватизација.

"Претпријатието во транзиција" би требало од една состојба на "статична бирократска култура" (бирократска структура на управување со формализирана и претерана администрација и хиерархиски поставена структура и сл.) да премине во состојба на "динамичко креативна култура", која главно се карактеризира со претприемачка ориентација на раководниот кадар (пазарна ориентација и креативност, динамичност, претприемачка способност), ориентација кон потребите и интересите на вработените, (целосна доверба, да се цени секој човек, формирање на амбиент за хармонични односи, партиципација во одлучувањето, успешно разрешување на конфликтите, сигурност) и децентрализација (свртеност кон сопствените цели и децентрализирано одлучување). (Bahtijarevic, S. 1989).

Во услови кога претпријатието припаѓа на сите вработени (акционерски капитал на вработените), успешноста на претприемаштвото е поврзано со управувачките функции, односно, флексибилност на менаџментот. Се чини дека сеуште кај вработените не е сосема јасно што со себе носи акционерскиот систем; дека може да се случи претпријатието да биде продадено како и секоја друга стока на пазарот.

Претпријатието претставува средина во која се судираат интересите на повеќе спротивставени интереси. Тоа од своја страна претпоставува конкретни истражувања на односите кои се воспоставуваат внатре и спрема неговото опкружување. Во тие околности раководењето со претпријатијата мора да се разбере како резултат на реципрочно меѓусебно делување на раководителите и извршителите.

"Способноста на влијание треба да се сфати како организациски процес (чин) на влијание, во кој се менуваат носителите на влијание, нивната веројатност на влијание, насока на дејствување и содржина на влијание" (Jusic,B.1989)

Во што е содржана специфичноста на социолошкиот аспект на управувањето? Според некои истражувачи, тоа е содржано во успешноста на решава- њето на спротивностите и надминување на поделеноста на "формална" и "неформална" демонстрација на моќта и влијание што резултира во организациска шизофренија. Организацијата и управувањето со претпријатието во трансформација мора да се базира на јасно дефинирани и за секој член прифатливи цели!

Целта на организацијата мора да ја стимулира личната иницијатива за максимално залагање во процесот на трудот. Во услови кога преовладуваат материјалните фактори лесно може да се случи да настане целосна блокада и општ пад на работниот морал. Основната функција на менаџментот, во услови кога претпријатието се трансформира, покрај општите задачи

(профитабилност, максимално користење на сите човечки потенцијали на вработените), треба да создаде и услови за максимална кооперативност на сите спротивставени фактори, а пред се, да ги придобие работниците за активно учество во промените. Некои социолози (Zupanov,1992, Rus, 1989) говорат за партиципативен менаџмент, под што се подразбираат "високо ефикасни неманипулативни функции на менаџментот, создавање на услови за развој и оптиманлно користење на сите човечки потенцијали на вработените".

Во самоуправното претпријатие функционираше коалиција на три интересни групи со различни цели и интереси. Работниците кои се стремеа кон повисоки лични примања и преферираа вработеност и социјална сигурнсот, менаџерите кои се спремаа кон повисок социјален статус и напредување во фирмата, и дека влијанието политичката власт која се обидуваше да ја подреди фирмата во рамките на своите политички цели. (Kovac, 1989). Самоуправното стопанство беше "управувачко", а не "сопственичко". Во неговата основа не беше капиталот и (сопственоста на претпријатието), туку трудот и располагањето со нив. А бидејќи тоа не беше сопственички систем, што значи не познава трајно вложување на капиталот во претпријатието, во него самоуправувачите го "здружува трудот", а до средства се доаѓаше или преку кредити или со подарок од државата. Во тие услови, смета Ковач, претприемачкото управување беше препуштено" на нејасното разграничување меѓу државата, менаџментот и работниците.

Но, во услови на доминација на приватната сопственост "оној кој склучува договор, очекувајќи ризикот да му се исплати е претприемачот". "Доколку се отстрани можноста на случување на такви работи, каде еден очекува надомест од ризикот кој се исплатува, а другиот од извршената работа, претприемачката улога е отстранета" (Gligorov, V. 1989).

Здислав Шулц, чешки економист и теоретичар говори за разликите на мотивацијата на однесувањето во услови на парично - пазарно стопанство од една, и централно дистрибутувно стопанство, од друга страна. Во првиот случај, очигледно е поттикнувачкото динамизирачко влијание на мотивацијата за создавање на народен доход, а во другиот случај, влијание на регресивни фактори наспроти создавањето кое предизвикува надпросечна потрошувачка за материјали и инвестиции и поттикнувачко во однос на потрошувачката и користењето на народниот доход. (Sulc, 1990).

Што е она што е карактеристично за "преодниот период" во кој се наоѓа претпријатието, кога сеуште ниту се знае, ниту е препознатлив сопственикот и кога се суспендирани правата на работниците и не постои скоро никаква (јавна) контрола над профитот?

*За време на либералниот капитализам, во почетокот од неговиот развој, сопственоста има строго индивидуалистички карактер, сите сопственички овластувања се во рацете на една личност. "Подоцна, со создавање на големи корпорации, управувањето се повеќе станува дејност на посебна управувачка елита, менаџери. Правото на управување станува органски дел од сопственичкиот пакет и сопственичките овластувања. Во услови на трансформација на претпријатието, каде клучна фигура претставува функционерот - управувач (директор или менаџерски тим), капиталот почнува да се прелива во приватна фирма, која претставува втора алка во процесот на приватизацијата. Меѓу управувачите на државните (општествените) фирми и приватните сопственици се случува процес на "нееквивалентна размена", губат државните (општествените), а добиваат приватните претпријатија. Во многу случаи, приватниот сопственик е во исто време и управувач на државна*

*фирма (или некој близок роднина), што не менува ништо во функционирањето на моделот (Sulc, 1990).*

## што се подразбира под претприемач

За Петер Дракер, претприемачот е човек кој "секогаш бара промени, одговара на нив и ги користи како можност". Тој донесува различни економски одлуки. Нему му се припишуваат следните шест карактеристики: потреба за успех и резултати, креативност и иницијатива, преземање на ризик, доверба во себе и смелост, потреба за независност, автономија, мотивација, енергија и ангажман. (Gorupic, 1990)

"Би можело да се каже дека "претприемачот е моторна сила на "претпријатието", во кое се опредметува "претприемачкото" делување. Тоа делување се искажува во воспоствување и динамизирање на претпријатието во изнаоѓање на адекватни "комбинации на производните фактори, во доживување на економски релевантни иновации во бизнисот и во превземање на ризикот за такви одлуки". (Bolcic, 1994).

"Претприемачите" во секојдневниот живот многу често се поистиветуваат со некои други "актери" во светот на бизнисот, пред се, со "сопствениците" и со "менаџерите". Но, сопствениците и менаџерите не мораат да бидат претприемачи. Тие често бараат претприемачи, на кои ќе им ги препуштат работите за "активирање" на нивните средства, како што претприемачите често ги

бараат менаџерите на кои им ги препуштаат работите на раководење со фирмите". (Bolcic, 1994). Општеството во транзиција ја нема потребната "општествена клима" за претприемаштво. Правилата постојано се менуваат, присутно е мешање на државата, а тоа во развиениот свет не може да се замисли.

Со воведувањето на политичкиот плурализам и приватизацијата не значи дека автоматски ќе дојде до напуштање на егалитарниот синдром. "Може да се претпостави дека долготрајната егалитаристичка социјализација иако прифатена само инструментално, зад себе оставила длабоки траги во личноста и мотивационите диспозиции, како и во институционалните модели". (Adam, 1990). За Жупанов, егалитаризмот претставува средишна оска на еден поширок комплекс кој претставува збир на негативни перспективи, етички принципи, општествени норми и колективни ставови". (Zupanov, 1970).

Постсоцијалистичкото општество претставува мешавина од остатоците на социјалниот егалитаризам, традиционализам и елементи на модернизам и рационалност. Во која мерка општеството ќе се ослободува од негативното наследство, во толкава мерка ќе се приближува до состојби кои се карактеристични за едно модерно плуралистичко и пазарно ориентирано општество. За време на самоуправувањето, тоа го потврдуваат повеќе истражувања; раководителите делувале како тие да се вистински сопственици на претпријатијата. Што суштински се случи на планот на формирање на претприемачки дух, колку тој е задржан од минатото и колку е променет во новите услови, во овој момент тешко може нешто поконкретно да се каже без емпириски истражувања.

Според примената на моделот за трансформација на претпријатието со општествен капитал, "менаџерскиот откуп" е најмногу застапен во најуспешните претпријатија. За некои поконкретни економски, политички и социолишки

последици кои произлегоа од примената на тој модел, нешто повеќе претходно кажавме, но она што е интересно и што заслужува целосно внимание е фактот што, во скоро сите претпријатија се случи "трансформација" на "управувачката структура" во "менаџерска", што значи дека таа иста структура треба да почне да делува вистински претприемачки (да извлече што е можно повеќе профит за да може да го отплати делот кон државата и за пет години стане да доминантен сопственик). Претприемачката функција е директно поврзана со егоистичките мотиви на идните сопственици.

Прво, довчерашните "менаџери" кои се навиканти на "класично управување" се преструјуваат во менаџери од "модерен" тип и целосно ја преземаат одговорноста за одлуките кои ги носат. Тоа доведува до нова прераспределба на моќта, начинот на организација, одговорноста и најпосле до промени во мотивацијата за работа. Што се случува во претпријатието, на тој план, година-две од воведувањето на тој модел тешко е да се претпостави во отсуство на минимум сознанија. Сеуште менаџментот е во фаза на "школа за менаџери" или "курсеви за управувачи". За тоа каков би требало да биде менаџерот, во Македонија се објавени десетици расправи, главно под влијание на литературата од западните развиени земји, но, нема ни една расправа, која упатува, во овој момент, на проблемите на кои наидуваат менаџерите во практиката и дали воопшто од она што се очекува дека треба да биде својствено на менаџерот е присутно или се навестува како реалност во блиска иднина.

Едно истражување на Жупанов од 1987 година, покажува дека голем број од потенцијалните раководители не покажле подготвеност да се прифатат за "директори" што значи дека ја избегнувале претприемачката улога. Тоа особено доаѓа до израз за време на голема криза и неизвесност. (Zupanov, 1987)

Процесот на "производтсво на претприемачи" за време на приватизација во себе содржи многу непознати; тоа е процес кој се движи од состојби на добри претприемачи до хазардери од сите видови, од богатење преку ноќ, до "брзи пропаѓања".

*Претприемаштвото според некои истражувачи, претставува "социо-културен феномен". Имено, во услови на радикални промени на општеството, во секој поглед претприемаштвото се очекува да биде во функција на однесување на луѓето кое ќе се базира врз новите принципи, кои ги посатвува и пазарната економија и плуралистичката демократија. Економското однесување на поединците, врз пазарна конкуренција и влијание врз создавање на нова класна структура и класна свест која ќе генерира општествена стабилност и социјална кохезија од нов тип". Во таа смисла ако говориме за претприемаштво како "креативна активност", тоа би претпоставувало, без сомнение, институционална рамка која ќе ги уважува принципите на пазарната економија, правно политичка држава, политички и социо-културен либрализам и индивидуализам".*

Економијата на претприемаштвото, спред Ross и Shapiro, се потпира на пет столбови и тоа: цврста определба на инвестициите во земјата, нова финансиска и монетарна дисциплина, нова стратегија за зголемување на конкуренцијата и ослободување на пазарот, нова спогодба со работниците и фирмите и нова стратешка определба за слободен светски пазар".

Не навлегувајќи поконкретно во анализата, вниманието ќе го задржиме на прашањата кои се поврзани со начинот на производството, улогата на човекот во производниот процес и изворите на индивидуалната економска сигурност, а кои се типични за американското

стопанство, но кои исто така се значајни за претприемаштвото воопшто.

Прво, начиот на кој се произведува и врз кој се даваат услугите во развиените земји во последно време, од основа се менува. Новиот систем е флексибилен, дава поквалитетни производи и услуги и се повеќе се прилагодува кон пребирливите и поединечни купувачи. "Производниот систем кој може да даде економски мали серии на различни производи на една иста линија, со што се излегува во пресрет на различните променливи вкусови на потрошувачите, нуди огромна предност". Новиот систем нуди повеќе предности, пред се, работниците се во состојба за многу кратко време да ги менуваат машините поради производство на различни, односно, посебни верзии на стандардни производи.

Промените во процесот на производство, обезбедуваат подобар квалитет и пониска цена од масовното производство, а тоа делува и врз самата работа. Во тој систем на производство луѓето играат многу значајна улога.

> *"Демократизацијата на работните места, намалувањето на хиерархиските разлики, создавањето на производни тимови, планови за учество во добивката, поголемото учество на работниците во одлучувањето и работничкото акционерство брзо стануваат императив, а не општествен идеал"*

Во суштина, како што констатираат авторите, во овој процес технологијата нема централно место. Повеќе се преферира нов општествен однос на работното место. Еве накусо во што е проблемот.

Работникот е мозокот на фирмата. Тој е овластен да го запре и промени системот, кога тоа ќе стане потребно за постигање на нови стандарди на квалитет, изработка по желба на потрошувачите и зголемување на продуктивноста. Значењето на демократизацијата на

работното место конкурентните фирми го сфаќаат како предност; економска ефикасност и можност да се слушне гласот на вработените кога се одлучува за тоа што ќе се работи, стануваат една од целите кои општеството себеси си го поставило и не е повеќе работа на избор. Новите правила на глобалното стопанство ја разнишале економската сигурност на "доживотно вработените".

"На мнозинството американци денес им стои на располагање еден единствен извор на економска сигурност, способност благовремено да стекнат квалификации и знаења кие ио бара пазарот". Рутинските и механичките работи речиси исчезнале, а нагласокот се става на донесувањето на одлуки и решавање на проблемите и тоа се постига со постојано учење. Секаде присутната информациона технологија врши постојан притисок на сите вработени да го постигнат квалитетот и да воведуваат брзи промени.

## *партиципација - управување - менаџмент*

*Ние сме сведоци на уникатен историски експеримент и нужно треба да се очекуваат бројни грешки на тој пат, (Бранко Хорват).*

Кој всушност управува со претпријатијата кои се во фаза на приватизација или формално го завршиле процесот и се сметаат за целосно приватизирани?

Факт е дека сите права на работниците стекнати во претходниот период веќе подолго време се целосно суспендирани. Менаџментот во сегашните услови ја има "сета контрола и во неограничени размери, смета еден од добрите познавачи на состојбите во сферата на работните односи (Брајановски,1995).

Денес на примерот на Македонија можеме да говориме за еден посебен вид "менаџерска револуција", во ситуација кога целосно пропадна стариот систем на социјалистичкото самоуправување и се отиде во друга крајност, кога "се остави можност за слободно и неконтролирано однесување на капиталот" во рацете на затекнатата управувачка структура која е во коалиција со моќните структури однадвор.

Состојбите во кои се најде стопанството во Македонија, не би можеле да ги разбереме како нормални. Законите на пазарната економија сеуште имаат мало или никакво значење. Тоа мора да се има предвид кога се анализира феноменот на партиципацијата на работниците во управувањето и воопшто, раководењето со претпријатието. Претпоставката дека во периодот на приватизацијата на претпријатијата ќе дојде до судири и непријателски однос меѓу трудот и менаџментот и до незаинтересираност на вработените за организационата поставеност на претпеијатието, потоа до постојан страв на вработените за евентуалното губење на работното место, но и до опаѓање на мотивот за работа и иницијативноста на вработените за поголема продуктивност и поголем профит, сето тоа е спротивно на опоштите трендови во земјите со развиена економија врз пазарни принципи, каде во последно време вниманието е целосно насочено кон оние кои се главни во системот на организацијата - менаџерите. Останатите без разлика на нивната позиција во процесот на трудот; се третираат како "социјална категорија", "стечајна маса" или "технолошки вишок".

Се добива впечаток дека новата менаџерска елита ги негира барањата на работниците и сеуште нема никаков слух за нивно вклучување во системот на управување. Би било попродуктивно да се говори како тоа практично е можно, а што е регулирано со новиот закон за трговски друштва, но тоа не е предмет на нашата расправа.

## *искуството од развиените земји*

Пред да преминеме на анализата за состојбата на претпријатијата кои се опфатени со нашето истражување, на кусо ќе се обидеме да претставиме некои од искуствата во развиените земји на тој план, поконкретно, каква е состојбата на планот на управувањето, одлучувањето и сопственичките права на работниците (Лубарда,Б.1991).

Партиципацијата на работниците претставува дел од феномените кои понепосредно се поврзани со индустриската демократија, која значи заедничко одлучување (joint dicision making).

Потесното разбирање на партиципацијата во управувањето секогаш постои кога на врвот на хиерархијата на претпријатието работничките претставници учествуваат во вршењето на управувачките функции. Поширокото сфаќање на партиципацијата ги вклопува сите социјални или институционални форми преку кои подредените работници, било индивидуално, било колективно се вклучени на еден или повеќе начини на одлучување.

Она што е интересно за нашата анализа повеќе се однесува на сфаќањето на партиципацијата во однос спрема колективното преговарање. Така, партиципацијата на работниците се дефинира како филозофија или стил на организационо управување кое истовремено признава и потреба и право на работниците индивидуално и колективно да бидат вклучени, заедно со менаџментот, во сферите на организациското управување. Партиципацијата може да биде директна, кога е поврзана со работното место, што им овозможува на работниците поголемо лично задоволство.

Во своето пошироко значење, терминот партиципација се однесува на сите форми на вклучвање на работниците во управувањето, како она кое е институционализирано, така и она кое тоа не е. Потесното значење се однесува само на институционалните форми на учеството на работниците, односно нивните претставници во процесот на управувањето.

За тоа, дали партиципацијата на работниците во управувањето е потребна и корисна или пак нанесува повеќе штета и е неефикасна и непродуктивна, во теоријата се присутни различни мислења. За оправданоста на партиципацијата најчесто се наведуваат аргументи од економска, социјална и психолошка природа.

Психолошките аргументи се базираат на задоволството на работниците за учество во управувањето, што предизвикува позитивни економски ефекти врз продуктивноста на трудот. Некои истражувања покажуваат дека во оние ситуации каде учеството на работниците во управувањето е присутно, е забележано и помало отсуство и поголема продуктивност.

*Партиципацијата се јавува и како своевидна компензација за инкорпорирањето на работниците во претпријатието и (општо) социјална интеграција на работниците во (постојаниот) систем, што е во тесна врска со филозофијата на државата (општеството) на благосостојба и нејзината експанзија во повеќе земји по Втората светска војна" (Keller,B. 1991, превземено од Lubarda, (цит. дело, 5.20).*

Оспорувањето на партиципацијата главно се потпира на економската аргументација, односно, се смета дека авторитарниот менаџмент е подобар од кооперативниот, зошто е поефикасен, потоа дека работниците не се компетентни да донесуваат валидни одлуки, ниту пак нивното учество во организацијата на трудот може да биде од практична корист.

Во зависност од тоа дали учеството е директно или индиректно или пак е во рамките на институциите или надвор од нив, во практиката постојат неколку форми на партиципација. Директните форми претпоставуваат директно учество без посредници и избрани претставници. Институционалните форми на партиципација претставуваат трајни систематски облици, воведени во целокупниот стопански систем и по законски пат. Такви форми претставуваат советите на врабо- тените, претставувањето на работниците во надзорните или управните одбори, директор на трудот и сл.

Совет на вработените (Works Council) или Комитет на претпријатието се сретнува во повеќе развиени земји (Франција и Германија). Во германскиот модел работничките совети (институционални) се одвоени од Синдикатот, но тие практично тесно соработуваат. При нивниот избор учествуваат само работниците, а не и членовите на управувачката структура. Се додека им трае мандатот, членовите на советот не можат да бидат отпуштени од работа, ниту пак отповикани. Нивната основна функција е да ги штити интересите на вработените. Во сферата на економските прашања. Советот се консултира со Управниот одбор и добива комплетни информации за работата на претпријатието. За разлика од германскиот модел. Комитетот на претпријатието, кој е формиран во француските претпријатија не е институционално одвоен од Синдикатот. Во таа смисла "францускиот модел е оригинална комбинација на германскиот и аглосаксонскиот модел на односот на трудот и капиталот во претпријатието". (Lubarda, 1991, 553).

Надлежноста на комитетот е предвидена со Закон за труд. Комитетот задолжително се информира и консултира за прашања кои се однесуваат на организацијата, управувањето и оптималниот развој на претпријатието, а особено кога економските мерки на менаџментот влијаат врз структурата на вработените и

условите за работа на персоналот, се вели во Законот за труд. Комитетот се грижи за образованието на вработените, материјалната помош, семејниот живот, професионалното усовршување, работното време и сл.

Учеството на работниците во работата на Управниот и Надзорниот орган, претставува значаен облик на партиципација. Надзорниот одбор има две основни функции. Прво, да ги бира членовите на Управниот одбор и второ, да врши надзор на работата над Управниот одбор, кој е одговорен за работата на претпријатието. Претставниците од редовите на работниците главно се концентрираат на социјалниот аспект на политиката на претпријатието. На членовите на надзорниот одбор им е забрането да пренесуваат информации на други лица внатре и надвор од фирмата.

*Во книгата "Конкурентски предности со помош на луѓето (Competitive Advantage throuth People), професорот по органозациско однесување на деловната школа во Stanford Jeffry Pfeffer, издвојува пет американски компании кои, во периодот меѓу 1972 и 1992 година, постигнале најдобри резултати, за кои заедничко е тоа што не се потпираат врз технологијата, патентите или стратешката позиција, туку врз оригиналното управување со работната сила. Според авторот во САД е присутно разочарување во пазарот на трудот, за кој се смета дека е во голема мера дерегулиран. Тајната на успехот професорот Pfeffer ја гледа во сознанието дека сите успешни фирми воделе грижа за потребите на своите вработени. "Не можете да обезбедите квалитетна услуга ако Вашите работници се сиромашни". Тајната не е во тоа што се работи, туку како се работи. Потоа, во фирмите каде не постои голем диспаритет меѓу ниско и високо платените работници, платата е помалку нагласена во рамките на наградувањето и културата во*

*компанијата. Во тие средини луѓето не се постојано преокупирани со тоа дали се адекватно платени или не, тие едноставно не разговараат за заработувачките".*

## враќањето на Маркс меѓу работниците

На почетокот на овој дел укажавме на сознанијата, дека во Македонија "сета контрола е во неограничени размери" во рацете на менаџментот. Таа состојба настана по распадот на системот на социјалистичкото самоуправување, каде формално постоеја големи права на работниците и систем на заштитата на нивните интетреси.

*Сосотојбата која се воспоставува по приватизацијата на претпријатијата (подоцна ќе говориме поопширно на примерот на седум претпријатија) во сферата на управувањето, од нашето истражување изгледа вака: повеќе од 1/5 вработените не знаат кој управува со претпријатието (примерок од 410 вработени), повеќе од 1/3 воопшто не се задоволни од информираноста, над 80 отсто сметаат за себе дека немаат никакво влијание врз управувањето со претпријатието, а скоро 2/3 сметаат дека треба да имаат влијание, 1/3 раководењето со фирмата го оценуват како лошо, а само 4 отсто како одлично, а за останатите тоа е добро! Над 10 отсто не знаат дека поседуваат акции! Тоа се резултати од анкетното истражување спроведено во јуни 1996 год. на примерот од седум претпријатија кои се, или се во тек на приватизација или целосно ја имаат завршена.*

Основното прашање кое се поставува на релацијата капитал - труд се однесува на реалната можност на артикулацијата на интересите на трудот во процесот на приватизацијата. Во услови на релативно стабилна ситуација, проблем претставува како да се подобри "положбата на работникот во системот на моќта на одлучувањето"! Ако преовлада уверувањето, што de facto е присутно во услови на приватизација на општествениот капитал, дека тоа се одвива надвор од било какви, морални правила и закони или кои се исклучиво во функција на интересите на само некои (менаџерски) моќни групи, тогаш, наместо кооперативен ќе профункционира конфликтен систем на односи во фирмата, кој не само што нема да биде продуктивен во економска смисла, туку на подолг период ќе доведе до општа деструкција, односно, никогаш не може да доведе до ефикасно претпријатие и управување.

На прв поглед се чини дека интересите на капиталот и менаџментот се слични во ситуација кога постои акционерска сопственост (интерно акционерство) или во услови на менаџерски откуп. Но, интересот на капиталот кој е во рацете на работниците не е еднаков со интересите на капиталот како сопственост на менаџментот. Во вториот случај, менаџментот се јавува во двојна, противречна улога и како сопственик и како раководна структура. Што ќе се изроди од таа состојба, а пред се дали ќе ја зајакне економичноста на фирмата, се чини дека во овој момент никој не може да претпостави . Сеуште тоа не е забележано ни во теоријата ни во практиката.

Критериум за учество на работниците во управувањето, секако дека ќе биде профитот. Но сеуште нема видливи форми како тоа да се реализира и на начин на кој капиталот (во форма на пример на менаџерски откуп) да го стави трудот во функција на негово поефикасно оплодување. Состојбата на голема понуда на работна сила (голема невработеност), а со просечно ниска

заработувачка не одат во прилог на трудот, ниту пак се поволни за мотивацијата за работа на оние кои се вработени. Сферата на главните мотиви е угушена а имаме разочаран, несигурен, изгубен и исплашен работник без елементартна заштита на свиоте права. Тоа го потврдува и нашето истражување; само 1/5 од анкетираните промените ги оценуваат дека се движат кон подобро, околу 27 отсто дека се полоши од порано, повеќе од половината не се "начисто" дали приватизацијата во нивната фирма е успешна или не, а повеќе од 1/3 (36 отсто) го делат мислење дека со приватизацијата не е постигната ниедна од целите кои биле замислени на почетокот.

*Во литературата се разработени повеќе типологии на системот на колективно одлучување, односно партиципација. Накратко, ќе претпоставиме типологија која ја разработиле Dacher,H. Peter Willpert и Bernhaurd (Pusic, 1986). Според авторите постојат четири типови на партиципативно одлучување и тоа: гледиште на демократската теорија, гледиште на социјалистичката теорија, теории за човечкиот раст и развој и теорија на пораст на продуктивноста и ефикасност.*

*Првите две теории од оваа класификација ја третираат партиципацијата како еден вид на глобална општествена ориентација, а вторите две како еден од можните техники на зголемувањето на задоволството на работниците на работните места, односно зголемување на продуктивноста. Авторите на следниот начин ги дефинираат параметрите на партиципацијата: Прво, кои се основните претпоставки за човечката природа и општествените институции кои го иницираат интересот поврзан со партиципацијата. Второ, во кој контекст доаѓа до партиципација. Трето, кои се карактеристиките на партиципаторните аранжмани во*

*организизацијата. Четврто, кои општествени последици произлегуваат или можат да се очекуваат од партиципацијата.*

*Накратко ќе се задржиме на теоријата на човечкиот раст и развој и теоријата на порастот на продуктивноста. Денес е неспорно дека помалку дехуманизираниот труд создава големо задоволство во работата, го намалува одсуството од работа и флуктуацијата на работната сила. Со воведувањето на партиципацијата пред работникот се поставуваат поголеми ментални напори, и таа овозможува интензивен и разновиден развој на неговите човечки потенцијали. Партиципацијата поврзана со работното место треба да придонесе во развојот на економската демократија, артику- лација на колективните интереси, како и самоактуелизација и развој на личноста на работникот.*

*Теоријата за порастот на продуктивноста и ефикасноста, главно се базира на сфаќањето кое смета дека партиципацијата на микро ниво, на ниво на претпријатие, може да послужи за стимулирање на работниците за поголема продуктивност и да ја намали улогата на синдикатите, а со тоа да придонесе за зголемување на профитот.*

*"Позитивни ефекти во идентификацијата на работниците со работната организација, развојот на нивниот креативен ангажман за организациските и технолошките иновации, намалувањето на трошоците со редукција на бројот и интензитетот на конфликтите, зголемувањето на степенот на задоволството од работното место и поголемата кохезија, можно е да се постигнат само со постепен развој и воведување на целосна партиципација. Предуслов за тоа е правилната стратегија во развојот на партиципацијата".*

## *МОТИВАЦИЈА - ВРЕДНОСТИ - ПРАВДА*

*"Уште на прв поглед изгледа неверојатно дека луѓето кои себе се сметаат за рамноправни, кои имаат право еден на друг да си поставувват барања, би прифатиле начело кое бара од едните да се помират со помали животни шанси само за тоа другите да имаат повеќе" (Rowels, 1990).*

Ерих Фром на едно место, го забележува следното: поради тоа што модерниот човек се доживува себе си и како продавач и како стока која се нуди на пазарот, неговото самопочитување зависи од условите кои се наоѓаат вон неговата контрола. Ако успее, тој вреди, ако не успее, тој е безвреден.

Трудот кој произлегува од работното место е од првостепено значење за човекот. Тој го ангажира половината од човековиот буден живот, ги определува социјалните кругови во кои тоа егзистира, секојдневно предизвикува и мака и триумфи, ги условува нашите политички интереси и личен идентитет.

Анализирајќи го задоволството од работата во јапонските претпријатија Моришимо Мичио, забележува дека јапонските работници се задоволни од својата работа особено кога се убедени дека покажале "посебна верност кон своето претпријатие, и се задоволни доколку можат да работат прекувремено". Во Јапонија, системот не бара од поединецот само напорна работа, туку и целосно посветување на претпријатието и во слободното време. (Morisima, 1986).

За Калвин, работата за човекот е религиозна должност, а воздржаноста основна добрина. Работниот

модел, пред се, има неутилитарно потекло. Трудот е непријатна активност ако се презема само во името на корисното. Тој е "занимање кое го одредува статусот на верникот или како "спасен" или како "проколнат". Трудот во протестанската етика се извршува поради наполно нематеријална и "ирационална" цел, односно за да покаже дека конкретниот човек е "избран".

Најуспешните капиталистички општества, според Фукујама, се искачиле до врвот затоа што имале фундаментално ирационална и "предмодерна" работна етика која ги тера луѓето да живеат аскетски и ги доведува до рана смрт, само затоа што самиот труд се смета за спас. Тоа покажува дека и на "крајот на историјата" сеуште се неопходни некои форми на "ирационален тимос" за да го одржиме функционирањето на нашиот рационален, либерален економски свет или барем да бидеме во првите редови на светските економски сили. (Фукујама, 1994).

Анализата на Мичио Моришима на јапонското претпријатие по Втората светска војна, покажува дека работата наликува на служење во полиција или војска. Менаџерите барале од работниците бесконечна верност кон претпријатието. Секој новвработен работник веднаш по стапувањето на работа е подложен на дополнителна обука, која содржи и запознавање со моралните начела кои се од интерес за фирмата. Луѓето психолоши се подготвуваат да ги извршуваат сите наредби на менаџерите без приговор. Компанијата им дава приоритет на хармонијата на вработените и на нивното целосно посветување на фирмата, а не на нивната меѓусебна конкуренција.

*"Вработените во јапонските претпријатија настапуваат како некаква "национална" екипа која се натпреварува со странските ривали, како екипа која е единствена, а конкуренцијата меѓу големите претпријатија кои се борат за наклонето на владата*

*и своето место во "тимот", е многу остра". (Morisima, 1986).*

Јапонското стопанство се разликува од слободниот претприемачки систем на запад. Трудот не се смета за вредна стока, единствено се вреднува духот на верноста. Работата не е само труд, туку акт на моралност кон општеството и поради тоа во конфучијанското општетство пазарот на трудот нужно не е дуалистички по својата природа, смета Моришима.

Теоретската мисла за мотивацијата за работа во западните општества во текот на 20-от век доживува драматични промени. Накусо ќе се задржиме на некои од нив, според анализата на Дејвис и Шеклтон. (Dejvis, 1979).

За Фредерик Тејлор "парите се главна мотивациона сила". Се поаѓа од ставот дека човекот не сака да работи, парите се тие кои го тераат да работи.

Трудот на Елтон Мајо (Mayo) во триесетите години на 20-от век го става нагласокот на "човечките односи" (human relations). Неговите истражувања го истакнуваат значењето на општествените фактори за работа и влијанието на неформалните групни норми на задоволството од работата и продуктивноста.

За Маслов (Maslow) незадоволените потреби од најнизок степен се основа на човековата мотивација. Кога некоја потреба ќе се задоволи, таа престанува да биде поттикнувач на однесувањето. Во таа ситуација се јавува следната повисока потреба. Тезата на Маслов не се потврдила за сосема точна во емпириските истражувања.

Почетокот на шеесетите години истражувањата на социологот Херцберг извршиле силно влијание врз дотогашните сфаќања за мотивите при работа. Имено, тој доаѓа до сознание дека причините за задоволство од работата многу се разликуваат од причините за незадоволство.

"Задоволството при работата е поврзано со самата работа, признанието, одговорноста и напредувањето во работата. Незадоволството од работата било резултат на контекстуалните фактори при работата како што се платата, лошите работни услови, сигурноста и меѓучовечките односи (според Dejvis, 1979).

*Теоријата на праведноста поаѓа од сознанието дека поединецот вработен во некоја организација сака да добие онолку колку изнесува неговиот придонес. За Rowls, во услови кога сите се во слична положба или никој не е во состојба да ги разработи начелата кои би дале предност на неговата специфична положба, "начелата на праведност се резултат на спогодба". Тоа значи дека секоја личност има еднакво право на најширока слобода, потоа, општествените и економските нееднаквости, треба да се уредат така што во исто време најголема корист треба да имаат оние кои се најмалку повластени и да се создаде отвореност на шансите за сите подеднакво.*

*За познатиот полит-економист Хајек, најтешка од сите задачи е како вработените да се уверат дека е во општ интерес, да ги сочуваат и се помират со условите кои на неколкумина им овозможуваат таква положба која за нив се чини недофатлива".*

Луѓето кои чувствуваат натпросечен мотив за успех работат повеќе и позаинтересирано од останатите и помалку се преокупирани за дружење со другите, отколку луѓето со силна општествена ориентација.

Стилот на управувањето и надзорот врз работата се значајни за мотивацијата за работа. Како надзорниците и директорите го применуваат својот авторитет и воопшто како постапуваат со своите потчинети, за некои истражувачи претставуваат значајни фактори за

квалитетот на извршената работа и задоволството на оние кои се под негова контрола.

## *мотив во услови на приватизација*

За да се согледа сложената природа на мотивот за работа потребни се лонгитудинални и компаративни истражувања за да можат да се согледаат промените за време кога настануваат суштински промени не само на ниво на конкретното претпријатие. Промените на основите на мотивот за работа зависат од многу фактори кои се сретнуваат на сите нивоа: индивидуално, на ниво на претпријатие, глобално ниво на промени во културата, политиката и на економијата.

Периодот на транзиција е карактеристичен по тоа што глобалните фактори се најзначајни за промените во сферата на мотивацијата. Тоа произлегува, не само од промените на структурата на сопственоста, туку и од промените во општеството воопшто.

Прво, какви промени се случиле во споредба со состојбата пред почетокот на приватизацијата? Второ, дали и во кој обем постои разлика меѓу она кое е важно и она кое се остварува или е присутно во сферата на мотивацијата за работа? Трето, дали постои некоја разлика во сферата на мотивите во однос на некои особини на испитаниците (старост, раководна положба, образование и сл.). Односно, дали со воспоставувањето (кое е во тек) на новите принципи на управувањето и раководењето со претпријатијата (менаџерско или нешто друго) кое пред се, значи напуштање на самоуправниот модел, значи истовремено "зајакнување", или пак "слабеење" на некои фактори кои се од суштинско значење за мотивацијата за работа?

Секако, врз основа на едно емпириско истражување не може да се даде целосен одговор. Потоа, фактот што сме соочени со една изразита динамичност на промените на ставовите на вработените, говори за амбиентот за емпириски истражувања, кој ни малку не е поволен, што може во голема мера да влијае и врз валидноста на крајните резултати.

Мотивација претставува се она што ја насочува дејноста и го одредува нејзиниот интензитет и траење. Во услови на голем пад на производството и доходот се чини дека се е јасно и без емпириски истражувања. Се се одвива под влијание на еден единствен мотив, "мотивот за преживување". Во тие услови, примената на Масловата теорија се наметнува како единствено исправна: физиолошките потреби се најважни, што значи дека тие се главниот мотив за работа. За човекот кој живее во сиромаштија, а единствен мотив е стекнување на материјално богатсво. Но, со тоа се враќаме и кон теоријата на веќе заборавениот Маркс. Но, тоа е друга тема. Дали тоа сепак е карактеристика на моралот за работа во претпријатијата во трансформација.

## мотив за преживување

Прво, состојбата во која се најде најголемиот број од вработените во претпријатијата во трансформација најблаго речено може да се опише како борба за опстанок, што е силен мотив, но, исклучително со негативни, а не мобилизаторски димензии, барем не, во неговото модерно сфаќање.

Нашето очекување дека можноста да се управува со претпријатието и состојбата во која се создава "препознатлив сопственик" (да се знае кој е газда на претпријатието) ќе бидат од најголема важност за

испитаниците, се покажаа како сосема погрешни. Малку чудно и неразбирливо, но скоро 2/5 од испитаниците (во истражувањето од 1995) се изјасниле дека не им е важно да учествуваат во управувањето со претпријатието, а за 1/5 не им е важно кој ќе биде идниот сопственик што не е висок процент, ако се знае дека во голем дел од фирмите сопственици се самите тие! Во истражувањето од 1996 година (јуни месец) "повисоката плата" од вкупно 12 фактори кои ги сметаме важни за мотивација, го зазема првото место со над 50 отсто, на второ место е "сигурното работно место" со скоро 1/5 што заедно со првиот фактор сочинуваат над 70 отсто од одговорите. Тоа само по себе говори за состојбата во која се наоѓаат вработените кога се говори за мотивите за поголемо залагање во работата.

Ако се обидеме да ја промислиме основната тенденција на размислување на вработените во "претпријатијата во трансформација", во духот на формирањето на новата сопственичка и управувачка структура, кога како резултат се јавува една "редуцирана мотивација", неразбирлива е незаинтересираноста (или малата заинтересираност) на вработените за двата клучни моменти на приватизацијата - управувањето и сопственоста. Главното тежиште е ставено на сигурноста на работното место и висината на заработувачката. Дали тоа значи дека доволно се созреани условите за реализација на "менаџерскиот модел", кога најважно е да се гарантира работното место и платата, (но не и нејзината големина), а се друго е оставено за некои, подобри времиња.

## *цели на приватизацијата*

На прашањето: кои цели се реализираат (или ќе се реализираат) со приватизацијата на сопственоста во Вашето претпријатие, во истражувањето од 1995 год., 26,5 отсто се изјасниле дека се реализираат економските ефекти (7,3 отсто една година подоцна, (1995г. на исто прашање исти испитаници), 16,4 отсто 1995г., одговориле дека ефикасно се управува, (11,2 отсто, 1996г.), а 26 отсто сметаат дека не се остварува ниедна од зацртаните цели, (една година подоцна, 1996г. тој процент значително се зголемува, 36,1 отсто). Само 3,6 отсто (1996) сметаат дека се реализираат сите од наведените цели на преструктурирањето, (економски ефекти, ефикасно управување, праведна распределба) што е за трипати помалку и од така нискиот процент, во однос на претходната 1995 год.! Кога ќе ги погледнеме одговорите, се покажува една состојба на поделеност на вработените во претпријатијата со нагласок на некоја од проектираните цели или тоа дека целите не се остваруваат во ниедна сфера! Тоа говори дека сеуште во фирмите е присутна крајно недефинирана состојба (така се доживува од страна на вработените, што не мора и објективно да е така!)

## ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВРАБОТЕНИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Малку неочекувано, испитаниците со највисока школска подготовка во најголем број се изјасниле дека со приватизацијата не се остварува ниедна од целите, со нешто повеќе 1/4 во 1995 год., а многу повеќе, скоро 40 отсто во 1996 год! Тоа е многу поголем процент од оние со понизок степен на обрзование, со само 16,7 отсто од групата испитаници со основно училиште. Чудно, зарем не!

Што е тоа што високо образованите кадри ги наведува на песимизам, многу повеќе од оние со понизок степен на образование? Одговорот мора да се бара во променетите услови, кои не се многу наклонети кон стручњаците, во нивната промоција на повисоко место во хиерархијата на фирмата! Но, не мора тоа да биде сосема исправен заклучок. Она што се случи по распаѓањето на самоуправниот модел значеше, пред се, дезорганизација, отсуство на закони, општ хаос во кој мнозинството претрпе големи штети, а не станаа бунтовници со причини за тоа!

### *методолошки напомени*

*"Ако луѓето ја дефинираат ситуацијата како реална, таа станува реална во своите последици".*

Што значи оваа теорема на В.Томас (W.Thomas) и зошто воопшто и даваме важност кога говориме за методологијата на нашето истражување?

Важно е тоа што луѓето реагираат не само на објективните особини на ситуацијата, туку и на значењето што таа ситуација го има за нив. Со самиот чин што луѓето му придале некое значење на некоја ситуација, појава, факт и слично на тоа, нивното однесување во голема мерка е определено токму од тоа значење.

Во извесна мерка, она што во нашето истражување се обидуваме да го покажеме е содржано во теоремата на Томас. Имено, во која мерка врз една конкретна социјална ситуација влијаат ставовите на индивидуите и групите, кои се во голема мера се и резултат на објективни околности, треба да го покажеме во нашето итражување.

> *"За да се завладее со некоја ситуација, не е доволно само да се менуваат условите, туку треба да се запознаат и менуваат доминантните ставови. Со тоа, антропологијата и социјалната психологија станува важни дисциплини во рамките на групите на општествените науки, а во исто време не се доведува во прашање дисциплините кои ги проучуваат материјлно - техничките услови на животот" (Kuvacic, 1993).*

Ставовите за "постсоцијалистичката ситуација" се значајни во онаа мера во која тие се во функција во практичното однесување на луѓето! Тоа може да значи дека колку и да изгледаат институционалните промени "реални и рационално поставени", ако го немаат потребното влијание врз свеста и промената на вредностите, или пак спротивно предизвикуваат неочекувани и неопределени вредности, кои сеуште ја немаат функцијата која им се припишува на практичен план.

Основната цел на нашето истражување е трансформацијата (приватизацијата) на претпријатијата, односно, сопственоста на претпријатијата со општествен капитал, не како правно - политички или економски чин, туку, пред се, како социо - психолошка реакција и став на вработените во врска со тоа, односно, како чин кој делува врз сфаќањето и доживувањето на вработените; за организацијата, управувањето и раководењето со претпријатијата, мотивот за работа, промените во вредносниот систем и слично. Значи, како луѓето ја "дефинираат ситуацијата", индиректно и какви би можеле да бидат последиците, за реалноста во иднина, за што имаме малку право во овој момент стручно да расправаме за иднината само од аспект на "субјективната перцепција" или став кој жестоко се однесува кон она што надоаѓа!

Значи, предмет на расправа се ставовите на вработените во врска со приватизацијата, нивното доживување на промените, нивната претстава за тоа што се случува.

Ако, во едно претпријатие, кое се смета, така е запишано во документите, за целосно приватизирано и во кое скоро сите вработени имаат запишано акции, анкетата покажа дека голем дел не знаат дали имаат акции, еден дел дури смета дека претпријатието не е приватизирано, и дека е сопственост на државата, друг дел дека е на сите вработени. Тогаш навистина сме соочени со една сложена состојба на ниво на "ставови", која својата реалност ќе ја доживее кога секој од вработените ќе тргне по своите практични постапки раководени од своето убедување и секој своите постапки ќе ги усогласува со својот став, без разлика на реалноста се дотогаш додека реалноста не му наметне, нужно, друг став, а со тоа и променето однесување! Реалноста е "разработена" до тој степен, о за неа нема единствено мислење! За нас "објективната состојба" е на ниво на претпријатија, субјективно доживеана реалност, за која не знаеме или не ни е важно, навистина каква е!

Во нашето истражување применивме неколку методолоши постапки со кои во согласност со предметот и целите требаше да се обезбеди доволно емпириски материјал за извлекување минимум компетентни заклучоци.

Прво, од испитаниците (сите кои изразија желба во моментот на истражувањето, кое траеше во просек околу два часа) се бараше писмено, во рамките на своите можности за изразување да одговорат на неколку прашања за трансформацијата на нивното претпријатие. Резултатите на ова испитување беа изненадувачки солидни "писмени работи" по неколку страници, но и само со неколку зборови, кои сепак јасно упатуваа на ставот на испитаникот.

Второ, беше применет стандарден формализиран прашалник, кој се повторуваше континуирано изминативе три години, во исти претпријатија, во исто време од годината, за едни исти испитаници, по иста постапка и времетраење. Ако нешто значи, (а сигурно дека значи), најголем дел од раководството на претпријатието, не покажа некој поголем интерес, за тоа, (освен во две претпријатија) ни кој врши истражување, ни пак зошто го прави тоа! За нас како истржувачи тоа ни овозможи сосема независно и објективно да се поставиме кон работата, но, во исто време делуваше разочарувачки. Незаинтересираноста може да се разбере повеќезначно! Една од нив е безначајноста на социолошките истражувања за раководната структура, што многу говори меѓугругото и за односите на тие луѓе кон состојбите во претпријатијата, кои не се само од правна или економска, туку повеќе од социо - психолошка природа. Ако на некој директор навистина не му е важно што, на пример, 2/3 од вработените на неговата фирма сметаат дека приватизацијата кај нас е "кражба" или 1/3 сметаат дека лошо раководи, тогаш навистина се чувствува бескорисност во објаснувањето зошто е тоа така. Но, тоа

повеќе останува на совеста на оној кој истражува, се помалку на оној за кој тоа е наменето!

Трето, анализата на разните документи, закони, записници, активноста на индикатот и сл. која беше планирана, во голема мера не се реализира, од проста причина, што се увиде дека, тоа нема битно да влијае врз крајните заклучоци. Нашата цел со примена на истражувачките постапки, не беше да дознаеме "како објективно се одвиваат работите во претпријатијата, туку што луѓето во моментот на испитувањето мислат" за приватизацијата и пошироко.

Четврто, имајќи го предвид предметот на нашата расправа и ставовите на вработените за приватизацијата, сметавме за потребно да ги анализираме содржините на дневниот печат, кои се однесуваат на трансформацијата на општествените претпријатија и поконкретно, можеби за прв пат во Македонија на примерок од седумдесетина испитаници - новинари (МТВ, Нова Македонија и Вечер) ги дознавме ставовите на новинарите воопшто за промените, а посебно за приватизацијата. За тоа ппове ќе од анкетата која беше реализирана 1993 година. (поопширно за резултаите од тоа истражување во книгата "Општеството и човекот во транзиција", печатена 1995 година).

# ОТВОРЕНО ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

На вработените им беа поставени четири прашања (секое прашање на примерок од педесетина испитаници) на кое требаше да одговараат писмено.[1]

---

[1] 1.Веројатно со процесот на приватизацијата - трансформацијата на сопственоста започнале некои промени и процеси кои се случуваат пред Вашите очи. Според Ваше мислење какви, се тие промени, дали се поволни, дали се праведни, морални, дали водат во прогрес, дали се поволни за едни, а неповолни за други и сл.

Ве молиме образложете го Вашето мислење!

2.Веројатно постои нешто од што сте најмногу незадоволни во Вашето претпријатие, што посебно Ви смета, Ве нервира.

Ве молиме опишете што е тоа, зошто сте незадоволни?

3.Со приватизацијата - трансформацијата на претпријатијата ќе се промени и начинот на управување и раководење. Без разлика на тоа, каква е ситуцаијата во претпријатието во кое работите, што Вие лично мислите како тоа треба да се решава, кој треба да управува, дали и на работниците треба да им се даде право да управуваат, во кој степен и на каков начин? Слободно напишете.

4. Во Вашето претпријатие формално заврши процесот на трансформација на сопственоста. Што според Вас ќе се случува следните неколку години во претпријатието, што ќе се случува со акциите, со капиталот, со вработените?

Принципите на анализата на содржината ги применивме и во анализата на овие прашања, на кои испитаниците одговараа во зависност од нивната способност за писмено изразување.

Основната цел на отворените прашања беше да се "продлабочат" некои од одговорите добиени со анкетата. На испитаниците им е дадена можност поопширно да го искажат своето видување на проблемите со кои се соочуваат во претпријатието. Уште на почетокот да кажеме дека тоа во голема мерка делува ограничувачки, зошто многумина сакаа само да говорат, но, еден дел без разлика на степенот на образование и положбата во процесот на трудот, сериозно пристапија и на големо пријатно изненадување скоро половина (околу стотина) претставуваат солидни писмени состави, за тоа на пример, што подразбираат под приватизација и едноставно без разлика на содржината на прашањата, пишуваа за она што најмногу во тој момент (јуни, 1995) ги преокупира.

Би било погрешно да се мисли дека само од неколку зборови, кои се испишани од страна на неколку десетици интервјуирани, ќе можеме да составиме резиме кое ќе ја долови нивната суштина. Но, фактот што истите зборови се повторуваат кај повеќе испитаници и од различни претпријатија, говори нешто значајно за предметот на анализата, односно, ставовите за приватизацијата и за една ментална состојба.

На испитаниците им беа поставени четири отворени прашања (кои беа дадени како прилог на прашалникот) од отворен тип за кои се бараше, се разбира од оние кои изразија желба да одговорат во писмена форма да го образложат својот став. За разлика од 1994 година, кога, иако во воздухот "висеше" еден неидентификуван страв од искажувањата во писмена форма, (веројатно кај испитаниците остави впечаток дека тоа може да се

---

Дали сте во состојба на една до две страни да ја опишете иднината на Вашата фирма?

злоупотреби), во истражувањето од 1995 год. се јавија многу повеќе "доброволци", отколку што планиравме во примерокот.

Во анализата ќе ги прикажеме одговорите на четирите отворени прашања во врска со оценките на вработените за состојбите во фирмата, дали тие говорат афирмативно, негативно или неутрално, потоа, во однос на интензитетот на емоционалноста на исказите, како е нешто напишано и најпосле што е содржината на тоа што е напишано.

## *вредносна насоченост на одговорите*

*"Со сите промени на приватизацијата не сум задоволна таа е неправедна (пљачка)" - (работничка)*

Само три од вкупниот број одговори на првото прашање има афирмативни ставови за фирмата. Карактеристично за нив е следното: во првиот одговор е напишано, "да, поволни се", а во вториот се изразува надеж дека процесот на приватизацијата ќе донесе прогрес. Третиот одговор ја опишува ситуацијата како "матна вода", во која "едни ловат", а други се со "празни раце", но на крајот сепак е оптимист и се надева на подобро утре. И тоа е се од таборот на оптимистите.

Втората група ја нарековме група на "неутрални" одговори и во неа сместивме седумнаесет одговори од вкупно педесетина, колку што одговорија на првото прашање. Ги нарековме "неутрални", не поради тоа што не се вредносно определени, туку што "подеднакво" ги нагласуваат позитивните и негативните страни на приватизацијата. Можеби би било поадекватно да се наречат "нејасни", "конфузни", "неопределени".

Типичен одговор во оваа група е даден од еден испитаник: "приватизацијата носи промени, кои не се во позитивна смисла, но има надеж дека ќе оди кон подобро, па затоа и се прифаќа". Потоа, промените се "добри, но треба поголема контрола", "има секакви појави и морални и неморални, и прогресивни и регресивни, и чесни и нечесни". Почесто државата се спомнува како еден од факторите кој треба да внесе ред, правилно да реагира и придонесе за доброто на луѓето. Некои се споредуваат со состојбите во други претпријатија, каде ситуацијата е полоша, а состојбите во сопственото пртепријатие се доживуваат како "праведни и добри" и обратно. Некои пак, сметаат дека трансформацијата на сопственоста, "теоретски треба да води во прогрес, меѓутоа истата зависи од многу фактори". Во едно претпријатие вработените постојано ја обвинуваат владата за состојбите. Државата е таа која треба да ги "земе работите" во свои раце и проблемите ќе бидат надминати. Само мал дел од "неутралните" излезот од тешкотиите го поврзуваат со "снаодливоста на поединецот".

"Умерените одговори" главно се обидуваат да ги избалансираат позитивните и негативните ефекти, со предлози за решавање на проблемите. Одговорот на еден работник на најдобар начин ја илустрира таа состојба: "приватизацијата започна со тешкотии, за некои промените ќе бидат добри, за некои лоши". Најчесто во одговорите нема посочено "виновници", или "добитници" како конкретизирани групи или класи. "Некои" се однесува на неопределени групи, поединци, кои припаѓаат секаде, а конкретно никаде!

Во третата најголема група, 30 испитаници од вкупно 50 имаат јасна вредносна определеност, процесот на приватизација се нарекува "кражба", "државен криминал", "неправда", промените се "неморални", процесот не е "добар", но "добар" е за директорите, во него некои "се богатат, крадат" и тоа не води во прогрес. Потоа, промените се лоши, во нив доаѓа до израз само личниот

интерес, тие се поволни само на хартија, праведни само за неколкумина, кои се прават газди, а не го заслужуваат тоа и го изгубиле чувството за човечност. Општествениот имот се "краде" од раководството, а од работа се отпуштаат вработените. За луѓето од функција промените се поволни, како и за шпекулантите, за нечесните, а товар за чесните, за две илјади поволни, а за два милиони неповолни; кај нас постои само "грабеж на општествениот имот". Во социјализмот "сите бевме исти, а сега одеднаш едни имаат, а други немаат". На приватизацијата се гледа како на разурнувачки процес, преку кој претпријатијата се обезвреднуваат, таа се мрази, не се сака и слично, во таа смисла. Дали прашањето е премногу "сугестивно" и "генерира" однапред познат одговор? Сигурно е тоа дека во него има сугестивност, но фактот што се употребуваат многу "жестоки" квалификации за приватизацијата, говори за тоа дека нешто значајно се случува или се случило. Впрочем, и не е мал бројот на познати економисти и професори по економија кои "научно" докажуваат дека приватизацијата е кражба! За нас е значајно тоа, што приватизацијата од испитаниците е разбрана како "кражба", "не морал", која не води во прогрес, која е во корист на мал број луѓе и го разорува општеството! Тоа е мислењето на мнозинството во фирмите, кои треба да го понесат товарот на реформата. Но, дали навистина во фирмите има такви појави кои ги опишуваат вработените? И да нема, за нив се говори како навистина да постојат. За нас, само тоа е вистина.

## *зошто не се задоволни вработените*

*"Пискот се слуша низ цела Македонија, се она што работникот изминатите педесет години го створил сега му се ограбува" - (работник).*

Второто отворено прашање се однесува на незадоволството на испитаникот од состојбите во фирмата, односно што е она што му смета, го нервира и слично. И на ова прашање добивме педесетина одговори и ги класифициравме во седум групи и тоа: општи одговори (10), одговори кои се однесуваат на раководниот кадар (6), организацијата на работа (8), платата (9), статусот на фирмата (6), меѓучовечките односи (3) и сосема неодредени (6) одговори од типот "немам коментар", или напишале "од приватизацијата ништо", "корупција" па дури и "не смеам да ја кажам виситината".

Одговорите на второто прашање во голема мера се слични на првото. Секој петти испитаник одговара дека е незадоволен од тоа што "се краде", "се лаже", што се нема доверба во луѓето, дека се е "претворено во измама", дека во општеството "сите се ајдуци" што се на функција, било во фирмата, било во државата. Голем дел од одговорите се сведуват само на таксативно набројување на незадоволството од платата, работното место, раководството, од "недомаќинското работење". Некои ги нервира неработењето и тоа што голем број од работниците сеуште мислат дека е социјализам, потоа, некои неписмени "водачи", а раководат, дека државата е таа која ги ослабнува фирмите "па потоа сака да не приватизира". Разликата во плати е "многу мала, фактички никаква", "нема наградување за креативност", "јал не јал, три и пол" и слично. Само еден напишал дека е "задоволен", но на што конкретно мислел, тешко е да се

претпостави. Сигурно е дека има и задоволни, но кои се причините за таквото задоволство, остануваат нејасни.

## *раководен кадар*

Шест, од вкупно педесет одговори поконкретно се однесуваат на тема; "раководен кадар". "Малку мислат да го направат претпријатието успешно или не се способни за тоа" е забелешката на еден работник. Друг работник го нервира тоа што има чувство дека работи во "логор за експериментирање со живи луѓе", потоа, незадоволството произлегува и од "неработење, ветување и неисполнување на сите работи кои се пред нив. Луѓето не се информирани што се случува во фирмата, а тоа "придонесува за затегнување на меѓучовечките односи". Проблеми создаваат и приватните фирми, кои се во сопственост на директорите, кои купуваат стока по пониска цена, со што се одлива државниот (општествен) капитал. Ако судиме по тоа како го искажале незадоволството од раководниот кадар, тогаш сме близу до констатацијата дека вработените многу негативно се произнесле за своите претпоставени и раководители. Што значи тоа за мотивот за работа, не е тешко да се претпостави. Се добива впечаток дека секој што е на пониска функција, најлошо говори за оние "горе" и така, од дното до врвот на управувачката хиерархија.

## *акционери без право на глас*

За внатрешната организација на фирмата поконкретно се изјасниле осум вработени. Вработените се убедени дека нешто се шпекулира во претпријатието, дека некој има голема корист, а додека тие што работат не добиваат ништо. Потоа, незадоволството најчесто, го лоцираат во сферата на "нееднаквата распределеност на работата". Ситуацијата со воведувањето на приватизацијата доведува до "депресивна состојба", до "најлуди црни претпоставки за судбината кај нас" и "обезвреднување на трудот и основните средства". "До кога ќе се толерираат неработниците", се прашува еден вработен и само констатира дека "трудот реално треба да се награди". Законот перфидно се изигрува, а работите се многу нејасни. "Акционери, а без право на глас". Во претпријатието се случуваат нечесни работи, крадење и обезвредување на имотот, а тоа се "извршува со благослов на Владата со неспроведување на законот", се жали еден работник од фирмата која 1996 падна под стечај. Во едно од претпријатијата, во кое се изврши истражувањето, вработените најмногу се жалеа на тоа што има само "казнени одредби, а нема стимулација и наградување". Распределбата не е "спрема оствареното, туку се дели подеднакво на сите". Одлучувањето и раководењето е "централизирано, не се слуша мислењето на стручњаците".

Од одговорите се добива впечаток за општото незадоволство од организацијата на работата, од поставеноста на раководниот кадар, во однос на работниците. Видливо е чувството дека се кршат законите, дека во државата владее општ хаос.

Десетина од испитаниците, поконкретно се задржале на состојбите на платите, како ништо друго да

не ги интересира, туку што не земале плати или што е присутна неадекватна распределба, што нема "правилно рангирање на вредностите меѓу луѓето". Дури еден од интервјуираните повеќе пати напишал "нема плата" и "мала плата". Тоа многу говори за состојбите. Интересно е да се забележи дека кај еден дел од испитаниците, иако фирмата во која работат е приватизирана, се жалат за тоа што приватизацијата сеуште не започнала! Таа состојба на "неизвесност", како што велат испитаниците, создава "психоза за нервоза", "страв и неизвесност", "не се знае ништо за приватизацијата".

Неколку куси одговори се однесуваат на меѓучовечките односи, пред се, несогласувањето меѓу луѓето, ерозијата на моралот, отсуството на чувство за праведност и одговорност.

## *да раководи човек шӣо ќе даде ӣари од џеб*

Со третото прашање се обидовме да ги доловиме размислувањата на вработените за управувањето со претпријатието, кој треба да управува и дали работниците треба да учествуваат во тоа.

Одговорите ги поделивме во неколку групи зависно од тоа дали се преферира самоуправување или менаџерско управување. Од вкупно 35 испитаници, половина заговараат идеи од самоуправен тип, а другата половина се убедени дека, само менаџерите или стручен тим може успешно да управува. Општ впечаток сепак е дека сеуште нема јасно издиференцирано мислење по ова прашање. Но, да ги проследиме одговорите, односно што е напишано и како е напишано. Неколку испитаници сметаат дека треба да управуваат оние "кои ќе внесат свеж капитал", а работниците да бидат "заштитени од

државата", од работодавачите кои "ќе тежнеат да ги експлоатираат".

*"За македонскиот народ е само едно, камшик и јарем да се свести", - (работник)*

Скоро 1/3 од испитаниците во однос на тоа кој треба да раководи, изнеле многу неодредени одговори. Прво, сметаат дека треба да управуваат и директорот и работниците. Второ, дека работникот треба да работи, а не да управува, но да биде заштитен со закон и договори. Трето, треба да се формира тим од претставници од секоја работна единица. Четврто, одговорите се движат во насока "дека така треба да биде организирано, да има плата, да нема технолошки вишок, да има работа, а да нема недоразбирање!

*"Претпријатието да го води тим (чесни луѓе) на вистински пат, а никако поединец, бидејќи ќе има неправди". - (службеник)*

Работниците се залагаат за "силен менаџерски тим". "Веднаш би ги пренеле правата на управување на силен и добар менаџер", а своите права работниците "би требало да ги остварат преку постоење на силен и независен синдикат". Може да управува само добро упатен човек со "свој тим". Тој човек треба да се соживее со проблемите на работниците од непосредното производство. На работниците не треба да им се даде "да управуваат, туку добра работа и добра плата". "Треба да управуваат само стручњаци и чесни луѓе". Меѓу ретките одговори за тоа кој треба да управува со сретства и "управниот одбор", кој треба да го сочинуваат само работници. Тој треба да избере директор кој ќе раководи со претпријатието.

"Работниците треба да управуваат до тој степен до кој ќе можат да имаат контрола на она што е нивно и што е заработено и да си го земаат правилно, а да нема експериментирање со работната сила", запишал еден службеник. Треба да се управува колективно зошто "според мене десет многу добри се подобри од еден", напишал друг испитаник. Кога се спомнуваат "стручњаците или менаџерите" секогаш се мисли на "чесни луѓе" кои можат да "проникнат во иднината". Но, за своите менаџери, тоа го велат многу ретко!

## *од газда боли глава*

Скоро 1/3 од триесет и петте испитаници кои одговориле на ова прашање сметаат дека "работникот секогаш треба да има право на управување", со напомена дека тој треба да биде "добар работник" и да биде свесен за домаќинско работење. "На работниците да им се даде право на глас, од газдата глава боли".

Неколкумина интервјуирани, во своите подолги есеи за тоа кој треба да управува си спомнуваат за социјалистичките времиња, кога "средствата за производство беа во рацете на работниците и со какво право, сега им се нанесува неправда, им се одземаат од новопечените сопственици, кои до вчера беа голтари, крадци, неработници... "Работниците знаат што сакаат, а раководителот треба да ги разбере", напишал еден вработен. Во одговорите се сретнуваат и формулации од типот "сите да управуват, а директорите најмногу". Сепак, како што вели еден вработен, "подобро беше да останеше социјализмот и самоуправувањето". "Капиталот е на сите, а не на поединци", го заклучува својот есеј друг вработен. Во одговорот на поставеното прашање еден одговор се издвојува од сите со убав ракопис (украсувани букви),

човекот го напишал само зборот, "самоуправување" и додал "толку"!

Ако судиме по тоа како испитаниците ја презентирале темата "управување" се чини дека владее голема збрка во нивното поимање, што всушност претставува тоа во новите услови. Но, ако судиме по тоа како го претставиле, неизбежен е заклучокот дека вработените секогаш кога го употребуваат зборот "менаџер", "стручњак" во едно апстрактно значење, секогаш му додаваат по некој збор што асоцира на "чесност", "визија", "добрина", а кои се губат во употребата на конкретното значење кое упатува на луѓе од нивната поблиска или подалечна околина! Тоа не е тешко да се сфати зошто е така, но прашање е до кога тоа ќе го мислат!

## ***иднинаӣа како враќање во минаӣоӣо***

*"Не сум во состојба да ја опишам иднината на фирмата" - (работник)*

И најпосле дојдовме до четвртото отворено прашање кое се однесува на иднината на претпријатието. Како вработените ја доживуваат иднината?

Она што е евидентно кога се читаат одговорите на прашањата е многу скржавиот речник, за разлика од одговорите на претходните прашања. Особено во одговорите каде доминира крајниот песимизам: "нема иднина"! напишано со големи букви преку цела страна, или, "се краде и се оди во пропаст" или "општ грабеж", "целосен колапс", "ќе останат многу на улица". Оние кои напишале нешто повеќе, една до две страни, се обидуваат целиот проблем да го насочат спрема раководството, кое "се однесува како газда", "раководството кое што воопшто

не сака да разговара". "Се зависи од управувачкото тело и пазарот", го започнува еден вработен својот одговор. Друг, кој исто така опширно ја опишал иднината на својата фирма, завршува со констатацијата дека се што се прави од тоа најголема корист ќе имаат раководните лица и кога ќе се намали вредноста па претпријатието истите тие ќе го откупат за ниска цена и ќе го присвојат на отплата за дваесет до триесет години.

За иднината на претпријатието се напишани само неколку реченици. Еден испитаник смета дека во иднина би требало да биде подобро со "оглед на тоа што ќе има големо ангажирање и одговорност". Друг работник пак, својот оптимизам го засновал на акциите кои ги поседуваат вработените; "сите ќе бидат задоволни и успешно ќе се оди напред" и ништо повеќе. Пет од вкупно 25 колку што одговориле на прашањето, иднината на претпријатието ја опишуваат како "неизвесна", "незавидна". "Сите сме во голема неизвесност, бидејќи многу работи се неразјаснети од страна на Агенцијата за приватизација. Во фирмите се води "борба" за групирање на акциите кај мал број луѓе. Вработените се чувствуваат несигурни за својата судбина и нивната лична егзистенција. Некои иднината на фирмата ја опишуваат како процес на "отпуштање на технолошкиот вишок, а претпријатието ќе биде раководено од еден или мал број на акционери". "Ни раководството нема добро да помине, оти секое трпение има свои граници". Неколку од анкетираните, иднината на фирмата ја поврзуваат со улогата и значењето на акциите", со "отварањето на берзата на акции ќе почне нагло продавање на акциите на вработените", а голем дел од тие акции ќе ги "откупат" раководителите со што ќе се определи и власта во претпријатието, а со тоа и поголема заинтересираност на раководниот кадар. Акционерството ќе доведе и до ситуација во која бројот на вработените ќе се намалува, а капиталот ќе се сконцентрира кај "порентабилните производни процеси".

## *соочување со реалноста*

Дали само врз основа на анализата на отворените прашања може попрецизно да се определи подготвеноста на вработените да се соочат со промените кои со себе ги носи приватизацијата?

Кога ќе погледнеме подлабоко во суштината на одговорите произлегува дека промените се доживуваат како "елементарна непогода", дека тие се "неправедни, неморални" и не може во нив да се препознаат елементи кои упатуваат кон "прогрес".

Најголем дел од испитаниците од вкупно 200-те испитаници, околу 2/5 главно се со изразито негативна конотација, со жесток јазик, опишани се, разбрани или сфатени состојбите во фирмите, околу 1/5 се "неутрални" во смисла на недоволно изградена вредносна позиција на испитаникот, а само мал дел (до 10 отсто) се обиделе сосема "ладно" да проговорат за состојбите. Да се потсетиме, истражувањето беше реализирано во јуни 1995 год, две години од усвојувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и пет години од "големиот тресок".

Најголем дел од зборовите кои се употребени за да се опише состојбата, сами по себе говорат за ставот на испитаниците, а такви зборови се присутни во скоро половината од одговорите. Зборовите се емоционално обоени, што говори за тоа дека испитаниците не се труделе како тоа да го кажат, туку што сакаат да кажат. Не ретко прашањата се однесуваа на една тема, а одговорот на нешто сосема друго.

Основната цел што си ја поставивме со ваквиот пристап, за да дознаеме нешто повеќе за ставовите на испитаниците, беше да ја доловиме првичната реакција

без многу размислување и за кратко време да го кажат она што им "лежи на душата". На наше големо задоволство, бројот од околу двесте одговори е сосема доволен за да се почувствува пулсот на промените на еден оригинален начин, кој нема во краен случај да го повреди достоинството на оние кои тоа го напишале, а на наше големо изненадување некои од нив, иако испитувањето имаше анонимен карактер, одговорите ги потпишуваа со име и презиме. Фактот што некои и по половина час наведнати над празниот лист напишаа само еден збор изгледаа задоволни од тоа што го напишале. Примерот со една работничка која на прашањето за управувањето во фирмата напиша само еден збор "самоуправување" со засенчени букви или одговорот на еден испитаник кој за состојбата во фирмата со големи букви напишал "се е кражба", говори за нешто драматично за состојбата во која се нашле претпријатијата. "Кражбата" не мора да е реална, но таа постои во свеста на луѓето. Ние, како истражувачи ниту можевме, ниту имавме намера реално да согледаме дали навистина се краде, како се краде или што се краде, или да истражуваме како се раководи за да се провери ставот на вработените, дека навистина ги раководи лошо раководство. "Субјективната перцепција" може да нема ама баш никаква објективна подлога, но таа станува реална оној момент кога луѓето практично ќе почнат да се однесуваат во согласност со своето уверување, така како што мислат. Тогаш, навистина се крадело, иако како што рековме, не мора да одговара на реалноста.

# АНАЛИЗА НА АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Пред да се впуштиме во анализата на ставовите на испитаниците за приватизацијата, на почетокот, нужно се наметнува да кажеме нешто повеќе за нив, кои се тие луѓе, какви се нивните примања, дали редовно земаат плата, на која возраст се, какво образование имаат, дали имаат дополнителни приходи. (поопширно прилог табела на крајот на книгата.)

Основното правило при анкетирањето беше следното: во рок од 2-3 часа беа земени во планот за анкетирање сите кои прво изразија желба и кои во тој момент беа слободни. Одговараа во групи или поединечно, сами или со помош на анкетари, без било какви сугестии или објаснување (освен некои чисто технички прашања околу тоа како се пополнува прашалникот) и најчесто на самото работно место и без било какви сугестии од страна на раководството, кои како претходно забележав дури покажаа незаинтересираност, за тоа што прават анкетарите, или што е целта на истражувањето. Фактот што скоро сите вработени во една смена, во погоните каде беше извршено истражувањето влегоа во примерокот, не ослободи од тоа дека треба примерокот да го базираме на правилата на случаен избор.

Скоро за 30 отсто од испитаниците висината на последната плата (мај, 1995) изнесувала до 4 000 денари, а за 37 отсто до 8 000 денари, што значи дека 2/3 биле платени под просекот на Република Македонија. Состојбата една година подоцна (1996г.) суштински не е променета во однос на висината на платите. Слична состојба е забележана и во однос на редовноста на платите и висината на доходот по член на домаќинство. само 11 одсто го пополнуваат семејниот буџет со приходи

надвор од редовната заработувачка, а скоро исто толку се занимаваат со дополнителна приватна дејност. Најголемиот дел од вработените, според тоа како изјавиле, се исклучително зависни од на заработувачката во фирмата. Сигурно е и тоа дека се сретнуваат многу нелогичности, но реалноста е таква, што луѓето и понатаму живеат. Само 8,3 отсто сметаат дека се реално платени (1996г, 11,5 отсто), а другите изјавиле дека воопшто не се реално платени за вложениот труд.

Во околности кога платата е ниска не е потребно да се нагласува дека вработените имаат значително поголеми потреби, отколку што реално заработуват. Фактот што само 5 отсто изјавиле дека 10 000 денари им се доволни за задоволување на основните потреби на домаќинството не е потребно да се коментира. Потоа, 2/3 од сите испитаници изјавиле дека имаат проблеми со подмирување на потребите за исхрана (67,7 отсто) облекување (81,9 отсто) трошоци, за струја, вода и слично (77,2 отсто), јасно говори за социјалната положба која слободно можеме да ја оквалификуваме како осиромашување или "под границата на нормалниот живот". Скро 2/3 изјавиле дека животниот стандард им се намалил во однос на минатата година, што истото го изјавиле и претходната 1994.

Главен виновник што дошло до опаѓање на животниот стандард за 2/3 од испитаниците е Владата на Република Македонија, само 5,9 отсто сметаат дека тоа се должи на "сопственото неснаоѓањето" приближно толку сметаат дека е виновна и Грција со нејзината блокада. Наследството од стариот социјалистички систем (за 5,2 отсто) влијаело на опаѓањето на животниот стандард, што не е така голем процент, но, што се подразбира под "наследство" навистина е тешко прашање. За тоа дали ќе им се подобри материјалната положба идната година, процентот на песимистите е околу 50 отсто, а 1/5 се убедени дека тој ќе почне да се поправа! И на крај, во рамките на оваа група на одговори испитаниците беа

запрашани за тоа што би можело да придонесе за да се подобри нивната материјалната положба: 2/5 се надеваат на отстранување на блокадата од Грција и одобрување на странски кредити. (Тоа се т.н. надворешни фактори), 1/5 дека тоа може да биде резултат само на личната иницијатива (се зависи од мене) и 1/5 подобрувањето го поврзуваат со доаѓањето на опозицијата на власт, а за останатите 15 отсто тоа е нешто друго!

Профилот на просечниот испитаник отприлика е следниот: човек на возраст од 45 години, живее во семејство од 5 члена, не се занимава со некоја дополнителна дејност и нема дополнителни приходи, зема просечна плата, (1/3 не примиле плата последниот месец), смета дека не е платен за својата работа, приходот не му е доволен, има проблеми со подмирување на основните потреби во домаќинството, со загрозен стандард, ја обвинува Владата дека причината е таа за таквата состојба, и има поделено мислење за тоа, кој е тој што може да го подобри неговиот стандард во иднина!

## *структура на испитаниците*

Најголем број од испитаниците се со средна стручна подготовка (60,6 отсто), а другите со виша или висока подготовка, основно училиште или училиште за занимање. Најповолна образовна структура поседуваат вработените во ФАМ, со виша или висока школа се 35,4 отсто, а со средна или училиште за занимање 63,2 отсто. Податоците покажуваат дека во однос на школската подготовка земени се испитаници со повисок степен, што може да влијае врз крајните резултати. Процентот на оние кои се од непосредното производство и процентот на оние кои се вон непосредното производство е скоро еднаков. Најголем процент на работници се опфатени во "Тане Цалески" од

Кичево, а службеници во "Аутомакедонија" во Скопје. Од вкупниот број, 38,7 отсто изјавиле дека се на раководни места (на било кое ниво). Најмал број раководители се анкетирани во ЕМО во Охрид, а најмногу во Аутомакедонија. (види прилог табели)

Во однос на големината на работниот стаж доминира категоријата на вработени до 20 години (40,3 отсто) и над 20 години 35,4 отсто. Интересни се податоците во однос на висината на платите. Кога ќе се направи ранг листа за висината на платите на прво место, ако ги гледаме од аспект на најниската, се регистрирани кај вработените во Аутомакедонија, до 5000 денари (кои повеќе месеци не примиле плата) со 63,2 отсто, потоа следат вработиените во "Тетекс" (51,5 отсто) и вработените во ЕМО (34,5 отсто). Потоа, со плата над 10 000 денари се вработените во "Електрометал", (31,3 отсто) и ФАМ (29,2 отсто). Останатите се движат негде околу просекот до 7 500 денари. Од податоците се гледа дека станува збор за релативно ниско платена работна сила.

На прашањето, "дали редовно земате плата", ако ја исклучиме "Аутомакедонија", каде 100 отсто одговориле дека нередовно земаат плата, во некои претпријатија одговорите на испитаниците се поделени, некои изјавиле дека примаат редовно, некои дека не примаат, (во ЕМО 39,3, отсто дека редовно примаат, 59,5 отсто дека нередовно примаат!) Сличен одговор дале и вработените од "Тиквеш"). Навистина тешко е да се сфати за што станува збор, имајќи ја предвид недвосмисленоста на прашањето и практиката на примањето на платата, која важи за сите во фирмите!

Најголем процент на оние кои сметаат дека се реално платени е забележан во "Електро-метал" (20,9 отсто), а најголем процент дека се нереално платени е забележан кај вработените во ЕМО, дури 94 отсто.

За вработените од "Електро-метал", "Тиквеш" и "Тетекс" тоа што не се реално платени виновна е блокадата од страна на Грција, а за вработените од

"Аутомакедонија", ЕМО, "Жито Битола" и "Тиквеш", околностите во кои се наоѓаат фирмите (распределбата, раководството и сл.)

Оценките на вработените за тоа дали станува збор за успешно или неуспешно претпријатие и на што се должи тоа, го истакнува феноменот на умешноста на управувањето со претпријатието: ние уште еднаш тоа го потенцираме, не истражуваме дали навистина објективно станува збор за успешно или неуспешно претпријатие, за успешни или неуспешни раководители, туку анализираме ставови на вработените, а тие не се ниту лажни, ниту вистинити.

Во некои претпријатија, вработените во најголем дел, неуспешноста на фирмата ја поврзуваат со неснаоѓање на оние кои раководат! Најголем процент од вработените во "Тетекс" се убедени дека станува збор за успешно претпријатие (со вкупно 34,8 отсто), најголем процент во ФАМ се убедени дека тешкотиите со кои се соочува фирмата се од "објективна природа" (53,8 отсто), а најголем процент за "субјективни фактори" е забележан во "Аутомакедонија" (61,8 отсто). Се забележува изразита поделеност во мислењето кај испитаниците за потеклото на тешкотиите во кои западнале претпријатијата.

## *информирање*

За тоа каква е информираноста во претпријатијата тешко може објективно било што да се каже. Тоа, впрочем, не беше и целта на истражувањето. Она што сметаме дека е значајно да ја согледаме информираноста или поконкретно, ставот на вработените за тоа колку се информирани за приватизацијата што е нормално да се очекува, дека тие се и најмногу заинтересирани и според тоа и би требало да се очекува дека се и доволно информирани.

Од вкупниот број испитаници, само 14,7 отсто сметаат за себе дека се целосно информирани за приватизацијата, 45,8 отсто за "нешто биле и се интересирале", но за многу нешта не знаат што се случува, а околу 15 отсто сметаат дека "целосно биле исклучени" од било какви информации и покрај тоа што покажувале интерес, а 10 отсто, ниту покажувале интерес, ниту пак некој нешто им кажал или прашал за тоа.

Во истражувањето, една година подоцна, (1996г), 34,1 отсто изјавиле дека воопшто не се задоволни од информирањето, исто толкав процент дека некој ги крие информациите за приватизацијата, а 40 отсто не знаат да проценат дали се или не се информирани.

Од податоците добиени од истражувањето нужно се наметнува заклучокот дека станува збор за големи пропусти во информирањето, за еден можеби најзначаен процес кој денес се случува. Само да се сетиме уште еднаш дека сепак станува збор за вработени со најмалку средна школска подготовка, со скоро 50 отсто вработени во службите и 30 отсто на раководни места!

Кога ќе го погледнеме степенот на информираност во однос на тоа за кое претпријатие станува збор, ќе констатираме дека најмалку се информирани вработените во "Жито Битола" и "Тиквеш", каде околу 1/3 се "целосно исклучени" од системот на информирање за приватизацијата, а 1/4 солидно се информирани во "Електрометал" и "Тане Цалески".

Што значи информирањето за успешна реализација на процесот на приватизацијата не би требало посебно да се нагласува. Факт е дека голем дел од вработените практично "не знаат" што се случува во нивната фирма. Голем дел од информациите се базираат на "меѓусебно информирање" кое не е секогаш насочено кон објективност и најчесто е подложно на манипулација и дезинформации!

Но, да видиме, каква е состојбата на тој план во однос на основните белези на испитаниците. Во однос на

степенот на образование, најголем процент на "целосно исклучени" се чувствуваат оние со најнизок степен на образование, но не е занемарлив и процентот на оние со високо образование, (15 отсто), а 6 отсто воопшто не се интересираат! Тоа значи дека секој петти со висока школска подготовка во поглед на информирањето се целосно исклучени и практично, како велат за себе, "не знаат" ништо за тоа што се случува во фирмата?

Во однос на лицата кои се на раководна положба, не се забележани некои позначајни разлики меѓу оние кои се и оние кои не се раководители: скоро 1/3 од раководителите или се целосно исклучени од информирањето или воопшто не се интересираат, а само 16 отсто за себе сметаат дека се во тек со работите околу приватизацијата. Како тоа да се разбере?

## *сопственоста на претпријатието*

Што ќе се случи со претпријатието во иднина? Кој ќе го присвои? Испитаниците во најголем процент, 36,2 отсто (колку и 1996 год.) се убедени дека ќе го присвои раководството на фирмата, 1/3 сметаат дека ќе остане на вработените (акционери) околу 11 отсто на државата, исто толку дека ќе го купат лица од надвор.

Навистина е тешко да се претпостави што ќе се случи во иднина со сопственоста на фирмите, но тоа што секој трет вработен е убеден дека раководството ќе стане сопственик, може да имплицира многу поволни, но и неповолни состојби, во секој поглед и на подолго време. Најголем процент, дека фирмата ќе ја присвои раководството е забележан кај оние со високо образование, повеќе од 2/3 од, на пример, оние со

училиште за занимање, кои значително помалку, само 1/3 се убедени во тоа.

## *дали приватизацијата ќе успее*

Дали и во колкав процент вработените се убедени во успехот на приватизацијата и што всушност значи да се биде "оптимист"? Што значи тоа да се биде "оптимист" навистина е тешко да се претпостави, но фактот (став на вработените) што 40,8 отсто не веруваат во успехот на приватизацијата, а само 15 отсто дека веруваат во тоа, многу говори и за приватизацијата и за начинот како таа се спроведува. Потоа, фактот што 2/5 од испитаниците сметаат дека луѓето (од нивната околина каде работат и живеат) не веруват во приватизацијата говори за една состојба во свеста на луѓето која е крајно неповолна од аспект на "субјектот на приватизацијата". Некои од претпријатија (мај, 1995г.) ја имаа завршено приватизацијатата, според законот, но кај нив, сеуште не започнале суштински промени во свеста и однесувањето "дека нешто во нивната фирма крупно се случило"! Тоа тешко може да се објасни од "сувите" податоци од анкетата. Всушност, ние сеуште "однадвор" ги посматраме процесите онака како тоа во своите ставови, вработените "одвнатре" ни ги презентираат: објективната ситуација останува вон доменот на нашата анализа. За нас, колку тие ставови одговараат на објективната ситуација, засега е непотребно прашање!

Во истражувањето од 1996 год., на прашањето како вработените ги чувствуваат промените, околу 30 отсто изјавиле дека тие се движат кон полошо, околу 1/3 не знаат, а 1/5 се убедени кон подобро!

## *аномија: драматургија на секојдневието*

"Претпријатието во трансформација" претставува идеална средина, која создава аномични поединци, односно, луѓе кои се чувствуваат немоќни, активностите ги доживуваат бесмислено, работат во услови на отсуство на норми, правила, закони, повеќе или помалку се чувствуваат отуѓени и изолирани, дезорганизирани и полни со предрасуди.

Во потесното значење на зборот, од гледиштето на поединецот, аномијата е дефинирана како уверување дека за да се постигне одредена цел, потребно е социјално недопуштено однесување. Некои социолози говорат за самоотуѓување, а како најкарактеристични варијанти ги наведуваат, немоќта безмисленоста и социјалната изолација. За отуѓувањето како чувство на бесмисла говориме кога на поединецот не му е јасно во што да верува, кога нема ни минимум стандарди за разумно одлучување (Rus, 1994).

Нашата цел во анализата во голема мера потпомогната е од очигледноста на фактите во кои се наоѓаат претпријатијата и вработените; општа криза, состојба на безизлез, долго време отсуство на законитост, распад на сите вредности.

Колку објективно и какво влијание има во претпријатието, не е цел на нашата расправа. За нас значајно е чувството што вработените го носат во себе, односно, субјективниот став за тоа колку лично за себе сметаат дека влијаат врз она што се случува.

Скоро 2/5 од испитаниците (резултат од анкетата 1995) "многу се согласуваат" со ставот дека во претпријатието немаат никакво влијание. Процентот на оваа категорија вработени е нешто повисока во 1996 г. и се приближува до половината од вкупниот број (47 отсто).

Значи, за една година наспроти нашето очекување да се намалува, се зголемил бројот на оние кои немаат влијание. Но, се намалил бројот на оние кои воопшто не се согласуваат со тоа за близу 10 проценти, и од 1/4 во 1995 год. се спуштил на петнаесетина проценти. Во секој случај висок е процентот на оние кои се целосно исклучени од влијанието на случувањата во претпријатието.

Кога ќе ја погледнеме состојбата по претпријатија, се чини дека е сосема неразбирливо, процентот во некои од нив да изнесува над 50 отсто, кои имаат чувство на немоќ, а во некои не достигнува ни 1/4, на пример во ЕМО и ФАМ. За разлика од "Тиквеш" каде процентот на согласување со ставот дека немаат или имаат мало влијание е многу низок. Дали вработените во "Тиквеш" објективно имаат значајно влијание врз она што се случува, не е интерес на нашата анализа. Примерот со "Аутомакедонија", кога во моментот на нашето истражување вработените ја "имаа" ситуацијата во свои раце, но што под тоа вработените подразбираат, тешко е да се претпостави. Тоа, во голема мера ја потврдува и состојбата кога степенот на влијание ќе го доведеме во врска со степенот на образование, колку расте степенот на образование, толку се намалува процентот на оние кои имаат чувство дека немаат ама баш никакво влијание! "Најнемоќни" се чувствуваат оние со ВСС и нивниот број изнесува скоро 50 отсто (за себе сметаат дека немаат никакви влијание) и заедно со оние кои "имаат и немаат" влијание е скоро 80 отсто! Како го разбираат "влијанието" оние со основно училиште тешко може да се разбере и што е за нив влијание и во кои сфери тоа се исполнува. Можеби станува збор за различни сфаќања за тоа што претставува објективно што воопшто значи да се влијае врз состојбите? Се чини дека сеуште не сме свесни за значењето на она што е наследено од минатото, а кое притиска врз свеста на луѓето?

Во однос на местоположбата во процесот на трудот не се забележани поголеми разлики. Нешто малку е

поизразено согласувањето со ставот кај вработените во службите, што на некој начин е надвор од здравиот разум, ако не за друго, барем од убедувањето за достапноста на информациите. Вработените од непосредното материјално производство се чувствуват посигурни во својата позиција и за себе сметаат дека имаат поголемо влијание! Раководниот кадар, во најголем процент за себе смета дека "и има и нема" влијание! Скоро 2/5 се на средината меѓу "влијанието" и отсуството на било какво "влијание". Тоа уште повеќе го усложнува разбирањето на оваа анемична "драматургија на секојдневието" на вработените во однос на влијанието врз состојбите во фирмата.

Без продлабочени истражувања, за тоа што одредена категорија подразбира под "големо" влијание и без објективна анализа, навистина кој има "најмногу влијание", не се пожелни поопшти заклучоци. Но, останува сознанието дека околу 2/3 од испитаниците се согласуваат со ставот за малото или никакво влијание што претставува значаен показател за состојбите во фирмата. Моќта е сепак некаде концентрирана! Таа може да биде "невидлива", "неразбирлива", но во секој случај "доживеана" од вработените!

## *чувство на немоќ за заштита на интересот*

Дали вработените се немоќни?

Немоќта се дефинира како очекување или веројатност, која ја доживува поединецот, дека неговото однесување не влијае врз резултатите или наградите кои ги бара во нашиот случај, немоќ да се заштитат сопствените интереси.

Кога некој ќе ви се пожали дека не е во состојба да ги заштити сопствените интереси, нормално е да

поверувате дека е немоќен. Нешто повеќе од 2/5 од испитаниците "многу се согласуваат" со ставот дека "не се во состојба да ги штитат сопствените интереси", нешто под 1/4, дека воопшто "не се согласуваат". Во истражувањето од 1996 год. бројот на овие вторите е намален за скоро 10 отсто, што значи дека вработените се повеќе се убедени дека нивните интереси се загрозени.

Дали степенот на обрзование влијае врз тоа? Би било нормално луѓето со повисоко образование барем да се чувствуваат посупериорни во заштита на своите интереси и права. Но, нашето истражување покажа дека тоа не е така! Дури кај оние со највисок степен на образование (45 отсто) за неколку проценти повисок е бројот на оние кои се согласуваат дека не се во состојба тоа да го прават од испитаниците со основно училиште (42,9 отсто)! Кој, како и колку ги штити "своите интереси" објективно не е можно да се процени, но, нормално е да се верува дека човек со факултет, би требало да биде во состојба тоа да го прави повеќе од оној без или само со основно училиште! Но, во период на транзиција тоа не мора да е така. Дури би рекле дека академците кои најголемиот дел беа во средната класа, "новиот систем" ги "раствори" и ги гурна кон подолните степени на општествената хиерархија.

## *несреќни луѓе*

Дали постои општ поим за среќа и што претставува среќата за човекот? Секој човек на свој начин ја доживува среќата и некоја општо прифатена дефиниција за среќата не постои. Но, кога статистички ќе се констатира дека нешто повеќе од 1/5 (анкета 1995) и скоро 1/3 (анкета 1996) од испитаниците многу се соогласуваат со ставот дека се што човекот постигнува е само среќа и се зависи

од неа, што заедно со оние кои малку се соогласуваат формираат мнозинство од нешто повеќе од 2/3 од вкупниот броје нешто што принудува на размислување. Да се верува во среќа е исто како да се верува во "празна надеж", но со тоа навлегуваме во "филозофската" страна на човековиот живот. Кога се сруши социјализмот, многу луѓе беа "среќни и задоволни", но, кога навистина си "отиде" во историјата настана големо разочарување. Луѓето новиот систем почнаа да го доживувват како игра на лотарија. Преку "ноќ" се појавија "ново печени газди", богаташи од најразличен калибар. Нема ден кога "среќата" некого не го изненадила. Несреќни останаа илјадници без работа, плата, осиромашени и напуштени од големите идеали на историјата! Животот масовно прифатен како "среќа" е резултат на сиромаштијата која секавично се шири меѓу широките маси и довчерашните "средни слоеви" во општеството. Тоа е погубно за системот кој надоаѓа, кој бара жртви, пот, одречување и таму каде можеби и не треба.

Ако претпоставиме дека оние со помалку образование се во исто време и полошо економски ситуирани, тогаш нашата претходна анализа има своја вредност. Значително повеќе од испитаниците со понизок степен на образование се убедени дека се зависи од "среќата", за разлика од оние со висока школска подготовка. Веројатно должината на времето поминато во школските клупи кај нив ја уништило претставата дека среќата е најважна работа во животот на еден човек.

## *поединецот е немоќен*

Дали состојбата во која се најде поединецот денес може да се окарактеризира како аномична и поради тоа што недостигаат средства да се постигне саканата цел?

Некои сметат дека "ситуацијата на аномија" најмногу се препознава по однесувањето на поединецот во потрага по одредени цели. Во околности на "убеденост" за непремостливоста на тешкотиите се доаѓа до состојба во која се смета дека се е дозволено! Тоа е ситуација која ја користат оние кои навистина се им се чини можно и кои се во состојба објективно да го прават тоа.

Што покажува нашето истражување? Во услови на радикални промени во општеството и претпријатието за најголем дел од проблемите се многу сложени и вработените во нив тешко се снаоѓаат. Скоро 60 отсто од испитаниците многу се согласуваат (1995г.), а скоро 70 отсто (1996г.), а што со оние кои малку се согласуваат, или (1/5) со што се добива процент од 90 отсто. Она што е интересно за нашата анализа е сознанието што со порастот на степенот на образование се зголемува процентот на целосно согласување дека проблемите се сложени Само 33 отсто од испитаниците со основно образование "многу се согласуваат" наспроти 70,9 отсто од оние со високо образование, а само 9,2 отсто кои воопшто не се согласуваат наспроти 26,2 отсто со основно образование!

Возраста на испитаникот исто така значајно влијае врз неговиот став. Помладите испитаници, далеку повеќе се согласуваат со ставот дека "проблемите се многу сложени", отколку оние со над 45 години. Повеќе од 3/5 од испитаниците до 30 годинни, многу се согласуваат, за разлика од оние над 45 години, кои се изјасниле за тоа во значително помал број.

## *човекот мора да прави нешто што не е во ред*

Прифаќањето на ставот, "за да се успее во животот понекогаш човек е принуден да прави нешто што не е во ред", директно упатува на интензитетет на "аномичноста на една ситуација". Близу половина од испитаниците "многу се согласуваат" со тоа. Слично како и во претходниот став и во овој случај испитаниците со највисоко образование, можеби не толку изразено, но сепак, повеќе од другите образовни групи, "најмногу се согласуваат", што посредно упатува на сознанието дека најголем број се во "аномична состојба". Во суштина, општеството длабоко е западнато во "вредносна и морална" криза, каде лесно се избришани границите меѓу она што е "нормално" и она "што не е во ред". Ако мнозинството се убедени во тоа (со над 70 отсто) заедно со оние кои "малку се согласуваат", тогаш навистина општеството опасно се движи кон состојба на хаос и тотално безредие!

Интересно е да се забележи и следното: помладите многу повеќе се убедени дека за успех во животот човекот треба да прави и нешто што не е во ред. Кај испитаниците со над 45 години само 30 отсто се согласуваат со тоа.

## *благосостојба во хаосот*

*"Поединецот треба да ги почитува оние закони за кои ќе процени дека се во ред".*

Подолго време луѓето се прашуваат "дали во државата има закони"? Ако ги има, тогаш најчесто

одговараат дека треба да се почитуваат но, само за оние за кои поединецот ќе процени дека се во ред. Таа состојба на "разнебитен човек" на постсоцијализмот резултира со многу непредвидливи сценарија во развојот на општеството. Општиот хаос може да биде надминат само со воведување на "општ ред и поредок". Тоа е ситуација слична на нишалото: никогаш да се воспостви рамнотежа, силите на "редот" и силите на "хаосот" се меѓу себе спротивставени и секогаш топчето го туркаат на спротивната страна, кога едната е премногу силна, крајниот резултат е на спротивната страна. А тоа не мора да е така и со постсоцијалистичките општества, зошто социјализмот беше доволно силен во својата тоталитарност. Се чини дека општеството кое го наследи уште долго ќе живее во "благосостојба на хаосот", но и во механизмите на пазарната економија или поточно на квазипазарната економија и која раѓа крајности од секаков вид.

Но, да видиме дали некои се поголеми приврзаници на "законскиот хаос" од другите, во зависност од структурните карактеристики.

Повторно се соочуваме со непредвидливи резултати: кај оние со понизок степен на образование значително повеќе е присутно "субјективното толкување" на законот, (сигурно не од причини што се помалку образовани од оние со највисок степен), кај кои значително повеќе е присутен "волунтаризам" во толкувањето на законите, 50 отсто спрема 37,6 отсто, во корист на академците. Сигурно е тоа дека се потребни продлабочени теоретски анализи и поопширни емпириски истражувања зошто е тоа така и дали оваа состојба ќе остане уште долго време!

## луѓето се егоисти

Најголем дел од вработените сметаат дека луѓето се егоисти, себични, мислат само на себе, другите не ги интересираат. Како да се разбере фактоот што над 2/3 од испитаниците се согласуваат со тоа? Што во суштина значеше "егалитарниот синдром" кој скоро пет децении ја потискаше егоистичката страна на човекот? Кога егалитаризмот најпосле беше осуден за стерилноста за човековата дејност и идентификуван за главна причина за мрзливоста и за гушење на творечкото кај човекот, на општествената сцена се појави егоизмот, кој во првите години на постсоцијалистичкиот стадиум, стана еден од главните фактори на меѓучовечките односи.

Интересна е групата на испитаници со високо образование каде само 4,3 отсто од нив не се согласуваат дека луѓето се големи егоисти, за разлика од оние со најниско образование кај кои тој процент е повеќе од 25 отсто!

## проблемите на општеството

Непотребно е да се докажува и нагласува со кои проблеми и во колкава мера се соочува денес македонското општество. Не постои нешто што не е проблем. Кога им го поставивме прашањето на испитаниците со кои проблеми се соочува нашето општество и да наведат еден кој го сметаат за најзначаен, се покажа дека за вработените се издвојуваат три најважни проблеми и тоа два поврзани со економијата (состојбите во стопанството и невработеноста) и борбата за власт, или за двата подеднакво по 1/5 што вкупно изнесува близу 2/3. Тоа јасно говори дека тежиштето на

проблемите луѓето, за разлика од пред четири години, го поместија кон економијата. Етничките односи, на пример, се застапени со занемарливи 0,7 отсто, криминалот 7,5 отсто и така со ред, но тоа се однесува на анкетата од летото 1995 год.

## *претпријатие во транзиција*

Би било во ред ако навистина нешто поконкретно знаеме за претпријатијата кои се предмет на нашата анализа, освен очигледната вистина дека претпријатијата скоро пет години се наоѓаат во една состојба на радикални промени или на исчекување од страна на вработените, дека се случуваат (или ќе се случат) промени во сферата на сопственичката структура и управувањето, што е понепосреден предмет на нашата анализа. Во суштина, промените кои објективно се случуваат, не значи дека и ги следат соодветни промени во разбирањето и субјективното доживување. Вработените, се чини, како да создаваат "некаков" само за нив разбирлив систем од ставови и вредности.

Зошто е тоа значајно и како може да се разбере во рамките на целината на промените на сопственичката структура, ќе се обидеме прво низ анализата на конкретните одговори да го издвоиме мнозинството кое се приклонува кон еден одреден тип на ставови, а потоа, да ја промислиме целината на промените и по можност ја "објективизираме" можната насока на движење.

## *приватизацијата формално заврши- кои се резултатите од неа*

Од вкупно седум претпријатија каде се изврши истражувањето ("Аутомакедонија" за време на истражувањето во јуни 1996г. веќе беше во стечај) во три од нив, ЕМО, ФАМ и "Тиквеш", започнатиот процес на приватизација беше запрен од причини кои за нашата анализа не се значајни. Тоа што ќе се појават одговори на некои прашања, кои "немаат" смисла, не би требало да не зачудува. Драмата на приватизацијата започна уште на почетококт на 90-тите години (Законот на Марковиќ) и продолжи со новиот закон од 1994г. Тоа е објективната состојба, што значи дека би требало да профункционира новиот систем. Уште еднаш да повториме дека нашата анализа исклучиво се однесува на ставовите на вработените за тие промени. Тоа што тие понекогаш се сосема "контрадикторни", "лажни" или "необјетивни" говори нешто друго и за вработените и за реформите, но во секој случај, реално ја отсликува состојбата на трауматизираниот транзиционен период.

Но, да ја погледнеме оценката на вработените за остварувањето на целите на приватизацијата, како тие беа замислени од Владата. Приватизацијата на претпријатието беше дефинирана како процес кој ќе доведе, пред се, до поголеми економски ефекти и поефикасно управување, а ние додаваме уште една цел, за која сметаме дека е значајна за вработените, праведна распределба. Значи, приватизацијата формално заврши, кои цели се остваруваат најмногу и дали воопшто се остваруваат?

Прво, само 3,7 отсто од сите вработени од вкупно 410 анкетирани (1996), сметаат дека целите се целосно остварени, а скоро 50 отсто (ги исклучуваме анкетираните од претпријатијата кај кои тој процес не беше завршен,

односно, кои останаа без одговор), сметаат дека не е реализирана ниедна цел: ни ефикасно управување, ни економски ефекти, ни праведна распределба. Највисок процент е забележан кај вработените во Електрометал (над 50 отсто). Останатите се движат меѓу 40 и 50 отсто, 14,4 отсто се убедени дека поефикасно се управува, а таа цел за која се смета дека е остварена со над 20 отсто, освен во Тетекс и Жито Битола, во другите претпријатија процентот е скоро занемарлив! Втората цел, остварување на економските ефекти (за сите вработени околу 10 отсто) освен во Тетекс со над 25 отсто, кај останатите фирми процентот е скоро занемарлив.

Вработените во најголем број не се убедени дека приватизацијата започнала да генерира позитивни ефекти. Ефикасно не се управува, нема очекувани економски резултати, нема праведна распределба.

## *кој раководи*

Дали вработените знаат кој раководи со нивното претпријатие и што значи тоа дури и под претпоставка дека се убедени дека добро се раководи. Нешто повеќе од 2/3 знаат кој раководи, но 1/4 не се сигурни во тоа. Во ЕМО, на пример, 2/5 не се сигурни кој раководи со фирмата, а што значи тоа за раководниот тим не е тешко да се претпостави, од прости причини што одлуките за вработените се чини како да паѓаат од "небо", не толку по вина на вработените колку по вина на раководството кои не ги запознале со системот на одлучување и управување! Ако едните не се информирани, другите сеуште не знаат како да се раководи. Слична е состојбата и со "Тетекс" и "Тане Цалески". Во еден систем на јасно дефинирани правила, познати и прифатени од сите, одлуката има своја законска и морална обврска, таа се прифаќа без приговор

и како нормална работа, таа не е насочена лично против никого, а би требало да биде во интерес за сите. Само кога постои правен хаос, во услови на ослабена морална ситуација, се она кое не е во прилог на задоволувањето на личните потреби се доживува како атак врз неговиот интерес. Од аспект на личноста тоа е "нормална" состојба, од аспект на претпријатието како целина тоа е аномична состојба, која, ако потрае подолго време ќе генерира тешки последици од кој тешко се излегува.

## *влијание врз (само)управувањето*

Прашањето "дали имате влијание врз управувањето", малку наликува на "старите добри времиња" од периодот на работничкото самоуправување, кога работниците сепак формално "управуваа" преку органите на претпријатието. Само 13,7 отсто од вкупниот број сметаат дека имаат влијание, (а од вкупниот број анкетирани, 50 отсто имаат некоја раководна функција). За да нема двосмисленост, не би требало "влијанието" да се врзува само со раководното место, туку едноставно, секој вработен би требало да се почувствува дека има некакво влијание. Во ЕМО, на пример, секој четврти вработен смета дека има влијание, а во ФАМ само 7,3 отсто; што навистина луѓето подразбрале што значи тоа, тешко е да се петпостави без пошироки сознанија.

Во ЕМО, 2/5 не знаат кој раководи со претпријатието, што на директен начин го актуелизираат сознанието за влијанието на вработените. Прашањето во тој случај добива друга форма, врз кого се влијае, ако не се знае кој управува? Во "Тане Цалески", секој трет не знае, а најмал процент на "незнајковци" е забележан во "Електрометал". Фактот што секој трет "не знае", односно,

"не е сигурен", е доволен показател дека нешто не е во ред.

Би било нормално ако во фирмата каде работите тргнале кон подобро, вработените да имаат поголемо влијание врз управувањето. Во истражувањето таа претпоставка се покажа како исправен: скоро секој трет кој смета дека промените по приватизацијата се движат кон подобро, е убеден дека има некакво влијание, а само 5,4 отсто сметаат дека по приватизацијата се тргнало кон полошо. Огромното мнозинство, 93,7 отсто од оние кои сметаат дека "работите тргнале кон полошо", за себе сметаат дека немаат никакво влијание врз управувањето. Тоа е показател кој упатува на потребата од воведување на нови форми на непосредно учество во управувањето, кои ќе ги стимулираат вработените за поголемо ангажирање и повисока продуктивност. Тоа е потврда за позитивните ефекти на партиципацијата на вработените.

## *чија е сопственоста на фирмите*

Прашањето ја губи смислата ако биде поставено во нормални услови. И сега е бесмислено за вработените во фирмите, кои по наодите на Агенцијата за приватизација, се 100 отсто приватизирани, а такви има во нашиот случај. Пример, вработените во "Екектрометал" одговорите ги поделиле подеднакво во своја корист и во корист на раковдството, исто како и вработените во "Тетекс". Но, затоа пак во ЕМО одговорите се скоро подеднакво "распределени" во корист на државата, раководството, вработените и други сопственици. Испитаниците на прашањето "чија е сопственоста", очигледно алудираат на "вистинскиот сопственик", инаку како може да се разбере ставот на вработените кога објективно 100 отсто

сопственоста е акционерска, сигурно дека тоа ќе го прават од незнаење! Некој ја "лапнал" фирмата! Дека во тоа има "логика", потврдува и структурата на одговрите за сопственоста на фирмата и прашањето за тоа дали знаат кој раководи: повеќе од 1/3 од оние кои незнаат кој раководи, се убедени дека фирмата е на раководството, наспроти оние кои сметаат дека фирмата е на вработените, а "само" 1/5 не знаат кој раководи. Во секој случај, голем е бројот на оние кои "не знаат", во групата на оние кои се определиле дека фирмата е во сопственост на раководството! Процесот за да се дојде до состојба да се знае кој раководи и чија е сопственоста ќе биде долг и неизвесен се до оној момент кога оние кои раководат ќе сфатат дека без поголема партиципација на вработените нема и поголема продуктивност, но и за тоа кога сопствениците ќе ја разберат својата улога во тој процес.

Дали препознавањето на "титуларот" на сопственоста има врска со ставот на вработените за тоа дали претпријатието се движи кон подобро или кон полошо? Се чини, дека се манифестира едно правило, со порастот на одговорите во прилог на "подобро", се зголемува и процентот на одговорите во прилог на "вработените" (се мисли на сопственоста и обратно). Од вкупниот број на оние кои "не знаат" за состојбите во фирмата по приватизацијата, повеќе од 2/5 сметаат дека фирмата припаѓа на вработените! Тоа е уште еден сегмент кој говори за тоа дека "присвоените" фирми од страна на вработените се "подобри" од оние каде фирмата е на "некој друг". Нашата анализа е на ниво на "ставот", но е во сферата на она што се "доживува", а кое секогаш и не мора да има "реална инспирација". Реалноста е во разнебитената рационалност и расудување, кое се чини, ги напуштило здравите корени на логичното разумското и кое се "ниша" меѓу "минатото и иднината" и никако да запре и се зацврсти на здравите корени на суровата реалност.

## луѓето работеле повеќе за време на социјализмот

Исто така, за вработените од некои претпријатија прашањето кога повеќе се залагале, е бесмислено од аспект на ангажирањето на капацитетите и намалениот обем на производството. Само секој десети испитаник повеќе се залага денес за разлика од некогаш, за време на самоуправувањето, скоро половина сметаат дека подеднакво се залагаат, а останатите четириесетина проценти повеќе се залагале за време на самоуправувањето. "Тетекс" се издвојува по висината на одговорите за поголемо залагање во периодот по самоуправувањето, (секој четврти испитаник), а вработените во ФАМ повеќе се залагалеза време на самоуправувањето, (скоро 2/5)! Би било интересно да се дознае зошто е тоа така!

Кога ќе се спомне зборот "самоуправување" кај луѓето се буди некое пријатно чувство, но, за кое подобро ништо да не се говори, нешто слично, како нешто што сте го сакале и ви го однел неповратно некој друг. Интересно е да го наведеме прифаќањето на ставот "за време на самоуправувањето, правата на вработените беа повеќе заштитени отколку што е тоа денес". Скоро 70 отсто од сите вработени, многу се согласуваат, што заедно со оние кои "малку" се согласуваат сочинуват над 80 проценти! Колективното чувство кое го негуваше социјализмот дека не мора да се работи или не мора човек да се истакнува во работата, зошто тоа не значи ништо за угледот, карактерот на работата или стекнување на богатство, како да постои натпревар во неработење, од горе до долу и во сите сфери на општеството. "Хуманата" страна на

самоуправувањето заврши како "општ" пропаст на системот, а тоа денес создаде состојба на несигурност за мнозинството. Таа состојба е резултат на урнатините на сеопштата правда, еднаквост и состојба на голема измама на луѓето која масовно беше прифатена. Новите поколенија кои ќе растат во прегратките на моралот на некоја друга култура, никогаш нема директно да го почувствуваат лажното сонце на "егалитарното хумано општество", но индиректно, уште долго ќе ги пече "сјајот" на една упропастена идеја, која можеби избрза да ја формира стварноста, во име на "среќата на овој свет" кој се чини се пресели подалеку во иднината.

# ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

За тоа дали навистина вработените се објективно информирани или не, (и што е всушност објективна информираност) во нашата анализа воопшто не станува збор. Намерно не го презентираме начинот на кој се информираат вработените, ниту пак содржините кои официјално им се сервираат преку фабричките весници, огласната табла или на некој друг начин.

Дали вработените се задоволни од информирањето и ако не се, дали се убедени во тоа дека некој од нив "ги крие" информациите за работата на претпријатието?

Во неколку претпријатија околу 2/5 од вработените воопшто не се задоволни од информирањето ("Жито Битола", "Тиквеш" и ФАМ). Најзадоволни се во "Тане Цалески" и "Тетекс", околу 1/3. Голем процент се "и задоволни и незадоволни" што тешко може поинаку да се разбере, освен дека "по нешто има, но и по нешто недостига". Фактот што неполна 1/5 од вработените се задоволни, е доволен индикатор дека во период од судбинско значење за фирмата голем дел од вработените не знаат ама баш ништо за работата на фирмата. За да нема недоразбирање и како што тоа можеше да се заклучи од претходното излагање, вработените се цврсто убедени во некои состојби, односно дека "се краде", се манипулира! Можеби тоа и не би го тврделе, ако сепак им се достапни "вистински информации".

Тоа во некоја смисла го потврдува и одговорот на следното прашање; "ако не се задоволни, зошто некој ги

крие информациите". Повеќе од 1/3 се убедени дека некој ги крие . Во некои претпријатија тој процент се движи и над 50 отсто, како на пример во "Жито Битола", 2/5 во ЕМО и ФАМ. Само околу 10 отсто сметаат дека никој не крие информации. Во ЕМО, на пример, нивниот број изнесува само 5,1 отсто (3 испитаници од вкупно 60 колку учествуваа во примерокот).

Општ впечаток кој нужно се наметнува од резултатите од истражувањето е дека се уште не започнал процесот на информирање за новонастанатите услови. Уште повеќе, кога се работи за претпријатија, кои се приватизирани на начин кој овозможува сопственост од страна на вработените (акционерско друштво) кај кои нужно се наметнува потребата од навремено, објективно и целосно информирање за се она што се случува во претпријатието и околу него. Вработените, тоа е сигурно, за се си имаат "своја вистина", која зависно кој им ја сервира и за кои цели, може да предизвика погрешна претстава не само за приватизацијата, туку и за многу други состојби понепосредно поврзани со фирмата. На пример, и под претпоставка дека се што се прави во фирмата е во духот на Законот, а вработените тоа го доживуваат на поинаков начин, тоа е исто како да се прави како тие мислат.

Тоа на некој начин одлично го илустрира и одговорот на прашањето: "кон што се движат промените во фирмата, односно, како тие лично ги доживуваат". Во просек, секој трет едноставно "не знае", а во некои претпријатија тој процент е над 50 отсто, што со оние кои апстинирале од одговори, достигнува и над 2/3! Во тој поглед, говориме во просек за сите вработени, одговорите се "идеално" поделени! Ако еден верува дека реформите се движат "кон подобро", друг верува дека се движат кон полошо, а третиот едноставно не знае или е без одговор. Од оваа ситуација може да произлезе отприлика следното: оној кој што "не знае ништо" да го информира оној кој верува дека реформата се движи кон полошо, а

овој последниот да го убедува оној кој смета дека реформите се добри!

Дека недоволно е разбрано претходното прашање доволно се индикативни одговорите на прашањата за "успешноста на претпријатието". Само 15,1 отсто од испитаниците сметаат дека нивното претпријатие е "успешно", 54,9 отсто не знаат, 13,7 отсто сметаат дека е "неуспешно", а останатите 16,3 отсто апстинираат од одговор.

Навистина е тешко да се претпостави објективно што е "успешно претпријатие", а уште потешко што под "успешно претпријатие" подразбираат испитаниците, но, фактот што малкумина се "недвосмислени" во одговорите (за неполни 30 отсто тоа е "успешно" или "неуспешно") ја лоцира субјективната претпоставка во сферата на нестабилноста и подложноста на манипулации.

## *образованието и промените*

Од структурните карактеристики кај вработените, за нашата анализа ќе ги земеме само разликите во степенот на образованието. Секако дека се значајни и другите структурни разлики, како што е местоположбата во управувачкиот систем, годините на стаж и возраста, па дури и половите разлики. Образованието е значајно барем од две прични: прво, што најголем дел од членовите во управувачките структури на претпријатието се со високо образование и второ, најголем дел од оние со високо образование, во новиот систем се исклучени од процесот на раководење!

На почетокот, уште еднаш да укажеме на фактот дека популацијата која беше подложена на анкетно истражување во голема мерка беше "компактна". Се работи за една категорија на испитаници "вработени во

претпријатија кои се трансформираат", како и претпријатија кои се соочуваат со проблеми од секаков вид.

Но, дали сепак и во тие услови (исти услови за работа, степен на образование и сл.) луѓето со диплома од кои најчесто се регрутираат раководни лица или конкретно тие, се разликуваат во однос на некои ставови и усвоени вредности, од оние со пониско образование. Ако се покаже дека има разлики во ставовите, тогаш нужно се наметнува потребата да видиме во однос на што се јавуваат и во која насока се насочени, а ако нема тогаш насоките на нашето истражување мора да се сконцентрираат во одговорот на прашањето: дали воопшто нешто се случува во фирмите, штом не доаѓа до диференцијација на ставовите?

## *приватизацијата и образованието*

Првиот парадокс: вработените со факултетска диплома скоро двапати помалку се убедени дека "мнозинството верува" во приватизацјата, на начин како таа се реализира во практиката! Кај "основците" се забележува повисок процент на јасно определени одговори: само неполни 10 отсто одговориле неодредено "само мал дел верува", за разлика од оние со факултетска диплома, кај кои тој процент е повеќе од 1/3. Ако судиме само во однос на степенот на убеденост, во нашиот случај "мнозинството верува", произлегува дека оние со понизок степен се повеќе се оптимисти во однос на приватизацијата.

## на што се должи лошата работа во претпријатието

Од вкупниот број вработени, 14,2 отсто (податок од 1995г.) и еден процент повеќе 15,1 отсто, 1996г. се на мислење дека нивното претпријатие успешно работи (во анализата земени се само резултатите од 1995г.).

Кај вработените со основно образование (најголем дел од непосредното производство) убедени се во тоа скоро 1/3, а високо образованите кадри само 10,6 отсто. Но, за разлика од тоа, оние кои ја оцениле состојбата во фирмата како "неповолна" од редовите на "дипломците" 37 отсто се убедени дека тоа се должи на "неснаоѓањето на оние кои раководат", што е за десетина проценти повеќе од основците.

Дали процентот, во просек е "висок" или "низок"? Секако дека 2/5 од вработените кои ги сметаат своите раководители за неснаодливи е значајно од аспект на иднината на фирмата. Тоа влијае, пред се, врз мотивот за работа, сигурноста и воопшто успешното работење на претпријатието.

## како да се подобри положбата

Секој човек кој се соочува со проблеми од материјална природа, нормално е, пред се, да си го постави прашањето за причините кои го довеле до тоа. Се разбира, дека само со помош на едно прашање, нема да се добие задоволителен одговор, но, тоа упатува на дел од вистината. Само 1/5 од испитаниците сметаат дека подобрувањето на нивната ситуација во иднина ќе зависи

од нивното залагање се зависи од мене двојно 2/5 подобрувањето го очекуваат од надворешните фактори, а 1/5 се убедени дека со доаѓањето на опозицијата на власт "ќе се подобри нивната положба". Сигурно е ако на овие три можности дадовме уште некоја друга дека и на неа испитаниците ќе сметаа, но фактот што малкумина се свртени "спрема себе" говори за нешто значајно за состојбата во која се наоѓаат.

Во анализата тргнавме од идејата, дека за подобрување на материјалната положба можат да бидат значајни барем два фактори: индивидуалното неснаоѓање и објективните фактори, меѓу кои од овие последните посебно ја издвојуваме "опозицијата", која во голема мерка имаше сосема различни идеи за приватизацијата. Нашата анализа покажува дека мал е процентот на оние кои исклучиво се свртени спрема себе, кои се убедени дека во животот ќе успеат само ако максимално се залагаат во работата и покажат поголеми резултати!

Состојбите во претпријатијата (станува збор за испитаници кои се вработени во преторијатија кои се приватизираат) е таква што, сеуште, иницијативите, залагањето во работата не значат многу за подобрување на положбата, вработените се строго поделени на оние кои управуваат - менаџерски тим и мнозинство од кое се бара само да работи и ништо да не прашува! Тоа, во голема мерка го уништува мотивот за работа.

Би било нормално да се очекува дека луѓето со повисок степен на образование ќе бидат мотивирани многу повеќе да се залагат во работата, можност да се усовршуваат и најпосле, да ја чувствуваат работата како творечка, која ги исполнува и им причинува задоволство.

Условите во кои западнаа фирмите, во средината на 90-тите години, се ненормални, се работи за разнебитени претпријатија кои радикално се менуваат, но сеуште не е јасно што ќе донесе тоа. Тоа не значи дека емпириските истражувања во тие услови не значат ништо и дека пред

да почнеме со истражување, можеме со сигурност да ги претпоставиме резултатите!

## *сопственоста и мотивот за работа*

Факт е дека од сите во анкетата предложени (дванаесет) мотиви за работа, "да имаме можност да управуваме со претпријатието, за "важно ми е", се определиле околу 30 отсто од испитаниците, што е апсолутно најмал процент (!), во однос на другите единаесет за кои се определиле над 50 отсто, а за некои и до 80 отсто. Тоа говори нешто значајно за односот на вработените спрема "управувачката функција". Логично се поставува прашањето, дали важноста на мотивот има различно дејство кај оние со "високо" во однос на оние со "пониско" образование.

За потребите на нашата анализа ќе ги земеме само мотивите - "сигурно работно место", "да се знае кој е газда во претпријатието", "можност да управувам" и "да сум информирам за се што се случува".

Малку неочекувано за вработените со високо образование "сигурното работно место" е значајно поизразен мотив од оние со пониско образование. Како се движиме кон пониските степени на образование, така се намалува и процентот на оние на кои тоа "им е важно" - 90 отсто со ВСС, 70 отсто со основно образование! Што значи сигурно работно место како мотив за работа, денес не би требало посебно да го објаснуваме, но, зачудува сепак нагласената разлика. Дали го остваруваат: и едните и другите се изјасниле дека го остваруваат околу 1/4, не знаат 1/3, но, двојно повеќе испитаници со ВСС, за разлика од оние со основно образование се убедени дека не го остваруваат. Сигурноста на работното место се

повеќе се наоѓа во центарот на вниманието на вработените, последните пет-шест години.

Дали степенот на мотивираноста може да се поврзе со карактерот на сопственоста на претпријатието - "да се знае кој е газда" и дали во однос на тоа има значајни разлики меѓу оние со високо и оние со пониско образование, во нашиот случај со основно? Се чини, не! Дали посредно од тоа можеме, со низок степен на сигурност да констатираме дека приватизацијата нема многу да ја промени мотивационата матрица на вработените, нешто за кое се смета дека треба да биде од клучно значење за целиот процес. На пример, за скоро 90 отсто од вработените "редот и дисциплината" се важни за мотивацијата, а карактерот на сопственоста значително пониска "само" 60 отсто! Дали се повеќе се губи значењето на суштината на приватизацијата "да се знае кој е газда" или како би рекле економистите "титуларот на сопственоста".

Слична е состојбата и со "можноста да управувам со фирмата", што како на мотив важност му дале само 30 отсто од вкупниот број (28 отсто со основно и 42 отсто со високо образование).

Дали двата клучни сегменти на приватизацијата, сопственоста и управувањето, реално почнуваат да се "губат" од интересот на вработените и тие се помирени со фактот дека сите не можат да бидат сопственици и управувачи. Во тие релации ослабнува мотивот кој потекнува од тие сфери и се концентрира во други подрачја од работата во претпријатието, како на пример, да се биде информиран за она што се случува (90 отсто кај високо образованите, 64,3 отсто кај основците).

Како да се разбере разликата во степенот на важноста која се јавува кај вработените во однос на сопственоста, информирањето и управувањето? На вработените им е важно да се добро информирани, а помалку кој е сопственик и кој управува со него и секако, да има "ред и дисциплина". Дали тоа говори за "суштински

промени" во свеста на вработените, кои се помалку ќе бидат заинтересирани "да управуваат" или да "бидат сопственици", а се повеќе да имаат повисока плата, добри работни услови, подобра соработка со колегите!

Тоа се прашања кои бараат посериозен пристап во анализата од, само "празно" размислување базирано на обемната литература за "менаџментот", "продуктивноста", "раководењето", која ја поплавува научната и стручната јавност во Македонија. Едно е да се бараат мотивите за работа во една економија "во која се знае кој е газда", а сосема друго во услови кога се претпоставува сопственикот, а тоа предизвикува резигнираност кај вработените дури и во услови кога илјадници вработени се јавуваат во улога на сопственици - акционери. Мнозумина од нив ниту знаат што е тоа, ниту пак имаат некоја видлива корист од тоа и кога се појави т.н. "менаџерски откуп", што, не мал број од вработените, го сметаат за грабеж на фирмата.

## *вредносниот систем и образованието*

Нашата намера не е поимно да ги разграничиме вредносните системи на вработените. Тргнуваме од сознанието дека во периодот на транзицијата радикално се менува вредносната матрица (или би требало да се менува!), што значи напуштање на колективистичката, авторитарна и егалитаристичка вредносна ориентација и прифаќање на либерални и демократски ставови за кои се смета дека се иманентни на општествата со пазарна економија и парламентарна демократија.

Состојбата на "преод' е многу посложена: пазарот сеуште е недоволно присутен во економијата (сеуште произведува само негативни ефекти), демократијата се

доживува како "несреќен случај", правата и слободите на луѓето се невидливи од драстичното намалување на стандардот и чувството на несигурност.

Но, да го проследиме прифаќањето на ставовите кои попрецизно ја определуваат вредносната ориентација кон еден или друг правец. Да тргнеме од прифаќањето на ставот за улогата на приватната сопственост: "напредокот на општеството секогаш и секаде е поврзан со приватната сопственост". За споредба ќе ги земеме предвид истражувањата од 1993 година. (Ацески, 1995).

Прифаќањето на горниот став во 1993 год. е значително поизразен (36,1 отсто) за разлика од 1995 год. кој се сретнува кај 23,6 отсто од испитаниците. Кај испитаниците со висока школска подготовка, во 1993 год. тој изнесува скоро 40 отсто, а 1995 год. се намалува на помалку од 1/3, а се зголемува бројот на оние кои не го прифаќаат. Со овој став може да се измери степенот на "либералната позиција" или уште попрецизно тој ја покажува истрајноста на луѓето во реализацијата на приватизацијата на сопственоста. За само две години (во истражувањето од 1996 год. процентот паѓа на 28,7 отсто) доаѓа до заладување за приватната сопственост како фактор на промени кои водат кон подобра иднина. Да не заборавиме, пред 90-тите години, луѓето беа убедени дека социјализмот не е повеќе способен да го креира прогресот!

Вториот став, "најважна работа е децата да учат на послушност спрема родителите" е прифатен ("многу се согласуваат" 60 отсто, 25 отсто "малку", 6 отсто "не се согласуват, останатите се без мислење. Во оваа група на ставови кои директно упатуваат на постоење на авторитарна свест да ги спомнеме и следните: "за успехот на една група најважно е да се најде енергичен и проверен водач, кој сите ќе го почитуваат и слушаат", потоа, "денес за нашата држава најпотребни се неколку храбри и силни водачи на кои народот ќе им верува како и ставовите "преголемата слобода денес во нашето општество донесува повеќе штети од корист" и "приватзацијата на

сопственоста е кражба и ништо друго". Тоа се ставови кои се прифатени од 2/3 од испитаниците.

Прашањето кое се поставува се однесува на разликите кои се јавуваат во однос на образованието, односно, дали некои образовни групи ја напуштаат авторитарната и колективистичката вредносна ориентација и ја прифаќаат либералната, на пример.

Уште на почетокот да констатираме дека не станува збор за некои поизразити разлики во усвојувањето на ставовите. На пример, процентот на оние кои многу се согласуваат со ставот "денес за нашата држава најпотребни се неколку храбри и силни водачи на кои народот ќе им верува", е подеднакво и кај оние со основно и со високо образование. Со истражувањето од 1995 год. се покажа дека прифаќањето на ставовите кои упатуваат на авторитарност е поизразена од пред две години, иако беше реализирано на сличен примерок.

За тоа дека приватизацијата е "кражба и ништо друго", во првиот дел го наведовме мислењето на повеќе економисти и правници, и оттаму не треба дасе чудиме, што и голем дел од испитаниците се убедени во тоа. Кога во тоа се убедени универзитетски професори по економија и академици, зошто не би биле и обичните луѓе! Интересно е да се потенцира дека со порастот на степенот на школската подготовка, се зголемува и бројот на оние кои во тоа се "целосно" убедени. Дали навистина луѓето се убедени во тоа? Но, да претпоставиме дека објективно се врши приватизација која не е тоа, односно не е кражба! Каква вредност има тоа за самиот процес? Какво значење има "општата убеденост" дека во општеството масовно се краде, со благослов на државата? Дали тоа има влијание врз успехот на приватизацијата? Прашањата се тешки за да може да се добијат одговори од една анкета. Би биле задоволни ако се тоа вистинските прашања кои во овој момент можеме да ги поставиме. Или, како да се разбере прифаќањето на ставот (90 отсто); "најголем дел од луѓето кај нас се збогатија и тоа на нечесен начин"

Дали за време на самоуправувањето правата на вработените беа повеќе заштитени, отколку тоа што тоа денес се прави е клучно прашање кое може да ни ја покаже "атрактивноста" на новиот модел.

Колку навистина правата на вработените беа заштитени во претходниот систем останува надвор од интересот на нашата анализа. За нас е важно што над 85 отсто од испитаниците, или "многу се согласуваат (71,5 отсто) или само "се согласуваат" (14,9 отсто), ја илустрира позицијата на новиот систем во однос на системот на самоуправувањето.

Би било теоретски нечесно, врз основа на овој факт на "вредносната позиција", да извлекуваме некои "продлабочени сознанија", но останува горкото сознание кое ќе мора секогаш да го имаат пред себе креаторите на новиот систем. За да го промовираат масовно новиот систем, ќе мора нешто значајно да направат за кратко време, затоа што со огромна брзина се губи вољата кај луѓето за промени и што е најважно, не само што останува вредносната ориентација која ја сметавме за особина на стариот систем, туку има показатели дека се зацврстува!

Нормално е да се очекува, ако е општо прифатен ставот дека приватизацијата е кражба, дека луѓето се богатат на нечесен начин, преголемите разлики во материјалното богатство се неморални (над 80 отсто). И во однос на овој став "дипломците" најмногу се согласуваат.

Нашата претпоставка дека концептот на либерализмот и процесот на индивидуализација ќе бидат повеќе присутни кај оние со високо образование и на раководна позиција, во голема мерка не се покажаа исправни. Дури, според некои индикатори може да се говори за процес на јакнење на авторитарната холистичка свест, која не е во функција на прифаќање на промените кои во себе ги вградува приватизацијата и транзицијата, воопшто. Тоа сознание делува загрижувачки врз оптимизмот на успехот на реформите.

Имено, "човекот со диплома" можен или веќе вклучен во менаџерската елита, сеуште живее со мислите, вредностите и чувствата во минатото. Тоа може да се разбере од неговото место и улога во периодот на самоуправувањето, кога беа привилегирани и од нив не се бараше посебен напор, фирмата успешно да работи, "егалитарниот синдром" и "колективното управување" ги стерилизира до тој степен што и по пет години сеуште "тагуваат" за старите добри времиња, со сигурни работни места, добра плата, напредување во кариерата (најчесто со послушност). Тоа денес неповратно се изгуби и никогаш во таква форма нема да се појави. Ако го има, тогаш е врз нови начела, кои сеуште се "креираат" во теориите на економистите, кои се "убедени" (не сите) дека приватизацијата "сама по себе" ќе го промени менталитетот на луѓето, а дотогаш ништо не треба да се прави. Навистина што да се прави?

# ПЕЧАТОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

## *Новинарите сепак се луѓе со свои вредности*

Од почетокот на 90-тите години, во изминатите пет-шест години, приватизацијата е тема за која постојано нешто се говори. Не постои медиум кој на било кој начин не ја обработува . На каков начин и со какво внимание е третирана приватизацијата, тоа можеби и никогаш нема да биде предмет на анализа. Но, она што заслужува внимание и заслужува да се истакне е сознанието дека јавните медиуми (радиото, телевизијата и дневниот печат) не само во Македонија одиграа голема улога во промицијата на "духот на новото време", зошто овде ниту можеме, ниту е место да расправаме. Некои се склони да говорат за "информатичка револуција".

Едноставно, поаѓаме од неизбежниот факт дека информациите пласирани преку јавните медиуми вршат силно влијание врз формирањето на ставовите на луѓето, односно, го формираат нивното мислење.

Нашата цел, кога се обидовме да ги истражуваме мислењата и ставовите на општествените групи, произлезе од потребата во тие рамки да ги согледаме и со тоа да ги споредиме ставовите на една специфична професија, која е "главен субјект" во сферата на јавното мислење-новинарите! И колку да е притиснат од уредувачката политика, општите насоки, интересните групи, владеачката елита, сепак, тоа се луѓе кои имаат свои "субјективни" погледи за она што се случува околу нив. Уште повеќе што и "куќата" во која работат, се чини дека мора да се приватизира, а некои се веќе и приватизирани! (Нова Македонија и Вечер).

Анализата нема намера да биде сеопфатна, ниту пак да ги допре сите главни аспекти на информирањето за приватизацијата. Таа е ограничена само на двата дневни весници во Македонија и тоа само за една година (1995) и повеќе може да се разбере само како обид за да се покаже како еден медиум, кој секојдневно емитува содржини, кои директно или индиректно допираат прашања кои го обработуваат феноменот наречен "приватизација"

Прво, во периодот на транзиција, тешко можеме да ги раздвоиме "вистините" на групите кои притискаат врз печатот, радиото и телевизијата и "вистините" кои се плод на слободното новинарство! "Обичниот" човек е слободен да го интерпретира јавно искажаниот збор, но, е ограничен со својата партиска припадност или е принуден така да се чувствува! Позицијата и опозицијата во него се двата пола на неговата политичка ориентација, се до оној момент кога дефинитивно се определи, се додека се "ниша" меѓу нив, тој е жртва и на едните и на другите.

Второ, ако за позицијата приватизацијата беше замислена како "платена" за опозицијата таа се остварува како "обиен грабеж" и во однос на тоа се чини нашите истражувања покажуваат дека најголем дел од луѓето се "опозиција"! Во тие релации ние ја бараме улогата и значењето на дневниот печат.

Трето, дали постојат или можат да се препознаат периоди кога печатот, во смисла на претходно изнесениот став, бил на страна на идеите на владеачката партија и моќните групи и кога бил на страна на опозицијата, (уверување на мнозинството дека приватизацијата е "кражба"). Само за илустрација, поимот "кражба", употребен во врска со приватизацијата пред повеќе од една година или го снема или многу ретко се употребува, за разлика од пред 2-3 години, кога и на насловните страни, на ударни места, за приватизацијата се пишуваше како за "кражба". Подоцна, 1995/96 год. таа улога ја презеде дел од интелигенцијата која одвреме-навреме, но

поретко во дневниот печат се обидуваше да покаже дека во Македонија се врши процес на приватизација кој е близу до поимот кражба. Се разбира, дека нашата анализа е скромна по обемот на предметот кој го третира содржината која ја обработува и најпосле по длабочината на заклучоците кои ги извлекува.

## што новинарите мислат за приватизацијата

Се чини дека она што новинарите го мислат за приватизацјата, до 1993 год, а и подоцна, до почетокот на 1995 год. и го напишале. Тоа е период кога Владата (до донесувањето на Законот за приватизацја на претпријатијата со општествен капитал), трагаше по моделот за приватизација, кога најпосле "победи" варијантата "платена приватизација". Во овој период дневните весници ("Нова Македонија" и "Вечер") го селектира пристапот кон темата. Слободата постепено се трансформира во слобода да не се пишува на начин кој асоцира дека приватизацијата значи "кражба", односно, "слобода" да се пишува за приватизацијата како начин за решавање на проблемите и излез од кризата!

Но, да ги видиме ставовите на новинарите во средината на 1993 год. за процесот на приватизацијата (приватната сопственот), раслојувањето во општеството и сл. Анкетирани се седумдесетина новинари од МТВ, Нова Македонија, Вечер и десетина новинари од други неделни весници. Не ни е позната друга анкета со која се опфатени толкав број новинари (пошпирно во книгата "Општеството и човекот во транзиција" од авторот на овој труд, издадена 1995 год.)

Првото прашање: "колку е важно и колку се остварува можноста да се изнесува сопственото мислење

во нашето општество", директно се однесува на новинарската професија, би требало да е најважно и би било пожелно максимално да се остварува. Одговорот на новинарите воопшто не не изненадува во степенот на важноста, за сите е важно, туку зачудува (или можеби не!) во тоа колку се остварува: верувале или не, 40 отсто едноставно "не знаат" дали тоа се остварува! Дали во тоа се содржани одговрите на некои од прашањата за кои нема да биде доволна анализата на дневниот печат! Она што се "остварува", не се знае дали е сопствено мислење". Новинарите, всушност, преку сопственото мислење (средината на 1993 год.) укажуваат на една состојба кога сеуште не се знае дали постои можност да се изнесува сопственото мислење?

Прашањето не беше директно упатено и не се однесува на тоа дали тие лично ја остваруваат "слободата на мислењето", но имајќи го предвид фактот дека новинарите имаат најголеми можности да го искажат своето мислење и го соопштат на јавноста, индиректно се претпоставува дека одговорот на прашањето во голема мера се однесува на уредниците спрема нив. На пример, раководителите, 41,1, отсто сметаат дека во нашето општество нема можност да се изнесува сопственото мислење. Кај новинарите процентот е најнизок меѓу сите испитувачки групи. Но затоа пак, само студентите се пред нив со 41,9 отсто кои "не знаат" дали го остваруваат, што е неразбирливо зошто само овие две категории во толкав процент не се сосема начисто дали постои "слобода на мислење". Најдобро тоа го сублимира еден новинар со дваесетгодишно искуство со зборовите: Ова е време "кога не постојат причини да се биде бунтовник и така никој не го зема за сериозно Вашето мислење, се тече во непознат правец"!

Дали приватизацијата е "грабеж или не" и дали "напредокот на општеството секогаш и секаде е поврзана со приватната сопственост", се прашања кои се интересни за анализата на "вредносниот систем" кај новинарите.

Со првиот став "приватизацијата е грабеж" "многу се согласуваат" 75,3 отсто од анкетираните новинари, што заедно со оние кои "малку се согласуваат" се приближуваат до 100 отсто, што е највисок процент од сите испитани групи. Нешто слично е регистрирано и во однос на ставот дека "прогресот на општеството, секогаш и секаде е поврзан со приватната сопственост" со значително помал процент од првиот став (56,2 отсто), но многу повисок од просекот за целата испитувачка популација, кој изнесува 36,1 отсто!

Тоа може да се разбере само како и истовремено реално постоење на повеќе вредносни ориентации, или, пак општо, приватната сопственост е вредност сама за себе, но, посебно таа кај нас се формира како грабеж. Очигледна е состојбата на длабоки противречности. Кај работниците, на пример значително е понизок процентот на оние кои "многу се согласуваат со ставот дека "приватизацијата е грабеж", 53,9 отсто, наспроти 75,3 отсто во корист на новинарите. Но и обратно, со вториот став (многу се согласуваат, помалку од 1/3 (30,8 отсто) наспроти новинарите со 56,2 отсто.

И најпосле, прифаќањето на четвртиот став, за кој сметаме дека е од значење за "вредносниот профил на новинарот". Мислењето за поделеноста на луѓето на богати и сиромашни, дали е тоа проблем или не! Сличен одговор е забележан и во однос на ставот дека во нашето општество слабеат моралните норми и се повеќе доаѓа до израз "егоизмот и беззаконието" со над 90 отсто одговори кои се согласуваат со тоа (71 отсто, многу) се согласуваат.

Дали постои и ако постои каква е врската меѓу "вредносната ориентација" на новинарите и она што се сретнува во дневниот печат или радиото и телевизиските емисии? Дали меѓу нив постои понепосредна врска и во која мерка преовладува новинарското слободно убедување, пред се за приватизацијата, а и воопшто за промените во периодот на премин? Дали новинарите со таков "вредносен багаж" во драматиката на секојдневните

промени, притиснати од владеачките групи и нагонот за преживување, може лесно да станат "плен" на политиката? Потоа, дали во содржината на новинарските написи ќе ги препознаеме "темелните" општествени вредности на владеачката гарнитура или тоа независно предизвикува промени во нивните вредносни структури? Прашањата се тешки и за нив, во овој момент нема и прашање е дали може да се добијат јасни одговори. Ние сме свесни за прашањето, но сеуште неспособни да дадеме, барем за прашањата кои непосредно се разгледуваат, недвосмислени и целосни одговори.

Во општествата во транзиција сеуште не може да се препознае автономното делување на масовните медиуми, дека дихотомијата "опозиција - позиција" сеуште не обезбедува автономна положба на масовните медиуми, односно, уште долго време "независниот печат" ќе биде далеку од својата конкретна реализација. Прво, сеуште, само по себе, не значи ништо ослободувањето од туторството на државата и сеуште објективно не е извршена смена на "позицијата со опозиција". Сеуште за сликата на "реалноста" која ја формираат медиумите и "реалноста" на општеството не може да се идентификуваат "докази" дека станува збор за две различни "реалности", ниту пак дека тие и се поклопуваат!

Ако печатот, за што овде се мисли, постојано ја третира приватизацијата како "кражба", во согласност со личното убедување на новинарот како субјект, одговорот на прашањето дали тоа влијае "многу или малку" врз јавното мнение, се чини премногу е лесно да се претпостави! Но, ако јавниот медиум приватизацијата ја претпостави во некоја друга " вредносна позиција" како "праведна, нужна, неизбежна", а јавноста е спротивно убедена, дека тоа е кражба и ништо друго, тогаш двојноста на "реалноста" е неизбежен факт. Ако на тоа го додадеме и ставот на експертите, стручњаци за приватизацијата, дека и кај нив во голема мерка се поклопува мислењето дека таа е "кражба", тогаш

навистина од една страна се наоѓа осамена државната власт со своите застапници и идеолози и со ставот на медиумите, кои единствено сметаат дека државната политика е исправна, а на друга страна сите останати се во заблуда. Во тие околности прашање е што е слободата на печатот! Сите се убедени дека приватизацијата на општествената сопственост мора да се изврши, но само оние околу центрите на моќта сметаат дека таа е можна и (остварлива) на начин како државата ја замислила.

## *печатот - инструмент на власта*

Во анализата немаме за цел да го "тестираме" печатот за тоа дали е претежно трансмисиски (инструмент на власта) или е автономен (функционално комуницирање меѓу општествените подсистеми и меѓу нив и јавноста), тоа не би било во ред особено ако се прави само врз еден сегмент, ниту пак се занесуваме со идејата да докажуваме некоја "генерална хипотеза" за неговата слобода, што во секој случај повторно не би било во ред, имајќи ги предвид целите, обемот и предметот на анализата.

Нашата цел е едноставна: да се согледа како е претставена приватизацијата и воопшто проблемите на стопанството и дали тие новинарски видувања одговараат на реалните процеси. Втората цел е содржана во обидот (и ништо повеќе) да се идентификува моделот на комуникација на релација, медиум - држава - јавност, што е тешко изводливо, во ситуација кога ниту за медиумите можеме да речеме дека се независни, ниту постои формирана јавност, ниту пак државата нормално функционира.

Во практичната определба за тоа што би требало да претставува анализата на содржината на написите во печатот во Македонија, се повикуваме на една определба на H.R.Henry и S.Moskovici, дека "сите процедури и експлорација на анализа на содржината, треба да се поставаат далеку послободно отколку што тоа се правело до сега, односно, дека не треба да се фиксираат постапките и програмата на истражувањето (Stojak, 1990).

Анализата не би требало да биде сфатена само како "збир на методолошки постапки", туку, во некои домени ќе се обидеме да навлеземе во суштината на написите, пораките кои во себе ги содржат.

Секое истражување кое е поврзано со анализата на содржината, во некоја смисла е "оригинално". Тоа е поврзано со структурата на проектот. Во нашиот случај тоа е од второстепено значење и е дел од истражувањето кое има значително пошироки цели, кои само во некои сегменти навлегуваат во сферата на формирањето на јавното мнение, во што медиумите (овде се мисли на печатените - дневниот печат) имаат свое место и улога).

Во суштина, станува збор за тематска анализа со чија помош се обидуваме да ги протолкуваме написите во однос на повеќе значења и тоа: во однос на вредносната насоченост - како афирмативни, негативни или неутрлани, во однос на интензитетот, нагласеноста или емоционалност, и во однос на намерите, дали ја информираат јавноста за предметот, ги глорифицираат одредени појави, ја мобилизираат публиката за некоја дејност или го омаловажуваат предметот или пак вршат артикулација на критиката на предметот (Gredelj, C.1986).

Во која мерка печатот си поставил задача да биде агитатор или пропагатор на трансформацијата на општествената сопственост, на начин како тоа е замислено да се реализира (трансмисија), или, пак во голема мерка во себе ја инкорпорира функцијата на информатор во согласност со принципите на автономност,

се чини дека не ќе можеме да одговориме генерално, во смисла дека печатот носи претежно едно или друго обележје, но со извесна доза на сигурност ќе се обидеме да покажеме сепак за каков печат станува збор во однос на "темата приватизација"; дали неговата улога суштински е стесната и диригирана од државата и е директно ставена во функција за формирање на јавноста, на начин како тоа го посакува актуелната политичка елита, или, кај јавноста веќе формираната претстава за приватизацијата ја зајакнува, но не и суштински менува.

Печатот и воопшто комуникативниот систем нема општествена улога (или не би требало да ја има по примерот од социјализмот); во постсоцијализмот артикулацијата на интересите не само што ја изгубиле монолитноста, туку слободата на печатот се јавува како основен услов за изградба на демократско општество, во кое информацијата станува клучна алка за слободата на човекот.

Нашата цел е да извршиме анализа на содржината на дневниот печат во Македонија (за период од една година) и тоа на написите кои се посветени на приватизацијата или приватизацијата се става во "некој контекст", од кој може јасно да се види ставот на новинарот или весникот.

Анализата нема компаративен карактер, нема за цел општо да ја проценува состојбата на дневниот печат, ниту пак е насочена кон согледување на "темелните општествени вредности" или "владеачки општествени структури".

Едноставно поаѓаме од убедувањето дека дневниот печат е (или би требало да биде) огледало на повеќепартискиот систем "арена на политичките интереси", што значи дека во себе ги инкорпорирал "слободата и незвисноста" во информирањето и дека доволно ја "идентификувал реалноста", што значи, дека на страниците на двата дневни весници е регистрирано

"автентично" се она што во еден момент се случува во државата.

Зошто за анализата е земена 1995 година? Од проста причина што таа година требаше да заврши (формално) приватизацјата на најголем број претпријатија, што е значајно можеби само од една причина, како печатот ќе го одбележи "финалето" на приватизацијата во Македонија!

## *на тема: приватизација*

За да се анализира се она што е напишано за приватизацијата во 1995 год. во дневните весници Вечер и Нова Македонија, треба минимално да се познава дел од она што го прави државата, на планот на т.н. стабилизација на стопанството. Дневните весници целосно ги покриваат сите поважни (и дури и безначајни) настани кои се поврзани со преструктурирањето на т.н. 25 загубари, кои на почетокот на 1995 год. ангажират многу простор во дневните весници, но речиси без "новинарски видувања" или осврти, туку едноставно се пренесува се што циркулира како информација меѓу Владата, разните комисии, Агенцијата за приватизација и понекогаш на "лице место" со информации за состојбите во претпријатијата. Текстовите се ослободени од емотивност, можеби и поради сознанието дека кризата на стопанството ќе потрае подолго и дека никаков закон не може да помогне. Присутно е едно залажување за состојбите од страна на Владата кое се чувствува и во кратките информации. Се се движи околу отпуштањето на вишокот на работниците, кој зависно од проценките драстично се менува. Почесто се спомнуваат процентите од странските експерти за тоа колку навистина има вишок на вработени.

Владата од една страна упорно ги пласира "апстрактните тези за ефикасност", вработените го бараат своето право на работа, од друга. Отсуствува организирано незадоволство, се чувствува помиреност со состојбите. Пет години, падот на социјализмот во Македонија се доживува и како чин на "дефинитивно трасирање на патот кон иднината" (претпријатијата - загубари се пречка на тој пат), но истовремено и како масовна агонија на оние кои беа горди на своите форми. Луѓето од власта упорно ја туркаат тезата дека секоја, па дури и најлошата приватизација носи поголема ефикасност и посигурна иднина, а мнозинство од вработените се соочени со суровата реалност да останат без работа. Во однос на тоа, колку се почитува Законот за трансформација на капиталот, тука се чини двата дневници под еден покрив со селектирани написи, не даваат никакви сомненија дека се работи незаконски! Се што е спорно во приватизацијата на претпријатијата се враќа на повторно разгледување во Агенцијата, па се добива впечаток дека се е во најдобар ред.

Мислењата на стопанствениците се најразлични: од општо прифаќање и воодушевување до целосно негирање и отфрлање на програмата за преструктурирање и Законот за загубарите. Скоро два месеца, најголемиот дел од написите се посветени на отпуштањето на технолошкиот вишок на вработените. Се пренесува атмосферата на правење списоци на отпишаните, но без емоционално дозирани текстови: како да станува збор за испраќање на одмор, а не во бирото за невработени! На пример: "На парите треба да се почека", "Вишок од 40 отсто", "Над 200 откази", "Испратнина за 5000 вработени". Во овој период (март 1995) се појави само еден текст со крупен налов: "Грабеж на општествениот капитал", еден вид извештај што се се прави во едно мало гратче во Македонија на планот на приватизацијата. На половина страна од "Нова Македонија" се употребани "силни" зборови за да ја доловат состојбата "отпуштање на

работници", "крчмење на капиталот", "најразлични шпекулации", "кражби", "матни случаи", "сомнителни зделки", "разграбување". Тоа е единствениот текст кој е објавен со таква содржина во цела 1995 година!

На крајот на март доминираат информациите за извршната трансформација, а 28 март 1995 год. се отвара првата берза на хартии од вредност. Во исто време уставниот суд ја оценува уставноста на Законот за загубарите. Се почести се информациите од претпријатијата дека си одат најдобрите работници! Почетокот на април полека стивнува "вревата" околу загубарите и се почесто се обработуваат конкретни случаи: "Охридска трговија", "Кочанското стопанство", "Орли без канџи", "Актуелните директори - сопственици". Крајот на април осамнува долгоочекуваната приватизација на неколку големи претпријатија, по моделот "менаџерски откуп", купено право на управување, за наредните пет години. "Откупот е реализиран преку пренесување на правата на управување од страна на другите акционери во претпријатието"! Се во прилог на "одговорните " менаџери, кои ете ја зеле обврската врз себе да раководат и по пет години да станат сопственици тогаш нека му мислат. Некој кој би го читал сето тоа како информација надвор од овие простори, веројатно би се чудел зошто и кој тоа на овие луѓе им дава право да бидат газди! Во тој период осамна еден осврт, можеби и последен од тој тип, не толку по содржината, колку по насловот: "маршот на гладните и приватизацијата". Освртот на угледниот уредник ги прекорува критиките на приватизацијата сфатени како "откуп со грабеж" и просто со симпатии гледа на оние кои ќе "рмбаат цели пет години". Освртот доаѓа како реакција на некои опозициони партии кои жестоко ја нападнаа приватизацијата со "менаџерски откуп".

Во текот на јуни месец новинарите главно ги бележат кажувањата на првите луѓе од министерствата кои директно се одговорни за приватизацијата во Агенцијата и Комисијата на Владата задолжена за

приватизација. Главно се објаснуваат финеси и нашироко се расправа, не за тоа што би било кога би било, туку, што ќе биде кога не би било! Кон крајот на јуни се разгоруваат расправите за успешноста на приватизацијата, а поводи има многу. Почнува "креативното толкување на законите", во зависност од партиската припадност на првите луѓе на фирмите и во Владата.

За нас не е толку значајно што се говори, туку начинот на кој се говори: "мудрувањето" за приватизацијата не може да се следи, ниту да се препознае неговата "идеолошка матрица". На печатот му се врзани рацете да брани било што од аргумените на опозицијата, но, се чини дека не е во состојба да го следи и курсот на владеачката гарнитура. Дури има ситуации кога се обработува приватизацијата на конкретно претпријатие, за да се добие впечаток дека тоа е "вољата на раководните луѓе на фирмите". Нема разговор со ниеден работник, освен со луѓето од раководниот тим, нема аналитички текстови, туку пред се, како актуелниот менаџер или директорот на Агенцијата или претседателот на комисијата за приватизација, гледаат на процесот. Скоро цел август луѓето од врвовите на власта му го објаснуваат на народот она што се случило, се случува или ќе се случи во иднина. Просторот меѓу интервјуата на претставниците на власта е исполнет со информации за тоа колку претпријатија се приватизирани, потоа се следи стапката на пораст на производството и стапката на инфлација и повторно за загубарите кои се чини останале такви какви биле, но, кои на крајот на декември можат да се приватизираат по словото на Законот..

Ако се обидеме да ја препознаеме "идејната матрица на весникот", нема да згрешиме, барем од неколкуте осврти од страна на уредниците на дневните гласила, а нема да погрешиме, дека се брани и застапува, во краен случај, политиката на владеачката гарнитура; тоа што се прави, нема алтернатива, можеби има пропусти, недоследности, но, друг пат нема!

Написите во 1995 год. за разлика од претходната година ја изгубија емоционалната напрегнатост и повеќе беа насочени кон бруталната реалност претставена низ бројки, најчесто уште во насловот!

Третиот сегмент се однесува на потрага по "автентично толкување" на приватизацијата од претставниците на владеачката партија, луѓето кои имаа најмногу влијание во донесување на Законот. Потоа, следат челните луѓе на фирмите, кои во зависност од состојбата во фирмата, моделот кој е избран за приватизацијата, или го прифаќаат, или го отфрлаат. Информациите од "лице место", од фирмите, особено од внатрешноста ја отсликуваат состојбата на стопанството на ниво на општини и се полни со сознанија кои упатуваат на резултатот од приватизацијата на претпријатијата како дневни извештаи на новинарите. Од тие написи се добиваат противречни збунувачки впечатоци, анализи од кои суштината за приватизацјата се замаглува до степен до кој застанува нормалното расудување. Нормално, печатот ја следи дневната динамика на настаните, да информира, афирмира, глорифицира, но, не е доволно само да го следи "пулсот" на власта, туку и "реакциите" на јавноста.

Од околу 300 наслови, кои беа земени за анализа, во двата дневни весници "Вечер" и "Нова Македонија" близу 80 отсто според намерата се информативни текстови кои го артикулираат предметот помал дел околу десетина проценти се мобилизаторски, во смисла на подржување на започнатата акција, но без знаци на глорификација.

Останатиот дел се аналитички текстови со елементи на вреднување што значи обид процесите на приватизацијата да се прикажат како недоволно законски или "се опоменува" Владата за недоследност. Потоа, следат текстови кои пренесуваат или прераскажуваат ставови од компетентни лица, научници, министри, претседатели на разни комисии, директори, претставници

од Агенцијата кои говорат за приватизацијата и кои се најчесто во функција на истакнување на позитивните страни на започнатите процеси.

Само мал дел се новинарски осврти, лични мислења, осврти и погледи, кои во краен случај, за тоа како се остварува моделот на приватизацијата, се брани позитивен став и дека тешкотиите можат да се надминат. Но, секогаш, како да се нема доволно силен мотив да се истапи отворено во случаите каде има место за "слободен новинарски" поглед на работите. За "случајот со сменувањето на директорот на Агенцијата, освен обилните информации и неколку навистина солидни критички опсервации, случајот остана недоволно обработен како што доликува на еден сериозен дневен весник. Уште повеќе, што читателите цела година беа "малтретирани" со бесконечни бројки за постигањето на приватизацијата. Она што остана вон доменот на новинарските текстови, својствен за еден дневен весник сепак е недоволно јасната позиција на владеачките структури, целта која со приватизацијата се сака да се постигне, начинот како тоа да се реализира. Ако се проценува пишаниот текст, како изобилство на информации, обид да се пренесат мислењата од "прва рака", тогаш би можеле да речеме дека за приватизацијата се информирало на едно доволно професионално ниво, но, од тоа не секогаш произлегувала јасната позиција. Преголемиот број на информации недоволно селектирани, поради непостоење на критериуми во секој поглед, доведуваат дури и до општо "затапување", што може да се разбере само како прикривање на дел од оние реални процеси во кои интересите се остваруваат надвор од "јавноста", за што истата таа јавност добро "знае" што се случува, а и зошто не се пишува!

# ТРИ НИВОА НА РАЗБРАНУВАЊЕ НА СВЕСТА

Приватизацијата на општествениот капитал е дел од големиот проект на враќањето на вредностите на граѓанското општество, каде приватната сопственост зазема можеби, едно од централните места, покрај правата и слободите на човекот, политичкиот плурализам, правната држава, за што овде не ни беше цел да говориме.

Предметот на анализата "перцепцијата на промените" се обидовме да го посматраме на неколку нивоа кои условно ги поделивме во три групи. Првото ниво е "ниво на експертска анализа", кое ги опфати главните теоретски (сеуште неразвиени) гледишта и главно ограничени во доменот на економската наука. Во тие рамки, главно се издиференцирани две гледишта: едно кое понепосредно ги следи потезите на владеачката партија и главно го прифатило ставот за моделот на приватизацијата, како "платена приватизација". Колку е таа платена, како тоа се врши, дали тоа има "економска смисла" кои се социјалните последици, како тоа ќе се одрази на развојот во иднина, се прашања кои главно се премолчени, но, некои се омилена тема на второто експертско гледиште, кое заговара друг модел различен од оној кој се реализира, а кој претпоставува сосема друга економска реалност, но и социјална и политичка матрица, а тоа е моделот на масовната приватизација. И едното и другото гледиште, јавно или прикриено се врзани за сфаќањето на некоја од партиите, "платената" за позицијата, "масовната" за опозицијата. Едните говорат за чесна, праведна, платена приватизација, вторите за невиден грабеж, узурпации, богатење преку ноќ, слаби економски ефекти. Сеуште, освен неколку исклучоци (не станува збор за нивната чесност) нема аналитички

текстови; дали примената на моделот на приватизација значи исчекор кон пазарната економија. Тоа што некои сметаа дека секоја приватизација по било која цена и не е важно на каков начин, значи чекор напред, сеуште е нејасно колку чекори назад или е тоа или можеби заличува на "лет во место". Процесот на приватизацијата се најде во средиштето на политичките игри, многу повеќе како "интересно подрачје" на одделни силни политички и економски групи (и поединци), а многу помалку како национална стратегија со долгорочни цели. Тука, печатот, можеби ја имаше својата шанса да гради "свест" кај луѓето за идниот век. Неспорно е дека ќе има луѓе со големо богатство, но, за нивната "чесност" народот не би требало да се сомнева. Таа мора секогаш да биде доволно разбирлива и без сомнение достапна за секого како и самото богатство.

Второто ниво е поврзано со оние кои се непосредно "предмет" на приватизацијата, негови учесници - вработените, довчерашни самоуправувачи, носители на сопственоста, која беше "сечија и ничија" и која ете се покажа неефикасна, непрофитабилна, бидејќи не се знае "чија е" и неизбежно треба да се "приватизира", да се најде сопственик, кој навистина ќе знае да управува, да обезбедува плата и остварува профит.

Системот се сруши како и да не постоел. Кога тоа се посматра на микро ниво, на ниво на претпријатие, тоа заличува на акција за препарирање на умрениот иако е јасно дека не може да оживее. Луѓето прво ја прифатија играта, но, не им беа јасни или не сакаа да расправаат за правилата . Тие спонтано се срушија врз нивните глави, поконкретно, се помирија со судбината и тоа го сфатија како борба за преживување. Оваа состојба можеме да ја наречеме "експеримент во живо", кој се изведува во лабораториски услови, на луѓето им се доделува нова улога која мора да се игра со нови за нив туѓи правила! Не не изненадува тоа што вработените приватизацијата ја изедначуваат со кражба, со мафијашка активност (не само

во Македонија), но, нечесна работа, неразбирливо е нивното однесување! Потоа, сеуште не сме свесни за последиците од таквото перцепирање на состојбите! Се појави огромен расчекор меѓу целите на приватизацијата и резултатите од практичната примена на законот, што од вработените е протолкувано на начин кој ја разорува стабилноста на системот на подолг период, има знаци на сурова акумулација на капиталот во услови на од една страна електронска револуција и масовно осиромашување, од друга. Проектот за промени претежно вреднуван како нечовечки, неморален, нелегитимен и нелегален, кој масовно ја троши човечката ментална енергија, го руши достоинството, го уништува мирот, го разнебитува фундаментот врз кој почива нормалниот живот. Луѓето се чувствуваат повеќе како жртви, отколку како субјекти на тие промени. Со ова не сакаме да ја оцрниме актуелната власт (можеби ќе дојде друга, тоа е можно), но се чини тоа е само можност да се продлабочи песимизмот дека е можен излез од невољата за покусо време. Зачудува фактот што кај вработените не се поставува прашањето за сопственоста на нивната фабрика (во голем број случаи формално-правно е нивна - акционери). Зачудува фактот што тие не знаат што значи тоа за нив, односно, се повеќе се убедени дека тоа може да го реши "некој силен избран авторитет - водач", што повторно ги враќа на позиција од минатото. Свеста за немоќ се претвора во свест за колективна моќ кога некој ќе одлучува, праведно, мудро, еднакво за сите!

И најпосле, третото политичко ниво, или "ниво на власт" за кое и "однадвор" (приватизација мора да има модел кој се проценува во институциите на светскиот капитал) и "одвнатре", (изградба на институции по примерот на развиените општества) и во таа смисла, секој законски проект - програма мора, ако не директно, тогаш индиректно да се споредува, проценува и дотерува по примерот на западните земји.

табела 1.

## Школска подготовка на вработените (1995)

| претпријатие | вкупно | основно училиш. | учил.за заним. | ССС | високо виша | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Аутомакедонија | 68(100) | 2(2,9) | 2(2,9) | 43(63,2) | 20(29,4) | 1(1,5) |
| ФАМ | 65(100) | 0(0) | 1(1,5) | 41(63,1) | 23(35,4) | 0(0) |
| Електрометал | 67)100) | 3(4,5) | 1(1,5) | 43(64,2) | 19(28,4) | 1(1,5) |
| ЕМО | 84(100) | 7(8,3) | 6(7,1) | 48(57,1) | 20(23,8) | 3(3,6) |
| Жито Битола | 65(100) | 6(9,2) | 9(13,8) | 31(47,2) | 19(29,2) | 0(0) |
| Тиквеш | 87)100) | 7(8,0) | 0(0) | 58(66,7) | 21(24,1) | 1(1,1) |
| Тале Целески | 72(100) | 5(6,9) | 11(15,3) | 44(61,1) | 10(13,9) | 2(2,8) |
| Тетекс | 66(100) | 12(18,2) | 6(9,1) | 39(59,1) | 9(13,6) | 0(0) |
| **вкупно** | **576(100)** | **42(7,3)** | **36(6,3)** | **349(60,6)** | **141(24,5)** | **8(1,4)** |

табела 2.

**Местоположба на вработените во процесот на трудот (1995)**

| претпријатие | вкупно | непосред. производ | служби | б.о. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Аутомакедонија | 68(100) | 6(8,8) | 60(88,2) | 2(2,9) |
| ФАМ | 65(100) | 40(61,5) | 25(38,5) | 0(0) |
| Електрометал | 67(100) | 17(23,4) | 45(67,2) | 5(7,5) |
| ЕМО | 84(100) | 36(42,9) | 43(51,2) | 5(6,0) |
| Жито Битола | 65(100) | 43(66,2) | 20(30,8) | 2(3,1) |
| Тиквеш | 87(100) | 39(44,8) | 43(49,4) | 5(5,7) |
| Тале Цалески | 72(100) | 54(75,0) | 15(20,8) | 3(4,2) |
| Тетекс | 66(100) | 36(54,5) | 24(36,4) | 6(9,1) |
| **вкупно** | **576(100)** | **271(47,0)** | **277(48,1)** | **28(4,9)** |

табела 3

**Работен стаж на вработените (1995)**

| претпријатие | вкупно | до 5 год. | 5-10 год. | 11-20 год. | над 20 год. | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Аутомакедонија | 68(100) | 1(1,5) | 5(7,4) | 23(33,8) | 39(57,4) | 0(0) |
| ФАМ | 65(100) | 4(6,2) | 20(30,8) | 32(49,2) | 9(13,8) | 0(0) |
| Електрометал | 67(100) | 2(3,0) | 23(34,3) | 25(37,3) | 17(25,4) | 0(0) |
| ЕМО | 84(100) | 2(2,4) | 22(26,2) | 37(44,0) | 22(26,2) | 1(1,2) |
| Жито Битола | 65(100) | 4(6,2) | 17(26,2) | 23(35,4) | 21(32,3) | 0(0) |
| Тиквеш | 87(100) | 0(0) | 21(24,1) | 36(41,4) | 29(33,3) | 1(1,1) |
| Тале Цалески | 72(100) | 2(2,8) | 6(8,3) | 36(50,0) | 27(37,5) | 1(1,4) |
| Тетекс | 66(100) | 3(4,5) | 10(15,2) | 20(30,5) | 33(50,0) | 0(0) |
| **вкупно** | **576(100)** | **18(3,1)** | **124(21,5)** | **232(40,3)** | **199(34,5)** | **3(0,5)** |

табела 4.

**Интерес на вработените за приватизација (1995)**

| претпријатие | вкупно | бев информ | по нешто знаев | целосн исключ | воопшто не знаев | друго шт | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| Аутомакедонија | 68(100) | 12(17,6) | 28(41,2) | 15(22,1) | 7(10,3) | 5(7,4) | 1(1,5) |
| ФАМ | 65(100) | 7(10,8) | 28(43,1) | 16(24,9) | 4(6,2) | 8(12,3) | 2(3,1) |
| Електрометал | 67(100) | 19(28,4) | 34(50,7) | 6(9,0) | 4(6,0) | 3(4,5) | 1(1,5) |
| ЕМО | 84(100) | 12(14,5) | 50(59,5) | 11(13,1) | 4(4,8) | 5(6,0) | 2(2,4) |
| Жито Битола | 65(100) | 5(7,7) | 32(49,2) | 18(27,7) | 7(10,8) | 3(4,6) | 0(0) |
| Тиквеш | 87(100) | 4(4,6) | 27(31,0) | 27(31,0) | 13(14,9) | 9(10,3) | 7(8) |
| Тале Цалески | 72(100) | 16(22,2) | 29(40,3) | 7(9,7) | 12(16,8) | 8(11,1) | 0(0) |
| Тетекс | 66(100) | 10(15,2) | 36(54,5) | 4(6,1) | 12(18,2) | 2(3,0) | 2(3) |
| **вкупно** | **576(100)** | **85(14,3)** | **264(45,8)** | **105(18,2)** | **63(10,9)** | **43(7,5)** | **16(2,8)** |

табела 5.

**Дали би го напуштиле претпријатието ако Ви се понуди повисока плата (1995)**

| претпријатие | вкупно | да | не | не сум размисл. | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Ауотмакедонија | 68(110 | 48(70,6) | 10(14,7) | 10(14,7) | 0(0) |
| ФАМ | 65(100) | 53(81,5) | 4(6,2) | 6(9,2) | 2(3,1) |
| Електрометал | 67(100) | 33(49,3) | 14(20,9) | 20(29,9) | 0(0) |
| ЕМО | 84(100) | 47(56,0) | 18(21,4) | 19(22,6) | 0(0) |
| Жито Битола | 65(100) | 27(41,5) | 16(24,6) | 22(33,8) | 0(0) |
| Тиквеш | 87(100) | 23(26,4) | 36(41,4) | 24(27,6) | 4(4,6) |
| Тале Цалески | 72(100) | 44(61,1) | 18(25,0) | 10(13,9) | 0(0) |
| Тетекс | 66(100) | 29(43,9) | 19(28,8) | 17(25,8) | 1(1,5) |
| **вкупно** | **576(100)** | **304(52,8)** | **138(23,6)** | **128(22,2)** | **8(1,4)** |

табела 6.

**Колку сте задоволни од дисциплината во претпријатието (1995)**

| | | степен на сложување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| претпеијатие | вкупно | многу задов. | задо-волен | незадо-волен | многу задов | б.о. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Аутомакедонија | 68(100) | 3(4,4) | 19(27,9) | 20(29,4) | 26(38,2) | 0(0) |
| ФАМ | 65(100) | 0(0) | 35(53,8) | 21(32,3) | 9(13,8) | 0(0) |
| Електрометал | 67(100) | 2(3,0) | 31(46,3) | 26(38,8) | 4(6,0) | 4(6,0) |
| ЕМО | 84(100) | 4(4,8) | 17(20,2) | 34(40,5) | 24(28,6) | 5(6,0) |
| Жито Битола | 65(100) | 3(4,6) | 27(41,5) | 29(44,6) | 4(6,2) | 2(3,1) |
| Тиквеш | 78(100) | 1(1,1) | 30(34,5) | 26(29,9) | 21(24,1) | 9(10,3) |
| Тале Цалески | 72(100) | 6(8,3) | 22(30,6) | 29(40,3) | 9(12,5) | 6(8,3) |
| Тетекс | 66(100) | 2(3,0) | 37(56,1) | 22(33,3) | 2(3,0) | 3(4,5) |
| **вкупно** | **576(100)** | **21(3,6)** | **219(38)** | **207(35,9)** | **99(17,2)** | **30(5,2)** |

табела 7.

**Колку сте задоволни од организацијата на работата (1995)**

| | | степен на задоволство | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| претпријатие | вкупно | многу задов. | задо- волен | незадо волен | многу задов | б.о. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Аутомакедонија | 68(1000 | 1(1,5) | 8(11,8) | 18(26,5) | 40(58,8) | 1(1,5) |
| ФАМ | 65(100) | 1(1,5) | 22(33,8) | 29(44,60 | 13(20,0) | 0(0) |
| Електрометал | 67(100) | 1(1,5) | 17(25,4) | 40(59,7) | 8(11,9) | 1(1,5) |
| ЕМО | 84(100) | 1(1,2) | 18(21,4) | 31(36,9) | 27(32,1) | 7(8,3) |
| Жито Битола | 65(100) | 2(3,1) | 27(41,5) | 25(38,50 | 8(12,30 | 3(4,6) |
| Тиквеш | 87(100) | 0(0) | 30(34,5) | 26(29,9) | 22(25,3) | 9(10,3) |
| Тале Цалески | 72(100) | 1(1,4) | 21(29,2) | 32(44,4) | 11(15,30 | 7(9,7) |
| Тетекс | 66(100) | 3(4,5) | 31(47,0) | 24(36,40 | 6(9,1) | 2(3,0) |
| **вкупно** | **576(100)** | **10(1,7)** | **174(30,2)** | **226(39,2)** | **135(23,4)** | **31(5,4)** |

табела 8.

**Колку сте задоволни од односите на претпоставените (1995)**

| | степен на задоволство | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| претпријатие | вкупно | многу задовол | задоволен | незадоволен | многу незадов | б.о. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Аутомакедонија | 68(100) | 3(4,4) | 19(27,9) | 14(20,6) | 31(45,6) | 1(1,5) |
| ФАМ | 65(100) | 1(1,5) | 35(53,8) | 20(30,8) | 9(13,8) | 0(0) |
| Електрометал | 67(100) | 57,5) | 26(38,8) | 27(40,3) | 7(10,4) | 2(3,0) |
| ЕМО | 84(100) | 8(9,5) | 42(50,0) | 11(13,1) | 16(19,0) | 7(8,3) |
| Жито Битола | 65(100) | 6(9,2) | 24(36,9) | 21(32,3) | 11(16,9) | 3(4,6) |
| Тиквеш | 87(100) | 1(1,1) | 36(41,4) | 23(26,4) | 18(20,7) | 9(10,3) |
| Тале Цалески | 72(100) | 5(6,9) | 26(36,1) | 18(25,0) | 16(22,2) | 7(9,7) |
| Тетекс | 66(100) | 3(4,5) | 35(53,0) | 18(27,3) | 6(9,1) | 4(6,1) |
| **вкупно** | **576(100)** | **32(5,6)** | **244(42,4)** | **152(26,4)** | **114(19,8)** | **34(5,9** |

табела 9.

**Кои цели се остваруваат со приватизацијата (1996)**

| претпријатие | вкупно | ефикас. управув | правед. распред | економ ефекти | сите од наведен | ниедно | друго што | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Електрометал | 62(100) | 9(14,5) | 7(11,3) | 3(4,8) | 3(4,8) | 33(53,2) | 4(6,5) | 3(4,8) |
| ФАМ | 55(100) | 0(0) | 4(7,3) | 0(0) | 0(0) | 24(43,6) | 11(20,0) | 16(29,1) |
| Тиквеш | 74(100) | 3(4,1) | 2(2,7) | 4(5,4) | 0(0) | 17(23,0) | 13(17,6) | 35(47,3) |
| Жито Битола | 55(100) | 11(20,0) | 9(16,4) | 1(1,8) | 2(3,6) | 26(47,3) | 4(7,30) | 2(3,60) |
| Тале Цалески | 44(100) | 3(6,8) | 3(6,8) | 3(6,8) | 1(2,3) | 12(27,3) | 4(9,1) | 18(40,9) |
| ЕМО | 59(100) | 5(8,5) | 5(8,5) | 4(6,8) | 2(3,4) | 27(45,8) | 7(11,9) | 9(15,3) |
| Тетекс | 58(100) | 15(25,9) | 5(8,6) | 15(25,9) | 7(12,1) | 9(15,50 | 1(1,7) | 6(10,3) |
| **вкупно** | **410(100)** | **46(11,2)** | **35(8,5)** | **30(7,3)** | **15(3,7)** | **148(36,1)** | **44(10,7)** | **92(22,4)** |

табела 1о.

**Кој, според Ваше мислење, е сопственик на Вашето претпријатие (1996)**

| претпријатие | вкупно | државата | вработен. | раковод- | некој друг | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Електрометал | 62(100) | 1(1,6) | 30(48,4) | 30(48,40 | 0(0) | 1(1,60 |
| ФАМ | 55(100) | 18(32,7) | 13(23,60 | 14(25,5) | 2(3,6) | 8(14,5) |
| Тиквеш | 74(100) | 9(12,2) | 40(54,1) | 10(13,50 | 2(2,7) | 13(17,6) |
| Жито Битола | 55(100) | 5(9,1) | 14(25,5) | 27(49,1) | 7(12,70 | 2(3,60 |
| Тале Цалески | 44(100) | 6(13,6) | 19(43,2) | 11(25,0) | 5(11,40 | 3(6,8) |
| ЕМО | 59(100) | 8(13,60 | 20(33,9) | 20(33,9) | 8(13,6) | 3(5,1) |
| Тетекс | 58(100) | 1(1,7) | 26(44,8) | 28(48,3) | 2(3,40 | 1(1,7) |
| **вкупно** | **410(100)** | **48(11,70** | **162(39,5)** | **140(34,1)** | **26(6,3)** | **34(8,3)** |

табела 11.

**Дали сметате дека треба да имате влијание врз управувањето со претпријатието (1996)**

| претпријатие | вкупно | да | не | б.о. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Електрометал | 62(100) | 42(67,7) | 17(27,4) | 3(4,8) |
| ФАМ | 55(100) | 34(61,8) | 20(36,4) | 1(1,8) |
| Тиквеш | 74(100) | 40(54,1) | 30(40,5) | 4(5,4) |
| Жито Битола | 55(100) | 35(63,6) | 20(36,4) | 0(0) |
| Тале Цалески | 44(100) | 29(65,9) | 13(29,5) | 2(4,5) |
| ЕМО | 59(100) | 41(69,5) | 16(27,1) | 2(3,4) |
| Тетекс | 58(100) | 33(56,9) | 24(41,4) | 1(1,7) |
| **вкупно** | **410(100)** | **254(62,0)** | **140(34,1)** | **16(3,9)** |

табела 12.

**Како се оценуваат промените во претпријатието по приватизацијата (1996)**

| претпријатие | вкупно | кон подобро | кон полошо | не знам | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Електрометал | 62(100) | 14(22,6) | 34(54,8) | 11(17,7) | 3(4,8) |
| ФАМ | 55(100) | 6(10,9) | 8(14,5) | 24(43,6) | 17(30,9) |
| Тиквеш | 74(100) | 12(16,2) | 5(6,8) | 29(39,2) | 28(37,8) |
| Жито Битола | 55(100) | 10(18,20 | 26(47,3) | 18(32,7) | 1(1,8) |
| Тале Цалески | 44(100) | 9(20,5) | 8(18,2) | 13(29,5) | 14(31,8) |
| ЕМО | 59(100) | 14(23,7) | 24(40,7) | 15(25,4) | 6(10,2) |
| Тетекс | 58(100) | 18(31,0) | 7(12,1) | 31(53,4) | 2(3,4) |
| **вкупно** | **410(100)** | **83(20,20** | **112(27,30** | **141(34,4)** | **74(18,0)** |

табела 13.

**Кога повеќе вработените се залагаат во работата (1996)**

| претпријатие | вкупно | за време на самоуправ. | денес повеќе се залагаат | нема промени | б.о. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | степен на залагање | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Електрометал | 62(100) | 17(27,4) | 7(11,3) | 36(58,1) | 2(3,2) |
| ЕМО | 55(100) | 21(38,2) | 3(5,5) | 26(47,3) | 5(9,1) |
| Тиквеш | 74(100) | 17(23,0) | 4(5,4) | 33(44,6) | 20(27,0) |
| Жито Битола | 55(100) | 19(34,5) | 5(9,1) | 29(52,7) | 2(3,6) |
| Тале Цалески | 44(100) | 12(27,3) | 5(11,4) | 17(38,6) | 10(22,7) |
| ЕМО | 59(100) | 19(32,2) | 6(10,2) | 30(50,8) | 4(6,8) |
| Тетекс | 58(100) | 13(22,4) | 14(24,1) | 29(50,0) | 2(3,4) |
| **вкупно** | **410(100)** | **118(28,8)** | **44(10,7)** | **200(48,8)** | **48(11,7)** |

табела 14.

**Доживувањето на промените и типот на сопственост (1996)**

| Како ги оценувате Вие лично промените во претпријатието | Кој е сопственик на Вашето претпријатие | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | државата | вработени | раков на фирмата | друг | б.о. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| кон подобро | 83(100) | 11(13,30 | 48(57,8) | 18(21,7) | 5(6,0) | 1(1,2) |
| кон полошо | 112(100) | 10(8,9) | 24(21,4) | 66(58,9) | 9(8,0) | 3(2,7) |
| не знам | 141(100) | 20(14,2) | 59(41,8) | 47(33,3) | 9(6,4) | 6(4,3) |
| без одговор | 74(100) | 7(9,5) | 31(41,9) | 9(12,2) | 394,10 | 24(32,4) |

## користена литература

Adam, Frane, 1990, (Bivsa) Realsocijalisticko drustvo (posebno Yugoslavija) izmedzu neotradicionalizma i moderniteta, "Kulturni radnik", br.4-5, Zagreb.

Adam, Frane, 1989, Problem transformacije samoup- ravnog drustva, "Kulturni radnik", br.6, Zagreb.

Andrew, G. Walder, 1996, Markets and inequality in Transitional Economics , Toward Testbl Theories, AJS, Volume 101, No.4/1996.

Ацески, Илија, 1994, Транзиција-приватизација-вредности и стопанска елита, "Економски магазин", 1 и 15 мај, бр.31 и 32, Скопје.

Ацески, Илија, 1995, Општеството и човекот во транзиција, "Екопрес", Скопје.

Bachman, D., China and Privatization vo. Ramanadhan, cit.delo. p.275-289.

Bahtijarevic-Siber, F., 1984, Hijerarhija vaznosti i zadovoljenosti motivacijskih faktora u radu - longitudalna analiza, "Primjenjena psihologija", br.5.

Bahtijarevic-Siber, F., 1992, Organizacijska kultura: Operacionalizacija i istrazivanje, "Revija za sociologiju", 1-2, Zagreb.

Bajc, Edita, 1994, Tranzicija socijalne politike u zemljama u tranziciji, vo Zbornikot Socijalni rad i socijalna politika, FPN, Beograd.

Bajc, Edita, 1994, Tranzicija socijalne politike u zemljama u tranziciji, Zbornik, Socijalni rad i socijalna politika, FPN, Beograd.

Berelovitch, Al., et Wieviorka, M. 1993, La Formation d'actuers Sociaux politiques, economiques et cultrels en Russie postcomuniste, Cahiers internati- onaux de Sociologie, vol. XCV.

Becker, S. Howard, 1973, Na cijoj smo strani, "Revija za sociologija", 3-4/1973, Zagreb.

Богоев, Ксенте, 1994, Економска транзиција, концепти, резултати, проблеми, Зборник, Економска транзиција, МАНУ.
Богоев, Ксенте, 1994, Економска транзиција, концепти, резултати, проблеми во Зборникот Економска транзиција. МАНУ, 1994.
Bolcic, S., 1994, Tegobe u preduzetnicko drustvo, Sociologija "tranzicije" u Srbiji pocetkom devede- setih, Beograd.
Bolcic, S., 1989, Samoupravljanje i moderni sistemi moci, "Kulturni radnik", br.6, Zagreb.
Bolcic, S., 1995, Drustveno-ekonomski smisao i pocetni domasaji "post-socojalisticke" tranzicije. Научен собир "Структурните промени и развој на земјите во тразиција, Универзитет "Св.Климент Охридски", Битола, 22-23 јуни 1995.
Bolcic, S., Suprostavljanost i zajednistvo u Jugosloven- skom drustvu u Zborniku CDI, interesi i delovanje Saveza Komunista, Komunist, Beograd, 1989.
Bolcic, S., 1989, Socioloski pristup preduzetnistvu, "Nase teme", Zagreb.
Bornstein, Morris, Privatization in Central and Eastern Europe, Techniques, Policy Optione and Economic consequences in Csaba (ed) превземено од Shu-Yun-Ma.
Брајановски, Благоја, 1995, Односот на трудот и менаџментот во услови на транзиција во Републока Македонија, Годишник на Институтот за политичко правни истражувања, Скопје, бр.1.
Brenkert, G. G., 1991, Political Freedom, Routledge, London i New York, (превземено од Vujacic, 1995).
Bruno, Michael, Stabilization and reform in Eastern Europe: A Preliminary Evaluation, vo. Oliver J. Blanchard, K.A. Foot and Jeffery D. Sachs, cit.delo.
Burt, S., The Politics of Virtue Todey: A Critique and a Proposal, American Political Science Review, vol. 87, No,2, 1993.

Vickers, J., and Yarrow, G., 1988, Privatization, An Economic Analizis, Cambridge, Massi, MIT Press.
Vratusa-Zunjic, V., 1993, Protagonisti svojinske trans- formacije u drustvenim sistemima istocne, centralne i jugoistocne Evrope s posebnim osvrtom na slucaj Yugoslavije, Sociologija, 1. Beograd.
Vojacic, Vladimir, 1995, Liberalizam i politika opceg dobra, "Politicka misao", Zagreb, br.1.
Galal, Ahmed, 1991, Public Enterprise, Reform, Lesson from the postanol Issues for the Future World Bank (citirano od Sunita Kikery, Privatization, p.251)
Галев, Гале, 1995, Имотно правните односи во правниот систем на Република Македонија, (1944-95), Зборник, Конституирањето на Република Македонија како модерна држава, Правен факултет, Скопје.
Galston, W. A., Liberal Virtues, American Political Science Review, Vol. 82, No.4 1988 (види Vujacic, str. 127-128)
Gams, Andrija, (1988) Svojina, Naucna knjiga, Beograd.
Генов, Н., (ред), 1994, Рискове на прехода, Софија.
Георгиев, А., Неданоски, П., 1995, Искуството од минатото како прилог за иднината, Зборник, Посебната улога на економските науки (цит.)
Gligorov, V., 1989, Raspad samoupravnog sistema, "Kulturni radnik", br.6, Zagreb.
Gligorov, V., 1989, Rizik, svojina i preduzece, "Nase teme", br.11, Zagreb.
Gordon, L., 1993, Les particularites du mouvement ouvrier en Russie postsovietique, Cahiers interna- tionaux du Sociologie, vol. XCV, 1993.
Гризо, Н., Давитковски, Б. 1994, Приватизација во светот, Просвета, Куманово.
Гризо, Н., 1993, Искуствата со приватизацијата во Велика Британија, Годишник на Правниот факултет, Скопје

Grudelj, S., 1994, Dominantne vrednosne orijentacije, vo. Lazic, (1994)
Grudelj, S., 1986, S onu stranu ogledala, istrazivacko izdavacki centar, SSO Srbije.
Дал, Роберт, 1991, Општествената реалност и пазарната економија, во Цивилното општество во посткомунизмот, Македонско радио, трета програма, Скопје.
Dahl, R., 1993, Uvod u ekonomsku demokratiju, isp. Savremena administracija, Beograd.
Dejvis,D.R., Seklton,V.Dz, 1979, Psihilogija i rad, Nolit, Beograd.
Димитриев, А. Б., 1993, Конфликт Росииском Распутне, "Социол. иследование", бр. 9.
Диздаревиќ, Исмет, 1995, Во длабочината на мотивацијата, "Екопрес", 15-5-1995, Скопје.
Domanski, H.Z.Z., Klasy do klasy - Polityka (W-Wa) 1992, R.36, No.24.
Drucker, Peter, 1991, Inovacije i preduzetnistvo, praksa i principi, Privredni pregled, Beograd.
Zupanov, J., 1992, Sociologija i menagment, "Reviija za sociologiju", 1-2, Zagreb.
Zupanov, J., 1987, Sociologija i samoupravljanje, Skolska knjiga, Zagreb.
Zupanov, Josip, 1982, Egalitarizam i industrijalizam, vo knigata Psihologija i soijalna organizacjia, Zagreb, (red. J. Obradovic).
Захариева, М., 1994, Културни модели в ситуацијата на преход: С'стојание и тенденции vo Генов (ред), Рискове на прехода, София, 1994.
Zinoviev, Al., 1982, Homo Sovieticus, Boston, N.Y.
Zvonarevic, Mladen, 1982, Socijalna moc, informiranost i motivacija u procesu samoupravljanja vo knigata Psihologija i socijalna organizacija, Zagreb, (red. J. Obradovic)

Иванов, Ѓорѓе, 1994, Цивилно општество, (новите противречности на старата расправа), Скопје.
Игор, Кон, 1993, Социо-икономическијат преход и кризата на идентичноста, "Социологически проблеми", София, бр. 1.
Извештај на EBRD за процесот на транзицијата во источно европските земји, "Екопрес", јуни 1995.
Јанчев, Мичо, 1995, Промените се неминовни, "Екопрес", бр. 1 1996.
Jarovsek, J., 1989, Kako biti poduzetnik u nepodu- zetnickom sistemu, "Nase teme", br.11, Zagreb.
Jarovsek, Janez., 1988, Stimulitavan sisitem nagradzi- vanja, "Nase teme", br.11, Zagreb.
Jusic, Boro, 1992, Sociologija, organizacija i upravljanje organizacijom, "Revija za sociologiju", 1-2, Zagreb.
Claud, Maurel-Marie, 1994, Terre, Capital, Travail, vers de nouveaux Raports Sociaux En Europe Centrale Cahiers internatinaux de Sociologie, P.U.F. janvier-juin, 1994.
Климовски, Саво, 1995, Демократија и правна држава, Зборник, Конституирањето на Република Македонија како модерна држава, Правен факултет, Скопје.
Климова, С.Г., 1995, Измененија ценосних основании идентификаци, "Социс", бр. 1/95, Москва.
Kovac, B., 1989, Kraj samoupravnog preduzeca, Kulturni radnik, Zagreb.
Kovac, B.,1989, Uloga poduztnistva u prestrukturiranju i razvoju suvremene privrede, "Nase teme", br.11, Zagreb.
Cooter, Robert, (1995) Analisis of Property Low Applied to Privatization. Во книгата на Узунов Никола, Трансформација на економските системи, Детска Радост, Скопје, 1995г, с.368/369.
Крштановскаја, Олга, Трансформација старој номенклатури в новју россијскоју елиту, "Социс", бр.3/95.

Крштановскаја, О.Б., 1995, Нелегалние структури в Росии, Социс, 1/95, Москва.
Kuvacic, Ivan, 1988, Rasprava o metodi, Naprijed, Zagreb.
Kuzmanovic, B., 1982, Vrednosna usmerenost i spremnost za angaziranje u samoupravljanju produzeca, vo knigata Psihologija i socijalna organizacija, (red. J.Obradovic), Beograd.
Кузмин, А., 1993, Настроение жителеи восточно-европских государства, Атлас, М. Итар-ТАСС но. 26.
Кльусев, Никола, 1994, Република Македонија во периодот на транзиција, Зборник на Економски институт, Скопје.
Левинс'н, А., 1994, Макроекономически неопределе- ном в прехода к'м пазарна икономика, vo Генов, (1994), Рискове на прехода, Софија.
Laviqne, Marie, 1994, La transition du Europe Centrale, Revue economique, vol.45, no. 3.
Lazic, M., 1994, Razaranje drustva, Filip Visnic, Beograd.
Lazic, M., 1991, Zatocenici komandne ekonomije, "Sociologija", 1-2, Beograd.
Larry, D., 1992, Democracy Reoconsidered, American Bechavioral Scientist 35 (march-june)
Louis, de Alessi, (1989) Pravo na vlasnistvo i privatizacija, "Pogledi", Split, 2/1989.
Лубарда, Б., 1990, Партиципација радника у управ- љању предузеħем у упоредном праву, АПФ, Београд.
McKinhon, R., 1994, Gradual Vergus Rapid Liberation in Socialist Economies, (vo Sunita Kikeri, Privatization)
McFaul, Micheal, 1995, State Power, Institutional Change and the politics of privatization in Russia, World Politics, 47 (januaey)
Milovanovic, M., 1993, Teorijski izvori i metodi privatizacijae, "Sociologija", br.1.
Morisima, Micio, 1986, Zasto je Japan "uspeo", Rad, Zagreb.

Недков, Милан, и други, 1991, Приватизацијата на општествениот капитал во Република Македо- нија, Републички фонд за развој, Скопје.

Nedovic, Slobdanka, (1993) Prilog sporazumu o ideji socijalne pravde: Vrhovna vrednost ili Fatalna zabluda, "Sociologija", Beograd.

Nellis, John, 1991, Privatization in Reforming Socialist Ekonomies, во книгата на A. Bohn and V. Krecic, ed. Privatization in Eastern Europ, Ljubljana, Slovenija.

Николовска, Наталија, 1996, Без јасна визија, "Нова Македонија", 5-1-1996г.

Oliver, J., Blanshord, K.A., Froot, and J.D.Sachs, 1994, The Transition in Eastern Europe, The University of Chicago Press.

Patrick, Kenis, (1989) Javno vlasnistvo, Ekonomija demokracije ili demokratizacija ekonomije, Pogledi, Split, 2/1989.

Peculjic, M., i drugi, 1991 Kriticka teorija savremenog drustva, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1991.

Петкоски, М., 1994, Стратегии на транзицијата, централни прашања, во зборникот, Економска транзиција, состојби, проблеми, перспективи, МАНУ, Скопје.

Петковска-Христива, Лидија, 1995, Работничка партиципација - Актуелни аспекти, Годишник на ИСППИ, бр.1 Скопје.

Petz, Boris, 1982, Psiholoski aspekti funkcioniranja velikih poduzeca i problemi medzuljudskih odnosa, vo knigata, Psihilogija i soijalna organizacija, Zagreb, (red, J. Obradovic).

Посебната улога на економската наука, 1995, Зборник, Економски факултет, Скопје и Сојуз на економисти на Македонија, Скопје.

Поповска, Златка, 1993, Еваулација на приватните претпријатија во менаџментот и претприема- штвото во Македонија, Скопје.

Прирачник за примена на законот за трансформа- ција на претприиjатиjата со општествен капитал, изд. Агенциja на Република Македониja за трасформациjа на претпри- jатиjата со општествен капитал, 1994.
Приватизациjата: пет години подоцна, Екопрес, 1996, Скопjе.
Progress in Privatization, 1990-1992, cit.
Puhovski, Zarko, 1988, Vlasnicko subjektiviranje, Nase teme, Zagreb.
Pusic, Vesna, 1986, Industriska demogracija i civilno grustvo, Socijalno drustvo Hrvatske, Zagreb.
Radaev, V., 1995, Social Stratification, or Now to Approach Problems of Social Stratification, Problems of Economic Transition, october, 1995.
Rawls, John, 1990, Teorija pravde, (I i II), "Nase teme", br. 5 i 6 Zagreb.
Roman, Fridman, и други, 1996, Капитализам со камарадско лице, "Екопрес", бр.104, март, 1996, Скопjе.
Рукавишников, В. О., 1995, Социологиjа на посткомунистическиjат период в Русиjа и източно европеиските страни, Социологически проблеми, Софиjа, бр.1.
Рукавишников, В.О., 1995, Социологические аспекти модернизации, России и других посткомунистичких обштества, Социс, бр1.
Rus, V., 1977, Sustina vrednosti i ljudske vrednosti (28), Marksisticka filozofija, Ret. d-r. Bogoslav Sesic, Naucna knjiga, Beograd.
Rus, V., 1989, Individualno vlasnistvo i samiupravljanje, "Kulturni radnik", br.6, Zagreb.
Rus, V., Arzansek, V., 1984, Rad kao sudbina i kao sloboda, Zagreb, SNI.
Руткевич, М.Н., 1993, Социологиjа, власт, обштес- твеное мнение, "Социол. иследование", но. 1.

Sach, Jeffrey, 1996, Опасност за себе, но и за светот, Екопрес, 1-1-1996, Скопје.
Sekulic, Dusko, 1982, Motivacija i socijalna akcija vo knigata Psihologija i socijalna organizacjia, Skolska knjiga, Zagreb, (red.J.Obradpvic)
Sekulic, Dusko, 1975, Motivacija i soijalna akcija, "Revija za sociologiju", br.3, Zagreb.
Semjuel Hantigton, 1994, Cena slobode, Americka ambasada, Pregled, br.267. Beograd.
Славески, Трајко, 1994, Некои ограничувања во Македонија, во Зборникот Економска транзиција, МАНУ, 1994.
Славески, Трајко, 1995, Македонската економија во транзиција, "Екопрес", Скопје.
Славески, Трајко, 1996, Приватизацијата во Македонија - пет години подоцна, прилог на Екопрес, Скопје.
Социјални рад и социјална политика, Факултет политичких наука, Београд, 1995.
Shleiter, Andrei, 1995, Како да се уништи октоподот? "Екопрес", juni 1995, (SEU Project Syndicates).
Спиркоски, Благоја, 1995, Економска демократија и демократските форми, Економски факултет, Прилеп.
Srica, Velimir, 1995, Poslovni reinzenjering-nova menadzerska filozofija, Ekonomija, br.10-11, Zagreb.
Стојанова, Весна, 1996, Луѓето универзален лек, "Економски магазин", 1-2-1996.
Стојанова, Весна, 1992, Менаџментот-клучен фак- тор за опстанокот на претпријатието, Зборник на треудови, Економски институт, Скопје.
Стоајнова, Весна, 1993, Од самоуправување до менаџмент, Зборник, Економски институт, Скопје.
Stojak, Rudi, 1990, Metoda analiza sadrzaja, Sarajevo.

Sunita Kikery, John Nellis, Mary Shirley, 1994, Privatization, Lessons from arvet Economies, The world Bank Reserch, Observer, vol. 9, no. 2 (july)

Supek, Rudi, 1974, Participacija, radnicka kontrola i samoupravljanje, Naprijed, Zagreb.

Tchernina, N., 1994, Le change et l'apparition de la pauvrete pandant la reforme economique en Russie, Revie internationaux de Sociologie.

Този, Ѓоко, 1994, Директорите на претпријатијата и нивната моќ, Годошник, Факултет за безбедност, Скопје,

Tomas, Rajko, 1993, Strah od preduzetnistva, Ekonomika, Beograd.

Turidija, Simo, 1989, Psihologija i udruzeni rad, Beograd.

Yarrow, G., (1989) Privatizacija u teoriji i praksi, "Pogledi", Split, 2/1989.

Узунов, Никола, 1995, Трансформација на економ- ските системи, Детска радост, Скопје.

Узунов, Н. 1994, Трансформација и економските системи како комплексен процес, Зборник МАНУ

Фотев, Г., 1992, Преструктуриране не социјалнија свјат в посттоталитарното општество, Социо- логически проблеми, 4/1992, Софија.

Franicevic, V., 1989, Poduztenistvo kao politicki projekt, Nase teme, br.11, Zagreb.

Frigrich Von Hajck, (1988) Socijalisticki racun, Trenutno stanje rasprave, vo Zbornikot: Kritika kolektivizma loberalna misao o socijalizmu, Filip Visnic, Beograd, (izbor: Vl. Gligorov).

Фукујама, Френсис, 1994, Крајот на историјата и последниот човек, Култура, Скопје.

Хаџи-Василева-Марковска, В., 1993, Менаџментот - фактор на конкурентноста. Во менаџментот и претприемаштвото во Македонија, Скопје.

Hall, A. John, 1994, After the fall: an analisis of poscommunism, BJS, No.45. No/4.
Hayek, F.A., 1976 The Constitution of Liberty, London, Routledge and Kegan, Paul.
Horvat, Branko, 1982, Politicka ekonomija socijalizma, Gobus, Zagreb.
Хорват, Бранко, 1994, Економија во идеолошки лави ринт, "Економски магазин", 1-12-1994, Скопје.
Hiber, Drago, 1993, Privatizacija: moc drzave i uloga prava, "Sociologija", 1.
Cengic, Drago, 1992, Sociologija i poduzetnistvo, "Revija za socioloiju", Zagreb.
Чокрески, Томислав, 1994, редефинирање на правата во земјите во транзиција, "Дијалог", Скопје.
Dzincic, F., Bacevic, 1977, Masovno komuniciranje u SR Srbije, BIGZ, Radio-televizija, Beograd.
Шефер, Борислав, 1994, И Европа е одговорна за транзициите, Дијалог, Скопје.
Шукаров, Миодраг, 1994, Феноменот на приватизаци јата, очекувани ефекти и политика за нивно насочување, Зборник, Економска транзиција, МАНУ, Скопје.
Sukovic, Filip, 1989, Psihilogija organizaije struktura i sadrzaj osnovnih problema, Privredni pregled, Beograd.
Shu-Yun-Ma, 1995, Shareholding Sistem Reform, The Chinese Way of Privatization Comunist Ekono- mies, Economic Tranformation, vol. 7, No.2, 1995.
Sulc, Zdislav, 1994, Some Theoretical issues on transformation, A Journal of Translation, (march-april)
Sulc, Zdislav, 1989, U zagrljaju izkrivljene svijesti, "Nase teme", br.4 Zagreb.

Summary

## SOCIETY AND MAN IN TRANSITION

What is happening to the societies after the breakdown of socialism? Are the signs of the new system recognisable in them? How long will the state of cleaning up the ruins of socialism last? What is happening with the adoption of democracy and the establishment of the new political culture? Does freedom of information exist? Numberless questions, fewer and fewer answers.

It's a fact that five years after the "big silent bang" the standard of living decreased, unemployment grew, the economy fell into a bad crisis. The process of privatisation began, the parliamentary system of a multi-party democracy began to function. The revolutionary changes moved from the position of "deja vu", models were copied and brought from the developed western countries. How naive that is, and how rational, time will show, yet the unpleasant feeling for the uncritical acceptance of all that comes from the West, remains. The time of "changes" is mainly accompanied by several, within themselves contradictory, processes.

Firsrly, the slow decay of the old system is accompanied by a slow formation of the institution of the new system. That, to a large extent, underestimates the value matrix of the liberal civil conception. The initial shock of positive effects, above all, readiness to build a new system, very quickly turned into a revolt, dissatisfaction and disappointment since the reforms did

not give the expected effects. And not only that, but they also led to a general crisis, uncertainty and internal conflicts.

Secondly, still kept up is a state which only "externally" radicalises the attitude of the people towards the reforms, without the necessary institutional infrastructure, and which increasingly deepened the dissatisfaction "internally" and strengthened the anti-liberal orientation of values.

Thirdly, the majority of those employed are in a state of anemic survival, and privatisation is still experienced as a "natural catastrophe" from which only a small minority are taking the most advantage.

Still going on in the conscience is a kind of "informative revolution of terms", a transfer of the "ideally imagined conditions and images characteristic of the developed countries on the one hand, and their practical "crippling" in reality, on the other hand. In that respect, post-socialism can rightfully be called a "paradoxical society". Some are convinced that it is a matter of "peripheral societies" or "dependent societies" or "societies of irrational chaos". The "informative revolution" changes everyday the structure, meaning, role and timelength of the paradoxes of the chaos.

Subject of our analysis is the perception of the changes which we tried to observe at several levels which we conditionally divided into three groups.

First, the "level of expert analysis" which holds the main theoretical views, which are unfortunately still insufficiently developed and mostly imitating, yet to a large extent divided and mutually conflicting over the "strategic aims of the development".

Second, "level of awareness" or "perception of the changes" is directly related to those which are the "direct object of privatisation", yesterday's managers of the selfmanagement, "carriers" of ownership. A "live experiment" is taking place, but in laboratory conditions.

Finally, we called the third level "governing level" or project level", which both externally (privatisation must have a model which is assessed by the World bank) and "internally" (establishment of institutions following the example of developed societies" must be compared, adjusted and evaluated from the aspect of the developed western societies.

Our basic aim of the analysis was to observe the attitudes of employees concerning the essential change in society, especially concerning privatisation.

Skopje, 1997 the autor